# ПОД ЗНАМЕТО НА ИСЛАМОТ

BeliG

Наслов
**ПОД ЗНАМЕТО НА ИСЛАМОТ**

Автор
**Абдусамед Насуф Бушатлиќ**

Издавач
**Здружение на граѓани „Белиг“**

Уредник
**д-р Фатмир А. Ковачи**

Лектор
**проф. д-р Виолета Пирузе**

Рецензија
**м-р Абдурахман Салоски**

Дизајн
**Аднан Салих**

Тираж
**1000 примероци**

Наслов на оригиналот

**Abdusamed Nasuf Bušatlić**

**POD ZASTAVOM ISLAMA**

Преведе од босански

**д-р Фатмир А. Ковачи**

# Предговор

Од моментот на појавата на исламот и на Куранот како последна Аллахова[1] Објава, која претставува своевидна синтеза на претходните Објави и завршна верзија и печат на ревелацијата како таква, исламот е изложен на жестоки напади, непријателство и критика од неистомислениците. Но, не е чудно тоа што исламот го напаѓаат неистомислениците персонализирани во различните видови идолопоклоници и пагани, бидејќи тие се, би кажале, „природните“ противници на исламот како вера на неизменет монотеизам, но чудно е, и само по себе парадоксално, тоа што припадниците на т.н. западно-христијанската цивилизација и јудаизмот, како следбеници на Книгата, нишанат на исламот и го зеле како своја главна мета. Нивното непријателство и анимозитет спрема исламот се манифестирало и ќе се манифестира на различни начини, од обидот да се внесе сомнеж во неговата автентичност и оспорување на неговото Божанско „потекло“, до нападот на некои принципи и основни одредници на исламското учење. Улогата која некогаш ја имале христијанските теолози и ориенталисти во наше време ја презеле западните медиуми кои, секако повторно во дослух со официјалната црква и владите на западните земји, вршат антиисламска пропаганда и работат на стигматизирањето на исламот и муслиманите. Покрај атаката на одредените принципи и прописи на исламот, главна мета на нивниот напад е исламскиот пропис на *џихадот*. Слободно можеме да кажеме дека „во западните земји *џихадот* станал нечист збор кој претставува физичка закана на една варварска цивилизација. Но сепак, идејата е благородна и моќна. Тоа е желба за усовршување себеси, за да се постигне подобрување и да се бори за подобри работи“.[2]

---

[1] Аллах – Бог, Господар на световите, Творец на сè...; Во јудаизмот: Јахве, христијанството: Господ, Бог. (Заб. на прев.)

[2] Акбар С. Ахмед, Медијските монголи пред портите на Багдад, Факултет за исламски науки во Сараево, Хрестоматија: Религијата и општеството, подготвил д-р Хилмо Неимарлија, Сараево, 2006, стр. 446.

„Западните медиуми со помош на стереотипите го обликуваат разбирањето и погледот кон светот, па така и исламот и исламските вредности ги прикажуваат во стереотипи. Со помош на тие стереотипи, исламот постојано се маргинализира и деградира во очите на западниот човек“.[3] Муслиманите се милитанти и терористи и тогаш кога тие ја бранат својата држава, вера, достоинство и своите светињи, и тогаш кога, на пример, американската, руската, ционистичката, српската војска ќе им ги нападне државите и немилосрдно ќе им ги уништи градовите и опустоши селата, убие цивилите, силува жените, изврши злостор и геноцид како што направиле во Ирак, Авганистан, Палестина, Босна и Херцеговина и во други држави каде муслиманите се мнозинство. Колку е опасна таа пропаганда и тие стереотипи врз основа на кои луѓето од Западот донесуваат конечни пресуди за исламот и муслиманите, јасно покажал еден од ретките западни интелектуалци, кој до крајот останал објективен, германскиот новинар и публицист Јирген Тоденхофер. Имено, гостувајќи во една германска телевизија, зборувал за мотивите на пишувањето на својот последен роман „*Зошто убиваш, Зејде*“, во кој главен лик е Ирачанинот Зејд кој им се приклучил на силите на отпорот, т.е. регуларната ирачка армија, откако Американците со снајперски истрели туку-така му убиле двајца браќа. Тој, меѓу другото, обидувајќи се да објасни што значат медиумските стереотипи и моќната антиисламска пропаганда, а посебно приказната дека денес главен проблем во светот се исламското насилство и тероризмот, рекол: „За жал, ние од Западот не сме го освоиле светот затоа што нашата идеологија и вера се величествени и надмоќни, туку поради тоа што сме применувале сила, многу понемилосрдно и побездушно од другите. Не масакрирале муслиманите четири милиони луѓе во крстоносните војни, не убиле муслиманите повеќе од 50 милиони луѓе во времето на колонијализмот, не ги започнале муслиманите светските војни кои одзеле 70 милиони човечки животи, ниту тие убиле шест милиони Евреи. Меѓутоа, и покрај тоа, ние сме ја убедиле нашата јавност за вистинитоста на една озлогласена лага дека ние сме добри и благородни, а дека муслиманите се крволочни и насилни. Јас престојував во Ирак долго време и можам да ви кажам дека во текот на еден ден Американците изведуваа стотина воени ‚акции‘ во вид на рации, апсења, убиства на невини луѓе и сл., но исто така и ирачката војска, т.е. *муџахедините*, изведуваа стотина акции во борбата

[3] Ибид.

против окупаторот, меѓутоа, американските медиуми од сето тоа прикажуваа само една или евентуално две самоубиствени акции на оние што не се муџахиди, туку убијци, за да ја оправдаат својата агресија врз Ирак".

И додека од една страна западните медиуми немилосрдно го напаѓаат исламот и неговата идеја за *џихадот*, од друга страна муслиманите, а пред сè муслиманските теолози и *алими*,[4] молчат и бегаат од помислата да пишуваат за *џихадот* и да ги исправат кривите обвинувања, малициозните интерпретации и силните окривувања и измислици на сметка на исламот. Веројатно стравувајќи, сегашните окупатори на муслиманските држави, кои на секој чекор ја спроведуваат политиката на големодржавен тероризам, да не ги стават во контекст на т.н. исламски тероризам, т.е. во редица на оние кои се на списокот за стрелање. Всушност, тоа се клучните причини што ме мотивираа да пишувам за исламските освојувања од времето на првите генерации на муслиманите, кога муслиманите поразиле две големи царства и две империи, Персија и Византија, и ја освоиле територијата која била под нивна власт. Секако, не треба да ја заборавиме ни третата причина, а тоа е претерано упростеното сфаќање на *џихадот* од страна на оние кои тој величествен *ибадет*,[5] меѓу другото, го поистоветуваат со терористичките напади и неселективното убивање на цивилите, жените, децата, старците, изнемоштените, свештениците и сл., кое се забранува во војна а камоли во мир, а што, пак, непријателите на исламот обилно ги користат за својата антиисламска пропаганда.

И кога е во прашање разбирањето, интерпретацијата и кон идејата на *џихадот*, денес со право можеме да говориме за три групи муслимани. Што се однесува за првата група „тоа се оние што тој пропис попрво би го фрлиле во заборав и би го прекриле со длабок слој прав, одрекувајќи му каква било улога и значење во животот на муслиманите. А ако, пак, зборуваат за *џихадот*, тогаш за нив највисок степен на *џихадот* се самодисциплината, одрекувањето, моралното усовршување и воспитувањето на муслиманските генерации во духовните и моралните вредности на исламскиот *ахлак*.[6] Подобро кажано, за нив *џихадот* не ги преминува границите на борбата со

---

[4] *Алим* – учен човек, научник. (Заб. на прев.)

[5] *Ибадет – чин на обожување на Бога, сето она што Аллах го сака и со што е задоволен, од зборовите и делата, јавни (надворешни) и тајни (внатрешни). (Заб. на прев.)*

[6] *Ахлак* – морал. (Заб. на прев.)

сопствените слабости и со силите на злото (*шејтанот*)“[7] И покрај тоа што веруваат и ја потврдуваат постојаната борба помеѓу доброто и злото, помеѓу Вистината и заблудата, и пред себе го гледаат понижениот и угнетен исламски *умет*[8] кому од сите страни му се заканува опасност и исчезнување, нив тоа многу не ги загрижува и нема да сторат ништо за преиспитување на своите ставови и за оживување на благородните принципи на *џихадот* и поттикнување на вистинскиот *џихад*, себеси и другите муслимани. Наспроти оваа, постои и друга група муслимани „чии ставови и однос спрема прописите на *џихадот* се дијаметрално спротивни. Тоа е група што *џихадот* го сфаќа како борба против целиот свет, односно борба против сите немуслимани – сеедно дали се работи за оние што се во борба против муслиманите, што го спречуваат ислам*скиот давет*,[9] кои ги окупирале муслиманските земји и вршат страотно насилство врз муслиманите, или пак за немуслиманите кои се подготвени да пружат рака на помирување, кои ниту војуваат, ниту, пак, на кој било начин ѝ даваат поддршка на освојувачко-хегемонистичката политика и цели на своите држави и влади. Значи, сите групи немуслимани за нив се исти во поглед на обврските на *џихадот* против нив доколку за тоа постои можност“.[10]

Третата група го избрала средниот пат, не е на страната на оние што го запоставиле *џихадот*, со што би ги оставиле муслиманите без право на моќ и војска, а нивната држава и материјалните добра, културното наследство и светињите без заштита. Ниту, пак, отишле на другата страна за да им одговара на оние кои се ексклузивни и екстремни во поглед на *џихадот* и кои му објавиле војна на целиот свет“.[11]

---

[7] Д-р Јусуф Кардави, Фикху-л-џихад, www.qardawi.net

[8] *Умет* – арапски збор кој означува заедница или нација. Во контекст на исламот, зборот *умет* се користи за означување на заедница на сите верници, а со тоа и на целиот исламски свет. (Заб. на прев.)

[9] *Давет* – „повик“ или „покана“, а подразбира повикување на немуслиманите во исламот. (Заб. на прев.)

[10] Д-р Јусуф Кардави, Фикху-л-џихад, www.qardawi.net

[11] Ибид.

Главна тема на оваа книга се исламските освојувања по смртта на Мухамед, *салаллаху алејхи ве селем*,[12] и нејзина првенствена цел е читателот да се запознае со начинот на водењето на исламскиот *џихад* и односот на муслиманската војска спрема оние против кои војувала и чиишто држави освоила.

Значи, книгата се занимава со оној дел од исламската историја кога исламот доминирал во човечкиот живот и кога муслиманите со својата пракса ги потврдувале и ги живееле принципите на исламот. Тоа значи дека во нивниот живот немало многу отстапување од исламското учење и неговите наредби и забрани, ни во војна ни во мир, ни кога биле слаби и угнетени, ни кога биле силни и моќни. Тоа е она што ги направило големи и чесни и зошто биле и останале парадигма на исламскиот начин на живот кој бил во знак на побожност, духовност, скромност, вистинољубивост, храброст и силна желба за воспосатвување правда на Земјата врз принципите на Аллаховата Објава. Меѓутоа, тоа никако не значи дека тие биле безгрешни луѓе, ниту дека може да се стави знак на еднаквост помеѓу исламот и нивниот живот. Никако! Но, она што се сака да се порача со оваа книга е следново: иако *асхабите*[13] биле обични луѓе, тие, следејќи го исламското учење, достигнале висок степен на морал така што нивните животни приказни и биографии едноставно изгледаат нереални и идеализирани. Од тоа може да се земе поука и да се извлече порака дека човекот вреди како личност и како член на општеството онолку колку го следи современото и севременото Аллахово упатство.

Исто така сакам да нагласам дека книгата не пледира да биде историски учебник кој го третира општествено-политичкиот живот во исламската држава, начинот на воспоставувањето на исламската власт и односот на муслиманите спрема домицилното население кое прифатило да живее под таква власт. Поради тоа, за да ги внесам читателите што подобро и поквалитетно во оваа литература, освен објаснувањата на значењето и целите

[12] *Салаллаху алејхи ве селем* – фраза која муслиманите често ја изговараат по спомнувањето на Божјиот пратеник Мухамед. Во арапскиот јазик тоа се нарекува *салават*, а така се нарекува и во македонскиот јазик. Во превод од арапски оваа фраза значи: Божјиот мир нека биде над него. (Заб. на прев.)

[13] *Асхаби* – другари, пријатели на Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него. Мнозинството од муслиманите го сметаат за *асхаб* секој оној што го познавал или го видел Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, што верувал во неговите учења и умрел како муслиман. (Заб. на прев.)

на *џихадот* кои ќе дојдат подоцна, на самиот почеток би сакал да го објаснам општиот концепт на уредувањето на исламската држава и односот спрема нејзините граѓани, муслимани и немуслимани, бидејќи тоа било модел кој е применуван на комплетната освоена територија.

Прва и најзначајна одлика на исламското општество и држава во времето на Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, и по него, во времето на четворицата праведни *халифи*[14], кога доаѓа до експанзија на исламот и ширење на територијата на исламската држава, е непостоењето на повластени елити, сталежи и класи. Во исламската држава сите луѓе биле правично третирани како забите на чешелот. Не постоело разлика според национална, расна, класна, па дури ни според верска основа кога се во прашање основните права и слободи. Таа правичност произлегува од самото исламско верување и е еден од нејзините основни принципи. Исто така, се труделе да ги осигураат и исполнат правата и потребите на своите граѓани. Тоа бил амбиент во кој животот на севкупното општество неодоливо потсетувал на едно големо семејство чии членови меѓусебно се почитуваат и несебично се помагаат. Исламскиот владетел, *халифот*, само ја симболизирал главата на таа држава – семејство, а не некој што бил во повластена положба и кој се сметал за подобар од останатите. Тој не се разликувал од поданиците според облеката, чиновите, круните, ни тој, ниту неговото семејство, немале специјален статус и повластена положба во однос на другите граѓани на исламската држава.

Што се однесува за *зимиите*, штитениците на исламската држава (тоа пред сè биле следбениците на Книгата, христијаните и Евреите, како и *меџусиите* или огинопоклониците во Персија), оние кои потпишале договор со исламската држава, кои не ги кршеле тие договори, кои го одржувале дадениот збор и ни јавно ни тајно не работеле против исламската држава, тие живееле среќно и задоволно. Во сите сегменти на општествениот живот тие ја чувствувале праведноста на исламот и биле потполно сигурни за своите имоти, животи, семејства и верски објекти и реликвии. Доколку на некој од нив на кој било начин би им се нанесла неправда, раката на исламската правда брзо би ги стигнала угнетувачите и неправдата

---

[14] Халиф е титула за верски и световен духовен поглавар на муслиманите кој се смета за наследник на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него. Халифите ја извршувале световната и верската власт во првите држави кои ги создале муслиманите по смртта на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него. (Заб. на прев.)

би се исправила. Кога била во прашање разликата помеѓу муслиманите и *зимиите*, таа пред сѐ се гледала во плаќањето *џизија* од страна на штитениците, кој износ по правило бил помал од износот на *зекатот*[15] кој биле должни да го даваат богатите муслимани. Џизијата на немуслиманите им ја гарантирала слободата, заштитата и сигурноста и ги ослободувала од воената обврска. На Следбениците на Книгата им се судело според нивните свети Книги и тие ужувале верска автономија. Доколку штитеникот би го примил исламот, во истиот момент од него би паднала обврската за плаќање џизија, а доколку би се дознало дека некој од штитениците има големи долгови, кои не може да ги врати, би бил ослободен од џизија или *арач*, т.е. од данокот на приходи. Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, во многу свои *хадиси*[16] наредил убав однос спрема штитениците, и на оние кои ги напаѓаат нивните права им се заканил со праведни санкции на овој свет и со Аллаховата лутина и казна на *ахиретот*.[17] Тој, меѓу другото, рекол: „Кој ќе убие немуслиман кој има договор со исламската држава, нема да го почувствува ниту мирисот на *џенетот*,[18] а неговиот мирис се шири на оддалеченост од четириесет години пешачење“.[19] Исто така рекол. „Кој ќе му нанесе штета и неправда на штитеникот на исламската држава којшто плаќа џизија, јас ќе го тужам на Судниот ден“.[20] Врз основа на тие пратенички препораки, халифот Омер, нека е Аллах задоволен со него, често им пишувал на намесниците да не се играат со правата на *зимиите* (штитениците) и да не ги оптоваруваат над нивните можности. Во една пригода Омер поминал покрај еден старец кој бил скоро слеп и кој барал да му се даде милостина. Му пристапил и го запрашал: „Од кои од следбениците на Книгата си?“ „Јас сум Евреин“, одговорил тој. Тогаш Омер прашал: „А што те натерало да питаш?“ Тој одговорил: „Плаќањето џизија, сиромаштијата и изнемоштеноста.“ На Омер тешко му паднал таквиот одоговор, го земал

---

[15] *Зекат* – верска должност, милосрдие кое муслиманите го даваат еднаш годишно за одредени видови на имот, во одреден процент и со исполнување на одредени предуслови. (Заб. на рец.)

[16] *Хадис* – она што Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, го кажал, го правел или, пак, видел дека некој нешто прави и тоа го одобрил со молчење. (Заб. на прев.)

[17] *Ахирет* – оној свет. (Заб. на прев.)

[18] *Џенет* – рај. (Заб. на прев.)

[19] Хадисот го бележи имамот Бухари.

[20] Хадисот го бележи имамот Ебу Нуајм.

за раката и отишол со него до државната благајна. Му дал за основните потреби, а потоа на чуварот на благајната му рекол: „Регистрирај го овој човек и одреди за неговите потреби онолку колку ќе му биде доволно. Се колнам во Аллах, не сме праведни спрема него! Сме ја искористиле (изеле) неговата младост, а потоа сме го оставиле беспомошен во староста.“ Токму праведноста, чесноста и грижата на исламската држава спрема сите нејзини граѓани било причината за масовното прифаќање на исламот од страна на немуслиманското население во освоените земји, а не мечот и огнот, како што тврдат противниците на исламот. Имено, противниците на исламот, намерно и свесно ја шират тезата дека исламот како вера се ширел со оган и меч, и тоа токму со *џихадот* и со исламските освојувања. Со тоа, пред сѐ, ширењето на исламската територија, кое се случило со *џихад*, со борба и со меч, кое никој од муслиманите не го негира и не го крие, и кое, на крајот на краиштата, го потврдува и оваа книга, на перфиден начин сака да се поистовети со ширењето на исламот како вера. Исто така, сака да се каже дека луѓето на освоените територии се присилувани да го прифатат исламот. Меѓутоа, покрај јасните курански *ајети*[21] и *хадиси* на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, во кои експлицитно и категорички се забранува примената на сила за да се натераат луѓето да го примат исламот, праксата на муслиманите низ долгата историја и историските настани поради кои муслиманите ја губеле власта и останувале без сите благодати и „бенефиции“ кои ги уживале во исламската држава, но и покрај тоа никогаш не го оставиле и напуштиле исламот и не конвертирале во „предедовската“ вера во која биле пред исламот, се најсилен и непобитен доказ дека исламот никогаш не се ширел со оган и меч, ниту луѓето конвертирале во исламот под присила. Муслиманите од Шам[22] и Египет биле искушани од теророт и злосторот од страна на дивите татарски хорди, кои темелно ги убивале и ги палеле сите нивни добра, но не помислиле поради тоа да го напуштат исламот за да ги спасат голите животи. Муслиманите од Шпанија, поради христијанската инквизиција, умирале во најголеми маки и се согласиле на прогонство и напуштање на своите имоти, но не прифатиле да го напуштат исламот. Христијаните можеле да им запалат сѐ, можеле да ги мачат на најсуров начин, можеле да ги убиваат колку и да

[21] *Ајет* – цитат. (Заб. на прев.)

[22] *Шам* – подрачје на денешна Сирија, Јордан, Либан и Палестина. (Заб. на прев.)

сакаат, но тие варвари не можеле да им ја убијат верата во срцата. Муслиманите од Кудс (Ерусалим), Шпанија, но и во нашето време, муслиманите од Авганистан, Чеченија, Босна и Херцеговина, можеле да живеат без основните животни потреби, можеле да живеат во прогонство и да трпат стравотно насилство, злосторства и сиромаштија, но не можеле да живеат без исламот, бидејќи животот без исламот не е живот, туку просто живуркање и вегетирање, а вистинскиот муслиман не сака да живее таков живот.

Поради тоа, со гордост истакнувам дека принципите и целите на *џихадот* кои се во знакот на борбата против тиранијата, насилството и неправдата, потоа во одбрана на основните човекови права, благодарение на *асхабите* на чело со Ебу Бекр, Омер, Осман и Али, не останале во домен на теориското, туку тие ги преточиле во пракса која низ вековите на бурната човечка историја останала да сведочи за големината на исламот и благородноста на исламската идеја за *џихадот*. Токму во оваа книга се собрани и накратко изложени нивните светли и сѐ уште недостигнати примери.

## Војната и мирот во исламот

Со оглед на тоа дека оваа книга е фокусирана на *џихадот* и исламските освојувања, сметам дека е мошне битно, за да се стекне вистинската слика за исламскиот *џихад* и целите за кои е пропишан, да се објасни односот на исламот спрема мирот и војната, воопшто. Имено, иако исламот на посебен начин го третира прашањето на *џихадот* и го класифицира во *ибадети* и богоугодни дела „треба да знаеме дека мирот (*селам*) е база на исламот и основа врз која тој почива. Потполниот и целосен мир е една од најважните цели кон која тежнее исламот. Комплетното исламско акиде или верување, исламските закони и прописи, обредословието, *ибадетот* и *ахлакот* во себе ја содржат идејата за мирот и желбата таа да се реализира во практичниот живот“.[23]

Исламскиот *умет* е задолжен да на човечки, хуман и цивилизиран начин постапува со немуслиманите и од нив да отстранува секаков вид угнетување. Оти, исламското послание е послание кое повикува на потполно ослободува-

[23] Абдулатиф Зајид и Махмуд Шит Хатаб, *Дурусун аскерије мин сирети-н-небевије*, Дарул-л-аребије, Прво издание, Бејрут, 1990. год.

ње на човекот од робување кому било освен на неговиот Создател, Кој единствено заслужува робување и обожување. Тоа го потврдуваат многубројните практични примери од исламската историја кои сведочат дека муслиманите, односно исламската власт, во државите кои ги освоиле, на граѓаните, пред сè, сакале да им осигураат мир, сигурност и просперитетен живот, а не поробување и експлоатација на немуслиманските добра.

Колку муслиманската држава навистина се грижела за своите поданици, без оглед на верската и националната припадност, сведочи и постапката на халифот Омер која читателите можат да ја најдат во оваа книга во поглавјето за освојувањето на Египет. Имено, халифот Омер му испратил писмо на Амр во кое го советува да го запраша коптскиот водач на тукушто освоениот Египет, кои се механизмите кои ќе ја поправат општата состојба и ќе им го олеснат животот на луѓето. Амр го сторил тоа и мукавкисот[24] му ги предложил следниве мерки за подобрување на животните прилики на Коптите:

„Муслиманската власт да го одреди времето за собирањето даноци, т.е. кога луѓето ќе ги завршат своите работи и ќе ги соберат сеидбите, стапките на даноците да не се зголемуваат за време на економска криза и немаштија, муслиманската власт да овозможи да се копаат канали за наводнување, да се поправат мостовите на Нил и да се изградат други таму каде што е потребно поради полесно движење и комуникација, потоа муслиманската власт да не ги назначува за државни службеници оние што на кој било начин ќе му нанесат неправда на народот.“

Амр се согласил на сите овие барања, но можеби најважната и најпознатата работа што ја направил била копањето канали и заливи кои реката Нил ја споиле со Црвеното Море и овозможиле полесна комуникација со Арапскиот Полуостров, а со тоа и трговија со Истокот. Почетокот на каналот бил на север кај тврдината Бабелјун, оттаму се простирал на североисток до градот Билбејс, потоа на исток кон езерото Тимсах и излегувајќи на јужната страна на езерото се спојувал со Црвеното Море кај Суец. Коптите биле воодушевени од таквиот однос на државата спрема нив и по толкуте години на терор, неправда и неслобода, конечно под закрилата на исламската власт здивнале и нашле вистински мир и слобода. По пропаста на византиската власт, народот бил ослободен од многуте наметнувања од

[24] Владетелот на Египет во времето на појавата на исламот се нарекувал мукавкис. (Заб. на прев.)

страна на државата. Халифите не дозволувале мирот, слободата, сигурноста и човековите права да се загрозат на било кој начин. Познато е дека халифот Омер дури наредил да се урне џамијата која била изградена на немуслиманска земја без согласност и дозвола од сопственикот на земјата – без разлика со какви мотиви сопственикот се раководел во забранувањето на изградбата на џамијата на своја земја. Освен тоа, на христијанска Европа добро ѝ е познат случајот со исламската држава Андалузија која била и останала величествен пример на архитектура, чување и негување на принципите на слободата, мирот и соживотот.

Муслиманите во Андалузија ги укинале класните поделби. Дотогаш хиерархиски на највисок степен биле владетелите и свештениците, потоа големите земјоделци и на крајот селаните и обичните земјоделци, без никакви права, третирани како составен дел од земјоделските добра. Тие се продавани и купувани заедно со земјата. Меѓутоа, со доаѓањето на исламот во Шпанија и на Пиринејскиот Полуостров, за само три години муслиманско владеење, вчерашните робови станале слободни луѓе. Тие добиле право за поседување имот и право да можат на суд да се тужат со намесникот и со било кого кој ќе ги обесправи. Таквиот однос на муслиманите спрема немуслиманите поданици на исламската држава, направило тие масовно да го прифаќаат исламот. Сите граѓани на исламската држава Андалузија ја почувствувале благодатта на исламскиот мир, слобода и сеопшт напредок и прогрес. Во времето на муслиманската држава Андалузија, Кордоба бил најбогатиот град во светот. Биле култивирани овошја, зеленчуци и житарици. Прирачниците за култивирање на земјоделските култури подоцна биле главна литература на христијанските факултети во Европа. Кордоба била светски центар и средиште на науката и културата. Христијаните од другите европски држави доаѓале на Кордобскиот универзитет и учеле разни науки. Токму преку исламската цивилизација во Андалузија, цела Европа ќе доживее ренесанса. И кога муслиманите, по страшната инквизиција, исчезнале од почвата на Андалузија, Шпанија повторно потонала во средновековниот мрак. Како што рекол еден христијански историчар: „Маврите за кратко време се протерани. Христијанска Шпанија заблескала како месец со засрамена светлина. Потоа дошло затемнувањето, и од тоа време Шпанија постојано ползи во темнината.“

Во прилог на тврдењето дека мирот е основата на исламот и цел кон која тежнее одат и следните зборови на Објавата: **„О следбеници на Книгата, ви дојде Пратеник Наш да ви укаже на многу нешта кои вие од**

**Книгата ги криете, а преку многу и ќе помине! А од Аллах ви доаѓа светлина и Книга јасна со која Аллах ги упатува на патиштата на спасението (субул ес-селам) тие што настојуваат да го стекнат задоволството Негово и ги изведува, според волјата Своја, од темнината на светлина и им укажува на Вистинскиот пат.“**[25] Потоа името ислам е изведено од зборот *селам* (мир) и е едно од убавите имиња на Аллах, Ес Селам. Во Куранот стои: **„Тој е Аллах, нема друг бог освен Него, Владетелот, Светиот, Тој што е без недостатоци, Тој што го обезбедува секого, Тој што бдее над сите, Силниот, Возвишениот, Гордиот. Возвишен и Чист е Аллах од тоа што Му го припишуваат!“**[26] Муслиманите секој *намаз* го завршуваат со *селам*, а *селамот* е исламски поздрав и на овој и на идниот свет за што Куранот на експлицитен начин говори: **А на Денот кога тие ќе го сретнат, Тој ќе ги поздрави со: „Мир со вас“! И Тој им подготви благородна награда.**[27] Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, наредил да им се простува на луѓето и да се поздрауваат со *селам* и постојано им препорачувал на луѓето да го шират *селамот*, т.е. поздравот за мир. Колку ли Посланија со кои е испратен се проткаени со идејата за мир сведочи и фактот дека неговите први совети кои ги упатил кога дошол во Медина биле насочени кон ширењето на мирот. Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, на собраните луѓе во Медина им рекол: *„О луѓе, делете храна (садака), поздравувајте се со селам едни со други, чувајте ги роднинските врски, клањајте ноќе кога другите спијат, ќе влезете во џенетот со селам (во мир, во спокој)“.* Исламот прибегнува кон војната за да им се спротивстави на тиранијата и насилството, и тој се обидува да избегне поголем дел од причинителите кои доведуваат до војна и ги отфрла мотивите и целите поради кои таа се води, како што се: национализмот, фанатизмот, империјализмот, желбата за профит, слава, водство и едноставна доминација над другите луѓе. Исламот признава само една причина или еден вид војна на кој алудира следниот хадис: *„Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, бил запрашан: ‚Ако некој се бори поради воен плен, вториот поради*

[25] Куран, 5:15-16.

[26] Куран, 59:23.

[27] Куран, 33:44.

*спомен, третиот за да се докаже како газија*[28]*, кој од нив е борец на Аллаховиот пат?‘ Тој одговорил: ‚Оној што се бори Аллаховата реч да биде горна, тој е борец на Аллаховиот пат‘“.*[29]

## Јазично и терминолошко значење на џихадот

### 1. Јазично значење

Познатиот исламски научник Рагиб ел Асфахани во својот познат речник, кој го нарекол *Ел муфредат фи гариб ал Куран*, зборувајќи за етимолошкото значење на зборот *џихад*, запишал: „Зборот *џихад* е изведен од зборот *џехд* или *џухд*, а тие значат: издржливост, сила, моќ и тешкотија. Кажано е дека *џехд*, со *фетх*, односно со вокалот <u>е</u> на константата <u>џ</u> (арапс. џим), значи потешкотија, а зборот *џухд*, со *дам* или со вокалот <u>у</u> на константата <u>џ</u>, значи моќ, способност, а изведениот збор *џихад* значи: користење на максимум сила и на сите потенцијали во одбрана од непријателот“.[30]

### 2. Терминолошко значење

Зборот *џихад* во терминолошка смисла, кај мнозинството исламски научници, а пред сѐ исламските правници – *факихи* и основачите на познатите правни училишта, не излегува од рамките на значењето: борба на муслиманите против неверниците, но откако ќе им се упати повик да го примат исламот или прифатат да ѝ плаќаат џизија на исламската држава.

Така научниците на ханефиското правно училиште *џихадот* го дефинирале како: „Вложување максимум труд и сила во борба на Аллаховиот пат, со живот, имот, зборови и сл.“[31] Но исто така и „повик во вистинската вера (*исламот*) и борба против оној што ќе го одбие тој повик.“[32] Научниците на маликиското правно училиште *џихадот* го дефинирале вака: „*Џихадот* е борба на муслиманите против неверниците, освен против

---

[28] Бранител на исламот.

[29] Хадисот го бележи имамот Бухари.

[30] Рагиб ел Асфахан, *Ел муфредат фи гариб ал Куран, Дару-л-ма‘рифе*, Бејрут, 101.стр.

[31] Ебу Бекр ел Кесани, *Бедаи ес сенаи фи тертиби шераи, Дару китабу-л-ареби, Бејрут,* 1982., IX-429

[32] Ибн Абидин, Хашијету Ибн Абидин, Дару-л-фикр, Бејрут, 2000., IV-121

оние кои се под договор, поради воздигнување на Аллаховата реч.“[33] А за научниците на ханбелиската правна школа, *џихадот* едноставно значи: „Борба против неверниците.“[34]

## Разлика помеѓу *џихад* и *китал*

Често за *џихадот* се користи синонимниот збор – *китал* кој буквално значи вооружена борба во која се убива и се умира. Меѓутоа, треба да се каже дека *џихад* е многу поопшт и поширок поим од *китал*. Всушност *китал* е само еден во низата аспекти и видови *џихад*. Ако се вратиме на семантиката на светите текстови, ќе видиме дека зборот *џихад* опфаќа цел спектар на значења и дека освен оружена борба (*китал*), подразбира и други видови и облици на борба како: *џихад* против страстите и слабостите на својата душа (*нефс*), *џихад* против ѓаволот (*шејтанот*), *џихад* против лицемерите (*мунафиците*), *џихад* во смисла на наредување кон добро, а одвраќање од злото, потоа *џихад* кој подразбира да се каже вистината пред владетелот тиранин и насилник и т.н. Во тоа повеќезначение на *џихадот* се крие неизмерна мудрост, бидејќи на тој начин на секој муслиман и муслиманка им се дава можност учествувајќи во одреден вид *џихад*, да се закитат со титулата муџахид и со тоа да заработат награда (*севап*) и да ја стекнат Аллаховата наклоност и милост.

Токму врз основа на тоа семантичко значење на зборот *џихад* во Куранот и сунетот[35], шејхул-ислам Ибн Тејмије, зборувајќи за вредноста на *џихадот*, понудил, условно кажано, општа дефиниција на *џихадот*, велејќи: „*Џихадот* е вложување сила и напор за остварување и постигнување на она што Аллах го сака и со што е задоволен, а отфрлање и оставање на она кое Аллах го презира и со што не е задоволен.“

---

[33] Еби-л-Берекат, *Еш-шехр ес-сагир ала акреби-л-месалик*, II-267

[34] Хафиз Ибн Хаџер ел Аскелани, *Фетху-л-бари*, III-6

[35] Сунет – традиции, наредби, чинови на обожување и изјави на Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, кои станале пример што го следат муслиманите. (Заб. на прев.)

## Аспекти на *џихадот* во делото *Задул Меад*

Ученикот на Ибн Тејмије, имамот[36] Ибнул Кајим ел Џевзије, во своето капитално дело *Задул меад*, во детали го објаснил значењето и самата суштина на *џихадот*. Од неговиот инспирирачки говор за значењето на *џихадот* го издвоив следново: „Бидејќи *џихадот* е кулминација и круна на исламот, бидејќи на муџахидите им припаѓаат највисоките степени и дереџи во џенетот – како што им припаѓаат и посебни почести и места на овој свет – токму Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, бил и остана предводник на муџахидите и нема ниеден вид и аспект на *џихадот*, а тој да не учествувал во него. Тој искрено се борел со срцето, јазикот и раката (делото), Аллаховата Реч да биде горна, а зборот на неверниците – долен, поради што Аллах му подарил најубав спомен за ова и најголема награда во идниот свет. Нему *џихадот* му бил нареден на самиот почеток на пратеничката мисија: *„Затоа не отстапувај им на неверниците и со Куранот бори се против нив со голема борба.“*[37] Ова поглавје е меканско (кога не биле наредени прописите на намазот, зекатот, *џихадот* и сл.), но и покрај тоа, Возвишениот Аллах во него му наредува на Својот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, *џихад* против неверниците, но *џихад* со јасен доказ, објаснување и пренесување на куранските вистини.

Таков е и *џихадот* против лицемерите (мунафиците) и тој подразбира изнесување докази против нив со цел вистински да се вратат во закрилата на исламот, а ако не го сторат тоа, па тие веќе се под исламска власт: *„О, Веровеснику, бори се против неверниците и лицемерите и биди строг кон нив! Џехенемот*[38] *ќе биде нивно живеалиште, а тоа е грозно престојувалиште.“*[39] Бидејќи *џихадот* против лицемерите е потежок од *џихадот* против неверниците, тој им е нареден на посебна група муслимани, наследници на Аллаховите пратеници, а тоа се исламските научници. Иако тие во секое време се малцинство, поради *џихадот* што го воделе и го водат (пренесување на знаењето и повикување во исламот), тие ќе имаат

---

[36] Имам е арапски збор за водач. Исто така имам е почесна титула за сите значајни исламски научници. (Заб. на прев.)

[37] Куран, 25:52.

[38] Џехенем – пекол. (Заб. на прев.)

[39] Куран, 9:73.

најголема награда кај Аллах. А бидејќи, врз основа на веродостоен хадис, најголем степен на *џихадот* е да ја кажеш вистината пред насилникот и моќникот, кој жестоко ја одбива таа вистина и поради тоа што оној што ја кажал би можел да биде изложен на срам и мачење, Аллаховите пратеници имале најголем удел и во тоа, па според тоа Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, го комплетирал и тој вид *џихад*. Потоа, познато е дека *џихадот* е и борба против сопствената душа (нефс), еден вид *џихад* како што рекол Аллаховиот Пратеник: „Муџахид е оној што се бори против своите страсти за да му се покори на Аллах, а *мухаџир* е оној што ќе го напушти она што Аллах му го забранил“, *џихадот* против страстите на душата како внатрешен непријател добил предност над *џихадот* против надворешниот непријател така што тој е основа и предуслов за тој *џихад*. Оти, оној што не ќе се бори против злите склоности на душата за да биде во состојба за извршување на она што е наредено и оставање на она што е забрането, тој не ќе може да води *џихад* ниту против надворешниот непријател. Како да се бориме против надворешниот непријател и како да се биде објективен и праведен кон него кога внатрешниот непријател владее со него, а тој не се труди во име на Аллах да се бори против него и поради тоа не е подготвен да се поттикне самиот да оди во *џихад*.“[40]

Имамот Ибнул Кајим ел Џевзије овде сака уште еднаш силно да нагласи дека *џихадот* е ибадет кој Аллах го наредил како што ги наредил и намазот, постот, зекатот, аџилакот итн., и дека тие што водат *џихад* мора да бидат изградени личности врз основите на исламскиот ахлак, кој ќе остави позитивна трага врз оние кои муслиманите и муџахидите ги повикуваат во исламот, што, всушност, е крајната цел на *џихадот*. Оти, колку и да има муслимани што не се добро воспитани да водат *џихад*, на кои им е својствена грубоста, насилството, неправедоста и сл., нивниот *џихад* нема да ги даде посакуваните резултати, напротив. Значи, основата е оние што ја носат идејата за *џихадот* да бидат добри и благородни и тогаш резултатот нема да отсуствува. Таа добрина, побожност и убав ахлак кај асхабите ја забележувале и нивните непријатели против кои се бореле. Така патријархот Софроније, откако муслиманите го освоиле Кудс (Ерусалим), кога го погледнал халифот Омер и неговите другари кои му оделе на средба,

---

[40] Ибнул Кајим ел Џевзије, *Заду-л-меад фи хедји хајри-л-ибад*, Мектебету-л-менар ел-исламије, петто издание, Бејрут, 1987., III том, 5.-11. стр.

рекол: „Се колнам во Бога, овие луѓе се подобри од апостолите на Исус“. Во оваа книга читателите исто така може да ја прочитаат и приказната за тоа како христијаните од Хомс, откако муслиманите пред Битката на Јермук им ги вратиле парите од џизијата кои ја платиле претходно, бидејќи повеќе не можеле да им гарантрираат сигурност, рекле: „Бог нека ве врати да ни бидете господари, и нека ги проколне Византијците кои управуваат со нас и кои ни го одземаат имотот и на сите начини нè измамуваат и нè искористуваат. Вашата праведност ни е помила од византиската власт, иако му припаѓаме на тој народ.“ Секако, не смееме никако да го заборавиме начинот на примањето на исламот од страна на жителите на денес најмногубројните исламски земји, Малезија и Индонезија. Не ги запознале со исламот жителите на Малезија и Индонезија муџахидите носени од идејата за *џихадот* и пренесувањето на исламското послание, ниту исламските научници, туку тоа го направиле обичните муслимански трговци. Тие немуслиманите во тие земји ги импресионирале со своето необично однесување, со извонредниот ахлак, чесност, праведност и побожност.

Потоа, Ибнул Кајим ел Џевзије продолжува и вели: „Човекот е искушан со *џихадот* против овие два непријатела, но помеѓу нив постои и трет непријател, и верникот не може да води *џихад* против претходните два доколку не го победи третиот непријател, бидејќи тој стои помеѓу двата спомнати вида на *џихад* и го одвраќа човекот од тој ибадет, го застрашува и непрестајно му ги спомнува потешкотиите кои можат да го снајдат во *џихадот*. Тој трет непријател е шејтанот за кој Куранот вели: „Шејтанот ви е, навистина, отворен непријател, па за таков и сметајте го!“,[41] Наредбата дека треба да се чуваме од шејтанот е предупредување до верникот и верничката дека мораат да вложат максимален напор во таа борба. Со наведениот ајет се порачува дека борбата против шејтанот е исклучително тешка и затоа што тоа е сокриен непријател, а го напаѓа човека до последниот здив. Врз основа на кажаното можеме да заклучиме дека постојат четири вида *џихад*: *џихад* против сопствената душа, *џихад* против шејтанот, *џихад* против неверниците и *џихад* против лицемерите (мунафиците).

*Џихадот* против слабоста на душата има четири степени и етапи: Првата етапа е човекот да ја „натера“ својата душа да го научи упатството и вистинската вера без која нема среќа ниту успех ни на овој ниту на

[41] Куран, 7:22.

идниот свет. Доколку е лишен од тоа знаење, тој е осуден на сигурна пропаст и на двата света. Втората етапа е да ја присвои, да работи и да се однесува според она што го научила – во спротивно знаењето без дела попрвин ќе биде штетно одошто корисно. Трета етапа е својата душа да ја натера и присвои да ги повикува и подучува другите луѓе на вистината која ја спознала и која ја следи, во спротивно ќе биде од оние кои ја сокриваат вистината која Аллах ја објавил и неговото знаење нема да му користи и нема да го спаси од Аллаховата казна. И четврта, последна етапа, е да се бори својата душа да ја научи и да ја навикне на трпение на сите искушенија кои можат да ѝ се случат на патот на даветот и повикувањето во Аллаховата вера и тие искушенија да ги поднесува исклучиво во име на Аллах. Верникот што ќе ги комплетира овие четири етапи ја комплетирал својата личност и Му станува близок на Аллах (*раббани*).

*Џихадот* против шејтанот има две етапи: првата се рефлектира во одбивањето на сомнежот во поглед на верувањето кој шејтанот го внесува во срцето на верникот, а втората е одолевање на налетите на страст, похота и расипани мисли кои шејтанот се обидува уште повеќе да ги разгори. Главно средство и оружје во првата етапа на *џихадот* против шејтанот е вистинското убедување, а во другата е трпеливоста. Во таа смисла е и куранскиот ајет: „*Помеѓу нив Ние водачи одредувавме, и тие, одѕивајќи се на Нашата заповед, на Вистинскиот пат упатуваа, бидејќи стрпливи беа и во доказите Наши цврсто веруваа.*“[42] Страстите и расипаните похоти се одбиваат со трпеливост, а сомнежите во поглед на верувањето се одбиваат со убедување (*јекин*).

*Џихадот* против неверниците и лицемерите се води на четири начини: со срцето, со јазикот, со имотот и со животот, со тоа што *џихадот* против неверниците подразбира, пред сè, борба со имотот и со животот, односно вооружена борба, а *џихадот* против лицемерите подразбира, пред сè, борба со јазикот, односно со доказ. А што се однесува, пак, за *џихадот* против водачите на насилствата, новотариите, неморалот и сл., тој има три етапи. Првата значи борба со рака, т.е. со сила, доколку за тоа постои можност. Доколку нема можност нивното насилство да се спречи со сила, тогаш следи втората етапа или другиот начин, а тоа е *џихадот* со јазик, со укажување на опасноста од насилството, новотариите и неморалот и со повикување на

[42] Куран, 32:24.

луѓето да му се спротивставаат на тоа зло. Ако не постои можност за таков начин на *џихад*, тогаш преостанува третиот начин, а тоа е презирање со срцето на сите спомнати зла. Значи, постојат вкупно тринаесет видови, етапи, начини и аспекти на *џихадот* и сите спомнати аспетки влегуваат во значењето на хадисот: „Кој ќе умре а да не водел *џихад* и себеси не се поттикнувал на *џихад*, тој умира со дел на лицемерство во срцето."[43]

## Дали џихадот е одбранбен или напаѓачкички

Кога се зборува за *џихадот* како за *китал*, т.е. војна или вооружен судир, тогаш во исламската литература се спомнуваат два вида *џихад*: одбранбен (*џихад дифа'*) и напаѓачки (*џихад талеб*).

„Одбранбениот *џихад* (*џихад дифа'*) подразбира борба против непријателот кој влегол во муслиманската држава и ја окупирал во целост или еден нејзин дел и кој врши насилство над муслиманите поради нивната вера присилувајќи ги да го напуштат исламот, ги напаѓа честа и животите, ги ограбува нивните имоти и добра, или пак го чини сето тоа, па макар физички и да не ја окупирал државата.

Напаѓачкиот *џихад* (*џихад талеб*) подразбира напад врз непријателот на негова територија со цел ширење на исламската територија, или обезбедување на поголема сигурност на исламската држава, или создавање услови немуслиманите да можат да го чујат повикот во исламот без разлика дали ќе го прифатат или не, па затоа мора да се отстранат пречките од патот на *даветот*, или пак со цел за ослободување на народите од тиранијата на неправедните владари кои со поданиците управуваат како со свои робови лишувајќи ги од основните човекови права и слободи."[44]

Овде сакам да го свртам вниманието на еден мошне важен факт, а тоа е дека вообичаената поделба на војните во современите општества на одбранбени и напаѓачки според својата суштина не е иманентна на истата таква поделба во исламот, бидејќи во современата воена терминологија и едната и другата форма на војна во себе содржат значења кои се спротивни на интенциите на исламот и исламскиот *џихад*. За разлика од *џихадот*,

[43] Ибнул Кајим ел Џевзије, *Заду-л-меад фи хеджи хајри-л-ибад*, Мектебету-л-минар ел-исламије, петто издание, Бејрут, 1987., III том, 5.-11. стр.

[44] Д-р Јусуф Кардави, Фикху-л-џихад, www.qardawi.net

сите други војни во прв план ги ставаат овосветските цели и себичните човечки интереси – без разлика дали тие војни ги водат поединци, групи или цели нации. Со исламскиот *џихад* не е така и неговата примарна цел, доколку се работи за напаѓачки *џихад*, не е окупација и заземање на туѓа земја за да се пороби народот што живее во неа, и да се одземат и експлоатираат нивните добра, ниту е, пак, негова примарна цел, дококу се работи за одбранбен *џихад*, исклучиво одбрана на спомнатите вредности. Ако го имаме ова предвид, тогаш можеме да кажеме дека исламскиот *џихад* не е ни одбранбен ни напаѓачки, бидејќи во ниту една варијанта неговите примарни цели не се врзани за овосветските добра и користи. А ако повторно се вратиме на јазичното значење, земајќи дека зборот „одбранбен" значи постапка која има за цел отсранување на насилството и неправдата, потоа спречување на угнетувачите да не ги кршат границите на Аллаховиот закон и да не чинат насилство над луѓето – во тој случај може да се каже дека *џихадот* во исламот е одбранбен – и во одбранбена и во напаѓачка форма. Оти, Возвишениот Аллах ги задолжил муслиманите со *џихад* поради заштита на правата и остварување на вистинската слобода преку воспоставување на Аллаховиот закон на Земјата, кој е уникатен во знакот на потполна правда и правичност.

Во врска со тоа, исто така е важно да се објаснат и несоодветните и неосновани тврдења на некои муслимански научници и мислители кои велат дека исламот признава и прифаќа само одбранбен *џихад*. Таквите сами се фатиле во стапицата на водачите на антиисламската кампања, чијашто цел е да ја искриват сликата за исламот, а со тоа луѓето уште во почетокот да го отфрлат и да го игнорираат. Очигледно е дека постојаниот притисок и горчината на состојбата во која се наоѓаат муслиманите денес, оставил негативна трага и врз муслиманската интелигенција и значително го поттикнало нивното манифестирање на духовниот пораз и понижување и тоа на начин да го бранат исламот и себе како муслимани со научно неосновани методи и погрешни толкувања на исламските прописи. Својот кревок став се обидуваат да го поткрепат со курански текст и, без детални коментари и објаснувања, ги цитирале следниве курански ајети: **„Нема присилба кон верата, Вистинскиот пат јасно се разликува од заблудата!"**[45] **„ И борете се на Аллаховиот пат против тие што се борат против**

[45] Куран, 2:256.

**вас, но не преминувајте ги границите!“**[46] **„ Ако тие бидат склони кон мир, биди и ти склон и потпри се на Аллах.“**[47]

Одговорот на тврдењата на таквите муслимански мислители и теолози може да се сумира во следново: „Прво, тоа редуцирано и претерано тесно разбирање на *џихадот* е во колизија со суштината на исламскиот повик (*даветот*), и со интенциите на последната Аллахова Објава како послание за сите луѓе кои се повикуваат во верување и робување на Единиот вистински Бог, Возвишениот Аллах, и нивно ослободување од робувањето на лажните божества и идоли. Во врска со тој повик исламот е сосема реален и затоа предупредува на фактот дека исклучиво вербалното доставување на посланието нема да биде доволно, бидејќи неговите противници и опоненти, со намера да го спречат ширењето на исламот, нема да се задоволат со борба на аргументи и со убедување, туку пред сè ќе користат сила за да ја остварат својата цел. Незамисливо е посланието на исламот во својата Божанска форма да им биде презентирано на луѓето на убав и мирен начин таму каде насилниците ги оградиле своите имоти и држави со бодлив тел на угнетувањето и неправдата, во кои ги држат луѓето во ропството на наметнатите идеи, идеологии и верувања, кои народот мора *априори* да ги прифати како вистинити. Потоа, тврдењето дека *џихадот* е пропишан единствено за одбрана, само по себе значи ограничување на активностите на *даветот* на само едно подрачје или област на Земјата, небаре целта на објавувањето на исламот и Куранот е избавуањето од заблуда на само една група луѓе и ослободување на само еден народ или група од угнетувањето на земските владари, занемарувајќи ги другите.

Второ, Возвишениот Аллах е Апсолутен Зналец и Тој преку Објавата нè известува и нè подучува за природата и намерата на идолопоклониците и неверниците со кои е невозможно да се постигне траен мир и соживот, бидејќи тие не го прифаќаат. Таквата нивна природа ја потврдуваат следниве ајети: *„Тие непрекинато ќе се борат против вас, за да ве одвратат од верата ваша, доколку можат.“*[48] *„Многумина од Следбениците на Книгата би сакале, поради својата пакост, по вашето верување да ве вратат*

[46] Куран, 2:190.

[47] Куран, 8:61.

[48] Куран, 2:217.

*во неверување, иако вистината им стана јасна!*“[49] *„Неверниците едвај чекаат вие да го занемарите оружјето и орудието ваше, па на вас сите одеднаш да навалат!*“[50] *„Зарем не гледаш како тие на кои им е даден дел од Книгата ја купуваат заблудата и сакаат и вие од Вистинскиот пат да скршнете? Аллах најдобро ги познава вашите непријатели!*“[51] Врз основа на овие ајети можеме слободно да констатираме дека тврдењето за исклучиво одбранбената цел на џихадот е доказ за непознавањето на природата на злото (*шерун*) и неговите носители. Сејид Кутуб во својот *Зилал* посебно ја коментирал природата и карактерот на т.н. *тагути* кои никако не сакаат да го признаат Божјиот авторитет и авторитетот на Неговите закони на Земјата и, меѓу другото, за тоа напишал: „Аллах знае дека земските кралеви и владари го мразат патот на исламот и дека тие ќе се борат против него, бидејќи тој пат е дијаметрално спротивен од нивниот пат. Тоа не е само обележје на далечното минато, туку на сегашноста и на иднината, и се однесува на секое место и на сите човечки генерации. Возвишениот Аллах го направил злото вообразено и арогантно и невозможно е тоа да биде објективно и толерантно спрема доброто, како што е невозможно дека ќе го остави намира да се развива и да живее, без разлика колку мирољубиви методи користи доброто. Развојот на доброто и неговата прогресивност сам по себе носи опасност за злото, како што постоењето и воспоставувањето на правдата претставува опаснсот за неправдата. Поради сето тоа злото мора да тежи кон насилството, а неправдата мора да се брани со цел да се обиде да ја убие и да ја уништи правдата. Тоа е природна состојба кај овие спротивставени категории и таа е конечна и трајна, а не моментална и минлива. Поради тоа *џихадот* е неопходен и тој мора да се води во сите свои пропишани облици. Тој мора прво да се роди во свеста и срцата на муслиманите, а потоа да се појави во реалниот живот. На вооруженото зло мора да му се спротивстави вооруженото добро. Мора да дојде до одлучен судир помеѓу неправдата која е вооружена со бројност и правдата вооружена со добра подготовка и спремност за таа борба.

---

[49] Куран, 2:109.

[50] Куран, 4:102.

[51] Куран, 4:44-45.

Во спротивно, следбениците на доброто се изложуваат на опасност од исчезнување, самоуништување и понижување, што никако не им доликува на верниците на Аллах.“[52]

Трето, тврдењето дека *џихадот* има само одбранбен карактер е во контрадикција со реалноста која претставува парадигма на исправното разбирање на исламот и неговите интенции, а таа стварност е манифестирана во првата исламска држава на чие чело бил Мухамед, Божјиот мир нека биде над него Тој не бил задоволен знамето на исламот да завиори само над еден дел од Земјата, а да бил, тогаш ќе се задоволел со ослободувањето на Мека и со победата над своите сонародници од племето Курејш. Потоа, да е точно тврдењето на муслиманските интелектуалци, не би се случиле исламските освојувања во времето на праведните *халифи* кога исламскиот *давет* преку *џихадот* се проширил на сите страни на светот. На оној што ги следи тие освојувања ќе му биде јасно дека првата и основна причина и цел на џихадот била ослободување на човекот од робување на некој друг освен Возвишениот Аллах, и прифаќање на исламското законодавство, макар и да не се случи директен напад над исламската држава и нејзиното население. Да се точни нивните тврдења, Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, и *халифите* по него едноставно би се задоволиле само со укор на немуслиманите и со потпишување договори, потоа со земање ветувања дека нивните владетели нема повеќе да вршат насилство над своите поданици и дека нема да стојат на патот на исламските мисионери кои сакаат да им го претстават исламот на немуслиманите. Во тој случај муслиманите не би влегле во нивните држави и по освојувањата не би им поставиле свои наместници и владари, ниту би го применувале исламскиот закон, туку би се согласиле немуслиманите самите да го организираат своето општество како сакаат, без оглед на тоа колку неправда и угнетување има во тие држави. Спомнатото тврдење е во спротивност и со консензусот на исламските научници и правници кои се едногласни во мислењето дека *џихадот* е *фарди-кифаје* (колективна обврска, која ако ја изврши една група луѓе, останатите муслимани се ослободени од таа обврска).

Меѓутоа, доколку се случи напад и агресија над исламската држава, таа обврска од колективна преминува во поединечна обврска (*фарди-ајн*) на секој муслиман. Да беше *џихадот* пропишан само во самоодбрана, тогаш ставот на исламските научници за *џихадот* како колективна обврска би значел

---

[52] Сејид Кутуб, *Фи зилали-л-Кур'ан*, II-497.

дека неговото водење против неверниците кои не ги напаѓаат муслиманите е строго забранет (*харам*).“[53]

## Целите на *џихадот*

И на крајот, врз основа на кажаното, целите на исламскиот *џихад* би можеле да се сумираат во следново:

1. Овозможување Вистината и Доброто, со кои дошол исламот, да стигнат до сите луѓе. Доколку на патот на повикот во Аллаховата вера и нејзиното стигнување до луѓето дојде до некаква пречка, тогаш таа мора да се отстрани па дури и со војна или борба ако не може поинаку, без разлика за каква пречка се работи. Во таа смисла е и куранскиот ајет: *„И борете се против нив сè додека многубоштвото не исчезне и сè додека Аллаховата вера не остане. А ако престанат, Аллах добро гледа што прават тие.“*[54]
2. Воспоставување правда на Земјата и спречување на тираните и насилниците во чинењето насилство, па макар да се и муслимани, сè додека не се воспостави и не се осигура правдата која Возвишениот Аллах ја наредил. Возвишениот Аллах објавил: *„Ако се судрат две групи верници, смирете ги; а ако едната од нив сепак ѝ стори насилство на другата, тогаш борете се против таа што сторила насилство сè додека не се врати кон Аллаховите прописи. Па ако се врати, тогаш непристрасно смирете ги и бидете праведни.“*[55]
3. Одбивање и спречување на непријателствата и одбрана на човековите права сè додека секој човек во потполност не ја ужива благодатта на слободата и сигурноста. Куранот вели: *„Што ви е, зошто не се борите на Аллаховиот пат за немоќните, мажите, жените и децата кои велат: ‚Господару наш, избави нè од овој град чиишто жители се насилници, одреди ни од Тебе заштитник и дај ни од Тебе помагач!‘“*[56]

---

[53] Д-р Мухамед Неим Јасин, *Ифтира'ат хавле гајати-л-џихад*, II издание, Дару-л-Еркам, 1406 х.г./1986., стр.113-120.

[54] Куран, 8:39.

[55] Куран, 49:9.

[56] Куран, 4:75.

4. Воспоставување на Божјиот закон, ред и поредок на Земјата. Ова е всушност основната цел на *џихадот* и со неа, како што спомнавме порано, можат да се оправдаат големите исламски освојувања и територијални претензии на исламската држава спрема другите земји. Бидејќи исламот, како Божанска вера, е милост за сите луѓе без оглед на расата и нацијата, муслиманите се задолжени не само да им ја достават верата на другите туку на Земјата да го воспостават Божјиот закон и поредок.

# Освојувањето на Персија

Зборувајќи за Битката на Хендек, кога идолопоклониците со своите сојузници имале намера да го убијат Мухмед, Божјиот мир нека биде над него, и за сите времиња да ја изгаснат светлината на исламот, асхабот Бера ибн Азиб рекол: „Во текот на копањето на хендеците (рововите) околу Медина, ни се испречи карпа која никако не можевме да ја разбиеме со копачите. Му се пожаливме на Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, и тој дојде на лице место да види за што се работи. Потоа го зеде копачот, рече Бисмиллах[57] и удри со копачот по карпата велејќи: ‚Аллаху Екбер!'[58] За големо чудо успеа да ја разбие и да откине еден дел од карпата, по што рече: ‚Навистина ми се дадени клучевите на Шам (Византија) и, се колнам во Аллах, небаре ги гледам неговите црвени палати.' Потоа, и по вторпат удри со копачот по карпата и повторно се откина еден нејзин дел, а Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, рече: ‚Аллаху Екбер! Навистина ќе ја освојам Персија и, се колнам во Аллах, небаре сега го гледам белиот дворец од нејзината престолнина.' И по третпат удри со копачот по карпата и таа во поптолност се распарча, и тој рече: ‚Навистина ми се дадени клучевите на Јемен и, се колнам во Аллах, небаре сега ги гледам портите на Сана.'" (Ен-Несаи, Сунен, II-56)

## Давид против Голијат

На муслиманскиот поход на Персија му претходел голем настан, во историјата на исламот познат како борба против отпадниците (муртедите). Имено, по смртта на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, многу арапски племиња се одметнале од исламот, и наследникот на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, Ебу Бекр, им објавил војна на сите отпадници на Арапскиот Полуостров. Таа војна траела година дена и завршила со целосен

[57] Бисмиллах – во име на Аллах. (Заб. на прев.)

[58] Аллаху Екбер – Аллах е Најголем. (Заб. на прев.)

пораз на отпадниците и со нивно повторно враќање во закрилата на исламот. Единаесетте муслимански бригади, кои учествувале во таа војна, го најавиле раѓањето на новата воена сила на светска сцена која ќе стане реална закана на тогашните империи, Персија и Византија. Тоа набргу и се потврдило, бидејќи непосредно по војната против отпадниците, Мусена ибн Харис еш-Шејбани, од племето Бекр ибн Ваил, дошол кај халифот Ебу Бекр и побарал дозвола за џихадски поход и повикување на Персијците во исламот. Меѓу другото, Мусена на халифот Ебу Бекр му рекол:

„Испрати ме да ги повикам Персијците во исламот и да се борам против нив ако одбијат да го примат исламот или да даваат џизија! Јас сметам дека мојот народ ми е доволен против нив.“

Ебу Бекр бил воодушевен од тој предлог, бидејќи се совпаѓал со неговите размислувања, и му дозволил да ја започне благородната задача долж пограничното подрачје со Персија и тоа со помали тврдини, оти ако Персијците не се согласат без борба, Мусена ќе може да излезе на крај со помалите персиски формации кои ги бранат тие тврдини. Муџахидот од племињата Шејбан не ги изневерил очекувањата на халифот. Откако Персијците со презир го одбиле неговиот повик во исламот и плаќањето џизија, тој извршил неколку успешни напади врз персиската војска, а потоа побарал засилување.

Му пишал на халифот:

„Ако ми испратиш засилување, и ако за тоа чујат муслиманите од соседството, сигурно ќе ми се придружат. И знај добро дека Персијците многу се плашат од нас.“

Веднаш по тоа писмо, халифот Ебу Бекр ја донел конечната одлука за освојување на Персија, денешен Ирак, а добро знаел и кому ќе му го довери тој голем потфат кој наликувал на авантура полна со неизвесност. Не му одговорил на Мусена Ибн Харис на неговото писмо, наместо тоа му испратил порака на Халид ибн Велид, кој со својата војска сè уште бил во Јемаме каде, по жестока борба, извојувал сјајна победа против отпадниците и нивниот водач Мусејлеме ел-Кезаб. Содржината на пораката била кратка и јасна:

„Халид, Аллах ја благословил твојата борба и преку тебе им дава победа на муслиманите, затоа тргни во освојување на Персија и тоа од правец на Индискиот премин кон пристаништето Убула.“

Овде ќе направиме мала дигресија и ќе ја опишеме состојбата на двете држави кои влегле во судир чиј исход бил потполн и конечен пад на Персиското царство. На една страна била младата, тукушто формирана исламска држава, која веќе во стартот ја потресувале крупни внатрешни проблеми. Таа сè уште не закрепнала од граѓанската војна која траела цела една година, а веќе се подготвувала за нови воени потфати. Значи, што се однесува за граѓаните на таа држава, некои се беа одметнале од исламот, некои не го напуштиле исламот, но биле нови во верата и често покажувале нестабилност, а некои, пак, биле постојани и цврсти во исламот. Меѓутоа, оваа трета група била исцрпена од војната и од многубројните битки кои ги воделе заедно со Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, и по неговата смрт. Многумина од нив загинале, а многу од нив биле ранети. И во толку деликатна ситуација, халифот Ебу Бекр му наредил на Халид ибн Велид да не се враќа во Медина, туку од Јемаме да оди директно во Персија.

На друга страна била моќната светска сила и голема империја, Персија. Нејзиното царство се протегало од западните граници на Ирак до границите со Кина и Индија на исток. Ирак во целост бил во состав на таа империја, а Индија и Кина ѝ плаќале данок на Персија. Воедно, тоа било исклучително богата држава, со огромни годишни приходи, големи природни ресурси, изградена инфраструктура, со моќна и добро опремена војска, чија моќ и слава не успеале верно да ги претстават и да ги опишат ни многумина светски историчари. Ете, на таква сила и на таков горостас се спротивставила малата исламска држава, со малубројна и слабо опремена војска, и одлучно зачукала на портите на Персиското царство со намера таму да го донесе факелот на исламот и на земјата на огинопоклоничката Персија да заблеска неговата светлина и никогаш повеќе да не се изгаси. Многумина историчари се чуделе на одлуката на Ебу Бекр по смртта на Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, да испрати муслиманска војска, на чело со Усама ибн Зејд, во борба против Византијците, и тоа во ситуација кога повеќето племиња се одметнале од исламот и кога почнала борбата против отпадниците. Меѓутоа, далеку поголемо чудење и восхит предизвикува неговата одлука по исцрпувачките борби да ги испрати Халид ибн Велид и Мусена ибн Харис со малубројна војска во освојувањето на Персија. Тоа било нов двобој помеѓу Давид и Голијат.

Халид ибн Велид го добил писмото од халифот Ебу Бекр, но не му одговорил на писмото, туку веднаш испратил претставници и курири во

околните места да повикува муслимански доброволци да му се придружат. А што се однесува за халифот Ебу Бекр, тој во Медина веќе разработил комплетна стратегија и фази за освојувањето на Персија.

Првата фаза требала да заврши со освојувањето на Хира, втор по големина град во Ирак, оддалечен од главниот град Ктесифон (Медаин) околу двесте километри. Халифот му наредил на Халид да освојува дел по дел од територијата, тргнувајќи од јужната страна додека не дојде до Хира, а во исто време му наредил на Ијад ибн Ганем со својата бригада да влезе во Персија од спротивната страна и постепено да ја освојува територијата додека не дојде до Хира. Им пишал:

„Кој од вас двајцата ќе стигне во Хира, ќе му биде командант на другиот. Потоа едниот нека остане со дел од војската во Хира, а другиот нека тргне кон главниот град Ктесифон.“

Оваа тактика имала за цел персиските трупи западно од Багдад практички да ги стави во обрач, така што да мораат да се борат со едната муслиманска војска додека другата им се заканува со напад од грб. Покрај тоа, Ебу Бекр сакал да направи конфузија во редовите на противниците и нивните водачи, бидејќи им ја оставил сокриена вистинската и конечната цел на муслиманската војска, и оневозможено им е да се борат истовремено со двете муслимански војски. Потоа, таа стратегија значела обезбедување на вода и храна за двете муслимански војски долж целиот пат, што ќе било невозможно доколку биле заедно. И на крајот, Ебу Бекр на тој начин сакал да го разбуди натпреварувачкиот дух кај двајцата војсководци, бидејќи секој од нив сакал да стигне прв до целта и да постигне победа за исламот и муслиманите. Мудриот халиф не заборавил на своите команданти да им упати неколку важни совети и аманети. Во неговото завештание стоело:

„Потпрете се само на Аллах и плашете се само од Него. Дајте му предност на оној свет пред дуњалукот[59], ќе ги добиете обата света, а доколку овој свет му го претпоставите на оној свет, ќе ги изгубите и овој и оној свет. Вардете се добро од гревовите и ни за миг не одложувајте го покајанието по сторениот грев.“

На крајот на писмото предупредил на една клучна работа за продолжување на освојувањето. Им наредил борбата да ја водат исклучиво со доброволци, а останатите да ги ослободат од обврската за борба и да не дозволат во

[59] Дуњалук – овој свет. (Заб. на прев.)

нивната војска да биде ниту еден поранешен отпадник од исламот. Дури ни во ситуација кога бројноста е мошне важна, можеби и пресудна, кога секој доброволец се „плаќал со злато", халифот Ебу Бекр не ја заборава главната цел на исламскиот џихад, а тоа е пресметка со сите видови на незнабоштво и идолатрија и ширење на чистиот монотеизам и вера во Возвишениот Алах, така што на крајот со Халид останале сè на сè две илјади војници.

## Ти доаѓам со војска која ја сака смртта повеќе отколку ти животот

Халид ибн Велид со својата војска тргнал од Јемаме кон Хира и се спуштил во местото Небаџ, 130 милји од Јемаме. Халид и Ијад ибн Ганем согледале дека малубројноста ќе им претставува голем проблем, па од Ебу Бекр побарале засилување. Халифот го прифатил неговото барање и веднаш испратил засилување. На Халид му испратил еден човек, Ка'ка ибн Амр, чиешто име добро треба да го запомниме бидејќи му бил десна рака на Халид ибн Велид. Тој ја одиграл одлучувачката улога во најважните битки во Персија. Меѓутоа, жителите на Медина му се чуделе на тој потег и, приговарајќи кон таквата одлука, говореле:

„Зарем да му помогнеш на војсководец, кого го напуштиле многу војници, со еден човек?"

Тој самоуверено им одговорил:

„Се колнам во Аллах, само гласот на Ка'ка ибн Амр вреди колку илјада војници. Војската во која е тој нема да изгуби."

И на Ијад ибн Ганем му испратил само еден муџахид, Абд ибн Ауф ел-Химјери, велејќи дека и тој исто така вреди колку илјада други борци. И двајцата, секој по својот пат, тргнале кон одредиштето. Во текот на воениот поход, Халид ја искористил можноста и ги повикал сите муслимански доброволци, кои пред тоа не биле отпадници, да му се придружат. Испратил порака до племето Ет-Темим од кои одговориле 2.000 доброволци на чело со Селм ибн Кајн и Хермеле ибн Мурејта. Потоа му испратил писмо на Мусена ибн Харис, кој веќе во голема мера војувал против Персијците, да му се придружи, коешто тој без поговор го сторил и му се придружил на Халид со своите 4.000 војници. Од југот на Персија стигнал Ме'зур ибн Адиј на чело со 2.000 муџахиди. Освен тоа, Халид помеѓу Небаџ и Персија успеал да мобилизира осум илјади муџахиди од две големи племиња, Ребиа и Мудар. Така, Халид

ибн Велид во својство на главен командант под знамето на исламот успеал да собере 18.000 војници, коешто пред него не успеал да го направи ниеден Арап, ниту во џахилиетот ниту, пак, по примањето на исламот.

Главната одлика, а подоцна ќе се констатира, и предност на муслиманската војска било тоа што имала врвни и славни воини и воени стратези како Халид ибн Велид, Мусена ибн Харис, Ка'ка ибн Амр, Асим ибн Амр, братот на Ка'ка, кој исто така ќе се истакне со неверојатна храброст и способност.

Муслиманите своето освојување го започнале од пристаништето Убула каде што намесникот Хурмуз ги чекал со многубројна војска.

Инаку, тој Хермуз од порано им бил познат на Арапите по исклучиво лошото однесување и ароганција така што Арапите за некого што бил неморален и горделив веделе: „Расипан си како Хурмуз". Убула бил најубавиот град кон границата со Арапскиот Полуостров, бил стратешки важна крстосница на морските патишта и поради тоа во него била изградена голема тврдина во која народот можел да се засолни во случај на напад. Низ него течела и истоимената река, околу која биле насадени многубројни градини, палми и овоштарници полни со портокали, лимуни, урми и друго овошје. Вистински рај на овој свет. А што се однесува за Хурмуз, тој бил познат уште по тоа што носел круна како крал, која била украсена со скапоцени камења, бисери и злато, а нејзината вредност во тоа време била проценувана на 100.000 дирхеми[60]. Во неговата војска главниот збор го имале двајца браќа, Кубаз и Анушџан (Ануцјан). Тие, всушност, и го прославиле Хурмуз, а уживале и голема доверба на персискиот киср[61], кој тогаш се викал Ширевејх. Но, сето тоа богатство, раскош и лажна големина воопшто не го импресионирале Халид ибн Велид. Тој, додека сѐ уште бил во Небаџ, му испратил писмо на Хурмуз и му порачал:

„Прими го исламот, ќе бидеш спасен! Ако не го сакаш тоа, тогаш прифати ја нашата власт и со својот народ плаќај ѝ џизија на исламската држава, а ние за возврат ви гарантираме сигурност. Во спротивно, јас ти доаѓам со војска која ја сака смртта повеќе отколку ти животот."

Халид тоа писмо го испратил преку еден Персиец кого го заробил уште во Јемаме. Знаел дека тој ќе му раскаже на Хурмуз за храброста и вештината на Халид, потоа за 12.000 муслимански војници кои во Јемаме поразиле војска од 100.000 војници и дек со тоа ќе предизвика страв кај Персијците и

[60] Дирхем – сребреник. (Заб. на прев.)

[61] Киср – цар. (Заб. на прев.)

нивните водачи. Кога Хурмуз го прочитал ова писмо, го обзела неопислива лутина и гнев. Својата лутина ја истресол пред својата свита викајќи:

„Каква дрскост! Зарем е можно еден Арап од пустината, кој до вчера ми плаќаше данок и беше покорен и понизен, да испрати писмо со заканувачка содржина?!"

Веднаш го известил за тоа царот во Ктесифон, а овој му дозволил борба и му испратил напомош огромна војска. Набргу потоа Хурмуз од Убула тргнал кон местото Казиме (Кадхма) кое се наоѓало на брегот на Персискиот залив. Тоа место било познато по водата за пиење, така што тој мислел дека Халид сигурно ќе тргне по тој пат. Меѓутоа, набргу дознал дека Халид тргнал кон местото Хафир, и веднаш се насочил во тој правец со надеж дека ќе стигне пред муслиманската војска.

Пред првата битка против Персијците, Халид ибн Велид формирал три гарнизони од муслиманската војска и на секој гарнизон му одредил посебна маршрута и правец на движење до одредиштето за битка.

Првиот ден го испратил гарнизонот под команда на Мусена ибн Харис, вториот ден тргнал вториот гарнизон под команда на Асим ибн Амр, и тој требало да биде десното крило на муслиманската војска. Третиот ден, Халид го испратил и третиот гарнизон под команда на Адиј ибн Хатим, и нему му е одредена улогата на лево крило на муслиманските сили. Дури четвртиот ден Халид ибн Велид тргнал кон Хафир со остатокот од војската, претходно договорајќи се со командантите на гарнизоните каде и кога да се најдат. Оваа тактика имала за цел да им ги заметне трагите на Персијците за намерите на муслиманската војска и сокривање на вистинската цел и правец во кој ќе се движи муслиманската војска. Откако Хурмуз бил известен дека Халид со војската тргнал кон Хафир, а не кон Казиме, и тој веднаш се упатил во тој правец. Стигнал пред Халид и успеал да се улогори и да направи распоред на силите и да ја разработи борбената тактика. Меѓутоа, кога Халид дознал што направил Хурмуз, сакал малку да се поигра со него и што повеќе да ги исцрпи неговите сили и наместо во Хафир, се упатил кон Казиме, која Хурмуз тукушто ја напуштил. На лутината и гневот на Хурмуз им немало крај. Тој потполно избезумен викал:

„Ќе запамети тој бедуин со кого има работа и со кого се поигрува", и потоа наредил движење на војската кон Казиме.

## Последниот двобој на Хурмуз

И двете војски дошле на одредиштето во исто време, што им одело во прилог на муслиманите, бидејќи на тој начин Персијците се спречени пред битката да заземат подобри позиции. Тоа било особено битно ако се има предвид дека Хурмуз немал постојан распоред на командните места ниту, пак, им верувал многу на своите војници. Тоа го потврдува и фактот што тој, со цел да не дозволи бегање на своите војници, наредил по десет војници да се врзуваат во синџири. Некои негови соработници ја критикувале таа одлука и велеле дека тоа е лудост бидејќи тоа значело директно помагање на непријателот и изложување на сопствената војска на опасност без можност за адекватна одбрана. На сите забелешки Хурмуз одговарал со зборовите:

„Оној што ќе ѝ се спротивстави на мојата наредба и самиот одлучи да побегне е обичен страшливец."

Потоа ја построил војската и одредил лево и десно крило. Со десното крило командувал Кубаз, а со левото Анушџан. Хурмуз излегол пред војската и чекал да се појави Халид ибн Велид. Во тоа време било обичај војските да застанат една наспроти друга и тогаш јунаците од двете страни да ги одмерат силите во меѓусебни двобои. Халид ибн Велид застанал на чело на муслиманската војска и чекал кого ќе го одреди Хурмуз за двобој. Меѓута, Хурмуз однапред го фатила паника и страв, па ја собрал својата група на коњаници и им рекол:

„Јас сакам да излезам на мегдан против Халид ибн Велид и кога ние ќе ги вкрстиме сабјите, вие добро пратете го текот на борбата, па ако видите дека ќе изгубам, вие брзо опколете нè и навалете на Халид за да го убиеме со заеднички сили."

Потоа горделиво го јавнал коњот, убеден дека итрината која ја смислил ќе му помогне да се реши од Халид ибн Велид, кој бил страв и трепет за него и за неговата војска. Излегол напред и извикал:

„Сакам чесна борба, еден на еден. Каде е Халид ибн Велид?"

Истиот момент Халид се појавил пред Хурмуз со исукана сабја и рекол:

„Јас сум Халид", и тогаш како лав јурнал на Хурмуз.

Персиецот на почетокот одолевал и успеал да одбрани неколку мошне страшни удари од Халид. Меѓутоа, стравот сè повеќе го обземал неговото

срце и целото тело, чувствувал дека го напушта силата и дека раката му е нестабилна, а сечилото на неговата сабја било сè поблиску до неговиот врат. Кога видел дека му се ближи крајот, им дал знак на своите коњаници да постапат според наредбата. Тие тоа и го сториле, за миг опколиле двајца борци, а тогаш своите сабји ги насочиле кон Халид. Околу нив се кренал голем прав така што отпрвин не можеле да ги распознаат Халид и Хурмуз. Иако бил изложен на голема опасност и на напад од сите страни, Халид не дозволил да го збунат. Успеал да ги задржи на дистанца персиските коњаници, а тогаш, во моментот на невнимателност на Хурмуз, молскавично се фрлил на него и сечилото на неговата сабја се зарило во правото место. Од вратот на Хурмуз бликнал голем млаз крв, а неговото крваво и неподвижно тело се струполило на земјата. Халид не се колебал, со двете сабји во двете раце продолжил да се бори против персиските коњаници. Имено, Халид подеднакво вешто и прецизно ја користел сабјата и со десната и со левата рака, што во тоа време го можел уште само познатиот асхаб Зубејр ибн Авам, нека е Аллах задоволен со него.

Муслиманската војска во прв момент била збунета поради тоа што се случувало во двобојот помеѓу Халид и Хурмуз и поради подлоста и измамата на персиските коњаници, па извесно време само немо го набљудувале неправедниот двобој и вознемирено исчекувале што ќе се случи со Халид. А тогаш човекот „илјада“, Ка’ка ибн Амр, со неколку муслимански коњаници поитал да му помогне на својот командант. Брзо го разбил обрачот околу Халид и персиските коњаници биле принудени да се вратат во своите редови. Потоа започнал крвав бој. Муслиманите со сета жестина навалиле на Персијците, а изгледало дека ги има многу повеќе од Персијците, иако ситуацијата била обратна. Бестрашноста и невидената одлучност на муслиманите ги збунила и обесхрабрила Персијците, особено кога на местото на битката го виделе неподвижното тело на својот командант, Хурмуз. Го изгубија командантот, но исто така го изгубиле моралот и желбата за борба. И додека тие размислувале како да избегаат и да сочуваат жива глава, муслиманите продирале длабоко во редовите и ги убивале. Работата им ја олеснил Хурмуз кој пред битката наредил да се врзат по десеторица во синџири поради што таа битка се нарекува „Зату селасил“ или „Битката во синџири“. Во таа битка загинале голем број Персијци и незначителен број муслимани, а нејзиниот конечен исход бил муслиманското освојување на Казиме. Освоен е огромен воен плен, а меѓу другото и круната на

Хурмуз која вредела 100.000 дирхеми. Неа Халид, заедно со останатата петтина од воениот плен, му ја испратил на Ебу Бекр во Медина по Асхабот Зур ибн Кулејб. Покрај тоа испратил и еден слон на кого муслиманите од Медина толку му се чуделе што некои прашувале дали е тоа Аллахово создание или е дело на човечки раце.

По одличната победа и освојувањето на Казиме, Халид го испратил Сувејд ибн Кутбе со својата бригада да тргне во освојувањето на Убула. Сувејд на крајот на денот стигнал пред Убула. Кога нејзините жители ја здогледале муслиманската војска, се затвориле во ѕидините на тврдината така што тој ден не дошло до судир. Кратко потоа на Сувејд му се придружил и Халид ибн Велид. Кога Персијците слушнале дека дошол Халид, одлучиле воопшто да не излегуваат од тврдината. Имено, утредента тој со својата војска поминал покрај тврдината и тргнал во правец на Хира, така што Персијците мислеле дека тој отишол да ја освои Хира и дека нема повеќе да се враќа. Меѓутоа, во текот на ноќта Халид повторно се вратил и му се придружил на Сувејд. Кога се разденило, Персијците излегле да се борат, но кога ја виделе големата муслиманска војска и кога сфатиле дека Халид е тука, изгубиле секаква надеж. Тоа го забележал Халид и му рекол на Сувејд:

„Навалете на нив, гледам дека Аллах им влеал страв во срцата.“

Персијците се предале бидејќи виделе дека нема поента да влегуваат во судир со муслиманите. По освојувањето на тврдината Убула, Халид му наредил на Муакил ибн Мукрин, еден од десеттемина родени браќа кои биле во војската на Халид, да го собере воениот плен и да ги собере заробениците на едно место. Потоа испратил неколку групи за да ги освојат останатите места и помали тврдини околу Убула. Мусена ибн Харис го освоил т.н. Машки дворец, а неговиот брат Ма’н ибн Харис го освоил Женскот дворец со кој управувала жена по име Камурзад. Кратко потоа таа го примила исламот и се омажила за Ма’н ибн Харис. Така Халид ибн Велид за мошне кратко време, поточно за неколку месеци, успеал да го освои јужниот дел на Ирак и да ги затресе палатите на Ксетифон. Познато е дека планот на Ебу Бекр бил во првата фаза да се освои Хира која се наоѓала во средниот дел на Ирак, на брегот на реката Еуфрат. Пред да продолжи со реализацијата на тој план, Халид, знаејќи колку е важно местото Убула, одлучил добро да го осигура тоа место, па тука оставил три гарнизони војска кои ќе ја штитат Убула долж целата нејзина граница. Првиот гарнизон го предводел Кутбе ибн Катаде, вториот Сувејд ибн Кутб,

третиот Шурејх ибн Амр, а за главен командант на сите нив го одредил Сувејд ибн Мукрин, чие командно место било во Хафир, на вратата на Арапскиот Полуостров и крајната граница на војската на Халид, така што воедно му бил и отстапница и му ја чувал заднината. Инаку Сувејд ибн Мукрин пред тоа двапати одиграл важна улога во борбата против неверниците. Првиот пат кога племето Бену Шејбан ја нападнале Медина, а вториот пат кога Ебу Бекр го испратил во Јемен, како командант на 11. Муслиманска војска, за да го задуши бунтот на отпадниците.

## Загинувањето на персиските генерали

Персискиот цар, Ердешир, стравувал за својата империја поради загубите кои ги доживеале од страна на муслиманската војска.

Испратил огромна војска под команда на Карин ибн Ерканас, прославен персиски воин, конечно да се пресмета со муслиманите и да ги избрка од каде што дошле. Карин со повеќе од 100.000 војници тргнал северно од Ктесифон, по брегот на реката Тигар, да се сретне со Халид ибн Велид. Халид веќе тргнал по северозападиот пат од реката Тигар, поминал покрај Машкиот и Женскиот дворец и на тој потег освоил уште два помали града, Зендервард и Херезџерд, чиишто жители прифатиле да плаќаат џизија. Слушнал дека доаѓа со него да се сретне огромна персиска војска од главниот град Ктесифон. Одлучил да ги употреби освоените бродови и да прејде на другата страна на Тигар и да ги дочека Персијците.

Во меѓувреме Персијците се улогориле кај местото Мезар очекувајќи борба. Набргу муслиманите стигнале до персискиот логор и војските застанале една наспроти друга.

На Карин, водачот не Персијците, десното и левото крило му ги предводеле Кубаз и Анушџан како и во Битката кај Казиме. Халид ибн Велид дотогаш не го менувал распоредот на војниците и командните места, па и понатаму Мусена ибн Харис, Асим ибн Амр и Адиј ибн Хатим биле команданти во неговата војска.

Кога муслиманите стигнале во Мезар и застанале спроти персиската војска, Карин излегол помеѓу двете војски и го повикал на двобој најдобриот муслимански воин и јунак. Од муслиманските воени редови на двобој излегле Халид ибн Велид и Муакил ибнул Еа’ша. Муакил успеал прв да

дојде до персискиот војсководец и во првиот налет да му зададе смртоносен удар. Зар е можно толку искусен воин и јунак, опеан во песните, да падне при првиот удар, небаре првпат излегол на бојно поле? Тоа силно ги потресло нивните редови а од друга страна, на муслиманите им го зголемило борбениот морал.

По загинувањето на Карин, Асим ибн Амр го повел десното крило во борба против Персијците и во првиот налет успеал да го убие командантот на нивното лево крило, Анушџан, а Адиј ибн Хатим истото го направил во судирот со командантот на десното персиско крило, Кубаз.

Така, со Аллахова помош, Персијците доживеале дебакл и тежок пораз кај Мезар. Во таа битка тие изгубиле 30.000 војници, а многу од нив се удавиле во реката кога се обиделе да избегаат од бојното поле. Освен тоа, оваа битка била значајна и по тоа што муслиманите, по првпат откако влегле во Персија, преминале на другата страна на реката Тигар. Персискиот цар, по уште еден страшен пораз, почувствувал дека полека, но сигурно, неговата империја исчезнува и дека наскоро неговиот престол ќе го заземат луѓе од кои тој најмалку очекувал. Сепак, во него останала уште една искра надеж, па опремил уште поголема војска и му наредил на врховниот командант на персиската војска, на генералот Бехмен Џазевејх, лично да ја предводи. Неговата храброст, знаење и огромното воено искуство влевале надеж кај персискиот цар. Нешто му говорело дека Бехмен е вистинскиот избор и дека тој може да ги протера лошите претчувства и темните облаци на потполното пропаѓање кои се надвиле над Ктесифон. Бехмен Џазевејх навистина бил искусен и способен војсководец. Откако ја собрал војската, тој применил стратегија и тактика слична на онаа на Ебу Бекр на почетокот на освојувањето на Персија. Имено, тој се упатил директно кон Мезар, каде што бил Халид ибн Велид, а другата војска под команда на генералот Ендерзегар ја испратил во местото Велџе, на границата со Арапскиот Полуостров, така што таа војска требала да му дојде на Халид од зад грб. Во случај неговиот план да успее, муслиманската војска би била опколена. Имено, Бехмен испратил една бригада кон Улејис под команда на Џабан, а тој со поголемиот дел од војската требал подоцна да им се приклучи. На патот кон Улејис, Бехмен ја добил веста дека персискиот цар Ердешир е смртно болен и тој веднаш се вратил во престолнината Медаин за да му биде на служба на царот, така што не учествувал во Битката кај Улејис.

Халид ја добил веста за планот на персискиот командант и нималку не му се допаднала. По консултацијата со своите команданти ја донел одлуката да се собере сиот воен плен кој ќе им биде неопходен за продолжување на освојувањата и муслиманската војска да ја испрати кон Велеца, наместо да го чека Бехмен во Мезар. Останувањето на тоа место би значело доведување на муслиманите во обрач а во тој случај би можело да се случи најлошото. Халид стигнал во Велеца пред Ендерзегар и видел дека се работи за огромна долина и голем бришан простор без било какви растенија. Подготвил план како да ги дочека Персијците и која тактика да ја примени. Издвоил две групи војници и ги испратил подалеку од местото на битката и им наредил да не се појавуваат сè додека не добијат наредба за тоа. Првата група ја предводел Буср ибн ебу Рухм, а втората Сеид ибн Муре. Набргу потоа се појавила огромна персиска војска, предводена од генералот Ендерзегар. Немало никакво тактизирање и битката почнала веднаш.

Сабјите се слевале од сите страни, се слушал нивниот страшен звук, а потоа офкањето на ранетите војници. Сепак, тие во почетокот едните кон другите се држеле на дистанца и така било до доцна во ноќта. Битката е прекината, сè уште немало победник, се чекал нов ден и продолжување на борбата. Вториот ден Персијците навалиле со сета жестина, а Халид трпеливо ги одбивал нивните напади сè додека не почувствувал и не видел дека муслиманите полека попуштаат и дека би можело да дојде до разбивање на борбените редови и до општ метеж. Тогаш го испратил куририот да им јави на двете војски во заседа да ги нападнат Персијците од зад грб.

Кога Персијците биле во полн налет и мислеле дека победата е конечно на повидок, одеднаш од зад грб слушнале грмење слично на земјотрес и виделе облаци од прав кои се кревале под брзите коњски нозе. Таа глетка им дала уште повеќе сила и самодоверба бидејќи биле убедени дека тоа е нивниот командант Бехмен со својата војска. Меѓутоа, кога ги виделе муслиманите и ги слушнале текбирите[62] им се заледила крвта во вените. Муслиманите ги напаѓале и фронтално и од зад грб. Самите паднале во замката која им ја подготвувале на муслиманите. Настанал општ метеж во кој Персијците се убивале меѓусебно мислејќи дека тоа се муслимани. Нивните редови се потполно разбиени а телата од илјадниците нивни мртви војници ја прекриле долината на Велеца. Халид ибн Велид станал ноќна мора на персискиот киср.

[62] Текбир – величање на Аллах со зборовите Аллаху Екбер – Аллах е Најголем. (Заб. на прев.)

## Битката кај Улејис

Во битката кај Велеџа, меѓу другите, убиени се и двајца христијански водачи со арапско потекло, Абдулесвед и Ибн Џабир ибн Буџејр, од племето Бекр ибн Ваил. Кога таа вест стигнала до племето Бекр ибн Ваил, неговите припадници многу им се налутиле на муслиманите и веднаш воспоставиле врска и кореспонденција со Персијците и ги молеле да им дозволат да се борат заедно со нив против муслиманите. Персијците тоа го прифатиле од сè срце. Потоа христијаните собрале огромна војска и се собрале во местото Улејис, а натаму се движела и персиската војска од 40.000 војници од градот Емагишија, околу 40 километри од Улејис. На нив требала да им се приклучи и бригадата од армијата која ја предводел Бехмен Џезевејх со која тој отишол кај кисрот, пред битката на Улејс.

Персиската војска, заедно со христијаните од племето Бекр ибн Ваил, броела повеќе од 100.000 војници.

Халид ибн Велид имал на располагање 18.000 муџахиди, со тоа што неколкумина од нив загинале во претходните битки. Кога слушнал дека Персијците се собрале во Улејис, Халид во истиот момент тргнал во тој правец, небаре оди на лов, а не да се сретне со огромна персиска војска. Во меѓувреме, христијаните барале од командантот Џабан тие да бидат на чело на војската, бидејќи и самите се Арапи, така што имаат искуство во борбата против Арапите. Џабан го прифатил нивниот предлог, но некои негови комамданти се буделе поради тоа и му велеле:

„Како можеш нив да ги ставиш на чело и да го потврдиш нивното мислење дека тие се подобри борци од нас и повешти во борбата против Арапите?“

Тој им одговорил:

„Ако ние денес ги убиеме муслиманите, па христијаните се секако под наша команда, а доколку ја изгубиме оваа битка, христијаните ќе бидат жртвени јагниња наместо нас.“

Потоа го извршил распоредот на војската. Христијанинот Џабир ибн Бурејџ го поставил за командант на десното крило, е неговиот соплеменик Абдулесвед за командант на левото крило. И покрај тоа што Џабан бил познат персиски војсководец, тој бил мошне лабилна личност и воопшто не бил авторитет кого војниците би го почитувале и слушале.

Тоа го потврдува и следниов факт: кога Халид ибн Велид стигнал во Улејис, ги затекнал Персијците на ручек. Џабан ја видел муслиманската

војска и панично наредил веднаш да се прекине со јадењето и да се подготват за битката, но војската не го послушала. Халид ибн Велид со своите 18.000 војници ѝ се доближил на персиско-христинајската војска, излегол напред и извикал со целиот негов глас:

„Каде се Џабир ибн Буџејр и Абдулесвед? Нека излезат на двобој ако смеат!"

Меѓутоа, водачите на племето Бекр ибн Ваил не смееле ни да се јават. Наместо нив, пред Халид излегол еден човек од нивното племе кој се викал Малик ибн Кајс. Тоа многу го налутило Халид, му се доближил и извикал:

„Кучкин сине, што те навело да излезеш на двобој, ти не си вистинската замена за оние што ги повикав."

Потоа силно го удрил со сабјата и го усмртил на лице место. Халид веднаш ѝ наредил на војската да тргне кон Персијците и битката започнала. Тоа било жестока борба, гради в гради. Сабјите никнувале насекаде, коњите врескале, а смртно ранетите војници болно офкале. По првиот час од борбата и двете војски сè уште изгледале стабилно, немало значителни промени ниту пробивања на борбените редови. Меѓутоа, по неколкучасовната борба, Халид почувствувал дека на муслиманите им снемува сила и дека во еден дел од војската дошло до загриженост поради силните напади на Персијците. И покрај жестоката борба, Халид искористил еден момент за да упати дова[63] на Аллах. Тој понизно молел:

„Господару мој, ако денес ми помогнеш против непријателот на исламот и ни подариш победа, тогаш овозможи ми да ги заробам повеќето од нивните војници."

Халид сè уште не ги ни спуштил рацете, а Аллах веќе ја примил неговата дова. Тој видел како една група муслимани полека, но сигурно ја разбиваат и раздвојуваат персиската војска, продирајќи сè подлабоко во нивните редови. Халид бил свесен дека Персијците се потресени и дека нема да издржат, па со сета жестина тргнал во напад и персиските војници почнале да го вртат грбот и да бегаат. Настанал вистински хаос нивните редови. Кога Халид го видел тоа, извикал:

„О, муслимани. Не ги убивајте, туку заробувајте ги, освен оние што ќе дадат отпор и ќе се спротивстават!"

[63] Дова – молба. (Заб. на прев.)

Муслиманите така и постапиле, а Персијците се предавале во групи така што на крајот биле заробени околу 70.000 војници. Веста за новата победа на муслиманите стигнала до халифот Ебу Бекр, а потоа тој го пофалил Халид и неговата храброст и упатил дова на Аллах да го чува и да му подари бериќет во џихадот.

Пред да стигне во Ктесифон веста за тешкиот пораз и пред да се обидат Персијците да ги консолидираат своите редови, Халид со муслиманската војска се упатил кон градот Емагишија од којшто 40.000 војници загинале во битката кај Улејис. Четириесет километри го делеле од тој град и кога стигнал пред неговите порти, видел дека градот е празен и напуштен. Жителите на Емагишија веќе слушнале дека Халид се подготвува да го нападне и нивниот град, па повеќето побегнале за да извлечат жива глава. Муслиманите освоиле огромен воен плен во тој град така што секој коњаник добил по 1.500 дирхеми.

Заробиле и група на луѓе во која бил и христијанинот Хабиб. Потоа тој го прифатил исламот и Аллах му подарил син, Хасан ел-Басри, еден од најпознатите исламски научници од генерацијата на табиините[64].

Кога Ебу Бекр ја добил веста за уште една од редицата муслимански победи, ги собрал муслиманите во Медина и им се обратил со овие зборови:

„О, муслимани, вашиот лав (Халид ибн Велид) се борел со персискиот лав и го поразил на неговиот куќен праг. Нема повеќе жената да роди муџахид како Халид.“

Дотогаш муслиманите извојувале победи во битките: Казиме, Убула, Мезар, Велеџа, Улејис и Емагишија. Патот кон Хира бил потполно отворен.

## Пред портите на древната Хира

Добро е познато колку Халид копнеел за тоа тој да биде првиот што ќе стигне во Хира, бидејќи тогаш му се отвора можноста да стане командант на двете муслимански војски и тој да биде оној што ќе одреди кој од двајцата војсководци ќе тргне од Хира во освојувањето на персиската прес-

[64] Табиините ја претставуваат втората генерација на муслиманите. родени се по смртта на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, но биле современици на неговите асхаби (сопатници). (Заб. на прев.)

толнина, Медаин – Ктесифон. За оваа желба на Халид бил свесен и Азазбех, управителот на Хира, која била на неговиот пат кон персиската престолнина, особено по падот на Емагишија која Халид ја освоил без борба.

И бил во право. Халид, веднаш по освојувањето на Емагишија, наредил да се соберат сите бродови кои се освоени во тој град, за да може војската да заплови во правец на Хира и за да се избегне движењето по копно. Еуфтар и Тигар на многу места се излевале од своите корита поради пролетните поплави и ја натопувале земјата, а тоа многу би го отежнало движењето на војската, посебно на коњите и камилите. За тоа дознал управителот на Хира, па одлучил да се обиде да ја спречи муслиманската војска во нивната намера. Тој испратил една чета војници на чело со својот син и им наредил да одат јужно од Хира и кај местото Мекар да ја одвратат реката Еуфрат, за да ги спречи бродовите со муслиманската војска да допловат до Хира.

Синот на Азазбех брзо ја извршил задачата и муслиманските бродови се насукале. Муслиманите се исплашиле дека ќе мораат да поминат тежок копнен пат кон Хира. Во околните места живееле персиски земјоделци кои веќе им се предале на муслиманите, и тие му кажале на Халид дека во Хира сигурно знаат за нивното движење и дека е наредено војската да го промени текот на Еуфрат за да се насукаат бродовите. Одговорот и образложението на земјоделците му се чинеле логични на Халид и тој веднаш избрал група на коњаници и тргнал кон Мекар. Во близината на тоа место се сретнал со персиската извидница и брзо ги поразил и тогаш тргнал кон главнината на војската која учествувала во саботажата. Ги затекнал токму во местото Мекар и веднаш ги нападнал и победил, убивајќи го нивниот командант, синот на управителот на Хира. Потоа се урнал насипот и водата повторно почнала да тече по своето корито, а бродовите со муслиманската војска повторно запловиле кон Хира.

Додека муслиманската војска се доближувала до Хира по воден пат, Халид ибн Велид со својата коњаница тргнал кон тврдината Хурнк, која се наоѓала блиску до Хира, од нејзината јужна страна. Тврдината Хурнк, всушност, била едно прекрасно здание кое било изградено во времето додека со Хира владеел Ну'ман ибн Мунзир, а го изградил римскиот инженер и градител Снамар, и тоа полни дваесет години. Кога завршил со градењето, Ну'ман го повикал да се качи на врвот на зданието, а тогаш наредил оттаму да го фрлат во бездна за да не може никому да изгради нешто

слично. Од тоа збиднување останала изреката која е позната меѓу Арапите, кога некој би извршил неправда на некој добротвор: „Награден е со наградата на Снамар." Халид стигнал токму во оваа тврдина и ја зазел без голема тешкотија и тогаш своите мисли и својата војска ја насочил кон одамна зададената цел која, ете, била на дофат – освојувањето на Хира, а оттаму правец кон главниот град Ктесифон, со чиешто паѓање и официјално би било урната големата и дотогаш моќна Персиска империја.

Во времето кога Халид се борел против групите Персијци во местото Мекар, од Медаин стигнала веста за смртта на кисрот Ердешир. Тоа го натерало управителот на Хира да се повлече со војската, која ја подготвил за одбрана на градот, и да тргне кон Медаин, а Хира ја оставил да ја бранат нејзините жители. Тие повеќето биле христијани.

Хира била најголемиот град на југот на Ирак, еден нејзин дел бил на реката Еуфрат, од правецот на Вавилон, односно покраината позната како Севадул Ирак, а другиот дел од градот кој бил во правецот на Џезира бил помеѓу Еуфрат и Тигар. Освен тоа, Хира била и пристаниште во кое доаѓале бродови од Кина, Индија и Синд, а ни границата со Шам, односно Византија, не била далеку. Мнозинството од нејзиното население го сочинувале арапски христијани, но намесникот бил Персиец. Тоа бил стар град кој имал богата и бурна историја и затоа кај Персијците бил на посебно место.

Кога Халид со своите 18.000 муџахиди стигнал пред портата на Хира, го дочекале четири големи зданија или четири тврдини, кои во случај на упад на непријателската војска или некоја друга наезда, им пружале засолниште на жителите на Хира и по неколку месеци, така што никој од нив не морал да излегува надвор од ѕидините на тврдините. Првата тврдина се викала Белиот дворец и била под урава и команда на човекот по име Ијас ибн Кубејс; со другата тврдина, Касрул Абсијин, управувал Адиј ибн Мактул; потоа тврдината Ибн Мазин со која управувал Хајре ибн Екан и четвртата тврдина, Ибн Букајл, со која управувал Амр ибн Абдулмесих кој тогаш бил стар повеќе од сто години. Халид веднаш сфатил дека сите жители на Хира, особено по заминувањето на нивниот намесник во Ктесифон, се затвориле во тврдините и дека ќе мора да ја примени тактиката на опсада додека не ги освои или додека нивните жители не се предадат. За себе определил командно место подалеку од тие тврдини, а потоа испратил четири бригади на муџахиди да ги држат тврдините под опсада.

Со првата бригада командувал Дирар ибн Езвер и тој го напаѓал Белиот дворец, додека со второта бригата командувал Дирар ибн Хатаб. Тој бил во сродство со Осман, нека е Аллах задоволен со него, но му бил пријател на Халид уште од џахилиетот и тој бил во војската на Халид оној ден кога тие ги поразиле муслиманите на Ухуд. Го примил исламот при ослободувањето на Мека и потоа повторно учествувал со Халид во сите битки кои тој ги водел. Дирар добил задача да ја напаѓа тврдината Каср Абсијин. Третата бригада ја предводел Дирар ибн Мукрин и ја напаѓал тврдината Ибн Мазин, додека со четвртата бригада командувал „лавот" од племето Шејбан, Мусена ибн Харис, а негова задача била да ја нападне тврдината Ибн Букајл.

Четирите муслимански војски тргнале на задача, а пред тоа Халид испратил писма во сите четири тврдини и нивните жители ги повикал во исламот или да плаќаат џизија, во спротивно тој им порачал дека ќе им испрати војски од кои сигурно нема да можат да се одбранат. Им дал време од 24 часа да прифатат една од понудените можности. По истекот на одреденото време немало одговор од жителите на тврдините и муслиманската војска почнала со опсадата и со нападот. Ги опколиле тврдините и непрестајно фрлале стрели кои прецизно ги погодувале отворите и како куршуми си пронаоѓале за себе пат до внатрешноста на тврдината. Кратко потоа се слушнал повик на христијаните од бедемите:

„Сега ќе ја почувствувате моќта на Хазафиф!"

Муслиманите не го разбрале тој збор и не знаеле за што се работи сѐ додека некои христијани не се појавиле со огромни катапулци од кои фрлале и испукнувале кугли направени од земја на кои биле ставени пламени факели. Муслиманите биле доволно искусни борци така што не им приоѓале на тврдините толку билску за да можат да ги изненадат и погодат куглите од Хазазиф. Христијаните кои се појавиле со своите справи набргу зажалиле поради тоа бидејќи муслиманските стрелци прецизно ги погодувале и ги убивале. Поради дождот од муслимански стрели кои ги полнеле тврдините и многу ранетите и мртви христијани, нивните свештеници повеќе не можеле да ја поднесат опсадата и набргу се огласиле дека ќе ги предадат тврдините, а со тоа и градот Хира. Прв тоа го сторил најстариот меѓу нив, Амр ибн Абдулмесих, кој му испратил писмо на Халид во кое го известува дека сака договор околу предавањето на тврдината и дека прифаќа да им плаќа џизија на муслиманите.

Откако сите тврдини во Хира известиле дека сакаат да се предадат, нивните заповедници ги напуштиле тврдините и барале Халид да ги прими. Меѓутоа, муслиманската војска и понатаму била внимателна и продолжила со опсадата, а заповедниците на тврдините ги испратиле со неколку муслимански војници до Халид ибн Велид. Тој ги примил секој од нив посебно, а потоа разговарал со сите четворица заедно. Во тој разговор, меѓу другото, ги запрашал:

„Што, всушност, сакате вие?“

Тие одговориле:

„Ние се откажуваме од било каква помисла за војување против вас и сите се согласивме околу тоа да ви плаќаме џизија.“

Кога го слушнал нивниот одговор, Халид им рекол:

„Се колнам во Аллах, неверството е пустина за туѓинецот во која сигурно е осуден на пропаст и смрт. Навистина се чудам како сте можеле да прифатите сојузништво со Персијците, а одбивате сојузништво со нас, а вие сте Арапи како и ние.“

Врз основа на овие зборови лесно можеме да заклучиме дека на Халид ќе му било подраго тие да го примеле исламот отколку да прифатат да даваат џизија, без разлика колку пари ќе се соберат од џизијата за државната благајна. Меѓутоа, тие одбрале да останат во својата вера и Халид го прифатил тоа, а потоа им ја одредил висината на џизијата која за градот Хира во текот на годината изнесувала 190.000 дирхеми. Тој договор е познат како Хирски договор, со кој на христијаните на Хира им се гарантира потполна слобода и заштита без разлика дали нивните права би ги загрозиле муслимани или немуслимани. Така во договорот се нашол и посебен параграф во кој пишувало: „Доколку Византијците ги нападнат жителите на Хира, муслиманите се обврзани да ги бранат, во спротивно жителите на Хира не се должни да плаќаат џизија“, бидејќи џизијата, всушност, е надомест за потполна заштита и сигурност на немуслиманите во исламската држава. Христијанските водачи тоа безусловно го прифатиле и договорот е склопен на задоволство на двете страни.

Освојувањето на Хира се случило за време на големиот персиски празник, Нејруз, којшто тие го славеле во знак на започнувањето на летото, како што го славеле празникот Мехреџан во знак на започнувањето на зимата. Тогаш било обичај Персијците на тој ден да ги посетуваат арапските села во

Ирак, бидејќи Арапите им давале богати подароци како израз на внимание и покорност на Персиското царство. Не го заборавиле тоа ни овојпат, само што сега богатите подароци наместо на Персијците им ги донесле на муслиманите, односно на Халид ибн Велид, покрај оние 190.000 дирхеми од џизијата. Халид, комплетниот износ на џизијата и сите подароци по повод празникот Нејруз, му ги испратил на халифот Ебу Бекр во Медина. Меѓутоа, Ебу Бекр ги земал само парите од џизијата, а парите од подароците ги испратил назад во Хира и му наредил на Халид да им ги врати на христијаните. Тој гест позитивно влијаел врз христијаните на Хира, па многумина од нив го примиле исламот. И додека Халид го воспоставувал редот во Хира, дошла веста дека Персијците се собираат во Кербела и дека подготвуваат напад на муслиманите. Инаку Кербела е оддалечена од Хира 100 километри и Халид ибн Велид веднаш испратил таму една бригада под команда на Асим ибн Амр ет-Темими кој брзо и ефикасно ја разбил и ја поразил непријателската војска и ја освоил Кербела. Во тој ден Кербела станала и останала северна муслиманска граница во Ирак. Освен Бунтот во Кербела, персискиот војсководец Џабан, кој по поразот кај Улејис побегнал кон Ктесифон, собрал нова војска во местото Тустер. Халид испратил таму две бригади, едната под команда на Мусена ибн Харис, а втората под команда на Ханзале ибн Ребиа. Кога муслиманската војска била некаде кај Мезар, Џабар дознал за тоа и веднаш побегнал со својата војска во внатрешноста на Ирак, така што битката не се случила. Кратко потоа дошле претставниците од градовите Банкије и Баресма да потпишат договор за примирје и за давање џизија. Халид го прифаил тоа и жителите на овој град, кои биле многу богати, прифатиле да даваат годишна џизија во висина од два милиона дирхеми. Потоа Халид освоената територија, т.е. северниот дел на Ирак, ја поделил на седум регии и во секоја регија формирал гарнизони или гранични касарни и стражи кои ја чувале освоената територија. Команданти на тие гарнизони биле: Мусена ибн Харис, Дирар ибн Хатаб, Дирар ибн Езвер, Дирар ибн Мукрин, Буср ибн ебу Рухм, Утејб ибн Нухас и Ка'ка ибн Амр, кој воедно бил и заменикот на Халид. Потоа одредил наместници или управители за некои од освоените градови. Во Кербела за управител го поставил Асим ибн Амр ет-Темими, а во пристаништето Убула, Сувејд ибн Мукрин. Потоа почнал да изведува препади и помали воени акции во околните места кои сè уште не биле освоени, влевајќи така страв и сеејќи паника меѓу Персијците. Повеќето од тие места се предавале без борба и нивните жители прифатиле да плаќаат џизија.

## Халид, потребен си ми

Халид за рекордно време успеал да освои многу градови и тврдини и да воспостави исламска власт во нив, меѓутоа, неговиот воен другар и ривал во освојувањето на Ирак, Ијад ибн Ганем, сè уште бил под ѕидините на Девметул Џендел. По освојувањето на Хира, Халид останал во градот околу три месеци, а немало никакви вести од Ијад. Поради тоа бил многу загрижен и размислувал што да прави – дали сам да тргне во освојувањето на главниот град Ктесифон или да се упати кон северот на Арапскиот Полуостров и да му помогне на Ијад ибн Ганем? Знаел добро дека тргнувањето во освојувањето на Ктесифон би значело прекршување на наредбата на халифот Ебу Бекр, бидејќи наредбата гласела дека тие двајцата мора да се сретнат во Хира, а потоа едниот од нив да оди кон Медаин, а другиот да остане во Хира. Само поради тоа Халид се одлучил за втората варијанта.

Во Хира за свој заменик го оставил Ка'ка ибн Амр, а тој со една бригада тргнал кон Кербела. Тој град исто така бил далеку од Девма, но бил во нејзиниот правец и сепак можело полесно да се дојде до информација за тоа што се случува во нејзиното соседство и каква е ситуацијата со персиската војска во градовите од тој дел на Ирак. Кога стигнал во Кербела, Халид добил информација од прва рака за тоа дека главнината на персиската војска во движење кон Девма се наоѓа во три тврдини: Енбар, Ајну Темр и Фирад, која била најблиска до Шам. Халид одлучил првин да ги освои тие тврдини за да му биде заднината чиста и сигурна, а потоа да оди понатаму. Првин тргнал кон Енбар и кога стигнал со војската пред ѕидините на Енбар, ги дочекала огромна тврдина околу која бил ископан широк канал. Копањето канали околу тврдините и градовите било обичај на Персијците и затоа не е чудно што асхабот Селман ел-Фариси, при опсадата на Медина од страна на идолопоклониците и Евреите, му предложил на Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, да се ископаат канали околу градот. Со таа тврдина управувал човек по име Ширазаз, а бил познат како голем страшливец. Откако ја добил веста дека Халид е блиску до тврдината, рекол:

„Ако е вистина тоа дека Халид се приближува кон нашата тврдина, тогаш поразот ни е неизбежен."

Тоа и се случило. Откако дошол пред тврдината, Халид, како и обично, му понудил на персискиот водач и на неговиот народ да одберат една од трите можности: ислам, плаќање џизија или борба. Ширазаз, и покрај тоа

што бил страшливец и знаел дека е губитник, ја избрал борбата. Им наредил на жителите на тврдината да се искачат на ѕидините и да ги гаѓаат муслиманите. Кога Халид го видел тоа, им рекол на своите војници:

„Овие луѓе немаат поим од војување. Еве добра прилика за нашите стрелци. Нека истапат напред и на моја команда нека ги исфрлат сите заедно стрелите и нека ги гаѓаат нивните војници исклучиво во очите."

Стрелците се наредиле и тогаш на знакот на Халид ги пуштиле стрелите кои ги погодувале Персијците директно во очите, па така оваа битка останала позната Затул-Ујун, „Битка на изгубените очи". Потоа Шеразаз ја предал тврдината, но под еден услов, Халид да му дозволи да го напушти тоа место со група од свои војници, без вооружување, и да оди во Медаин, коешто Халид го прифатил. Кога Шеразаз стигнал во Ктесифон, бил жестоко критикуван од својот командант Бехмен Џазевејх зошто како последен страшливец ја напуштил војската за да ја сочува својата глава, на што овој му одговорил: „А кој е тој што ќе се бори против војската која во еден миг им избива илјада очи на своите противници."

Халид влегол во Енбар без борба и без пролевање крв. Тој заробил голем број на жители од тврдината, меѓу кои имало и 40 христијански момчиња кои живееле во манастир и биле посветени на аскетскиот живот. Имамот Табери и Белазури во своите историски дела ги спомнува сите нивни имиња, а ние ќе спомнеме само двајца поради улогата на нивните синови во историјата на исламот. Тоа се: Нусајр, таткото на Муса ибн Нусајр кој многу години подоцна, во времето на Емевитите, ја освоил Шпанија и ја воспоставил исламската држава Андалузија и Сирин, таткото на Мухамед ибн Сирин, еден од најпознатите исламски научници од генерацијата на табиините.

По освојувањето на Енбар, Халид тргнал кон тврдината Ајну Темр оддалечена стотина километри од Енбар. Жителите на оваа тврдина биле мешани – половина биле Персијци а половина Арапи. Водач на Персијците бил човекот по име Михран, а водач на арапските христијани бил Ака ибн ебу Ака, кој во народот важел како нестабилен и дволичен човек иако глумел храбар и смел водач. Откако дознале дека муслиманската војска се приближува кон нивната тврдина, тој му рекол на персискиот водач:

„Дозволи ние Арапите да се бориме против Арапите!"

Михран му одговорил:

„Тоа е добар предлог, вие имате искуство во борбата со нив како ние со Персијците.“

Ака со својата војска се улогорил дваесетина километри од Ајну Темр и го чекал Халид. Кога муслиманската војска стигнала на тоа место, застанале едни наспроти други, а тогаш несреќникот Ака барал некој да му излезе на двобој. Неговата желба му ја исполнил никој друг освен Халид ибн Велид. Тој тргнал кон Ака и со еден удар му ја избил сабјата од раката и потоа го зграпчил за вратот и го довлечкал меѓу муслиманите и наредил да го одведат како заробеник во Ајну Темр. Неговата војска истиот момент се разбегала, а муслиманите тргнале по нив и ги гонеле и убивале сè до тврдината Ајну Темр. Некои сепак успеале да влезат во тврдината, а тогаш ги затвориле портите така што тие што стигнале последни, страдале пред самата тврдина; освен Ака ибн Ака, него Халид ибн Велид го внел во тврдината и тогаш го убил за да го понижи пред народот, а на нив им влеал страв во коските. Што се однесува за Персиецот Михран, тој со својата група војници безглаво избегал во правец на Ктесифон.

Така Халид ибн Велид освоил уште една тврдина која била во зоната на одговорноста на Ијад ибн Ганем, додека овој уште водел исцрпувачка борба кај Девметул Џендел и бил во мошне незавидна ситуација. Поради тоа халифот Ебу Бекр му го испратип напомош Велид ибн Укбе, кој дошол во Медина со воениот плен од Ирак, а тогаш Ебу Бекр му наредил да оди кон Девметул Џендел, а не во Ирак. Кога стигнал на одредиштето, видел дека Персијците се забарикадирале во една голема тврдина и дека еден дел од нивната војска од една друга помала тврдина, успеал да опколи една муслиманска единица. Велид веднаш му предложил на Ијад да му испрати порака на Халид да дојде напомош со својата војска. Девма била оддалечена од Хира 500 километри, Халид веќе поминал 200 километри и го освоил Енбар на 4. реџеб 12. година по хиџра[65] или 21. септември 633. година, а Ајну Темр на 11. реџеб или 21. септември истата година. А потоа добил писмо од Ијад ибн Ганем кое содржело само два збора: „Потребен си ми!“ На „Аллаховата сабја“ тоа му било доволно да сфати дека Ијад е во тешка ситуација, па со својата единица веднаш тргнал кон Девметул Џендел.

[65] Хиџра е преселба на Пратеникот Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, со првите муслимани од Мека во Медина и го означува почетокот на исламскиот лунарен календар, според кој муслиманите го сметаат времето. Ова се случило во септември 622. година според грегоријанскиот календар. (Заб.на прев.)

Инаку таа тврдина била под управа на двајца Арапи, Укејдир ибн Абдулмелик и Џудиј ибн Ребие. Укејдир веќе имал лошо искуство со Халид и од таа нивна прва средба тој научил лекција која никогаш не ја заборавил.

* * *

Имено, по походот на Тебук, во деветтата година по хиџра, Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, испратил помала единица на чело со Халид ибн Велид во Девметул Џендел, за да им одржи лекција на тамошните Арапи, бидејќи во Битката на Тебук тие биле сојузници на Римјаните против муслиманите. На чело на војската бил токму Укејдир и неговиот брат Хасан ибн Абдулмелик. Во тој поход Халид го убил неговиот брат, а него го заробил и му го однел на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него. Во таа прилика Укејдир потпишал договор и се заветувал дека никогаш повеќе нема да се бори против муслиманите без разлика кој ќе го повика и што ќе му понуди како противуслуга за сојузништво, по што Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, го ослободил. Меѓутоа, очигледно е дека тој го заборавил она што го ветил, па Халид морал повторно да дојде за да го потсети, на начин својствен за себе, за неговиот завет.

* * *

Кога Укејдир слушнал за доаѓањето на Халид, рекол:

„Се колкнам во Бога, не постои војска што ќе се бори со Халид, а да не биде поразена, сеедно дали ги има малку или многу!“, и предложил да потпишат примирје, но Џудиј не го послушал, туку сакал борба со Халид мислејќи дека тој не е нешто посебно во однос на Ијад ибн Ганем. Укејдир видел дека нема полза од убедувањето на Џудиј па тој, поучен од поранешното искуство, земал неколку војници и избегал од Девметул Џендел. Меѓутоа, тоа не му помогнало, бидејќи Халид дознал дека тој избегал кон север на Ирак и веднаш го испратил Екре' ибн Хабис со една чета муџахиди да оди во потера по него. Кратко потоа Укејдир по вторпат се нашол очи во очи со Халид ибн Велид и кога се сретнале, тој прозборел со безнадежен глас:

„Се колнам во Бога, јас излегов од тврдината само за да го дочекам големиот војсководец, Халид ибн Велид.“

Но, Халид овојпат бил неумолив, не му простил за предавството и за прекршувањето на ветувањето, и го убил на лице место. Потоа се упатил директно кон тврдината Девметул Џендел, порачувајќи му на Ијад ибн Ганем да не ја напушта својата борбена позиција на јужната страна, а дека тој ќе го нападне непријателот од северната страна на тврдината. Со тој потег Халид успеал да ја раздвои арапско-персиската војска, така што еден дел морал да се бори против Ијад на југ, а другиот против Халид на северниот дел од тврдината. Халид жестоко се борел против војската која ја предводел Џудиј и на крајот успеал да ги разбие нивните редови, да им го убие војсководецот и да се пробие во тврдината. Тоа во голема мера му ја олеснило работата на Ијад, па и тој набргу усепал да се пробие во тврдината од јужната страна. Така тврдината Девметул Џендел конечно паднала во муслимански раце на 24. реџеб 12. година по хиџра или 4. октомври 633. година.

По тој голем триумф, Халид ибн Велид наредил добро да се прочешла и прочисти комплетниот терен околу тврдината и одредил една добро вооружена единица да остане во Девметул Џендел, бидејќи тој наумил да се врати кон тврдината Ајну Темр која мислел да ја земе за своја база и командно место. Но, во меѓувреме добил писмо од својот заменик, Ка'ка ибн Амр од Хира, во кое го известува дека Персијците мобилизирале огромна војска во Медаин и дека се подготвуваат да ја нападнат Хира. Халид се нашол во недоумица што да прави. Веќе поминал 500 километри од Хира до Девма, водел неколку исцрпувачки битки и освоил многу тврдини. Се плашел да не ѝ биде на неговата војска напорно повторно да се врати во Хира по сето тоа. Од друга страна, пак, стравувал и се грижел дали Ка'ка ибн Амр во потполност ќе ја исполни задачата и дали ќе излезе на крај против толкава персиска војска? На крајот сепак одлучил да се врати во Хира и наредил движење на војската во тој правец. Додека Халид ибн Велид марширал со својата војска кон Хира, персискиот командант Бехмен ја поделил собраната војска во два корпуса и ги испратил кон тврдините Хусајд и Ханафис. За да го надитри, Ка'ка ибн Амр испратил една бригада во Хусајд, на чело со Е'бад ибн Федеки. Меѓутоа, кога дознал дека таму се собрале две персиски војски, кои ги предводеле генералите Зермехер и Рузбех, тогаш и Ка'ка лично тргнал кон таа тврдина. Битката кај Хусајд се случила на 9. октомври 633. година, муслиманската војска извојувала уште една победа над Персијците и триумфално влегла во Хусајд. Во таа битка Ка'ка го убил персискиот водач Зермехер, а нивниот втор водач, Рузбех, на својот врат ја почувствувал сабјата на Асамибн Абдулах. Муслиманите

во Хусајд освоиле голем воен плен, а преживеаните мали групи Персијци избегале во тврдината Ханафис.

Ка'ка ибн Амр, пред да се врати Халид во Хира, испратил војска кон Ханафис на чело со Урве ибн Ца'д ел-Барики. Меѓутоа, кога слушнал дека Халид се враќа во Хира, тој во Ханафис го испратил познатиот воин Урве ибн Федеки. Персиските војници, кога избегале по битката кај Хусајд, доаѓајќи во Ханафис, внесле паника и страв меѓу неговите жители така што нивните водачи одлучиле да избегаат уште пред да дојде Урве со муслиманската војска и пред да ги снајде истата судбина како и нивните собраќа во Хусајд. Така, муслиманската војска на 10. Октомври 633. година влегла и го освоила Ханафис без борба. Потоа Халид ибн Велид им наредил на Ка'ка ибн Амр, Ебу Лејла ел-Федеки, Урве ибн Ца'д и Е'абад ибн Федеки во точно закажано време да се најдат со него пред тврдината Мусајех. Халид планирал таа тврдина да ја нападнат и освојат ноќе.

## Битките по месечина

И по тоа Халид бил поинаков од останатите војсководци и воени стратези во историјата на војувањето. Оти, многу славни команданти и генерали, муслимани и немуслимани, проучувајќи ја стратегијата на војување на Халид, велеле дека секогаш би претпочитале да изгубат битка во текот на денот отколку да ѝ се препуштат на неизвесноста на ноќната борба. Но, не раѓа мајка повеќе таков борец како што бил Халид ибн Велид. Тој не се впуштал тукутака во авантури на ноќна борба, туку сите детално ги подготвил. На пример, знаел дека во тоа време на годината сонцето заоѓа десетина минути по 17 часот и дека ноќната теминана трае скоро до половината од ноќта кога се појавува и раѓа Месечината, и потоа да извршат напад по месечина кога видливоста е таква небаре е ден. Во Мусајех било преполно, бидејќи многу Персијци и Арапи, по падот на спомнатите тврдини, нашле засолниште во таа тврдина. Покрај тоа била подготвена и гозба, бидејќи едниот од нивните угледници по име Харкус ибн Ну'ман се женел и по тој повод направил голема свадбена гозба. И додека тој ги честел присутните со вино, некои луѓе му велеле:

„Кој ќе пие алкохол во ова време кога до зората не останало уште многу?", а тој шеретски им одговорил:

„Пијте го, пијте го својот последен пијалак во животот, бидејќи чувствувам дека по ова никогаш повеќе нема да го вкусите виното. Халид е во

Ајну Темр, а неговата војска е во Хусајд. Тие знаат за овој голем собир и сигурно нема да нè заобиколат.“

Харкус не успеал ни да ја подигне чашата за да им наздрави на присутните кога го слушнале ѕвекотот на муслиманските сабји над нивните глави. Харкус бил во право, тој и неговата дружина по таа ноќ никогаш повеќе не го вкусиле виното. Муслиманите во ноќната акција со леснотија и без губитоци го освоиле Мусајех на 29. октомври 633. година.

Двајца христијански водачи, Хузејл и Ребиа ибн Буцејр ет-Таглиби, ковале план како да му се одмаздат на Халид поради убиството на нивниот водач од Ајну Темр, Ака ибн ебу Ака, па собрале војска во две тврдини, Сениј и Зумјел за да се подготват за пресметка со Халид и неговата војска. Кога Халид дознал за нивното собирање, тој веднаш по освојувањето на Мусајех наредил движење кон Сениј и Зумјел. Повторно ја применил тактиката на ноќно војување. Муслиманската војска до тие тврдини се движела по ноќната темнина така што непријателските шпиони и извидници не можеле да ги видат, а околу половината на ноќта, кога се појавила Месечината, тие веќе биле пред тврдината Сениј. Халид наредил тврдината да се нападне од три страни. Во тврдината било мирно и никој не се надевал на напад во текот на ноќта. И тогаш муслиманската војска, со громогласни текбири, се пробила внатре така што нивните жители немале време да дојдат при себе, а камоли да земат оружје и да се борат. Муслиманите освоиле голем воен плен и многу жители од таа тврдина, меѓу кои била и жената која се викала Сахба’ бинту Ребиа, позната по прекарот Уму Хабиб, со која подоцна се оженил Али, нека е Аллах задоволен со него, а таа му ги родила, како што пренесува Имамот Табери, синот Омер и ќерката Рукаја. Истата ноќ освоена е и тврдината Зумјел, а потоа и тврдината Рузаб која се наоѓала на крајниот север на Ирак, околу 800 километри далеку од Хира.

По успешно завршените битки по месечина, Халид ја собрал својата војска во местото Фираз и го направил за своја привремена база. Муслиманите останале овде околу два месеца, рамазан, шевал и дел од зул-каде. Во текот на престојот во Фираз, Халид ја добил веста дека Персијците се здружиле со Византијците и арапските христијани и дека подготвуваат огромна војска за да се пресметаат конечно со муслиманите и да ги протераат од Ирак. Таа вест не го загрижила многу Халид ниту, пак, го изненадила, тој тоа и го очекувал. Веднаш ја завршил смотрата и ја подготвил

војската за борба, на која добро ѝ дошла двомесечната пауза за да се одмори и подготвено да ги дочека Персијците и нивните сојузници кои се појавиле во Фираз со огромна војска на 15. зул-каде[66] или 21. јануари 634. година. Од муслиманската војска ги делела само реката Еуфрат. Потоа персиските водачи испратиле курир за да го праша Халид дали тој ќе премине со војската на нивната страна или, пак, тие ќе ја преминат на брегот на кој била муслиманската војска. Халид барал Персијците да ја преминат реката и не му ни паѓало на ум да ја поместува својата војска. Персијците го прифатиле тоа, а по нивната одлука да го преминат Еуфрат, некои поприсебни команданти од сојузничките редови си велеле еден на друг:

„Извршете пресметка самите со себе (т.е. однапред простете се од животот), бидејќи овој човек (Халид ибн Велид) добро знае за што се бори. Тој се бори во име на верата и е многу остроумен и самоуверен. Нема сомнение дека тој денес ќе биде победник, а ние поразени."

Кога сојузниците преминале на другата страна на Еуфрат, тие извршиле престројување на војската така што формирале три ешалони: персиски, византиски и арапски, и секој самостојно делувал и ја извршувал својата задача. И битката започнала. Жестока и крвава. Муслиманите ја искористиле почетната поволна позиција и со сета жестина навалиле на непријателот, со коњаницата и со пешадијата. Посебно биле расположени муслиманските стрелци кои во самиот почеток успеале да убијат и да исфрлат од строј голем број непријателски војници. На Персијците не им помогнале многу ниту, пак, им биле од корист ни нивните сојузници. Сè им било залудно, бидејќи доживеале уште еден тежок пораз. Имено, во таа битка, врз основа на преданијата на мнозинството историчари, загинале повеќе од 100.000 сојузнички војници. По величествената победа, муслиманите останале десет дена во Фираз, а потоа Халид наредил движење и враќање во Хира на 31. јануари 634. година. На чело на војската Халид го поставил Асим ибн Амр ет-Темими, а тој останал на задниот дел на групата која ја предводел Шеџере ибнул Е'аз.

Муслиманската војска била убедена дека нивниот командант е навистина на предниот крај, меѓутоа Халид отишол на сосема друга страна. Тој од Фираз тргнал за Мека за да стигне да го изврши хаџот. Растојанието помеѓу Фираз и Мека е 1.600 километри, а Халид тоа растојание го поминал заедно

---

[66] Во 12. година по хиџра. (Заб. на рев.)

со мала група муслимански коњаници за петнаесет дена, а враќањето било уште побрзо, бидејќи тој се враќал во Хира која била поблиску до Мека отколку Фираз. Така Халид успеал да изврши хаџ за помалку од месец дена и да влезе во Хира заедно со задниот дел од неговата војска која поминала пат долг 500 километри од Фираз до Хира. Да не виделе муслиманските војници дека Халид ја избричал главата во текот на хаџските обреди, не би ни знаеле дека бил на хаџ. За неговото патување на хаџ не знаел ни халифот Ебу Бекр, така што Омер побарал од Ебу Бекр да го смени од местото главен командант, а Ебу Бекр вака му одговорил на Омер:

„Омер, знај дека јас никогаш нема да ја вратам во кориците сабјата која е исукана на Аллаховиот пат против неверниците.“

Зошто Халид се впуштал во такви „авантури“ и ја доведувал во опасност муслиманската војска и комплетниот проект за освојувањето на Персија? Одговорот на ова прашање ќе остане тајна до Судниот ден, но сигурно се во право оние што велат дека Халид воопшто не бил заведен од своите успеси ниту, пак, бил човек кој е наклонет кон опасен ризик. Напротив, тој можел така да постапи бидејќи бил максималано сигурен во себе, но и во своитр соборци.

Халид знаел дека во неговата војска се наоѓаат бестрашни борци и изградени личности како Ка’ка ибн Амр, Мусена ибн Харис, Џерир, Асим ибн Амр, Адиј ибн Хатим и други муслимански великани од генерацијата на асхабите. Кого и да оставел од нив наместо себе, можел да биде мирен и сигурен дека ќе му биде достоен заменик. Откако се вратил од хаџот во Хира, Халид го чекала нова задача, многу потешка од заминувањео на хаџ.

## Халид добива прекоманда

Во времето додека Халид ибн Велид војувал во Персија, вториот дел од муслиманската војска водела одлучувачки битки за освојување на Византиското царство. Во еден момент тие се нашле во тесно и им се заканувал пораз, па халифот Ебу Бекр му испратил порака на Халид во Персија во која пишувало:

„Подели ја својата војска на две бригади и со едната бригада оди право на Јермук, бидејќи муслиманската војска се исцрпила на шамското бојно поле и ѝ се заканува пораз. Немој случајно да си ја повторил претходната грешка (се мисли на заминувањето на хаџ без дозвола). Прочисти го својот

ниет[67], Ебу Сулејман, и потполни го своето дело, Аллах нека ти е напомош. Варди се добро од горделивоста и самобендисувањето, бидејќи Аллах е Оној што наградува и казнува. Остави го Ирак во рацете на доверливи луѓе, а ти тргни тајно со дел од твојата војска која била со тебе од почетокот на освојувањето на Ирак додека не стигнете во Шам. Кога ќе се сретнеш во Шам со Ебу Убејде ибн Џерах, преземи ја главната команда над комплетната војска. За командант на втората бригада која останува во Ирак постави го Мусена ибн Харис. Ако Аллах ви даде победа над Византијците, врати се веднаш во Ирак и продолжи со она што си го започнал. Весселаму алејкум ве рахметуллахи ве берекатуху.[68]" (Напишано на 13. сефер 13. година по хиџра, април 634.)"

Некои историчари тврделе и пишувале дека Ебу Бекр, всушност, на тој начин сакал да го казни Халид поради неговото заминување на хаџ без прашање и да го лиши од она за што отсекогаш мечтаел, а што веќе му било на дофат – освојување на главниот град на Персија, Ктесифон. Меѓутоа, зборовите на Ебу Бекр, откако го испратил Халид во Шам, јасно и недвосмислено говорат зошто го сторил тоа. Тој рекол:

„Се колнам во Аллах, ќе им ги одгатнам на Византијците ѓаволските угриженија со Халид ибн Велид!"

Потоа му напишал писмо на Ебу Убејде ел-Џерах:

„Ес-селаму алејке! Јас го одредив Халид за главен командант на војската во Шам, па слушај го и покорувај му се. Не го испратив во Шам зошто ми е подраг од тебе, туку мислам дека тој има посебна дарба за војување која ти ја немаш. Го молам Аллах на сите да ни подари добро. Вес-селам!"

Халид ибн Велид започнал интензивни подготовки за заминување во Шам. Му испратил петтина од воениот плен од последната битка на Ебу Бекр во Медина и тогаш ја собрал војската и од неа формирал две бригади. Меѓутоа, во половината од војската што останала во Персија не оставил ниеден асхаб, па Мусена ибн Харис се побунил против тоа и му рекол:

„Јас барам од тебе наредбата на халифот да се спроведе до крај и барам со мене да останат барем половина од вкупниот број на асхабите кои се со тебе. Како да очекуваме победа од Аллах без ниеден асхаб во нашите редови."

---

[67] Ниет – намера (Заб. на прев.)

[68] Божјиот мир, спас и бериќет нека бидат над тебе. (Заб. на прев.)

Халид за миг бил затекнат, но на крајот се согласил за таквата поделба и го прифатил барањето на Мусена, па со него оставил група со асхаби меѓу кои биле: Фурат ибн Хајан, Бешир ибн Хасасије, Харис ибн Хасан, Ма'бед ибн уми Ма'бед, Абдулах ибн ебу Еуф, Асим ибн Амр ет-Темими и други. По распоредот и постројувањето на војниците, Халид тргнал кон Шам. Мусена ибн Харис го следел сè до местото Куракир бидејќи, кој знае, можеби овие двајца пријатели и сопатници на патот на џихадот нема повеќе да се сретнат и видат. Токму така и се случило, тоа било последната средба на овој свет на двајцата брилијантни команданти и асхаби на Аллаховиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него. Кога се разделувале Халид му рекол на Мусена:

„Аллах нека ти се смилува, врати ѝ се на својата задача и на своите обврски и гледај тоа темелно да го извршиш."

* * *

Кратко по заминувањето на Халид, персискиот киср, Шехрибраз ибн Ердешир, испратил војска од десет илјади воини под команда на Хурмуз Џазевејх да ги нападнат муслиманите во Хира.

Мусена не сакал да ги дочека Персијците во Хира, туку со својата војска излегол од Хира и се улогорил кај Вавилон. Десното крило на муслиманската војска го предводел неговиот брат, Ма'н ибн Харис, а левото крило другиот брат, Мес'ут ибн Харис. Пред битката Шехрибраз му испратил писмо на Мусена за да го убие воениот морал кај него и неговата војска: „Од кисрот Шерхибраз, до Мусена ибн Харис. Знај дека ти испратив војска составена од најлошата сорта на луѓе. Тие се вистински ѓубриња, чувари на свињи и кокошки, и не сакам да се борам против тебе освен со такви војници."

Но, искусниот и остроумен муџахид, Мусена ибн Харис, му одговорил: „Ти си еден од овие двајца: или си насилник, во тој случај тоа е лошо за тебе, а добро за нас, или си лажливец, а најголемата казна и срам кај Аллах, а потоа и кај луѓето, ќе ги доживеат владетелите лажливци. А што се однесува на изборот на војската, па вие сте биле приморани на тоа и фала му на Аллах кој ве понижил и поразил што немате друг избор освен за борба да регрутирате чувари на свињи и кокошки."

Двете војски се бореле во Вавилон, град кој бил оддалечен 70 километри од главниот град Ктесифон, по должината на самата река Сират. Персијците овојпат со себе донесле слон кој имал задача да ги раздвои муслиманските воени редови и да направи неред меѓу нив, што во почетокот им успеало. Меѓутоа, Мусена со неколку муџахиди вешто му се доближил на слонот и го убил. Веднаш потоа завладеала паника во редовите на Персијците и тие почнале да бегаат од бојното поле. Муслиманите убиле многумина од нив, а некои ги бркале дури до пред портите на главниот град. Така Мусена ибн Харис, дваесет и пет дена по заминувањето на Халид во Шам, ја извојувал својата прва победа како главен командант што им влеало дополнителна самодоверба на муслиманските војници бидејќи, по којзнае кој пат, се увериле дека победата доаѓа од Аллах, а не од луѓето.

* * *

Освен тој пораз, Персијците ги снашло уште едно зло. Имено, во Ктесифон предавнички е убиен нивниот цар, Шехрибраз, а го убил еден од неговите стражари, и тоа откако на тронот на разбиеното царство останал сè на сè четириесет дена. По тоа збиднување Персијците морале да бираат нов цар кој по обичај морал да биде од старата лоза на Сасанидите. Бидејќи не можеле да најдат полнолетен маж кој би одговарал на таа функција, изборот паднал на жена по име Азермидхат. Меѓутоа, ни нејзиното доаѓање на престолот не поминало без пролевање крв. Меѓу убиените угледници на царскиот двор и нејзината свита бил и човекот што се викал Фехаз. Кога за тоа слушнал неговиот син Рустем, кој се наоѓал во Хоросан како еден од генералите на персиската војска, веднаш со војската тргнал кон Ктесифон. Тој дошол во главниот град и извршил вистински масакр во царскиот двор. Ја убил Азермидхат, нејзините телохранители и целата гардиска бригада која го чувала дворот на царот. Потоа, бидејќи не можел да стане цар поради своето потекло, тој ѝ предложил на една друга жена, Пуран, ќерката на убиениот киср Шехрибраз, да ја преземе царската круна. Таа го прифатила тоа и по устоличувањето го прогласила Рустем за главен командант на персиската војска. Поради силните превирања и општиот хаос околу изборот на новиот цар, Персијците извесно време не покренувале никакви воени акции.

* * *

Мусена ибн Харис имал прецизни и точни информации за случувањата во персискиот двор и тоа затишје го искористил да оди во Медина и да побара помош од халифот Ебу Бекр, бидејќи знаел дека Персијците бргу ќе мобилизираат војска и повторно ќе нападнат. Исто така бил свесен дека преостанатите девет илјади муџахиди нема да можат да излезат на крај со Персијците. Мусена ибн Харис тргнал кон Медина на 12. август 634. година (11. џумадел-ахир 13. година сред хиџра), а кога стигнал во Медина, го затекнал халифот Ебу Бекр на смртна постела. Бил неизмерно тажен поради тоа, но сепак одлучил да му поднесе извештај и детално да му ја објасни состојбата и ситуацијата во Персија. Ебу Бекр немал сила да преземе било што, па наредил да му го повикаат Омер. Кога Омер влегол кај него, Ебу Бекр му рекол:

„Омер, послушај добро што ќе ти кажам и те молам во име на Аллах да го спроведеш тоа во дело, бидејќи јас не чувствуваме дека ќе го дочекам следниот ден жив (а бил 22. август 634., или 21. џумадел-ахир 13. година по хиџра). Тебе те избрав за свој наследник и ти наредувам да испратиш војска од Медина со Мусена ибн Харис во Персија. Нека не те спречи во тоа мојата смрт, бидејќи ти знаеш како постапивме кога умре нашиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, и по таа тага и искушение нема поголемо искушение. И да не ја извршев наредбата на Возвишениот Аллах и Неговиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, Аллах ќе нè понижеше и жестоко ќе нè казнеше. Ако Аллах ѝ даде победа на нашата војска во Шам, врати ја војската на Халид во Ирак, бидејќи тие се најспособни за војување на тоа подрачје.“

Халифот Ебу Бекр ја покажал својата мудрост и далекувидност дури и на смртна постела, бидејќи не наредил Халид и понатаму да биде командант во Персија бидејќи претчувствувал дека Омер сигурно ќе го смени штом го преземе халифатот. Халифот Ебу Бекр умрел помеѓу акшам и јација[69] истиот тој ден. Џеназата[70] му ја клањал Омер а потоа е закопан до Мухамед, Божјиот мир нека биде над него.

---

[69] Акшам е претпоследна дневна молитва која се извршува од заоѓањето на сонцето па сè до целосно затемнување на хоризонтот, додека јација е последна дневна молитва која се извршува откако хоризонтот целосно ќе се затемни па сè до половината на траењето на темнината. (Заб. на прев.)

[70] Џеназа – молитва за умрениот. (Заб. на прев.)

## Стигнуваат доброволците

Откако му ја клањале џеназата на халифот Ебу Бекр, Омер, нека е Аллах задоволен со него, наредил да се изрецитира езанот и да се соберат луѓето во џамијата на Аллаховиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него. Кога муслиманите од Медина се собрале во џамијата, Омер, како нов халиф, ги повикал добоволците да одат со Мусена во Персија и никој не му се одзвал. По клањањето на сабах-намазот[71], Омер повторно станал и барал да се јават доброволци за персиското бојно поле, но повторно никој не се одзвал. Така халифот Омер три дена по секој намаз ги повикувал муслиманите од Медина да се одзват на повикот на џихад, но безуспешно. Четвртиот ден станал Мусена ибн Харис и им се обратил на собраните муслимани со овие зборови:

„О, луѓе, зошто ја преувеличувате оваа работа и зошто се плашите да излезете во борба. Ние досега водевме многу битки против Персијците и во секоја битка сме ги поразиле. Се надевам дека и во наредните битки ќе ги снајде истото што ги снашло во претходните.“

Потоа станал халифот Омер и рекол:

„Хиџаз[72] не е место за живеење за вас, освен за оние кои сакаат минливи овосветски благодати и ништо друго. Каде се храбрите мухаџири[73] во однос на она што им го ветил Аллах во Својата благородна Книга, кога објавил: **‚...со Вистинската Вера за да ја издигне над сите вери.**[74]‘ Аллах сигурно ќе ја воздигне Својата вера и ќе им даде победа на нејзините искрени следбеници. Каде се искрените и богобојазливи Аллахови робови?“

Обраќањето на Мусена ибн Харис и трогателниот говор на халифот оставиле трага на присутните муслимани и кратко потоа се слушнал глас од масата:

„Јас сум доброволец за Персија!“

Одеднаш сите погледи биле вперени на онаа страна од каде дошол тој глас и го препознале првиот доброволец, Ебу Убејд ибн Мес’уд ес-Секафи. Потоа

---

[71] Сабах-намазот е првата дневна молитва која се врши в мугри и продолжува до изгрејсонце. (Заб. на прев.)

[72] Хиџаз е регија во западниот дел од денешна Саудиска Арабија. (Заб. на прев.)

[73] Мухаџири – муслиманските емигранти од Мека и од другите места. (Заб. на прев.)

[74] Куран: Ес-Сафф, 9. (Заб. на прев.)

се јавил Са'д ибн Убаде ел-Енсари, потоа Сулејт ибн Кајс и така по ред сè додека бројот на доброволци не се искачил на илјада. Нема ниеден муслиман, а посебно историчар, којшто читал за ова збиднување а да не се запрашал:

„Зошто муслиманите од Медина, односно асхабите на Аллаховиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, во еден момент одбиле да одат во џихад и зошто не му се одзвале на халифот Омер кога се знае дека таа постапка е далеку од нивната животна пракса?"

Веројатно најблиску до вистината е одговорот на оние што рекле дека мнозинството од муслиманската војска, околу педесет илјади, веќе било на фронт во Ирак и Шам, всушност, најдобрите и најхрабрите борци одамна завршиле во борба. Сите тие излегле доброволно во џихад, како што доброволно и се вратиле во Медина тие што не сакале да одат во Персија и Шам, така што тој незначителен број на муслимани кој останал во Медина ни одблиску не ја отсликувал вистинската состојба и односот на асхабите кон џихадот. Втора причина за неодзивање во џихад била, секако, смртта на Ебу Бекр, која тешко ги погодила жителите на Медина, посебно кога ќе се земе предвид дека го наследил Омер, кој бил познат по својата жестина, којашто не им се допаѓала на многумина од нив. На пример, позната е реакцијата на Талха ибн Убејдулах, кој кога дознал дека Ебу Бекр го одредил Омер за свој наследник, влегол кај Ебу Бекр и му рекол:

„Си го одредил Омер за свој наследник, а знаеш колку беше жесток кон нас додека ти беше халиф, па како ли ќе се однесува кога тој ќе биде халифот и кога ќе нема никакви пречки пред себе. Ти наскоро ќе се сретнеш со својот Господар, што ќе му кажеш кога ќе те праша: ‚Зошто го одреди Омер за халиф?'"

Ебу Бекр тогаш лежел, па наредил да го подигнат да седне, а тогаш налутено му одговорил на Талха:

„Зарем ме плашиш со средбата со Аллах? Знај добро, кога ќе се сретнам со Возвишениот Аллах и кога ќе ме праша кој муслиман сум го одредил за халиф, јас ќе кажам: ‚Мој Господару, за халиф го одредив најдобиот меѓу нив.'"

Како и да е, Омер успеал да собере илјада доброволци за Персија, кое било какво-такво освежување и зајакнување за исцрпената муслиманска војска на тоа жешко бојно поле. Меѓутоа, пред поаѓањето на доброволците, кај халифот Омер се испречил друг проблем: кого да одреди за нивен командант? Иако тој знаел за претходната заповед на Ебу Бекр, по зами-

нувањето на Халид за командант во Персија да се постави некој од асхабите од групата на мухаџирите и енсариите[75], Омер, поучен од лошиот одзив на доброволците, себеси си рекол: „Не, валлахи[76], асхаби на Аллаховиот Пратеник, овојпат нема да ве ставам на чело на оваа војска. Аллах вас ве избрал, меѓу другото, и поради тоа што бевте бестрашни во средбата со непријателот, но денес, кога стравот ја заменил вашата храброст, попрвин ќе поставам некој друг. Затоа за командант ќе им го одредам првиот што се јавил како доброволец."

Откако го повикал Ебу Убејд и му рекол:

„Ти си командантот на војската во Ирак. Советувај се со асхабите и не биди непромислен во донесувањето одлуки. Чувај ја тајната добро и на својот непријател никако не му ја откривај тактиката на војувањето. Јас мислев да го одредам Сулејт за командант, но се откажав знаејќи дека тој е еден од оние што брзаат во борба, а за успешно водење војна потребна е смиреност и трпение."

Тоа била одлука на халифот и таа морала да се почитува, меѓутоа подоцна ќе се покаже колку бил изборот на Ебу Убејд за командант погрешен и за малку погубен за муслиманите во Ирак. Она за што историчарите му забележуваат на Омер е што не го оставил за главен командант во Персија искусниот и проверен воин Мусена ибн Харис, кога веќе не сакал да постави некој од првите, т.е. старите асхаби. Иако Мусена ибн Харис бил обичен војник во војската на Ебу Убејд, тоа врз него не се одразило негативно. Потоа халифот Омер му наредил на Мусена да оди во Персија пред доброволците и да чека таму со муслиманската војска да им се придружат доброволците. Кога Мусена се вратил во Персија дознал дека Пуран, ќерката на царот, мобилизирала огромна војска за борба. Главниот командант на персиската војска, Рустем, испратил група на свои генерали и водачи во различни места кои муслиманите веќе ги освоиле и чии жители прифатиле да даваат џизија, да се обидат да ги кренат луѓето на востание против муслиманите и да го прекине договорот за џизија, да биде заповедник и водач на сите останати. Мусена ибн Харис дознал за намерите на Персиј-

[75] Енсариите – придружниците на Пратеникот Мухамед, Божјиот мир нека бие над него, од жителите на Медина, кои го прифатиле исламот и го потпомагале и кои ги примиле и ги угостиле муслиманските емигранти од Мека и од другите места. (Заб. на прев.)

[76] Валлахи – се колнам во Аллах. (Заб. на прев.)

ците па наредил сите помали единици да се повлечат од тие места кои Персијците се обиделе да ги кренат на востание, бидејќи доколку се случело тоа, тогаш тие мали групи муслимани не би можеле да ѝ се спротивстават на Персиската војска.

* * *

Ебу Убејд ибн Мес'уд со доброволците стигнал во Ирак, односно во Хира, на 3. шабан 13. година по хиџра или 2. октомври 634. година. По доаѓањето во Хира, тој веднаш ја презел командата над војската и ги започнал подготовките за борба, бидејќи Персијците веќе се собрале во местото Немарик, помеѓу Хира и Кадисија, под команда на Џабан, кој прв успеал да ги мобилизира Персијците во местата околу Хира и да ги крене на востание. Ебу Убејд ја распоредил војската така што за командант на десното крило го одредил Валик ибн Џидар, а левото крило го предводел Амр ибн Хејсем ибн Салт, додека Мусејна ибн Харис ја предводел муслиманската коњаница. Двете војски се бореле во Немарик на 7. октовмври 634. година, и во таа борба Персијците, по којзнае кој пат, го извлекле подебелиот крај, а Ебу Убејд ја извојувал својата прва победа во Персија како главен командант на муслиманската војска. Многу од Персијците ги оставиле своите коски во Немарик, а многу се и заробени. Меѓу заробениците бил и нивниот командант Џабан, меѓутоа муслиманот што го заробил не го препознал, па Џабан, кој тогаш веќе остарел, се послужил со измама и му рекол:

„Јас знам дека вие муслиманите ги исполнувате договорите и дека сте од збор. Дали ти би ме ослободил доколку јас ти дадам две свои момчиња како робови?"

Муслиманскиот војник се согласил на тоа и го ослободил Џабан и му гарантирал сигурност. Кратко потоа, муслиманите кои учествувале во освојувањето на Персија од самиот почеток го препознале Џабан и барале од Ебу Убејд да го убие. Но, Ебу Убејд не го прифатил нивното барање, туку им рекол:

„Што сакате да направам? Вашиот пријател му гарантирал сигурност на овој човек, а вие сакате да го убијам. Не дај Боже јас да го сторам тоа! Муслиманите се како едно тело и кога еден од нив ќе даде некому гаранција и ќе го земе во заштита, тогаш сите муслимани треба да го почитуваат тоа. Поради тоа јас го пуштам, макар да е владетел или командант на персиската војска."

* * *

По мошне значајната победа кај Немарик, муслиманите им нанесле уште два пораза на Персијците. Првиот на 11. октомври 634. година кај местото Секатија, каде нивниот војсководец Нурзи собрал војска која требала да ја напушти Хира.

Пет дена потоа, Ебу Убејд ја повел муслиманската војска кон местото Бакисјас, недалеку од Вавилон, каде се борел со огромна персиска војска која ја предводел еден од познатите генерали по име Галинус, кого Рустем го испратил да им се спротивстави на муслиманите по тешките порази во Немарик и Секатија. Меѓутоа, Галинус го снашло истото што ги снашло и неговите сонародници во претходните две битки. Така Ебу Убејд, како нов командант во Ирак, извојувал три последователни победи во рок од девет дена. Кога Галинус со остатокот од поразената војска се вратил во Ктесифон, го дочекало збеснатото лице на Рустем. Тој со цел глас и потполно неконтролирано почнал да вика на Галинус бидејќи го сметал за главен виновник на поразот. Она што посебно тешко му паѓало на Рустем е фактот што муслиманите и без Халид ибн Велид ги победуваат Персијците без тешкотија и без големи загуби. Отако малку се смирил, ги прашал своите офицери дали меѓу нив има некој што поседува тактика против муслиманите и дека може да ги порази. Сите офицери биле едногласни дека доколку постои човек што може да им се спротивстави на муслиманите, тогаш тоа е Бехмен Џазевејх, попознат како Зул-Хаџиб (човекот со големите зулуфи). Рустем се согласил со нивниот предлог и сите свои надежи ги положил на Бехмен Џазевејх. Му наредил да ја мобилизира војската за борба. Војската што ја предводел генералот Бехмен броела 70.000 војници а со себе зеле и повеќе од десет слонови. Познато е колкав неред направил еден слон во муслиманската војска, бидејќи коњите се плашат од слоновите, така што коњаниците како главна надеж на војската не можат нормално да учествуваат во борбата. А што, пак, да кажеме за војската која имала повеќе од десет слонови. Покрај тоа, Рустем му го дал на Бехмен главното државно знаме кое го носеле во борба само тогаш кога војската ја предводел царот. Ебу Убејд дознал за движењето на Персијците и веднаш ја подготвил војската, тргнал од Хира кон местото Кисунатиф и тука се улогорил. Кратко потоа дошле и Персијците и застанале спроти муслиманската војска, но од другата страна на реката Еуфрат. Потоа, Бехмен Џезевејх го испратил својот претставник Мердан-шах да се договори со Ебу Убејд кој на чија страна ќе прејде. Ебу

Убејд во таа прилика направил неколку крупни грешки кои многу ќе ги чинат муслиманите. Пред сѐ, тој отворено разговарал со асхабите за преминување на другата страна пред персискиот претставник, што е во потполна спротивност со чувањето на тактиката и стратегијата на војувањето, за што Омер посебно го предупредил. Потоа, се согласил на варијантата муслиманите да преjдат на другата страна каде што ги чекале Персијците и преполн со самодоверба во еден момент извикал:

„Се колнам во Аллах, нема да дозволиме тие да преjдат на нашата страна па да кажат дека сме страшливци и дека бегаме од средбата и борбата со нив."

Асхабите кои од самиот почеток биле во Персија велеле дека тоа му е погрешен и погубен потег и дека така самиот на себеси го пресечува и затвора патот за враќање во случај на пораз. Дотогаш муслиманите секогаш ги воделе битките против Персијците, така што пустината кон Арапскиот Полуостров секогаш им била слободна за повлекување. Нивните совети не можеле да го одвратат од неговата намера и на крајот договорено е муслиманите да преjдат преку малиот и тесен мост на другиот брег на Еуфрат. Муслиманската војска паднала во опасна стапица и била во клин, бидејќи се нашле помеѓу две реки, Еуфрат и нејзината притока Неjл, а пред нив била огромната персиска војска.

## Битката кај мостот и тешкиот пораз на муслиманите

Штом муслиманите преминале на другата страна, Персијците ги истуриле напред слоновите и тргнале во напад. Ги предводел еден голем бел слон а останатите, бидејќи биле добро издресирани, го следеле во чекор. На самиот почеток муслиманската војска тргнала храбро на слоновите со цел што порано да ги убие и да ги елиминира од бојното поле, меѓутоа тоа не им тргнало од рака, бидејќи коњите станале непослушни и бегале пред слоновите. И покрај тоа што не успеале да ги консолидираат своите редови и да тргнат во борба, Ебу Убејд им велел на своите војници:

„Нема отстапување, ќе се бориме до крај!"

Кога видел дека коњаницата не може ништо да направи, тој наредил сите коњаници да ги остават своите коњи и да се борат како пешадија. На тој начин муслиманите во потполност останале без коњаница и се довеле

себеси во подредена положба. Персијците сè повеќе напаѓале и го затегнувале обрачот околу малубројната муслиманска група, на која ѝ се заканувал пораз. Во еден момент Ебу Убејд ги запрашал своите војници:

„Кажете ми како е најлесно да се убие слон?“

Тој добил одговор дека сурлата е неговата слаба точка и Ебу Убејд веднаш навалил на белиот слон сакајќи да му ја отсече сурлата. Тогаш слонот се кренал на задните нозе, а со предните нозе со сета сила тргнал на Ебу Убејд. Во тој момент муслиманскиот командант сфатил дека му дошол крајот па со полн глас повторувал:

„Муслимани, ако јас загинам, командата нека ја преземе тој и тој, потоа тој и тој“, и набројал седум луѓе и сите биле од племето Секиф. Меѓу нив неговиот син и брат, а дури за осми го спомнал Мусена ибн Харис. Зошто го сторил тоа и зошто не го определил веднаш Мусена за свој заменик ќе остане тајна до Судниот ден. Муслиманскиот командант со последните атоми на сила се обидувал да му ја отсече сурлата на слонот, но белиот слон го надитрил и со предните нозе силно го удрил и го фрлил на земја а потоа неговото немоќно тело го прегазил и го распарчал. По неговата смрт, сите седум команданти од племето Секиф, меѓу кои биле и неговиот син, Џебр ибн ебу Убејд и брат, Хакем ибн Мес'уд, во борбата со слонот завршиле на ист начин како Ебу Убејд.

Некои историчари го спомнуваат преданието од жената на Ебу Убејд, Девма, во кое стои дека таа, пред Битката на мостот, сонила сон во кој се видела себеси како стои во пустината и одеднаш видела човек кој се симнувал од небесата со сад во кој имало џенетска напивка, а тогаш од тој сад пиеле нејзиниот маж, Ебу Убејд, потоа нивниот син Џебр и уште седум членови од нивното семејство. Кога му го раскажала тој сон на Ебу Убејд, тој рекол: „Тоа значи дека сите ќе загинеме како шехиди[77], иншаллах[78].“

Муслиманите практично веќе ја изгубиле битката и многумина од нив почнале да бегаат од бојното поле, преминувајќи на другата страна на Еуфрат преку импровизираниот мост. Кога го видел тоа еден муслиман од племето Секиф, се викал Абдулах ибн Мерсед, побрзал кон мостот и го пресекол. Потоа застанал пред мостот на брегот на реката и извикал:

---

[77] Шехиди – маченици. (Заб. на прев.)

[78] Иншаллах – ако даде Бог. (Заб. на прев.)

„Се колнам во Аллах, муслимани, нема да избегате од бојното поле! Вратете се и загинете како што загинале вашите команданти!“

Тоа го забележале Персијците и тогаш уште повеќе навалиле на муслиманите, така што многумина од нив побарале излез со скокање во реката, но и го завршиле својот живот во брановите на надојдениот Еуфрат. Мусена ибн Харис бил запрепастен од она што го сторил Абдулах ибн Мерсед, дотрчал до него, го удрил жестоко и го запрашал:

„Идиоту еден, зошто го урна мостот?“

Тој му одговорил дека на тој начин сакал да ги врати муслиманите во борба и да го спречи нивното бегање, а Мусена му рекол дека тоа не е бегање туку спасување на војската и повлекување кое е составен дел од војувањето што во тој момент било неопходно.

Потоа тој се обидел колку-толку да ја консолидира муслиманската војска. Ги одбивал нападите на Персиската војска заедно со групата најискусни и најхрабри муџахиди, а тогаш во еден момент, за да го подигне борбениот морал, извикал:

„Браќа муслимани, знајте дека нè чека едно од две добра: или победа или загинување на Аллаховиот пат!“

Потоа им издал наредба на муслиманите од другата страна на Еуфрат, меѓу кои имало и Персијци кои го примиле исламот, а кои биле искусни и вешти во изградба на мостови, да подигнат друг мост за да се продолжи повлекувањето.

Тоа била тешка задача за Мусена кој бил свесен дека ако не успеат да се префрлат на другата страна, на муслиманите им се заканува потполн пораз и губење на комплетната територија која ја освоиле, а веќе затропале на вратата на главниот град Ктесифон. Мусена со својата избрана група муџахиди, меѓу кои биле и Асим ибн Амр, Мез’ур ибн Адиј, Урве ибн Зејд, Сулејт ибн Кајс и други, стоел пред мостот, ги одбивал персиските напади и им велел на муслиманите:

„Преминувајте полека и без паника, бидејќи, се колнам во Аллах, ние нема да се поместиме од ова место сè додека и последниот муслимански војник не премине на другата страна на реката.“

Муслиманските војници преминувале преку мостот, еден по еден, додека малубројната група на чело со Мусена се борела против Персијците. Последниот муслиман кој загинал како маченик во Битката кај мостот бил

Сулејт ибн Кајс, асхаб на Аллаховиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, а последниот што се повлекол од бојното поле бил Мусена ибн Харис. Тој бил свртен со грбот кон мостот, а со лицето кон непријателот и успевал да ги одбива непријателските напади и одејќи наназад, чекор по чекор, да напредува кон другата страна на реката. Сонцето било пред заоѓање кога Мусена, вложувајќи ги последните напори, бил блиску до целта каде што со нетрпение го чекале неговите исцрпени борци. Токму во тој момент од некаде профрчало непријателско копје и се забило длабоко во телото на Мусена. Бил тешко ранет. Тапата болка и малаксалоста го обземале целото негово тело. Го извадил копјето а крвта прскала од неговата рана, меѓутоа и покрај тоа тој успеал да премине на другата страна. Мусена ибн Харис војувал од самиот почеток и се борел против Персијците во сите битки, но Битката кај мостот сигурно му била најтешката битка на територијата на Персија. Во таа битка загинале шест илјади Персијци и четири илјади муслимани. Меѓу нив и познатиот асхаб и собирач на Куранот, Ебу Зејд ел-Енсари. Во Персија во тој момент имало сè на сè уште четири илјади живи муслимански војници, но од нив, непосредно по битката, две илјади избегале во Медина така што Мусена останал со само две илјади војници да ја продолжи борбата и да ја чува освоената територија. Тој размислувал кое место е најдобро и најсигурно за нив и на крајот одлучил да се повлечат и сместат во Улејис. Кога стигнале во Улејис, Мусена веднаш го испратил Абдулах ибн Зејд во Медина да му ги пренесе на халифот Омер вестите за состојбата на ирачкото боиште. Абдулах го затекнал халифот Омер на минберот[79] на џамијата на Пратеникот, а кога Омер го видел, извикал:

„Какви вести ни носиш, Абдулах?“

Меѓутоа, Абдулах не сакал гласно да одговори на прашањето, бидејќи во тој момент поминувал покрај вратата на мајката на сите верници, Аиша, нека е Аллах задоволен со неа, и не сакал таа да ја слушне тажната вест. Наместо тоа, тој се приближил до минберот и тогаш, откако се поселамил со халифот Омер, му кажал на уво што се случило во Персија. Кратко потоа почнале да стигнуваат и оние што избегале од бојното поле. Со спуштени глави, засрамено и понижено, приоѓале кон џамијата. Халифот Омер, трогнат од оваа глетка, им се обратил со овие зборови:

---

[79] Минбер – простор во џамијата каде што имамот (предводникот на молитвата) стои за време на проповедта во петок. (Заб. на прев.)

„О, Аллахови робови, не тагувајте и не очајувајте! Господару мој, биди сведок дека јас сум прибежиште и онаа ‚друга чета‘ на која ѝ се приклучиле овие муслимани. Аллах да му се смилува на Ебу Убејд, да дадеше Бог тој да не се брзаше толку па и тој да се повлечеше и да дојдеше во Медина и нему ќе му бев другата муслиманска чета на која би ѝ се придружил по повлекувањето.“

Едниот од оние што избегале од бојното поле бил и познатиот рецитатор на Куранот, Муаз ибн Харис од племето Хазрец, кој подоцна жестоко плачел кога и да го рецитирал ајетот од сурата[80] Ел-Енфал: **„О, верници, кога со неверниците во борба ќе се судрите, а тие се многубројни, не вртете им грб; тој што тогаш ќе им сврти грб, освен тој што ќе се повлече со намера пак да се бори или пак на друга чета да ѝ пристапи, ќе се врати натоварен со Аллаховиот грев; живеалиштето негово ќе биде џехенемот, а тоа е ужасно престојувалиште.“**[81]

Халифот Омер, кој го именувал за теравих-имам[82] во текот на рамазан, кога би го видел толку во солзи, му велел:

„Не плачи, брате Муазе, ти не си избегал од бојното поле, туку си се повлекол и си ѝ се придружил на другата чета, а јас како халифа сум другата муслиманска чета.“

Меѓу оние кои побегнале по Битката кај мостот бил и Са’д ибн Убаде ел-Енсари, учесник во Бедр[83] и голем познавач на Куранот. Подоцна му е понудено да избере боиште на кое сака да оди, а тој ја избрал Персија велејќи:

„Се вратив од Персија натоварен со Аллаховата лутина, се надевам дека Аллах ќе ми овозможи да ја исправам својата грешка.“

Така и било, тој подоцна учествувал во одлучувачката битка против Персијците на Кадисија и умрел како маченик. Неговото загинување многу го растажило Омер, и поради тоа по победата на Кадисија велел:

„Загинувањето на Муаз ми ја расипа радоста на оваа голема победа.“

---

[80] Сура – едно поглавје во Куранот. Куранот е составен од 114. сури. (Заб. на прев.)

[81] Ајети 15-16 (Заб. на прев.)

[82] Теравих-имам – личност што го предводи теравих намазот за време на месецот рамазан. (Заб. на прев.)

[83] Се мисли на Битката на Бедр. (Заб. на прев.)

## Бувејб – одмазда за поразот кај мостот

Откако Мусена ибн Харис се повлекол во текот на ноќта со две илјади војници и тргнал кон Улејис, помала група на персиски коњаници тргнале утредента по истиот пат бидејќи биле убедени дека во Улејис и Хафир нема муслимански сили и дека муслиманите конечно и за сите времиња се протерани од персиска територија. Мусена добил на време информација за движењето на непријателските коњаници па, иако бил ранет, земал една чета свои коњаници и тргнал кон Персијците сакајќи да им ја помати радоста на победата и да ги зароби без директно влегување во борба. Бидејќи Персијците не се надевале на никаков напад ниту изненадување, Мусена на 23. октомври 634. година (24. шабан 13. година по хиџра) со леснотија успеал да ја опколи персиската коњаница. Некои од нив веднаш ги убиле, а некои ги заробиле и ги понесле со себе во Улејис. Меѓу заробениците бил и легендарниот персиски војсковидител Џабан кој секогаш на време успевал да побегне од бојното поле, но овојпат бил фатен кога најмалку се надевал. Со него бил и неговиот советник Марданшах. Кога ги довел во Улејис, Мусена им рекол:

„Вие сте ги измамиле нашите емири и сите договори сте ги изневериле и време е денес да платите за тоа.“

Потоа наредил да ги убијат, како и останатите персиски заробеници. Овој ненадеен воен успех барем малку им ја повратил самодовербата и вербата во продолжувањето на освојувањето на Персија.

Што се однесува на ситуацијата во Медина, халифот Омер успеал на најубав начин да ги утеши и орасположи муслиманите кои побегнале од Ирак, а потоа повторно да ги организира да се вратат во Персија. Не поминало многу време, Мусена ибн Харис во своите редови повторно имал четири илјади војници. Меѓутоа, тоа сепак не било доволно за да им се спротивстави на Персијците чиишто напади ги очекувал секој момент, а камоли да се продолжи со освојувањето кон главниот град. Поради тоа халифот Омер прогласил општа мобилизација на Арапскиот Полуостров и испратил гласници во секое племе за да ги повикаат во џихад сите способни мажи. Меѓу другото, по прогласувањето на мобилизацијата, во Медина од Шам дошол Џерир ибн Абдулах ел-Беџели, водач на племето Буџејл, кој заедно со Халид ибн Велид отишол да им помогне на муслиманите против Византијците во Битката на Јермук. Тој дошол за да побара одобрение од халифот тој да ја врши мобилизацијата на припадниците на своето племе

кое било расфрлано по целиот полуостров. Го барал тоа бидејќи тој навистина бил угледен и почитуван во своето племе и пред исламот. Исламот го примил во 10. година по хиџра. Бил изразито убав, толку што Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, за него велел:

„Се колнам во Аллах, Џерир изгледа така, небаре на него се забележува трага од допир на благороден мелек[84].“[85]

А Омер, нека е Аллах задоволен со него, велел:

„Џерир ибн Абдулах е Јусуф, мир над него, во уметот на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него.“

Џерир успеал да мобилизира 2000 муџахиди кои ги довел во Медина и ги построил пред халифот Омер, а тој ги прашал:

„На кој фронт сакате да одите?“

Сите одговориле:

„Во Шам“, бидејќи сакале да го избегнат конфликтот и борбата со Персијците. Омер се обидел да ги убеди дека е поважно да одат во Персија бидејќи таму муслиманите се во незавидна положба, но без успех. Потоа пред нив излегол Џерир и им рекол:

„О луѓе, знајте дека со заминувањето во Персија не можете да изгубите ниту да бидете поразени, бидејќи пред вас е или победата или шехитската смрт.“

Освен тоа, Омер им ветил дека ќе им даде една дваесеттина од воениот плен кој го добива тој како халиф. Муслиманите од племето Буџејл прифатиле да одат на жешкото персиско боиште. Покрај доброволците од племето Буџејл, дошле доброволци од племето Бену Кинане на чело со познатиот асхаб Галиб ибн Абдулах, потоа 700 доброволци од племето Езд кое го предводел Афреџ ибн Херсем, командант на деветата бригада во борбата против отпадниците во времето на Ебу Бекр, потоа доброволците од племето Тејм на чело со Хилал ибн Улеф, потоа доброволците од племето Бену Амир кои ги предводел Ребиа ибн Амир, кој подоцна ќе одигра посебна улога во битката против Персијците, како и групи на доброволци од други племиња. За кратко време халифот Омер успеал да мобилизира 4.000 нови доброволци кои ги испратил во Ирак за да му се придружат на Мусена ибн Харис. Со тоа

[84] Мелек – ангел. (Заб. на прев.)

[85] Хадисот го бележи имамот Ахмед.

бројот на муџахидите во Ирак повторно се искачил на 8.000 и тие биле подготвени да ја продолжат лутата борба против Персијците.

На Персискиот двор дознале дека на муслиманите им стигнува помош, па Пуран, ќерката на царот, му наредила на Ристем да ја опреми војската и да ги нападне муслиманите пред да им стигне помошта. Рустем успеал да мобилизира повеќе од 70.000 војници на кои за командант им го одредил генералот Михран ибн Базан. Ни овојпат не ги заборавиле слоновите кои во Битката кај мостот практично им ја донесле победата, па зеле три слона кои оделе пред војската.

Огромната персиска војска, полна со самодоверба и гордост поради победата кај мостот, тргнала од главниот град Ктесифон кон Хира. Мусена не сакал ништо да ѝ препушти на случајноста ниту, пак, сакал да ја повтори грешката на својот претходник, туку веднаш тргнал во правецот на Хира со намера тој да го одреди местото за битката. Бидејќи одлично ја познавал Персија, тој одлучил со војската да се улогори во едно помало место покрај реката Бувејб, западно од реката Еуфрат. Потоа преку своите курири му испратил писма на Џерир ибн Абдулах и на останатите команданти на одредите на доброволци кои сè уште не му се придружиле на Мусена, да не одат кон Улејис туку кон Бувејб и таму да се сретнат и да ги распоредат силите за битка. Мусена прв стигнал во Бувејб, а кратко потоа стигнале и доброволците од Медина. Додека Мусена ги распределувал своите сили, од далеку се слушала бучавата и викањето на персиската војска која се приближувала кон бојното поле. Повторно Еуфрат ги делел двете војски и Мусена можел намира да изврши смотра и да направи распоред. За командант на десното крило го одредил Бешр ибн Хасани, левото крило го предводел Буср ибн ебу Рухм, додека коњаницата ја водел неговиот брат, Ме'суд ибн Харис. Потоа отишол помеѓу муслиманските воени редици кои ги построил како за намаз и ги бодрел за борба и за трпеливост. Им велел:

„Денес од вас не сакам никакво непријатно изненадување бидејќи, се колнам во Аллах, јас за вас го посакувам истото што и за себе.“

Бидејќи бил месец рамазан, Мусена им предложил на војниците да се омрсат и да се најадат, бидејќи така ќе имаат повеќе сила за борба. Потоа персискиот командант испратил еден војник да го праша Мусена кој на чија страна ќе прејде, и Мусена без воопшто да размислува и да се колеба му рекол Персијците да преминат на страната каде што се наоѓа муслиманската војска. Кога Персијците конечно преминале на другата страна,

почнале да викаат, да пеат и да завиваат како животни за да ги исплашат муслиманите. Мусена се свртел кон своите војници и им рекол:

„Не плашете се од нивните крикови, тоа е знак на нивниот страв и несигурност во себе. Јас ќе изговорам три текбири, а на четвртиот текбир тргнете кон непријателот.“

Меѓутоа, штом Мусена го изговорил првиот текбир, Персијсците со сета силина тргнале кон муслиманите вршејќи силен притисок на десното крило. Мусена забележал дека дошло до измени во муслиманскиот ред на десното крило, па испратил еден војник да го предупреди Бешир да го исправи редот. Откако Бешир го сторил тоа, погледнал кон Мусена и видел насмевка на неговото лице, што значи дека бил задоволен од борбениот морал на својата војска. Мусена размислувал што да направи за да внесе неред во непријателските редови, а тогаш одлучил да ја раздвои нивната војска на два дела, бидејќи тоа е единствениот начин да се влезе во длабочината на нивните редови. Го повикал Џерир ибн Абдулах со војската од неговото племе и му предложил тие двајцата да одат напред и да се обидат да ја разбијат персиската војска. Двајцата бестрашни муслимански лавови јурнале кон непријателот и со своите сабји сечеле сè пред себе, така што наскоро го виделе преминот помеѓу непријателските редови. Во тој момент муслиманите уште пожестоко извршиле напад на средишниот дел на персиската војска додека во потполност не ја раздвоиле на два дела. Во тој силен налет Џерир ибн Абдулах дошол до командното место на Персијците и одеднаш се нашол лице в лице со Михран. Тогаш сабјата на Џерир светнала како молња кон персискиот командант и тој се струполил мртов од својот накитен коњ. Меѓу Персијците завладеала паника и некои веќе почнале да бегаат, но Мусена ги надитрил, брзо јавал до мостот и го урнал во реката. На Персијците не им преостанало ништо освен да се борат или безглаво да скокаат во Еуфрат. Подоцна Мусена се каел зошто го пресекол мостот и рекол:

„Не требаше да им ја прекинам надежта за спас и можноста повторно да се борат. Вака немаа избор и беа приморани да се борат, а јас не го сакам тоа, бидејќи непријателот е во подредена положба, а впрочем и самиот сум почувствувал што значи тоа во Битката кај мостот.“

Персијците доживеале страшен пораз кај Бувејб и изгубиле повеќе од 50.000 војници од чии мртви тела не се гледала површината на земјата. Муслиманите имале минимални загуби во луѓе, а меѓу загинатите musli-

мани бил и командантот на коњаницата, братот на Мусена, Мес'уд ибн Харис. Така муслиманите во потполност се одмаздиле за поразот кај мостот, ја повратиле самодовербата и создале услови за продолжување на освојувањата кон главниот град на Персија.

## Смртта на легендарниот муџахид од племето Шејбан

Победата кај Бувејб го подигнала борбениот морал на муслиманите и во потпоплност им ја вратила самодовербата која ја имале пред поразот кај мостот, бидејќи освен што ги победиле Персијците, муслиманите ја повратиле и територијата која ја изгубиле за кратко. Имено, Мусена не се задоволил само со победа, туку испратил војска во потера по разбиената персиска војска и им наредил повторно да ги освојат оние места кои веќе ги освоиле а чии жители, по поразот на муслиманите кај мостот, повторно му изразиле лојалност на персискиот киср. Мусена испратил пет одреди во областа Џезира за да ги врати изгубените територии во муслимански раце. За наместник на Хира го именувал Бешир ибн Хасасије, а тој останал извесно време во Бувејб. Во местото Сабат се наоѓала голема тврдина и нејзините жители одбиле да ѝ се предадат на муслиманската војска, па Асим и Џерир ибн Абдулах побарале дозвола од Мусена да ја нападнат тврдината. Тој им дозволил и три муслимански одреди ја нападнале тврдината и без поголеми проблеми и тешкотии ја освоиле. Со освојувањето на тоа упориште, муслиманите повторно владееле со комплетната територија од Убула до Ктесифон, истата територија која претходно ја освоил Халид ибн Велид пред да оди во Шам. Повторно биле блиску до Ктесифон и сонот на муслиманите за негово освојување полека станувал реалност.

Дотогаш Мусена користел два начина на војување против Персијците: борба гради в гради и испраќање на помали групи кои со леснотија ги освојувале оние места каде што не била стационирана персиската војска. Сега размислувал и за трет начин на војување. Тоа е она што во современата воена стратегија се нарекува исцрпување и застрашување на непријателот, т.е. вршење упад на помали воени формации во длабочината на непријателската територија со цел да му се нанесат губитоци на непријателот, да се застраши и да се земе воен плен, а потоа да се повлечат во базата. Мусена сериозно размислувал за напад на градските пазари во неосвоени-

те персиски градови кои во историјата биле и останале познати како најбогати пазари. Пазарите се снабдувале со стока од Индија, Синд и Кина. На пазарите најмногу се тргувало со злато, сребро и свила. Мусена одлучил прво да го нападне пазарот во Ханафис, место кое го освоил Халид ибн Велид, но жителите на тоа место подоцна се кренале против муслиманите кои го чувале и повторно го освоиле во корист на Персијците. Не сакал да оди директно кон Ханафис, туку со војската се упатил кон југ во правец на Хира, а тогаш тргнал западно кон Улејс, потоа во длабочината на пустината за да ги избегне очите на шпионите, сè додека во раната зора не стигнал во Ханафис. Пред да се раздени, муслиманската војска успеала да ги убие стражарите кои го чувале пазарот, а тогаш Мусена ибн Харис им наредил на војниците да понесат стока, онолку колку што можат, и да не се оптоваруваат за да се вратат во базата лесно и безбедно. Потоа се упатил кон Енбар и таму стигнал пред нивните жители да дознаат за доаѓањето на муслиманите. Кога ги виделе муслиманите пред портите на градот, жителите на Енбар се откажале од борбата и се предале и прифаќајќи да плаќаат џизија. Мусена оставил една група војници да го чуваат Енбар, а потоа зел еден Персиец за водич и тргнал кон Багдад. Во тоа време Багдад не бил голем центар, дури династијата на Абасидите ќе го изгради Багдад и ќе го направи престолнина на исламската држава како голема светска метропола. Багдад се наоѓал северно од Ктесифон на оддалеченост од 40 километри. Пред да стигне во Багдад, Мусена се улогорил некаде на половина пат и извршил распоред на војниците, а меѓу другото испратил помали групи од неколку војници на сите влезови на Багдад за да не дознаат жителите за доаѓањето на муслиманската војска. Потоа, Мусена наредил движење во текот на ноќта и пред самата зора стигнале во градот. Пазарот бил пуст, дуќаните затворени, немало никого освен стражарите кои го чувале пазарот. Муслиманите извеле молскавични напади и без голема врева и бучава ги ликвидирале стражарите, а потоа од дуќаните собрале сè што можеле да понесат и се вратиле до местото Алсејхин, оддалечено 35 километри од Багдад. Додека седеле и се одмориле, еден муслимански војник размислувал на глас и му рекол на војникот кој седел до него:

„Се колнам во Аллах, Персијците ќе нè нападнат бидејќи сме навлезени длабоко во нивна територија."

Мусена жестоко му се налутил поради таквото размислување и тогаш станал и им се обратил на војниците со овие зборови:

„Разговарајте за добротворството и богобојазливоста, а не за гревот и непријателството! Првин добро проучете ја ситуацијата па тогаш зборувајте. Јас сум сигурен дека во Ктесифон не дошла веста за нашиот упад во Багдад, а и да стигнала, тоа само би им го зголемило стравот. А кога нивната коњаница случајно би тргнала во потера по нас, тие не би можеле да нè стигнат и ние брзо би им избегале со итрите арапски коњи, а доколку би дошло до борба, би се бореле против нив поради две работи: поради наградата која нè чека во џенетот или поради победата. Мислете убаво за Аллах и сетете се дека Аллах на многу места нè помогнал против Персијците кога тие биле многубројни. “

* * *

Освен овие два успешни упади во длабочината на персиската територија, Мусена испратил една група муслимани да извршат препад на пазарот во местото Кубас на крајниот север на Џезира, а другата група, под команда на Фурат ибн Хајан, ја испратил да го нападнат местото Сифин. Потоа Мусена ибн Харис се вратил во Хира и ја одредил за своја база.

Кратко потоа, на персискиот двор се дознало за упадите на муслиманската војска длабоко во нивната територија, кое многу ги загрижило. Свикале итен состанок и сите водачи и угледници на тој состанок вината за неуспесите на бојното поле ја префрлале еден на друг. Потоа на собирот им се обратиле главните свештеници и угледни луѓе од нивниот народ и барале, пред сè од двајцата генерали Рустем и Фејруз, да се помират и обединат и да ги остават меѓусебните несогласувања, во спротивно ќе бидат сменети и погубени, а тогаш Персијците ќе ја продолжат борбата против муслиманите и без нив. Освен тоа, проблем им претставувало и тоа што постојано на престолот им стоела жена, Пуран, ќерката на царот, па предложиле таа да се смени и за цар да се избере маж и тоа исклучително од семејството Сасан. Пронашле таков човек, и тоа на крајниот исток на Персија во местото Хулван; се викал Јездеџерд. Набргу тој ја презел власта над Персија. Штом станал цар, Јездеџерд ги повикал воените команданти и им наредил да мобилизираат и да подготват војска за битка против муслиманите. Тие без поговор ја извршиле неговата наредба и за кратко време собрале огромна војска. Веста за тоа дошла до Мусена ибн Харис, кој истиот момент наредил повлекување на муслиманската војска од сите освоени места, Енбар, Сабат, Убула, Хира и наредил војската да се собере во местото Зи Кар во кое, уште

во предисламскиот период, се случила познатата битка помеѓу Арапите и Персијците. Зи Кар се наоѓал на самата врата на пустината, а познато било дека Персијците ја избегнувале борбата во пустината. Освен тоа, муслиманите можеле во секој момент да се повлечат доколку ситуацијата на бојното поле ќе се одвива негативно за нив. Потоа Мусена му испратил писмо на халифот Омер во кое го известува за ситуацијата во Ирак и за новиот поход на Персијците, барајќи од него итно да му испрати засилување. Знаеме дека Мусена бил тешко ранет во Битката кај мостот и дека со таа рана продолжил да се бори против Персијците, меѓутоа во Зи Кар тој почувствувал тешки болки кои го кутнале во постела.

И пред да стигне претставникот со неговото писмо во Медина, големиот исламски војсководец, бестрашниот муџахид од племето Бену Шејбан, човекот кој прв го започнал освојувањето на Персија, умрел од тешки болки и се вратил кај својот Господар, Севишниот Аллах.

## Лав во вистинска смисла на зборот

Кога го добил писмото од Мусена ибн Харис, халифот Омер по вторпат прогласил општа мобилизација. Им испратил пораки на емирите, гласниците, хатибите и имамите во џамиите во сите краишта на Арапскиот Полуостров да ги повикаат и поттикнат сите способни муслимани за џихад. Не поминале ни месец дена од тоа, а во Медина стигнале 4.000 доброволци, 3.000 од Јемен и 1.000 од племето Кајс, подготвени на одат во џихад на било кој фронт. Халифот ги собрал доброволците пет километри од Медина, во местото Сирар, за да ја изврши смотрата намира и да ја подготви војската за движење. За командант на десното крило го одредил Зубејр ибн Авам, за командант на левото крило, Абдурахман ибн Ауф, а тој лично како халиф застанал на чело на војската. За свој заменик во Медина го одредил Али, нека е Аллах задоволен со него. Халифот Омер не тргнал во борба затоа што сметал дека тоа е добро решение за исламската држава, туку тоа го направил за да ја забрза мобилизацијата и да ги поттикне останатите муслимани на џихад. Откако ја распоредил војската и ги одредил командантите, Омер им се обратил на собраните доброволци со зборовите:

„Гледајте во мене, јас сум на чело со вас и заедно одиме во Персија."

Одговорот на мнозинството војници бил:

„Ти тргни и ние ќе тргнеме по тебе!"

Било очигледно дека сите муслимани сакале Омер да им биде командант, а тоа го потврдуват и зборовите на Ебу Бекр, кој како халиф во една прилика рекол:

„Се колнам во Аллах, јас ќе посакам во Шам како командант да го испратам Ебу Убејде ибн Џерах, а во Персија Омер ибн Хатаб, но јас многу го ценам мислењето на Омер и потребен ми е како советник, па затоа го оставам во Медина.“

Значи, тогаш Омер не бил халиф, но Ебу Бекр не го праќал на боиште бидејќи сметал дека му е покорисен како советник отколку како војник, па што да се каже тогаш за одлуката на Омер да ја напушти муслиманската престолнина и да оди во Персија како командант на муслиманската војска? Војската сакала Омер да им биде командант и тој се согласил со тоа, меѓутоа Омер сепак ги чекал реакциите и мислењата на асхабите чијшто став најмногу го ценел. Тогаш излегле Али и Талха и го кажале истото што и останатите војници:

„Ти тргни и ние ќе тргнеме по тебе!“

Потоа излегол Абас, нека е Аллах задоволен со него, и рекол:

„Јас не се согласувам со овој предлог. Халифот мора да се врати во Медина, а за командант нека одреди некого од асхабите.“

По него се јавил Абдурахман ибн Ауф и го поддржал ставот на Абас и уште додал:

„Што мислите ако халифот ја напушти Медина и отиде во Персија да се бори па загине, како ќе реагираат муслиманите во Медина и надвор од Медина на таа вест и каков неред тоа ќе предизвика?“

По остриот и убедлив говор на Абдурахман ибн Ауф, Али и Талха го промениле своето мислење и барале халифот да се врати во Медина. Кога ја решиле таа дилема, пред Омер се испречил нов проблем: кого да постави за командант на војската која заминува во Персија да се бори против Персијците кои кренале сѐ што е способно да држи сабја и да носи копје за конечно да се пресметаат со муслиманите, бидејќи тоа им било последната можност, посебно кога виделе дека муслиманите неколкупати извршиле мошне успешни упади во длабочината на нивната територија. Мобилизацијата на огромна војска, смена на тронот и посебните подготовки кои Персијците интензивно ги вршеле укажувале дека муслиманите ги чека голема, а можеби и одлучувачка битка на територијата на Персија. Поради

сето тоа требало да се најде соодветна личност која ќе знае да ѝ одговори на задачата. Поради тоа халифот Омер ги собрал муслиманските команданти и угледни асхаби да ги изнесат своите предлози и меѓу предложените имиња да се избере главен командант.

Меѓутоа, ни по неколку предлози не успеале да изберат командант за персискиот фронт, а тогаш во текот на состанокот стигнало писмо од местото Хузејл, блиску до Мека, со кое управувал еден од познатите асхаби, а кого уште Ебу Бекр го поставил за управител на тоа место. Во писмото пишувало дека управителот го собрал зекатот и дека му се јавиле 1.000 доброволци за заминување во Персија. Абдурахман ибн Ауф го прочитал писмото пред Омер и тогаш задоволно извикал:

„Се колнам во Аллах, го пронајдов командантот!"

„А кој е тој?", запраша Омер, а Абдурахман рекол:

„Тој е лав во вистинска смисла на зборот!"

Тогаш Омер сфатил за кого се работи, се согласил со тој предлог и веднаш му испратил писмо на тој асхаб во кое пишувало: „Го прифаќаме зекатот што си го собрал, испрати ги доброволците и ти дојди со нив, бидејќи отсега ќе бидеш главен командант во Ирак." А „лавот во вистинска смисла на зборот" не е никој друг туку Са'д ибн ебу Векас. Човекот кому му е загарантиран џенетот додека сè уште одел по земјата, еден од шестемина кои Омер ги предложил да се бира меѓу нив халиф по неговата смрт, вујко на Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, со кого тој се гордеел пред другите луѓе и велел:

„Ова е мојот вујко, а кои се вашите вујковци?"

Единствениот човек кому на Битката на Ухуд Мухамед, Божјиот мир нека биде наде него, му велел: *„Гаѓај, гаѓај Са'д, ти си ми наместо татко и мајка."*

Тоа бил асхабот чијашто дова се примала, бидејќи Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, за него ја кажал довата: *„Господару мој, направи да му се примат довите и подари му прецизност во гаѓањето."* Са'д без поговор ги прифатил понудениот предизвик и за кратко време се појавил во Сирар покрај Медина. Кога тргнал со војската кон Персија, халифот Омер му рекол:

„О, Са’д, не дозволувај да те заведе тоа што луѓето зборуваат: ‚Ова е вујкото на Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него‘, бидејќи кај Аллах богобојазливоста е пред роднинските врски. Држи се цврсто до патот на кој нѐ научил Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, и воопшто не напуштај го, бидејќи ако го напуштиш, твоите дела ќе пропаднат и ти ќе станеш страдалник. Кога Аллах сака некој роб, тогаш ќе го направи сакан кај луѓето, а кога Аллах мрази некој роб, тогаш ќе го направи омразен кај луѓето. Затоа својот степен кај Аллах проверувај го со степенот кој го имаш кај луѓето.“

Са’д ибн ебу Векас тргнал кон Персија со 4.000 муџахиди и се упатил кон местото Заруд, 585 километри оддалечено од Медина. Халифот Омер му наредил да оди во тој правец и на изворите Зеруда да почека да му се приклучат останатите муслимански чети. Во меѓувреме, во Медина стигнале уште 4.000 доброволци за Персија, 2.000 од Јемен и 2.000 од Неџд, а Омер ги испратил кон местото Зеруд за да се најдат со Са’д. Набргу Са’д имал 8.000 војници со себе, меѓутоа тој ја искористил приликата и патем наминал во племето Темим, источно од Зеруд, и мобилизирал нови 3.000 војници од тоа племе, потоа отишол западно, до племето Есд и мобилизирал уште 3.000 доброволци, потоа наминал во местото Ребаб од каде што тргнале 1.000 доброволци за Персија.

* * *

Додека Са’д ги собирал доброволците, му стигнала наредба од Омер да тргне кон местото Шираф кое се наоѓало на пола пат помеѓу Зеруд и Хира. Кога стигнале во Шираф, муслиманската војска броела 32.000 војници и никогаш пред тоа не била побројна во Персија. Откако Са’д се улогорил во Шираф, му стигнало ново писмо од Омер, а тоа, всушност, било во историјата познатиот завет од халифот Омер до главниот командант на муслиманската војска пред големата и историска битка на Кадисија.

Еве дел од тој завет: „Ес-селаму алејкум ве рахметуллахи ве берекатуху! Ти наредувам тебе и на твојата војска богобојазливост во секоја ситуација, бидејќи богобојазливоста е најдоброто и најсилното оружје во борбата против непријателот. Ти наредувам тебе и на твојата војска, максимално да се чувате од гревовите и да се плашите од нив, повеќе отколку од вашиот непријател, бидејќи гревовите се поопасни за војската од непријателската армија. Муслиманите победуваат поради гревот на нивниот непријател, а да не е така, ние не би имале сила против нив бидејќи тие и во

бројност и со вооружување се многу посилни од нас и ако се изедначиме во гревовите со нив, тие ќе бидат во предност во однос на воената моќ. Ние можеме да ги победиме само со нашата добрина и богобојазливост, а никако со воена моќ. Знај дека Аллах ве гледа и чува и дека Тој знае што правите, затоа срамете се од Аллах и не правете гревови, бидејќи вие војувате на Аллаховот пат. Барајте од Аллах помош против вашите души и страсти како што барате помош против вашиот непријател. Биди милостив и благ кон своите војници и не отежнувај им го патот, тие одат да се борат против лутиот непријател. Секој петок организирај им џума-намаз[86] и во тој ден и ноќ дај им да се одморат – и тие и нивните јаваници. Во Аллаховата рака е секоја одредба и Тој ќе ви помогне против вашиот непријател, затоа имајте доверба во Него.

## Муслиманската делегација во дворот на царот

Са'д ибн ебу Векас престојувал со војската во Шираф сè додека не добил уште едно писмо од халифот Омер во кое тој му наредува да изврши распоред на војската за борба, а потоа да тргне за Кадисија. Са'д не се двоумел во извршувањето на наредбите на халифот, туку веднаш ја построил војската за да изврши смотра и конечен распоред и поделба на задачите пред битката. За свој заменик го одредил Халид ибн Урфута, надалеку познат арапски борец и коњаник кој пред тоа нема војувано на територијата на Персија.

Командата над претходницата ја добил Зехре ибн Хајевије. Освен тоа, тој формирал посебна претходница и извидница од најдобрите и најхрабрите коњаници од различните племиња и за командант ѝ го одредил Севад ибн Малик. Нејзина задача било да оди далеку пред војската и да го извидува теренот за да не биде муслиманската војска изненадена од било што.

За командант на левото крило го одреділ Шурабил ибн Самт, пешадијата ја предводел Хамал ибн Малик, а коњаницата Селман ибн Ребиа ел-Бахили, бидејќи било познато дека најбрзите и најдобрите коњи биле во племето Бахиле. За командант на заднината Са'д го одредил Асим ибн Амр ет-Темими, човекот кој одиграл значајна улога во претходните битки против Персијците. Откако го извршил распоредот на командните места и ги поделил воените задачи, Са'д тргнал со војската северно кон Кадисија. Во текот на патувањето му стигнало ново писмо од халифот Омер во кое му наредува да

[86] Џума-намаз – петочна молитва. (Заб. на прев.)

се улогори во местото Азибул-хеџанат кое било оддалечено од Кадисија само неколку километри, и да испрати извидница во Кадисија за да го набљудува движењето на персиската војска. Во муслиманската војска имало седумдесет и неколку асхаби кои биле учесници во Битката на Бедр, тристотини муслимани кои по Худејбије[87] го примиле исламот и влегле во плејадата на асхабите, најдобрата генерација до Судниот ден, потоа тристотини асхаби кои учествувале во ослободувањето на Мека и седумстотини синови на асхабите, кое секако за муслиманите значело многу и им давало многу сила. Са'д испратил извидница во Азибул-Хеџенат за да провери дали таму има персиски војници, бидејќи во тоа место имало огромна тврдина.

Извидницита стигнала на одредиштето предвечер и тогаш полека се приближувале кон тврдината додека не биле потполно сигурни дека тврдината е напуштена. Кога муслиманските војници се искачиле на ѕидините на тврдината, виделе еден персиски коњаник како ита во правец на Ктесифон. Биле сигурни дека тоа е еден од извидниците кој носел вести во престолнината за движењето на муслиманската војска. Извидниците веднаш тргнале во потера по него, меѓутоа не успеале да го стигнат.

Во меѓувреме на извидниците им се придружила и претходницата на војската на чело со Зехрет ибн Хајевије, и кога извидниците го известиле за персискиот коњаник, тој веднаш тргнал по него бидејќи знаел каква опасност се крие во тоа ако тој пренесе точни информации за муслиманите. Го потерал во галоп својот брз коњ. Итал како молња и успеал да го стигне персискиот извидник кај големиот канал во местото Сабур. Зехре веднаш го нападнал Персиецот, го кутнал од коњот и го убил така што Персијците залудно чекале вести за муслиманските сили. Со тоа практични се потврдила исправноста за Са'довиот избор на Зехрет за командант на претходницата. Са'д се улогорил со својата војска во Азибул-хеџанат на 15. сефер и на тоа место останал неполни месец дена. На муслиманската војска полека ѝ снемувало храна бидејќи се оддолжило времето до битката. За 32.000 војници секој ден требале по 320 камили, бидејќи една камила била доволна за стотина војници, а муслиманите ни одблизу не располагале со толкави резерви храна, иако халифот Омер максимално ја снабдувал војската од државната благајна.

[87] Се мисли на Договорот на Худејбије. (Заб. на прев.)

Така на Са'д не му останало ништо друго освен да подготвува помали групи на војници да вршат упади во персиските населби и да запленуваат добиток. Со таа цел командантот на претходницата, Зехра, испратил група од триесет војници на чело со Бешир ибн Абдулах во местото Санин, 15 километри од Хира. Кога муслиманските коњаници се приближиле до тоа место, слушнале музика и песна и повици во кои спомнувале еден од своите водачи и му го честитале склопувањето брак. Сфатиле дека дошле на вистинското место и дека свадбената трпеза била сигурно богата и обилна. Се доближиле до местото на славење и забележале стражари околу свадбените шатори. Тогаш Бешир наредил напад и муслиманските коњаници брзо ги ликвидирале стражарите, а многубројните гости кои дошле на свадбената гозба безглаво избегале. Муслиманите брзо ги собрале печените камили, овци, крави и останатата храна и се вратиле во базата.

Слична акција извел и Асим ибн Амр во местото Мисан, само што тој запленил и довел огромно стадо живи крави и волови. Потоа селаните му напишале писмо на Јездеџерд и се жалеле за упадите на муслиманските војници во нивните села и за одземањето на имотот и барале од него да го забрза нападот на муслиманската војска, а муслиманите токму тоа и го чекале.

Кратко потоа Јездеџерд му испратил писмо на генералот Рустем во кое, меѓу другото, пишувало:

„Што мислиш, со што би можеле да се споредиме ние и Арапите кои дошле на наша територија?", а потоа му одговара: „Што се однесува до мене, мене Арапите ми личат на огромен орел кој кружи над територијата на која видел многу птици. Потоа се спушта, зграпчува една птица, побегнува и така натаму. На тој начин им се заканува опасноста на сите птици да исчезнат и да бидат убиени. Меѓутоа, доколку се здружат сите птици и формираат една огромна група, тие без сомнение ќе го совладаат тој орел и ќе го уништат за сите времиња."

Рустем ја разбрал намерата на Јездеџерд кој, всушност, сакал да му каже дека би било подобро Персијците да соберат огромна војска и да мобилизираат сè што е подготвено за бој и спремно да ги нападнат муслиманите. Писмото го налутило искусниот воин Рустем и идејата на царот ја сметал за погубна. Веднаш му напишал писмо на Јездеџерд и во него стоело:

„Моите желби се исти како и твоите и во тоа воопшто не се разликуваме, меѓутоа, јас сметам дека би било најдобро да се опреми дел од војската

и да се испрати да се бори против муслиманите, бидејќи ако таа војска загуби, јас ќе останам со остатокот од војската, а сè додека јас сум жив, Арапите нема да можат лесно да ја освојат Персија.“

На Рустемова жалост, Јездеџерд останал при своето мислење и тој на крајот морал да ѝ се покори на наредбата на царот и да застане на чело на војската која броела 120.000 до заби вооружани војници и други 120.000 војници кои требале да бидат во позадина и да го чекаат исходот на битката, така што ако биде поразена главната војска, тие ја продолжуваат борбата. Таа огромна војска имала 60.000 коњаници и исто толку пешадија, потоа 30 слонови кои во сите битки биле нивна голема надеж. Са’д ибн ебу Векас дознал за мобилизацијата на огромната персиска војска и за тоа го известил халифот Омер, а тој вака му одговорил:

„Не обрнувај внимание на нивниот број и ни случајно немој да ја споредуваш својата војска со нивната врз основа на бројот, туку потпри се на Аллах и имај доверба во Него, Тој ти е доволен. Освен тоа, испрати им еден искусен и остроумен муслиман како пратеник нека ги повика во исламот, мислам дека тоа ќе им го зголеми стравот и несигурноста.“

Са’д ибн ебу Векас ѝ се восхитувал на оваа одлука на Омер, бидејќи халифот на муслиманите не заборавил на повикување на луѓето во исламот дури и во најтешките моменти за муслиманската војска. Потоа неколкупати ги посетил муслиманските редови и на крајот избрал четиринаесет луѓе кои биле познати по својата остроумност, углед и авторитет. Покрај тоа, сите биле високи и впечатливи, така што историчарите тврдат дека секој од нив бил висок преку два метра. Првиот бил Ну’ман ибн Мукрин, асхабот кој го примил исламот во петтата година по хиџра заедно со своите девет браќа. За нивното семејство Абдулах ибн Мес’уд рекол: „Лицемерството има свои живеалишта, а и иманот[88] има свои живеалишта. Куќите на семејството Бену Мукрин се живеалиште на иманот. По нивен повод е објавен ајетот: **‚А има и бедуини кои веруваат во Аллах и во оној свет и кои сметаат дека тоа што го даваат е пат за да се приближат до Аллах и за да ги заслужат молитвите од Пратеникот за нив. Тоа им е, навистина,**

[88] Јазично значење на зборот иман е: цврста потврда и верување на кое не му приоѓа сомнеж, а шеријатско: говор на јазикот, убедување во срцето и дејствување со телото, се зголемува со добри дела, а се намалува со грешење. (Заб. на прев.)

**добро дело! Аллах, сигурно, со милоста Своја ќе ги облее, бидејќи Аллах простува и Милостив е.‘** (Куран: Ет-Теуба, 99)“

Потоа, Буср ибн ебу Рухм, кој одиграл голема улога во Битката кај Велеца, Ханзале ибн ебу Ребиа, голем интелектуалец и неприкосновен говорник уште од времето на џахилиетот, Мугир ибн Зураре, Сухејл ибн Адиј, Хамеле ибн Џувеје, Аса ибн Амр и неговиот брат Ка’ка ибн Амр, Муана ибн Харис, братот на Мусена ибн Харис, Атарид ибн Хаџиб, единствениот од нив кој претходно го посетувал дворот на царот и кој го видел неговиот престол така што можел на своите другари во детали да го опише изгледот и состојбата на царскиот двор, Амр ибн Ма’дикериб, еден од најпознатите коњаници и воини меѓу Арапите. Еднаш Омер прашал чија сабја е најостра и најјака, па му кажале дека тоа е „Самсама“, така ја викале сабјата на Амр ибн Ма’дикериб, бидејќи го сечела железото и Омер побарал да му ја испрати. Кога ја земал во својата десна рака, Омер се обидел да го пресече железото, но не му тргнало од рака. Тогаш му рекол на Амр: „Твојата сабја не е онаква каква што луѓето ја опишуваат, јас не можев да го пресечам железото со неа.“

„О, водачу на правоверните, ако сум ти ја дал својата сабја, не сум ти ја дал својата подлактица.“

Потоа Мугире ибн Шу’бе, личниот чувар на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, Еш’ас ибн Кајс и Харис ибн Хасан, најпознатиот коњаник во племето Кинд. Са’д ибн ебу Векас им ги дал најдобрите коњи и четиринаесеттемината великани тргнале кон Медаин да се сретнат со царот Јездеџерд и да го повикаат во исламот него и неговата свита.

Кога дошле во Медаин, народот ги набљудувал додека оделе кон царскиот двор, а една Персијка, која подоцна го примила исламот, вака ги опишала:

„Се колнам во Бога, никогаш не сме виделе четиринаесет луѓе слични на нив. Ние сметавме дека вредат колку илјада луѓе. Нивниот величествен изглед и став, потоа нивните разиграни коњи кои поминувајќи низ градот фрчеа и лесно, но лутито, потскокнуваа, ни влеваа страв и лоши претчувства.“

Јездеџерд се советувал со своите луѓе и угледници дали да ја прими муслиманската делегација или не и мнозинството биле за тоа да ги прими и да разговара со нив, што тој го прифатил. Од палатата на царот биле по-

дигнати високи ѕидови така што никој надвор од палатата не можел да види што се случува во внатрешноста на ѕидините, а околу дворот се простирала прекрасна градина. Муслиманската делегација најпосле влегла во царскиот дворец каде што ги дочекал огромен трем чијшто под бил покриен со голем ќилим кој бил широк шеесет, а долг осумдесет метри, исткаен од најдобар материјал и украсен со скапоцени камења. (Подоцна муслиманите, при освојувањето на Ктесифон, ќе го запленат тој ќилим со останатиот воен плен. По предлог на Али, халифот Омер наредил ќилимот да се исече на помали парчиња за да не го злоупотреби тоа богатство некој од подоцнежните владетели и, како и царот, да го украси својот престол со такви теписи за да ја покаже својата надмоќ и надменост. Али раскажува дека своето парче ќилим го продал за дваесет илјади дирхеми, а колку ли вредел целиот ќилим!?). На крајот на тремот се наоѓал престолот на царот кој бил широк четири метри, со огромна царска круна која била долга два метра, а тешка дваесет килограми. Била вградена над престолот и кога царот би седнал, се чинело дека круната му е на главата, а тој, всушност, само ја ставал главата под круната која била врзана за таванот со синџири. И таа круна подоцна ќе стане дел од воениот плен кој ќе го заробат муслиманите. Околу престолот на Јездеџерд имало вооружани стражари, а човекот кој бил најблиску до престолот бил оддалечен од него три метри. Кога муслиманите застанале пред Јездеџерд, тој ги запрашал:

„Што ве натерало да дојдете во нашата земја, дали ве завело вашето мнозинство па сте одлучиле да нè нападнете?“

Муслиманската делегација се договорила пред нив да говори Ну'ман ибн Мукрин. Овој горделив асхаб застанал пред Јездеџерд и рекол:

„Нам Аллах ни се смилувал и ни го испратил Пратеникот да ни укаже на доброто и да ни нареди да го правиме и да ни укаже на лошото и да ни забрани да го правиме. Не останало ниедно арапско племе по неговото доаѓање, а да не се подели на две групации, едната која го отфрлила и оддалечила од себе и другата која го прифатила. Така било сè додека Арапите не почнале помасовно да го примаат исламот и додека не е наредена борбата против оние кои му се спротивставуваат на Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него. Не поминало многу време и целиот Арапски Полуостров бил под знамето на исламот. Пред својата смрт, Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, ни нареди да ги повикуваме во исламот и другите

народи и ние, ете, дојдовме да ве повикаме во исламот, најдобрата и единствено признатата вера кај Аллах. Ако одбиете, тогаш знајте дека ќе мора да одберете една од двете работи кои сигурно ги мразите, а сигурно со тоа наскоро ќе бидете соочени. Тие две други работи се плаќање џизија и ставање под исламска власт, или борба сè додека Аллах не ја даде победата на некој од нас.“

Овој одговор жестоко ја повредил гордоста и суетата на персискиот цар, па поради тоа станал од своето место и полн со лутина и презир им се обратил на муслиманите со овие зборови:

„Се колнам во Бога, јас не знам дека на Земјата постои победен и помизерен народ од вас, ниту познавам помалуброен и посиромашен народ од вас Арапите. Вие не сте достојни против вас да праќаме војска, туку против вас ќе ги испратиме селаните од пограничните места и тие ќе ве поразат. Затоа ви велам, ако сте дошле во нашата земја заведени од вашиот број, тогаш многу сте се излажале, бидејќи ние сме силен и многуброен народ, а имаме огромна војска и многу сојузници така што сигурно ќе бидете поразени. А доколку гладот и бедата ве натерале да дојдете и да ја нападнете нашата земја, ние ќе ви дадеме доволно храна и облека и тогаш вратете се од каде сте дошле, а потоа ќе ви поставиме за владетел некого кој е праведен и сомилосен и кој ќе се грижи за вас.“

Ова е јасен доказ дека Јездеџерд не ја разбрал пораката која му ја испратиле муслиманите, По царот, станал Мугире ибн Зураре и му рекол:

„О, персиски царе, ти пред малку го опиша нашиот народ, но не нè опиша добро. Ние бевме многу полоши отколку што ти нè спомена. Нашиот глад не бил обичен глад, ние јадевме црви, балегари, пајаци и змии, а единствената облека што ја носевме беше она што би го исплетле од овча волна и направиле од кожа на камила. Наше живеалиште беше голата земја, а наша вера крвната одмазда. Ги убивавме живите женски деца, бидејќи ги презиравме и се плашевме од сиромаштијата, сè додека Аллах не ни го испрати Пратеникот чиешто потекло го знаеме добро. Тој е од најдобриот род, со најблагородно потекло и со најубав морал. Тој нè повика во исламот, па на почетокот само некои го прифатија неговиот повик. Потоа војувавме против него и неговите следбеници сè додека Аллах не нè упати и додека и самите не го примивме исламот. Нашиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, ни рече: ‚*Знаете дека Возвишениот Аллах ми објавил: На оној што ќе ве следи во вашата вера му припаѓаат права како и вам и*

*обврски како и вам, а на оној што ќе одбие да го прими исламот понудете му плаќање џизија, па ако прифати, тогаш не удирајте по неговите права, а ако ја одбие џизијата, борете се против него, а Јас сум судија помеѓу вас, кој од вас ќе загине ќе го внесам во џенетот, а кој остане жив, ќе му дадам победа против непријателот*'."

Потоа Мугире му рекол на царот:

„Избери едно од трите: или дај ни џизија понизно и скромно, или бори се против нас или, пак, одбери го исламот и спаси се."

„А што значи да даваш џизија понинзно[89]?", запрашал царот.

Мугире одговорил:

„Тоа значи да ни понудиш џизија, а ние да ти ја одбиеме и така трипати, а тогаш понизно да нè замолиш да ја примиме твојата џизија."

Јездеџерд бил избезумен од бес и потполно расеано викал во лицето на Мугире:

„Зарем мене така да ми зборуваш и со такви зборови да ми се обраќаш?!"

Мугире мирно му одговороил:

„Да беше некој друг наместо тебе, тогаш ќе те поштедев од ваквите зборови."

Потоа Јездеџерд ги повикал стражарите да пријдат поблиску и нешто им наредувал. Ситуцијата била мошне драматична и неизвесна. Потоа запрашал:

„Кого го сметате за најугледен меѓу вас?"

Сите покажале на Асим ибн Амр. Јездеџерд го повикал да пријде до него и Асим го сторил тоа убеден дека ќе биде убиен. Кога се приближил до царевиот престол, Јездеџирад земал кофа со земја и им наредил на стражарите да му ја истурат на главата. Откако го сториле тоа, тој им рекол на муслиманите:

„Да не беше обичај да не се убиваат претставниците, јас сигурно ќе ве убиев. Сега одете, нема што да барате кај мене."

Муслиманската делегација задоволна и среќна се вратила во базата, а среќен бил и Асим ибн Амр во чијашто коса сè уште имало земја со која го

[89] На арапски јазик – *енте сагир.*

посипале Персијците. Тој се смеел поради тоа и на своите сопатници им велел:

„Субханаллах[90], ова е доказ дека ни ја дадоа персиската земја, бидејќи оваа прашина со која ме посипаа е симбол на нивната држава и се надевам дека Аллах ќе даде ние во целост да ја освоиме.“

## Диверзантот Тулејха ибн Хувејлид

Откако муслиманската делегација се вратила во воениот логор, Рустем конечно тргнал со огромна војска од Ктесифот во правец на Кадисија. Се улогорил во местото Сабат, а Џалинус, командантот на претходницата која броела 40.000 војници, тргнал кон Неџеф, место кое е оддалечено од Кадисија 50 километри. Додека бил во Сабат, Рустем му испратил писмо на Џалинус во кое барал од него да испрати група коњаници до брегот на реката Атик, притока на Еуфрат, да се обидат да уапсат барем еден муслимански војник и да го доведат во неговиот логор. Џалинус испратил стотина војници кои чекале во заседа да помине некој од муслиманите, а тоа и го дочекале. Успеале да заробат еден муслиман кој се одвоил од остатокот од војската и преминал на другата страна на реката Атик. Муслиманите го забележале тоа па испратиле група на коњаници да одат во потера и да го ослободат. Муслиманската коњаница успеала да го стигне задниот дел на персиската чета и да убие четирисет Персијци, но останатите избегале заедно со заробениот муслиман кого го одвеле пред Рустем.

Кога го довеле пред Рустем, тој му рекол:

„Зошто сте дошле во нашата земја и што, всушност, барате овде?“

Муслиманскиот војник му одговорил:

„Дојдовме да го бараме она што Алах ни го ветил.“

„А што е тоа што ви го ветил Аллах?“, запрашал Рустем. Тој одговорил:

„Вашата земја, синовите и крвта, ако одбиете да се покорите.“

Потоа Рустем цинично го запрашал:

„А што ако загинете пред тоа?“

Му одговорил:

---

[90] Субханаллах – слава му на Аллах. (Заб. на прев.)

„Оној кој од нас ќе загине, ќе влезе во џенетот, а ако остане жив, ќе ја постигне победата."

Рустем се насмевнал на тоа и рекол:

„Изгледа дека ние и нашата судбина сме во вашите раце."

Муслиманскиот заробеник му рекол:

„Тешко на тебе Рустем, не само ти, туку и целата ваша земја ќе биде во наши раце бидејќи, знај добро, Рустем, ти не се бориш против луѓето, туку против Аллаховата одредба и судбина, а неа сигурно не можеш да ја победиш."

Таа смиреност, храброст и одлучност го налутиле Рустем и тој им наредил на своите војници да го убијат заробениот муслиман. Потоа персиската војска тргнала понатаму кон Кадисија и влегла во селото Бурс во кое живееле исклучиво Персијци. Но, и покрај тоа персиската војска направила страотен злостор во селото, го ограбиле имотот и ги силувале жените. Кога Рустем конечно влегол во селото, неговиот народ му се жалел за она што го извршила војската, а тој, полн со бес, застанал пред војската и рекол:

„Се колнам во Бога, оној муслиман што пред малку го убивме беше во право кога рече дека нашата земја е во нивните раце, бидејќи кога муслиманите владееле со ова село не го правеле она што нашата војска му го извршила на својот сопствен народ, ваквите постапки ќе нè предадат и нас и нашата земја во рацете на муслиманите."

Потоа Рустем го напуштил селото и тргнал со војската кон Неџеф каде што го чекал Џалинус со претходницата. Интересно е дека персиската војска од Ктесифон до Неџеф патувала четири месеци, а оддалеченоста помеѓу овие два града е само 85 километри. Причината за тоа е што Рустем во секое место, во секое село и тврдина ја одморал својата војска и секојпат му испраќал писмо на царот Јездеџерд барајќи дозвола тој со неговата војска да се врати во Ктесифон, а остатокот од војската под команда на Џалинус да војуваат против муслиманите.

За споредба, ќе спомнеме дека Халид ибн Велид и Мусена ибн Харис знаеле за еден ден да преминат 100 километри без починка, а, ете, големиот персиски војсководец со својата војска за еден ден преминувал неполни 2 километра. На муслиманската војска ѝ здосадило да чека во Кадисија, бидејќи тоа било првпат толку време да ја чекаат непријателската војска на едно место. Пред тоа муслиманите на чело со Халид ибн Велид знаеле да

водат по четири битки во еден месец, а сега, бидејќи така наредил халифот Омер, веќе повеќе од четири месеци чекале да се појави персиската војска во Кадисија. Рустем конечно стигнал во Неџеф и веднаш почнал да го врши распоредот на своите сили. На чело на војската го поставил Џалинус, левото крило го предводел Михран ер-Рази, чијшто татко бил еден од угледниците на персискиот двор и бил познат по тоа што извршил преврат убивајќи го тогашнот цар. На неговата глава веројатно би засјаела царската круна да не го убила и него царската гарда. Десното крило го водел Хурмузан, кој бил заробен во времето на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, па Пратникот го ослободил откако се заветувал дека никогаш нема да се бори против муслиманите. Битката на Кадисија ќе биде неговото прво кршење на тој договор. Со средиштето на војската командувал Бехмен, а со отстапницата, Алберзан. Муслиманите сѐ уште биле во Кадисија, Са'д ибн Векас ги испратил Севад ибн Малик и Хумејд ибн Ну'ман како извидници кон Неџеф. На тој пат тие сретнале група Персијци кои биле вооружани, а кои чувале стадо овци. Тогаш Севад му наредил на Хумејд да се погрижи за овците и да ги истера во муслиманскиот логор, а тој самиот да се бори против Персијците. Бидејќи муслиманските извидници не се вратиле на време, Са'д го испратил Асим ибн Амр со група муџахиди да проверат што се случува со извидниците. Така тие на време му дошле напомош на Севад и ги поразиле и убиле Персијците.

Потоа муслиманската војска тргнала западно од каналот Сабур и запрела кај тврдината Кадис. Тука Са'д ја распоредил војската за битка. За командант на претходницата го поставил Зехрет ибн Хајевије кој требал да обезбеди преминување на муслиманската војска преку мостот на реката Атик. Потоа испратил група на извидници која ја предводеле Амр ибн Ма'дикериб и Тулејха ибн Хувејлид ел-Есди, и двајцата, пред освојувањето на Персија, го напуштиле исламот, а Тулејхадури и се прогласил за пратеник. Кога Ебу Бекр повел војна против отпадниците (муртедите), Тулејхаизбегал во Шам и таму престојувал во текот на халифатот на Ебу Бекр, а кога Омер станал халиф, Тулејхасе вратил во Медина и јавно се покајал и повторно го примил исламот. Потоа халифот Омер му дозволил да учествува во Освојувањето на Персија. Амр ибн Ма'дикериб исто така се покајал и се вратил во исламот, а потоа војувал против Византијците во Шам и во Битката на Јермук загубил едно око. Тие имале задача да ја откријат точната локација на која се улогорила персиската војска. Што се однесува на Персијците, тие од Неџеф веќе стигнале до местото Небаз, неколку километри од мостот на

реката Атик, а командното место на кое бил Рустем било во местото Силајхин. Кога муслиманските извидници виделе каде се улогорила персиската војска и колку ги има, Амр му рекол на Тулејх:

„Треба итно да се вратиме во нашиот логор и да ги известиме муслиманите каде се наоѓаат Персијците, и колку огромна војска води Рустем против муслиманите, бидејќи тие се убедени дека Персијците се сè уште во Нецеф."

Тулејхаму одговорил:

„Но, ние не откривме каде точно се наоѓа шаторот на Рустем и не заробивме ниеден нивен војник, а знаеш дека Са'д ни рече, ако можеме, да се вратиме со еден заробен војник кој ќе ги пренесе сите информации за нивната војска."

Поради тоа Тулејхаму предложил на Амр да се врати во логорот со преостанатите петмина извидници, а тој да се обиде да открие каде се наоѓа шаторот на Рустем. Така и било, Амр со својата група се вратил до мостот на Атик, а Тухејл останал сам и се впуштил во опасна авантура на откривање на положбата на Рустем во длабочината на персискиот логор. Са'д ибн ебу Векас веќе се загрижил за своите извидници, па испратил стотина војници на чело со Кајс ибн Хубејр да проверат што им се случило. Четата муслимански коњаници се сретнала кај мостот со Амр ибн Ма'дикериб и тој ги известил за персиската војска и за Тулејхакој останал во нивниот логор. Потоа му предложил на Кејс заедно да тргнат кон персискиот логор. Кога Са'д слушнал што предложува Амр, му рекол:

„Да го сочувам животот на стотина муслимани ми е подраго отколку да убијам илјада Персијци."

* * *

А што се однесува до Тулејха ибн Хувелјид, тој полека, но сигурно, се пробивал низ големото мочуриште, тргнувајќи од спротивната страна, паралелно со персиската војска додека целосно не ја поминал нивната претходница и дошол до логорот во кој бил Рустем. Малку застанал и ги набљудувал многубројните шатори и моќната персиска војска, а тогаш насред логорот видел голем бел шатор. Бил убеден дека му припаѓа на Рустем. Почекал да падне ноќта, а тогаш мирно му се доближил на белиот шатор покрај кој бил врзан коњот на Рустем. Потоа ја исукал сабјата и ги исекол

јажињата кои го држеле шаторот и тој паднал врз Рустем и врз оние кои биле со него во шаторот, а тогаш го одврзал неговиот коњ, се качил на него и го потерал назад кон Кадисија. На тој начин сакал да ги застраши Персијците и да им внесе страв во срцата, бидејќи биле крајно изненадени кога виделе дека покрај толкава војска е нападнат шаторот на нивниот командант среде воениот логор. Покрај тоа, имал и намера да зароби еден Персиец и да го одведе кај Са'ад. Кога се урнал шаторот, стражарите направиле узбуна. Го виделе Тулејхакако лета на коњот низ нивните редови, па Рустем наредил коњаниците да го стигнат и да го убијат. Меѓутоа, Тулејхатолку брзал што персиските коњаници сè повеќе заостанувале, за на крајот да останат само три коњаници кои ја продолжиле потерата. Еден од нив речиси го стигнал Тулејха,го зел копјето и го гаѓал, но го промашил. Тогаш Тулејхаго зел неговото копје, се свртел и го погодил Персиецот во градите и тој паднал мртов на земјата. Истото го сторил и вториот Персиец, но и тој го завршил животот со копје во градите. Останал уште еден персиски војник и Тулејхаго пречекал и барал да се предаде или во спротивно ќе биде убиен. Персиецот се предал, а Тулејхаму наредил да се симне од коњот и да оди пред него. Така овој муслимански јунак во потполност ја извршил својата задача. Кога дошле во муслиманскиот логор, Персиецот, избезумен од страв, му рекол на Са'д:

„Поштедете ми го животот, а јас за возврат ќе ве известам за сите детали врзани за нашата војска."

Са'д му одговороил:

„Ти си сигурен кај нас, бидејќи ние сме народ кој, кога некому ќе даде сигурност, не го крши договорот ниту ветувањето, под услов да не лажеш и да ни ја кажеш потполната вистина за вашата војска."

Тогаш Персиецот рекол:

„Сигурно ќе ти ја кажам вистината, но прво сакам да кажам нешто за вашиот војник. Јас навистина досега не сум видел таков војник, а војувам од кога знам за себе. Тој човек успеал да пројде еден логор во кој има 40.000 војници и да дојде во средиштето на другиот, да го урне шаторото на Рустем и да го земе неговиот коњ и да побегне. Потоа успеал да убие двајца наши војници, а јас ви се колнам дека секој од нив вредеше колку илјада војници. И ако во вашата војска има уште такви, тогаш е невозможно да бидете поразени."

Потоа во детали им раскажал сѐ за персиската војска, нивниот број, команден кадар, намерите и борбениот морал. Откако Са'д го ислушал Персиецот и ги добил потребните информации, му дал да избере, да се врати во Персискиот логор или да остане со муслиманите, а тој го избрал второто. Неколку дена престојувал во муслиманскиот логор и видел какви односи владеат меѓу нив и како се однесува нивниот командант кон војниците, па потоа отишол кај Са'д барал да ги научи прописите на исламот по што го изговорил шехадетот[91] и го примил исламот. Са'д му го дал името Муслим. Овој Персиец не можел ни да насети што сѐ ќе му се случи и какви промени ќе доживее во текот на тој поход. Тој тргнал да се бори против муслиманите како идолопоклоник, потоа го примил исламот и во Битката на Кадисија се борел против Персијците. Кратко потоа Рустем извршил движење на неговата војска и се улогорил западно од реката Атик, така што сега двете војски ги делел само мостот на таа река.

## Сонот на Рустем

Во текот на ноќта Рустем сонувал чуден сон кој малку подоцна ќе се оствари. Имено, тој сонувал како мелекот се симнал од небесата и влегол во неговиот воен логор, а потоа го собрал целото нивно вооружување и му го предал на човек кого Рустем не го познавал, па го запрашал мелекот:

„Кој е овој човек?"

Му одговорил:

„Тоа е Аллаховиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него."

Потоа Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, му го предал вооружувањето на друг човек, па Рустем повторно прашал:

„Кој е овој човек?"

Мелекот му рекол:

„Ова е Омер ибн Хатаб."

---

[91] Шехадетот е една од основите на исламското верување. Тој е услов за влегување во верата. За да стане некој муслиман, потребно е со срцето и со јазикот да посведочи за Аллаховата Едност и за пратеништвото на Мухамед. За да се смета една личност за муслиман од страна на другите луѓе, потребно е да го изговори шехадетот во присуство на најмалку двајца сведоци муслимани. (Заб. на прев.)

Потоа Омер го предал целото вооружување на трет човек, а тоа бил Са'д ибн ебу Векас.

Во тој момент Рустем се пробудил престрашен и загрижен, бидејќи му припаѓал на народ кој верувал во астрологијата и кој се занимава со толкување на соништата. Поради тоа тој веднаш ги повикал сите астролози кои биле во неговата војска и им раскажал што видел во сонот. Кога го слушнале тоа, тие му рекле никому да не го кажува својот сон. Меѓу астролозите бил и еден човек по име Руфејл кој бил мошне близок со Рустем и тој посебно го прифаќал неговото мислење.

Меѓу останатото, тој со него разговарал за исламот во текот на претходните три години откако муслиманите почнале да ја освојуваат Персија. Меѓутоа, сега кога слушнал што сонувал Рустем, Руфејл воопшто не се двоумел, станал муслиман и ја чекал првата пригода да им се приклучи на муслиманите. Токму тој, подоцна ќе стане еден од позначајните извори за историчарите кои пишувале за борбите помеѓу муслиманите и Персијците. Сонот го фрлил Рустем во очај и му внел неопислив страв во срцето, така што по разговорот со астролозите се качил на својот коњ и се прошетал сам на брегот на реката и долго ја набљудувал муслиманската војска на другата страна. Потоа побарал од Са'д ибн Ебу Векас да му испрати некого од муслиманите за да разговара со него. Тој му го испратил Зехрет ибн Хајевије кој како командант на претходницата го чувал мостот така што не му требало многу за да го премине мостот и да се сретне со Рустем очи во очи. На Персискиот генерал во главата му била само една мисла, да им понуди примирје на муслиманите, но не можел да го каже тоа, бидејќи тоа би значело дека однапред се предава и покрај силната војска која ја повел во битка. Поради тоа се обидел на индиректен начин да го насочи во тој правец разговорот со Зехрет.

Во почетокот му рекол:

„Вие сте наши соседи и ти добро знаеш дека вие некогаш доаѓавте во нашава земја барајќи животни намирници и ние тоа обилно ви го дававме. Покрај тоа, ви дозволивме во нашата држава да се занимавате со трговија без никакви пречки и посебни договори, па што е тоа што толку радикално го променило вашиот однос кон нас?"

Зехре му одговороил:

„Во право си! Вистина е дека нашите предци доаѓале во вашата држава исклучиво поради овој свет, но ние не сме дојдени за тоа, ние сме дојдени

поради оној свет, а тоа е огромна разлика. Ние бевме такви какви што нѐ опиша сѐ додека Аллах не го испрати последниот пратеник Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, и преку него го објави Куранот во кој е нашето упатство. Возвишениот Аллах преку Куранот им ветил победа на муслиманите над сите непријатели, сѐ додека муслиманите се придржуваат кон прописите на возвишената вера исламот."

Потоа Рустем побарал да му ги објасни основните принципи на исламот, за што Зехре му го рекол следново:

„Основите на исламот се верувањето дека нема бог освен Аллах и дека Мухамед е Аллахов пратеник, потоа да го прифатиш сето она што доаѓа од Аллах и што приближува кон Него, а да го оставиш сето она што е во спротивност со Аллаховата наредба. И ние токму дојдовме во оваа земја да ги ослободиме луѓето од робувањето кон луѓето за да му робуваат само на Возвишениот Аллах и да им укажеме на една голема вистина, а тоа е дека сите луѓе и народи се од еден човек и една жена и дека меѓу нив нема разлика освен по богобојазливоста и благородноста."

„Ова е величествена работа!", извикал Рустем и додал: „А доколку мојата војска и јас го примиме исламот, дали тогаш вие би ја напуштиле нашата земја?"

Зехре одговорил:

„Да, се колнам во Аллах, истиот момент би ја напуштиле Персија, а би ја оставиле со вас само Аллаховата Книга за да судите според неа и не би доаѓале во оваа земја освен по потреба, како трговци и слично на тоа."

Потоа Рустем ги собрал своите команданти и советници и ги запрашал што мислат за говорот и предлогот на муслиманите. Тие едногласно го одбиле тој предлог и го критикувале Рустем поради неговиот попустлив став кон муслиманите припишувајќи му кукавичлук, што е недопустливо за главниот командант на персиската војска. Рустем на сето тоа им одговорил:

„Вие со вашата постапка ќе ја одведете Персија во пропаст, а јас не сум поголема кукавица од вас, туку сум попаметен и помудар и го гледам тоа што вие не го гледате."

Средбата на Зехрет со Рустем ја искористил Руфејл и го известил Зехрет дека го примил исламот барајќи совет дали да им се придружи на муслиманите, или да остане со Персијците. Зехре му рекол да остане со нив и

да ги известува муслиманите за состојбата на персиската војска и никому да не кажува за своето преминување во исламот.

Следниот ден Рустем повторно барал Са'д да му испрати делегација со која ќе разговара бидејќи многу сакал да склопи примирје и по секоја цена да ја избегне борбата. Поради тоа на сите начини се обидувал да ги наговори муслиманите да се вратат и да се откажат од борбата. Зехре ибн Хајевије го известил Са'д за предлогот на Рустем и тој веднаш го свикал воениот штаб, а потоа рекол:

„Јас сметам дека би требале да испратиме делегација составена од највидните луѓе исто како што сторивме со царот Јездеџерд, да им ги изнесат доказите и да ги повикаат во исламот."

Тогаш за збор се јавил Риб'иј ибн Амир и рекол:

„Со должна почит кон мислењето на нашиот командант, јас не би се согласил со неговиот предлог, бидејќи ако им ја испратиме истата делегација и со истата опрема како на Јездеџерд, тие од тоа ќе заклучат дека се плашиме од нив и дека поради тоа ги уважуваме. Наместо тоа, јас предлагам да им испратиме само еден човек, да почувствуваат дека не ни е многу грижа за Персијците и нивните сили, тоа сигурно ќе им го зголеми стравот и малодушноста."

По тој интересен предлог, членовите на воениот штаб се вклучиле во дискусијата и на крајот се согласиле со тој предлог. Тогаш Са'д барал да му предложат кој ќе биде новиот претставник кој ќе разговара со Рустем. Повторно се јавил Риб'иј ибн Амир и рекол:

„Јас би сакал мене да ме испратите кај Рустем, јас да разговарам со него."

Са'д го прифатил тоа и Риб'иј се подготвил да преjде на другата страна на реката каде што го чекал Рустем во својот раскошен шатор. Тој со себе го повел својот мал коњ, кој повеќе личел на ждребе отколку на коњ што се води во војна. Освен што бил мал, неговиот коњ имал и отсечена опашка, а самиот тој бил во облека која веќе била изабена и која ја носел уште од самото доаѓање во Персија, па од честата употреба и перењето станала излитена и избледнета. Ја ставил својата сабја на појасот кој го направил од платно од воениот плен кој го освоиле во претходните битки, знаејќи дека Персијците ќе ја препознаат облеката која се носи на територијата на Персија. Всушност, со тоа сакал да им го порача следново:

„Она што до вчера било ваше, сега е во нашите раце“, што секогаш оставало негативен впечаток кај непријателот. Преку градите ја ставил својата стрела, а оклопот што го имал му покривал само половина од градите. Ја имал најгустата и најдолга коса меѓу Арапите, но пред средбата со Рустем намерно ја исплел во четири плетенки кои личеле на рогови и тогаш во такво издание, дошол кај Рустем.

Кога дошол пред неговиот шатор, стражарите барале тој да го одложи оружјето, но тој одбил велејќи:

„Вие нè повикавте, не ја баравме ние оваа средба и ако не можам да влезам со оружје, нема ни да влегувам“, по што Рустем му дозволил да влезе со оружје.

Риб’уј ибн Амир влегол во шаторот водејќи го својот коњ и газејќи по украсениот персиски ќилим кој бил долг повеќе од 160 метри. Во шаторот секаде наоколу биле наредени перници кои биле украсени со злато. Тој се доближил и со сабја искинал една перница и за неа го врзал својот коњ, јасно давајќи му до знаење на Рустем и останати Персијци дека муслиманите не му даваат посебно значење на тоа. Потоа го зел своето копје и не оставил ниедна перница ниту позлатена простирка а да не ја искинал, па тогаш седнал на земја пред Рустем, потпирајќи се на своето копје. Потоа Рустем го запрашал:

„Што те наведе да седнеш на земја?“

Одговорил:

„Ние не сакаме да седиме во украси како вие.“

„А што ве довело во нашата земја?“, запрашал Рустем.

Риб’иј ибн Амир му одговорил:

„Нас Аллах нè избрал и испратил да ги изведеме луѓето од робување на луѓето во робување и покорување само на Господарот на луѓето, од неправдата на другите вери во праведноста на исламот, од ограничувањата на овој свет во пространствата на оној свет. Па, на оној што ќе го прифати исламот ние ќе му изразиме добредојде, а ако одбијат да го примат исламот, ние од него ќе прифатиме џизија во замена за слободата и потполните права во исламската држава, а ако и тоа го одбие, тогаш ќе се бориме против него сè додека Аллах не ни даде победа.“ Рустем запрашал:

„А што ако загинете пред тоа?“

Одговорил:

„Аллах ни ветил дека оние што ќе загинат на Неговиот пат ќе ги награди со ценетот, а оние што ќе останат живи, ќе ги награди со победа.“

Потоа Рустем му рекол:

„Во ред, слушнав и разбрав што ми кажа, но дали би можел да ја почекаш мојата одлука додека не се консултирам со политичките водачи во Ктесифон?“

Риб'иј одговорил:

„Секако, ќе ти дадам време од еден или два дена.“

Тој одговор го изненадил персискиот командант, па се обидел повторно да му го објасни своето барање велејќи:

„Какви два дена, јас барам многу повеќе време да се договорам со своите водачи.“

На тоа Риб'иј му одговорил:

„Нас Мухамед, Божјиот мир нека бид над него, нѐ научил на непријателот да му дадеме време од три дена да изберат помеѓу трите можности. Поради тоа и јас ти давам три дена, па ако по три дена го прифатиш исламот, ние ќе те оставиме и ќе се вратиме во нашите домови, ако ја избереш џизијата, ние ќе ја прифатиме и потоа, ако ти треба помош, ние ќе останеме да ти помогнеме, во спротивно, ние пак ќе се вратиме во нашите домови. А ако ја избереш борбата, јас ти гарантирам дека нема да те нападнеме додека не појдат три дена, доколку ти прв не нѐ нападнеш.“

Рустем потоа прашал:

„Дали си ти нивниот водач што ми гарантираш дека нема да нападнете додека не истече договорениот рок?“

Одговорил:

„Не, јас сум обичен војник, но кај нас муслиманите зборот и гаранцијата на обичниот војник имаат иста тежина како и зборот и гаранцијата на командантот.“

Потоа Риб'иј се вратил во муслиманскиот логор, а Рустем ги собрал своите команданти и им рекол:

„Слушнавте ли со каква гордост, искреност и уверливост зборува овој муслиман? Јасно ли ви е сега зошто инсистирам да не влеземе во борба со нив туку да се обидеме да издејствуваме примирје?“

Меѓутоа, тие одбиле да го послушаат и повторно му кажале дека е кукавица и дека се плаши од борбата со муслиманите. Но, и покрај тоа, Рустем не сакал лесно да се откаже од својата намера. Се одлучил да се обиде повторно. Другиот ден Са'д ибн ебу Векас му го испратил на Рустем Хузејфе ибн Мухсин, командантот на осмата бригада во борбата против отпадниците во времето на халифатот на Ебу Бкер. Неговото однесување го откривало истото достоинство, храброст и уверливост како и кај Риб'иј ибн Амир, а тогаш третиот ден, бидејќи Рустем сѐ уште верувал во можноста за примирје, Са'д го испратил познатиот асхаб Мугире ибн Шу'бе. По завршувањето на обредите на хаџот,

## Големата битка на Кадисија

Мугире ибн Шу'бе добро го познавал персискиот јазик, но тоа го криел од Персијците. Барал да му донесат преведувач за да слушне што разговара преведувачот со Рустем за да му го пренесе тоа подоцна на Са'д ибн ебу Векас. Освен тоа, за разлика од своите претходници, тој не влегол во шаторот на Рустем водејќи го или јавајќи го коњот како што тоа го сторил Хузејфе ибн Мухсин. Наместо тоа, тој својот коњ го врзал пред шаторот што ги израдувало Персијците и помислиле дека тој е поинаков од своите претходници. Меѓутоа, кога влегол во шаторот, тој седнал веднаш до Рустем, па неговите стражари се доближиле и го предупредиле дека не смее да седи тука. Откако ги потсетил дека тој е повикан и дека би можел да го напушти шаторот ако му нанесуваат непријатности, Персијците на заповед на својот командант се повлекле и ги зазеле своите претходни позиции.

Потоа Мугире им се обратил со зборовите:

„Јас не мислам дека моето седење покрај Рустем ќе го зголеми моето достоинство, ниту дека тој поради тоа ќе го изгуби угледот. А што се однесува на вас Персијците, ние сметавме дека вие сте разумни и многу остроумни луѓе, бидејќи за вас ни раскажуваа бајки, меѓутоа, јас дури сега гледам дека вие сте многу глупав народ бидејќи им се клањате на луѓето како што му се клања на Бога, а кај нас муслиманите не е така. Ние меѓусебно се почитуваме, сакаме и цениме без оглед на тоа кој каков статус од

нас има. Денеска сфатив дека вашето време е изминато и дека победата и власта не им прилега на народ каков што сте вие.“

Рустем видел дека дошол нож до коска и дека од примирјето нема да биде ништо, ја искористил приликата да го поправи својот впечаток кај своите војници исмејувајќи се со оружјето и опремата што ја имал Мугире. Погледнал во неговата футрола со стрели кои биле изразито кратки и со потсмевање го прашал:

„Какво е тоа вретено и за што ти служи?“

А Мугире му одговорил:

„На жишката не ѝ пречи што е мала за да го усмрти оној што ќе го погоди.“

Потоа Рустем наредил да се донесе оклоп и да се постави за мета и Мугире успеал да го пробие со своето „вретено“, како што ја нарекувале неговата стрела, додека персиските стрели не можеле да го пробијат оклопот на Мугире кој Рустем го нарекол „канта“ од оклоп. Персискиот командант на разни начини се обидел да го испровоцира Мугире и што повеќе да го повреди, па, меѓу останатото, му рекол:

„Примерот за вас Арапите и нас Персијците е како примерот на човек кој има огромно и плодоносно лозје во кое еден ден влегла лисица низ дупката на оградата и почнала да го јаде грозјето. Кога сопственикот на лозјето забележал, рекол: ‚Тоа е обична лисица која не може ништо посебно да направи во олкаво лозје.‘ Меѓутоа, таа, откако се најала, почнала да прави неред по лозјето, ја кршела лозата и ги уништувала плодовите. Човекот се налутил и ѝ викнал да излезе од лозјето, но таа одбила. Тогаш, тој ги повикал своите слуги за да ја избркаат. Кога лисицата видела дека слугите ќе ја бркаат и можеби ќе ја фатат и ќе ја убијат, таа избегала до дупката низ која влегла и се обидела да излезе, но не успеала бидејќи се здебелила од многу јадење, така што дупката ѝ станала тесна. Додека таа безуспешно се обидувала да се протне низ дупката и да избега, слугите ја стигнале и ја тепале додека не ја усмртиле. Затоа, о, Арапи, земете поука и видете како ќе излезете од нашата земја. Јас сум убеден дека во Персија не ве довело ништо друго освен големата потреба и гладот, затоа вратете се, а ние ќе ви дадеме пченица, урми и останата храна, ако сакате, а на вашиот водач ќе му го дадеме најубавиот коњ, нова облека и 1.000 дирхеми. Тоа ви го нудам само поради тоа што не сакам да ве убијам. Вратете се додека сè уште не ви е доцна.“

Мугире мирно го ислушал Рустем, а тогаш му одговорил:

„Благодарноста му припаѓа на Аллах, Господарот на сите светови! Аллах е Создател, Снабдувач и Одржувач на сѐ. Што се однесува на досегашната персиска слава, победа и доминација над останатите народи и држави, таа ни е позната и ние тоа не го негираме. Меѓутоа, ние добро знаеме дека тие благодати ви ги подарил Аллах и дека состојбата на животот на овој свет постојано се менува. Оние што живеат тежок живот чекаат да им светне денот на избавувањето и спасот од силните искушенија, а тие што живеат во изобилство чекаат да ги снајдат искушенија, немаштија, пораз и понижување. Вие сте ги уживале Аллаховите благодати долго време, а на Аллах не сте Му се заблагодарувале, па ве стигнала казната и дојдено е времето кога тиа благодати морате да ги предадете во рацете на други. Затоа, во рок од три дена, одберете една од трите работи: ислам, џизија или борба. Ако не сакаш да го примиш исламот, тогаш, Рустем, биди наш слуга и дај ни џизија, а ние тогаш ќе те оставима намира и ќе те штитиме од оние што ќе те напаѓаат.“

Кога Рустем ги слушнал зборовите на Мугире: „Рустем, биди наш слуга!“, скокнал од своето место и извикал:

„Не сум ни сонувал дека ќе го доживеам овој ден некој да ми нуди, како на главен командант, да бидам слуга. Се колнам во сонцето во кое верувам, нема да ја дочекате зората! Кадисија на сите ќе ви биде гроб. Заминувај од мене! Не сакам повеќе ни да те слушам ни да те гледам.“

Мугире ибн Шу'бе задоволен се враќал во муслиманскиот логор и само што стигнал на мостот, слушнал како некој го повикува. Се свртел и видел еден Персиец кој му довикнал:

„Ме испрати Рустем да те известам дека нашите астролози рекле дека во утрешната битка ќе го загубиш окото.“

Тој само се насмевнал и одговорил:

„Се колнам во Аллах, да немам потреба и понатаму да се борам против вас и слични на вас, ќе посакав утре да ги загубам и двете очи на Аллаховиот пат.“

Претставникот се вратил и го известил Рустем што му рекол Мугире, а тогаш Рустем повторно им се обратил на своите команданти:

„Гледате дека овие луѓе се сите како еден. Меѓу нив нема разидување во поглед на задачата и целта со која дошле и јас сметам дека не постои

војска која може да им се спротивстави и која може да ги порази. Бог нè предупредува, а ние неземаме поука, туку со сопствени раце се фрламе во пропаст.“

Три дена потоа Рустем ја построил својата војска и на новиот коњ, бидејќи Тулејха ибн Хувејлид пред шаторот му го одвел стариот, поминувал меѓу борбените редови и полн со пркос велел:

„Утре ќе ги погребаме муслиманите.“

Некој од неговите војници дофрлил:

„Ако даде Бог!“

А Рустем на тоа само арогантно изустил: „Дал-не дал“. Утредента тој испратил курир да го праша Са’д на која страна на реката сакаат да се борат, а Са’д му одговорил дека муслиманите нема да преминат на западната страна на реката Атик, туку Персијците нека преминат на источната страна каде ги чекала подготвената муслиманска војска. Рустем се согласил, но побарал Зехре ибн Хајевије да се повлече со претходницата на муслиманската војска подалеку од мостот за да може да премине персиската војска, кое Са’д никако не го прифаќал. Поради тоа Персијците морале да побараат друго место за преминување на реката и малку подалеку од мостот тие цел ден и цела ноќ правеле импровизиран премин.

Конечно, дошол моментот кога многубројната персиска војска преминала на другата страна и се нашла очи во очи со малубројната муслиманска војска. Просторот на Кадисија од каналот Сабур кон реката Атик бил мошне тесен така што Рустем бил приморан да ги „укине“ десното и левото крило и да ги помести во средината и да ги построи во ешалони. Со тој потег Хурмуз преминал на десното крило со своите 28.000 војници, 14.000 коњаници, 14.000 пешаци и седум слона. Што се однесува на Џалинус, командантот на претходницата, тој по новиот распоред на војската практично избил на левото крило, на чело со војската која броела 24.000 војници и шест слона. Генералот Бехмен имал 20.000 војници и пет слона, потоа Бејрузан 24.000 војници и шест слона, Михран 24.000 војници и шест слона. Освен овие 120.000 војници, на другиот брег на Атик останале други 120.000 кои имале задача да го чекаат исходот на битката – доколку Персијците ќе губат, тие веднаш би се вклучиле во битката. За Рустем изработиле посебна носилка која личела на негов шатор, која ја носеле четири слона, така што се чувствувал небаре е во неговиот дворец во Ктесифон, а не на бојно поле. Са’д ибн ебу Векас морал да ја распореди својата војска

на истиот начин како и Персијците, бидејќи тоа место не дозволувало формирање на класични крила. Абдулах ибн Му'там ја предводел десната страна на ешалонот, Шурахбил ибн Самт бил на левата страна, а претходницата, на чие чело бил Зехре ибн Хајевије, како и задниот дел на војската кој го предводел Асим ибн Амр се споиле во средниот дел на ешалонот. Мез'ур ибн Адиј останал со 4.000 војници да ја чува задницата. Са'д го направил комплетниот распоред со останатите команданти во тврдината Кудејс која се наоѓала покрај самиот канал Сабур.

Многу муслимански историчари ја споредуваат битката на Кадисија со битките на Бедр, Хајбер и Јермук, бидејќи таа била пресвртница во историјата на исламот. По Кадисија политичката карта на светот се променила во целост. И доколку навистина постојат луѓе кои го вртат и менуваат тркалото на историјата, тогаш муслиманите од Кадисија биле такви луѓе.

## Мајката која во ист ден закопала четворица маченици

Откако го извршил распоредот на војската за битка, Са'д ибн ебу Векас тешко се разболел. На грбот му се појавиле чирови, а болниот ишијас потполно го приковал за земја така што воопшто не можел да се движи. Кога спиел, лежел на стомакот поради чировите на грбот. Морал да остане во тврдината Кубејс и битката да ја следи од врвот на тврдината. За свој заменик го одредил Халид ибн Урфута и за тоа писмено ги известил сите команданти во војската. Некои поистакнати муџахиди и проверени јунаци се побуниле против таквата одлука и не го сакале Халид за командант, па Са'д бил приморан да ги исклучи од стројот и да ги затвори во тврдината, така што тие не учествувале во битката. Тоа било воспитна мерка која ги опаметила и нив и останатите муслимани. Потоа напишал хутба[92] и дал да се прочита пред војската, а во проповедта пишувало:

„Аллах е единствената Вистина, Аллах нема придружник во власта и Тој никогаш нема да го изневери Своето ветување, а Тој објавил: **‚Ние во Зебурот[93], по Опомената, напишавме дека Земјата Моите добри робови**

[92] Хутба – проповед. (Заб. на прев.)

[93] Зебур – Псалми (Заб. на прев.)

**ќе ја наследат.“**[94] Ако се одречете од овој свет, и своите желби и надежи ги насочите кон оној свет, Аллах ќе ви ги даде и овој и оној свет. А доколку се расправате и препирате, ќе останете без борбениот дух и ќе ги изгубите обата света. Не тргнувајте во борба додека не го клањате пладне-намазот[95] во неговото пропишано време. Откако ќе завршите со намазот, јас од тврдината ќе изговорам Аллаху Екбер, а вие сите на глас повторете по мене. Аллах е најголем, Аллах е поголем од Персијците и Римјаните, тој е над сè. Кога јас ќе го изговорам четвртиот текбир, тогаш тргнете на непријателот храбро и смело со зборовите *ла хауле ве ла куввете илла биллах.*[96]“

Муслиманите го послушале својот командант, а откако го клањале пладне-намазот, Са'д наредил во сите единици да се рецитира поглавјето Ел-Енфал, што многу го кренало борбениот морал кај муџахидите. Во текот на рецитирањето на тоа поглавје, многу асхаби кои учествувале во Битката на Бедр се сетиле на таа битка, но и на останатите битки кои ги воделе со Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него. Очите им се navлажниле од солзи, а срцата им се полнеле со иман и желба што порано да се борат со непријателот и да добијат една од двете награди кои им ги ветил Аллах: победа или загинување на Аллаховиот пат.

По рецитирањето на поглавјето Ел-Енфал, Са'д ибн ебу Векас почувствувал дека борбениот морал на муслиманите е на високо ниво и дека во потполност се подготвени за борба. Кратко потоа од тврдината се слушнал продорниот глас на Са'д:

„Аллаху екбер!“, а потоа од 32.000 муслимански грла се заориле:

„Аллаху екбер!“

Текбирот одекнал низ долината на Кадисија и влеал страв во срцата на Персијците, а на муслиманите им дал дополнителна сила и мотив за борба. Секако, тие не тргнале веднаш во напад бидејќи требале да го чекаат четвртиот текбир од тврдината кој бил знак дека битката и официјално почнува. По првиот, набргу следел и вториот текбир по кој муслиманите уште повеќе ги збиле своите редови и ги исукале сабјите од кориците давајќи им до знаење на Персијците дека се подготвени за лута борба. Потоа

[94] Куран: Ел-Енбија, 10. (Заб. на прев.)

[95] Пладне намаз – се клања кога сонцето од зенитот ќе се придвижи кон позиција кога сенката на објектот ќе ја достигне должината на објектот. (Заб. на прев.)

[96] Нема сила ниту моќ, освен со Аллах. (Заб. на прев.)

Са'д го изговорил и третиот текбир, по што напред истапила муслиманската коњаница, составена од најдобрите, најхрабрите и најспособните коњаници. Тие излегле пред Персијците и ги повикале на двобој нивните најдобри борци.

Од муслиманските коњаници први на мегдан излегле Ребиа ибн Осман, Галиб ибн Абдулах, Амир ибн Ма'дикериб и Асим ибн Амр ет-Темими, а силите најпрвин ги одмериле Ребиа ибн Осман и еден персиски борец. Тоа било жестока борба во која и обајцата покажале дека не се првпат на бојното поле и дека се вешти на двобоите. Нивниот двобој се оддолжил и се чинело дека ќе помине без победник сè додека Ребиа не го фатил Персиецот на „крива нога" и со својата остра сабја му задал смртоносен удар. Тоа била првата жртва и првата крв која ја испрскала земјата на Кадисија.

Откако Персиецот паднал мртов на земјата, муслиманските војници повторно, во ден глас, изговориле текбир, кое уште повеќе го зголемило стравот кај Персијците. Тогаш на мегдан излегол Галиб ибн Абдулах, асхаб на Аллаховиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, а негови противник од персиските редови бил Хурмуз (секако не оној Хурмуз кому му пресудила сабјата на Халид во Битката Затус-селасил), намесникот на Ел-Баб, покрај брегот на Каспиското Море, кој носел помала круна на главата која ја симболизирала неговата позиција. Но, не поминало многу време а неговата круна, заедно со главата, паднала на земјата, по што низ Кадисија повторно одекнал текбир. Потоа на двобој излегол Амр ибн Ма'дикериб на разиграниот коњ кој гордо потскокнувал додека поминувал помеѓу воените редови. Амр ја држел во раката својата легендарна сабја „самсам" и така висок, плеќест и силен им оставал застрашувачки впечаток на Персијците. Додека го чекал својот противник, се свртувал кон муслиманите и им велел:

„Борете се денес како лавови, бидејќи вие сте посилни од лавовите."

Тогаш кон него излегол еден Персиец и го гаѓал со копје, меѓутоа неговиот оклоп го издржал ударот на копјето кое се одбило и паднало на земјата, а потоа Амр како лав се нафрлил на Персиецот и со молскавична брзина го зграпчил и го симнал од коњот, потоа, влечејќи го, се вратил до муслиманските редови. Го фрлил на земјата и со еден удар му ја отсекол главата и им ја однел на Персијците. Потоа на двобој излегол Асим ибн Амр, но кога Персиецот кој требало да се бори против него го видел, истиот момент го оставил својот коњ и избегал во пешадиските редови на својата војска, а Асим го зел неговиот коњ како воен плен. Откако нивните борци

изгубиле на двобоите, Персијците почувствувале дека нивните претходни лоши претчувства полека се остваруваат и дека можеби на Кадисија ќе го доживеат најтешкиот пораз во својата историја. Почетокот на Битката на Кадисија го обележале величествените победи на муслиманските борци над Персијците кои им излегувале на мегдан, но и една несекојдневна случка која ја пренесле и ја забележале многу историчари. Имено, еден несреќник од муслиманските редови, заведен од бројноста на Персијците, преминал во нивниот табор и го напуштил исламот. Пред сѐ, несреќен е поради тоа што од верничките редови преминал во неверничките и што помеѓу него и маченишттвото на Аллаховиот пат имало многу малку растојание, но тој не можел да ја сокрие својата неискреност, таа се покажала во одлучувачки момент кога исламот требало да се потврди со живот.

* * *

За таа случка зборувал Персиецот Руфејл, кој го примил исламот и останал во персиската војска како муслимански шпион, и меѓу останатото рекол:

„Еден муслиман премина на страната на Персијците и го откри своето напуштање на исламот и тоа бил единствениот случај на напуштање на исламот во текот на освојувањето на Персија од страна на муслиманите. Персијците го прашале:

‚Од кое арапско племе се најсилните и најискусните борци?'

Одговорил:

‚Нивната основна сила е во племето Буџејл и ако ги поразите нив, вие може да сметате дека сте ги победиле Арапите на Кадисија.'

Кога Рустем го слушнал тоа, веднаш наредил нивното десно крило и претходницата да ги нападнат муслиманските борци од племето Буџејл, кои сочинувале една бригада од неколку илјади војници. Така Хурмузан со своите 28.000 војници и Џалинус со 24.000 војници заедно тргнале во напад на муџахидите од племето Буџејл. Тоа го забележал Са'д ибн ебу Векас, па почекал со четвртиот текбир додека не видел дали муслиманите ќе успеат да го одбијат тој напад. Персијците најпрвин истрелале вистински дожд од стрели кон муслиманите, но муслиманите успешно се одбраниле. Потоа ги пуштиле напред слоновите поради што муслиманките коњи веднаш почнале да бегаат. Коњаниците максимално се труделе да ги задржат и да ги вратат во борба, но безуспешно. Тоа што не им тргнало од

рака на коњаниците, ѝ успеало на пешадијата која им се спротивставувала на силните напади на Персијците и воопшто не им попуштала. Меѓутоа, поради моменталната исклученост на муслиманската коњаница од битката, Персијците стекнале почетна предност која им влевала каква-таква надеж за победа.

Муслиманскиот командант внимателно го следел развојот на ситуацијата на бојното поле и врз основа на своето воено искуство знаел дека, доколку ги изговори четвртиот текбир, сите муслимани ќе навалат на делот на персиската војска која ја воделе Хурмуз и Џалинус што оставало реална можност Персијците со остатокот од своите сили да ја опколат муслиманската војска и да ја донесат во тешка положба. Поради сето тоа Са'д по секоја цена сакал да ја присили комплетната персиска војска да се вклучи во борбата гради в гради и потоа со својот четврт текбир да ги поттикне муслиманите за напад. Муџахидите од племето Буџејл и понатаму им се спротивставувале на нападите, но ситуацијата била мошне тешка, а дополнително ја отежнувало и тоа што Персијците фрлале под нозете на муслиманските коњи метални боцки кои им ги ранувале нозете и им задавале големи проблеми. Во исто време, Са'д испратил порака до племето Бену Есед да им дојдат напомош на племето Буџејл. Пред тие да тргнат напомош, Персијците ги пробиле воените редови и влегле во длабочината на племето Буџејл како и во длабочината на племето Кинд кое било на левата страна. Откако добиле писмо од Са'д, пред нив излегол Тулејха ибн Хувејлид ел-Есди и им рекол:

„Са'д ибн ебу Векас немал никого подобар од вас за да им го испрати напомош на нашите браќа. Вие сте наречени Бену Есед (Синови на лавот) поради тоа што во борбата ја потврдувате вашата сличност со лавовите, затоа борете се онака како што се борат лавовите."

Тоа дополнително им дало крилја на муслиманите од тоа племе и тие со сета жестина тргнале кон Персијците. Во првиот налет успеале да ги вратат персиските сили на почетните положби и продолжиле да се борат со несекојдневна храброст и пожртвуваност. Потоа Хурмузан и Џалинус главните напади ги насочувале кон муџахидите од племето Бену Есед. Припадниците на племето Кинд го забележале тоа, па пред нив излегол Еш'ас ибн Кајс и им рекол:

„О, групо муџахиди од племето Кинд! Аллах нека им помогне на муслиманите од племето Бену Есед, јас досега не сум видел некој толку жестоко и храбро да се бори како нив. Поради тоа никој од муслиманите денес нема оправдување и изговор пред таквата храброст, а да не го направи она што тие го прават.“

Кратко потоа, трите муслимански племиња со заеднички сили удриле на Персијците кои немале можност да ги опколат поради тесниот простор кој им задавал големи проблеми, бидејќи борбените редови биле тесни и долги, така што во првите борбени редови немало многу војници и муслиманите лесно излегувале на крај со нив. Рустем видел дека ситуацијата за неговата војска е тешка, па му наредил на Бехмен со своите 20.000 војници и пет слона да ја нападне онаа страна на која е муслиманското племе Бену Есед, по што Персијците по вторпат во текот на битката дошле во подобра позиција. Са'д ибн ебу Векас се загрижил кога ги видел слоновите, па го повикал од тврдината Асим ибн Амр и го прашал:

„Асим, имаш ли некое решение за слоновите?“

Искусниот муџахид и проверен јунак одговорил:

„Имам, се колнам во Аллах!“

Потоа одбрал група од најдобри стрелци од племето Бену Темим и им наредил да ги гаѓаат слоновите и периските војници кои ги воделе. Секој слон на грбот имал ковчег во кој имало по десетина персиски војници.

Асим ги поделил стрелците во две групи, првата група ги гаѓала водачите на слоновите, а втората имала задача да се пробие што поблиску до слоновите и со копја да ги урнат ковчезите од нивните грбови. Муслиманите она што го наумиле и го постигнале. Првата група прецизно ги погодувала водачите на слоновите, а втората упеала да ги урне ковчезите од слоновите и да ги убие персиските војници во нив. Во најголемиот ковчег имало дури тринаесет Персијци. Бидејќи акцијата за елиминација на слоновите успеала, Са'д гордо го изговорил четвртиот текбир по што муслиманите со сета жестина навалиле на Персијците кои ги дочекале на своите копја и сабји. Тоа било борба гради в гради во која се слушале само ѕвекотот на сабјите, криковите на ранетите, врисокот на коњите и поединечните, но многу гласни текбири на муслиманите. Муџахидите од Буџејл и Бену Есед ги одбивале нападите на Персијците кои ги предводел Бехмен Џазевејх и ги приморале да се вратат назад. Насекаде лежеле мртви и ра-

нети. Крвавата борба траела сè до периодот по акшамот а потоа е продолжена и до јацијата. Пред јацијата борбата стивнала и двете војски се вратиле на почетните позиции. На 13. шабан 15. година по хиџра завршил првиот ден од Битката на Кадисија. Тој ден во историјата на исламот се нарекува Денот на *ермас* или нерешениот исход, бидејќи сè уште не се наѕирал победникот, иако би можело да се каже дека Персијците биле во незначителна предност. Во првиот ден од битката загинале 500 муслимански борци, повеќе од 400 од племето Бену Есед, а имало и многу ранети, додека Персијците изгубиле повеќе од 2.000 војници. Во текот на ноќта муслиманите ја искористиле можноста и на камилите ги пренеле своите мртви до местото Азибул-хеџанат, неколку километри од Кадисија, каде што ги чекале жените муслиманки.

Имено, бидејќи муслиманите тргнале во битка пред неколку месеци, со себе ги повеле и жените на кои им подигнале логор во спомнатото место во заднината на војската. За жените се грижел Хабиб ибн Џерир ел-Енсари, а освен тоа бил и приучен лекар кој исклучително успешно ги лечел ранетите. Жените копале гробови, а ниедна од нив не знаела кој од муслиманите ќе биде закопан во тој гроб; нивните мажи, татковци, синови, браќа или други поблиски и подалечни роднини. Муслиманите успела во текот на ноќта да ги закопаат сите шехиди, така што имале време да се подготват за утрешното продолжение на битката.

Таа ноќ познатата арапска поетеса Ханса седнала со своите четири сина и ги бодрела за борба и ги предупредувала случајно да не избегаат од бојното поле, колку и да биде тешка ситуацијата. Им напомнувала дека желбата за џенетот мора да им биде подрага од желбата за животот на овој свет. Истата таа Ханса во џахилиетот со години го оплакувала својот брат Сахр и му посветила многу свои стихови. Меѓутоа, кога го примила исламот, ете, таа дошла во Кадисија за да ги бодри своите синови за борба велејќи им:

„Вие го примивте исламот со убедување и доброволно излеговте во џихад. Добро знаете каква награда им ветил Аллах на муслиманите за борбата против неверниците. Знајте дека вечната куќа е многу подобра од минливото овосветско живеалиште, и дека Аллах објавил **‚О, верници, бидете трпеливи и издржливи, постојано бдејте и плашете се од Аллах,**

**за да успеете!“**[97] Ако утре осамнете живи и здрави, тргнете и борете се во име на Аллах и учествувајте во победата на муслиманите.“

Во текот на ноќта Са’д добил писмо од Ебу Убејде ибн Џерах, командантот на муслиманската војска во Шам, која извојувала величествена победа против Византијците во Битката на Јермук. Халифот Омер му наредил да им испрати помош на муслиманите на Кадисија, што тој и сторил и преку својот курир го известил Са’д ибн ебу Векас дека му испраќа 6.000 муџахиди напомош. Муслиманите биле пресреќни кога слушнале дека им стигнува помош и дека во Персија повторно доаѓа бестрашниот муџахид Ка’ка ибн Амр. Ка’ка, со претходницата која броела 1.000 војници, стигнал во самата зора од вториот ден на битката. Пред да ѝ се приклучи на муслиманската војска, тој ги поделил своите илјада војници на десет групи по стотина војници и им наредил полека и постепено да им се приклучуват на муслиманите на Кадисија и при влегувањето во муслиманските логори секоја група гласно да изговори текбир. Кога Персијците ги слушнале силните текбири, мислеле дека на муслиманите им дошла огромна војска напомош и дека пристигнувањето напомош нема никогаш да престане.

Иако Ка’ка минал долг и тежок пат до Кадисија, тој веднаш на почетокот од вториот ден се вклучил во борба. Во препознатлив стил излегол пред воените редови и барал некој од Персијците да му излезе на двобој. Тој предизвик го прифатил Бехмен Џазевејх, единствениот Персиец кој дотогаш успеал да ги порази муслиманите, во Битката на мостот. Тој предводел група од 20.000 војници. Најпрвин размениле по неколку удари испитувајќи се еден со друг, а тогаш Ка’ка ја искористил својата вештина и искуство и со брз и прецизен удар смртно го ранил Бехмен кој по некој момент паднал мртов на земјата. Меѓу Персијците сè повеќе се вовлекувале стравот и песимизмот, а особено по убиството на Бехмен, од кого многу очекувале. Тоа го забележал и Рустем и со намера да пробуди барем малку надеж и оптимизам во својата војска, наредил на двобој да излезат уште двајца персиски генерали, Бејрузан и Бендеван. Ка’ка излегол на двобој со Бејрузан, а Харис ибн Зубјан излегол на двобој со Бендеван. Набргу Рустем сфатил дека направил голема грешка и дека не го повратил отимизмот, туку го зголемил песимизмот кај својата војска, бидејќи по неколку разменети удари и двајцата Персијци му се придружиле на Бехмен меѓу мртвите.

[97] Куран: Али Имран, 200. (Заб. на прев.)

Вториот ден од битката бил навистина кобен за Персијците, бидејќи во самиот почеток изгубиле тројца главни команданти, потоа, слоновите им избегале од бојното поле и на муслиманите им стигнала помош од Шам. Поради тоа, во текот на ноќта тие морале да направат нови ковчези за да ги оспособат и подготват слоновите за продолжување на битката. Потоа на двобој излегле, еден по друг, синовите на Ханса и сите четворица загинале. Кога таа вест дошла до Ханса, таа гордо кажала:

„Му благодарам на Аллах што ме почестил со нивното маченииштво. Се надевам дека мојот Господар повторно ќе ме спои со нив во закрилата на Својата неизмерна милост."

Во вториот ден од Битката на Кадисија, некои поединци од муслиманските редови посебно се истакнале по својата храброст и желбата за мачеништво. Историчарите спомнуваат дека еден од командантите на муслиманската пешадија, Севад ибн Малик, самиот тргнал кон Персијците и се борел против нив и ги убивал толку што речиси стигнал до командното место на Рустем кога смртно го погодила непријателска стрела.

Потоа, Ка'ка ибн Амр по трет пат барал некој да му излезе на двобој и Персијците еден по еден излегувале и Ка'ка успеал да убие преку триесетина Персијци, а битката во тој ден сè уште ни не почнала. Двобоите середеле сè до периодот по пладне-намазот, а потоа двете војски повторно се бореле гради в гради и битката траела од икиндија[98] до периодот по половина од ноќта. Муслиманите во текот на битката доживеале уште едно пријатно изненадување. Имено, халифот Омер ибн Хатаб ѝ испратил подарок на својата војска кој многу им значел. Испратил четири коња и четири сабји. Са'д им ги поделил коњите на четворицата јунаци од племето Бену Темим: Ка'ка ибн Амр, Нуајм ибн Амр, Утаб ибн Нуајм и Амр ибн Шебиб, а сабјите на: Хамал ибн Малик, Риб'иј ибн Амр, Тулејха ибн Хувејлид и Асим ибн Амр.

## Необичниот настан на маскираното лице

Еден од настаните што го обележале вториот ден од Битката на Кадисија е, секако, оној со Ебу Михцен ес-Секафи. Имено, тој бил во групата на бунтовните муџахиди коишто, пред самата битка, одбиле послушност на Заме-

98 Икиндија се клања од завршетокот на пладне намазот и до пред зајдисонце. (Заб. на прев.)

никот на Са'д, Халид ибн Урфута, па Са'д наредил да ги затворат во тврдината и да ги врзат во синџири. Така Ебу Михџен бил приморан да го слуша ѕвекотот на сабјите и текбирите на неговите другари кои се бореле против Персијците додека тој во непосредна близина бил врзан со тешки синџири. Горко се каел за својата непослушност кон командантот Халид ибн Урфута и го молел Са'д ибн ебу Векас да го пушти да учествува во борбата, а ако остане жив, тогаш со него нека прави што сака. Меѓутоа, Са'д бил доследен во примената на воспитната мерка и не го пуштил, без разлика што муслиманите имале голема потреба од таквите борци како Ебу Михџен.

Сопругата на Са'д, Селма, била задолжена да им носи вода и храна на казнетите муџахиди. Кога отишла да им однесе храна во вториот ден од битката, таа го слушнала тажниот и молежлив глас на Ебу Михџен кој ја повикувал:

„Селма, дали сакаш да направиш добро дело?"

Таа се доближила и запрашала:

„А какво добро дело?"

Одговорил:

„Те заколнувам во Аллах, одврзи ми ги овие синџири и опреми ми го коњот на Са'д, Белка, да им се придружам на муслиманите во борба против Персијците, па ако Аллах даде да останам жив, јас ти ветувам дека самиот ќе се вратам и ќе се врзам со синџири за да не се забележи дека сум учествувал во борбата."

Селма му одговорила на тоа:

„Ти добро знаеш дека јас воопшто не смеам да го сторам тоа", а потоа се вратила во просторијата во којашто престојувал нејзиниот маж Са'д ибн ебу Векас. Додека се оддалечувала од ќелијата на Ебу Михџен, слушнала како тој во стихови ја изразува својата болка и тага поради отсуството од

битката, а потоа гласно и болно плачел. Неговиот плач и лелекање ја растажиле Селма и таа одлучила да се абдести[99] и да клања два реката[100] истихара-намаз[101] за да донесе конечна одлука за барањето на Ебу Михџен. По клањањето на намазот, во душата почувствувала дека е добро и исправно ако го ослободи и веднаш тргнала кон неговата ќелија, му ги тргнала синџирите и му го дала коњот на Са'д. Тој, сиот среќен, го зел своето вооружување и го извел коњот на задниот излез од тврдината, потоа го прекрил лицето со турбанот и се вклучил во борбата. Сето тоа се одвивало по половината на ноќта. Најпрвин му се приклучил на левото муслиманско крило, каде што било неговото племе Секаф и веднаш влегол меѓу Персијците и на таа страна убил голем број на нивни војници, а потоа се префрлил на десното крило и го направил истото што и на левото. Муслиманите со чудење го гледале тој бестрашен муџахид кого, поради мракот и покриеното лице, не го препознале. Са'д ибн ебу Векас исто така го набљудувал тој борец и си велел себеси:

„Субханаллах, одењето и движењата на оној коњ се како одењето и движењата на мојот коњ, Белка, а оние удари со сабјата се слични на ударите на Ебу Михџен и овој случај ми е поптполно нејасен. Се колнам во Аллах, да не знаев дека Ебу Михџен е врзан со синџири во мојата тврдина, и дека мојот коњ е во шталата, никој не ќе можеше да ме убеди дека тоа не е Ебу Михџен на мојот коњ, Белка."

Откако си олеснил на душата и успешно ја извршил својата задача, Ебу Михџен по половината од ноќта се вратил во тврдината, го распремил коњот и го одвел во шталата и си ги поставил синџирите на нозете, како што ѝ ветил на Селма. Утредента Селма влегла кај својот маж Са'д и му ја раскажала целата приказна за случајот со Ебу Михџен. На почетокот Са'д жестоко се налутил на својата сопруга и на Ебу Михџен, но кога отишол во неговата келија и видел дека тој го исполнил своето ветување, им простил и нему и на Селма, а потоа конечно го ослободил и му дозволил да оди во борба.

---

[99] Абдест – миење на одредени делови од телото пред молитва. (Заб. на прев.)

[100] Рекат – основен дел од молитвата и се состои од едно стоење – наречено кијам, едно поклонување – руку и две паѓања ничкум – наречено сеџда. (Заб. на прев.)

[101] Истихара-намазот е посебен вид на намаз кој муслиманите го извршуваат при некое двоумење околу донесување на некоја одлука, психичка збунетост и растроеност или некаква грижа. (Заб. на прев.)

Вториот ден од Битката на Кадисија траел речиси до зората на третиот ден, загинале 2.000 муслимани, а повеќе од 10.000 Персијци. Значи, во двата дена муслиманите имале вкупно 2.500 загинати, а Персијците 12.000. Како и во претходната ноќ, Са'д повторно наредил загинатите муслимани да се одведат во Азибул хеџанат и таму да се закопаат. Персијците воопшто не обрнувале внимание на своите мртви ниту, пак, во текот на прекинот на борбата, ги воделе од бојното поле, така што, кога осамнал третиот ден од битката, Кадисија била прекриена со мртвите тела на Персијците. На боиштето немало ниеден загинат муслиман, што делувало негативно на персиските војници, бидејќи тие знаеле колку муслимани загинале во текот на дводневната борба.

* * *

Откако завршил и вториот ден од големата исцрпувачка Битка на Кадисија, Ка'ка ибн Амр, по половината на ноќта, кога сите одмореле, ја повторил својата измама која била многу ефикасна. Тој со своите 1.000 муџахиди отишол два километра северно од Кадисија, ги распоредил во групи од по 100 војници и им рекол:

„Кога ќе осамне нов ден, секоја група нека тргне кон нашиот воен логор и нека изговара гласно текбири за да помислат Персијците дека повторно ни стигнала помош."

Истата работа ја направил и неговиот брат, Асим ибн Амир, само од јужната страна на Кадисија. И, кога осамнало, се слушнале текбири од северната и од јужната страна така што Персијците помислиле дека на муслиманите им стигнува свежа сила и помош. Освен тоа, треба да се напомене дека во вториот ден од битката пристигнала и муслиманската војска од Шам под команда на Хашим ибн Утбе ибн ебу Векас, 5.000 на број. Командант на десното крило на шамската војска бил Кајс ибн Мекшух, кој во Битката на Јермук го загубил десното око, исто како и Амр ибн Ма'дикериб, но и покрај тоа одвај чекал да дојде во Персија и да им помогне на муслиманите на Кадисија во борбата против Персијците. Големиот стратег, Ка'ка ибн Амр, не престанал да размислува за победничките стратегии пред да се борат и третиот ден со Персијците. Имено, тој знаел дека Персијците ги користеле слоновите во битките и дека и на Кадисија, во текот на првиот ден на битката, направиле неред во редовите на муслиманската коњаница, па размислувал како да дојдат муслиманите до

слоновите и да ги користат во продолжението на борбата. И додека размислувал како и на кој начин муслиманите да стигнаѕ до слоновите, одеднаш се сетил на решението. Извикал:

„Набргу ќе имаме и слонови!“

Потоа наредил да се доведат камилите и да им се направат прекривачи од шаторско волнено платно. Неговата група цела ноќ правела прекривачи, а потоа ги покриле камилите, така што им се гледале само очите. Покрај тоа, на нив обесиле големи метални ѕвона и други направи од метал кои при секое движење давале силен и необичен звук. Пред да почне битката, тој наредил по тројца муслимани да се качат на камилите-слонови, а неколку коњаници да ги следат и штитат. Откако Персијците завршиле со поправањето на ковчезите за слоновите, во третиот ден од битката тие повторно ги повеле слоновите во борба. Меѓутоа, кога персиските коњи ги виделе муслиманските „слонови“ и кога го слушнале ѕвонењето на ѕвоната и на другите метални предмети, тие почнале да се повлекуваат и да бегаат така што нивните коњаници не можеле да ги скротат и да ги запрат. А што се однесува на персиските слонови, нив и овојпат ги предводеле големиот Бел и вториот Шугав слон. Са’д ибн ебу Векас му наредил на Ка’ка ибн Амр и на неговиот брат Асим да се обидат да го ликвидираат Белиот слон, а на Хамал ибн Малик и Риб’иј ибн Амр им наредил да го убијат Шугавиот слон. За таа задача Ка’ка избрал една помала група муџахиди од племето Темим, но пред да тргнат во акција, тој побарал од Са’д да се посоветува со Персијците кои преминале во ислам и да ги праша кои се најслабите точки на телото на слонот. Персијците муслимани ги известиле дека очите и сурлата се најчувствителните делови кај слоновите и ако успеат да ги погодат во очите или им ја исечат сурлата, тогаш од слоновите нема никаква корист на бојното поле. Потоа Ка’ка и неговиот брат Асим ја поделиле својата група на два дела и со копја во рацете тргнале директно на Белиот слон. Ка’ка успеал да го забие копјето во десното, а Асим во левото око, а тогаш ја зел својата сабја и му ја отсекол сурлата. Слонот паднал на земјата и за неколку моменти умрел. Хамал ибн Малик и Риб’иј ибн Амр исто така успешно ја извршиле својата работа, само што нивниот Шугав слон останал жив и по ранувањето избегал од бојното поле. Тоа им одело во прилог на муслиманите бидејќи и останатите слонови тргнле по него во правец на реката Атик, односно во правец на резервните персиски сили кои биле од другата страна на реката. Тоа уште повеќе го зајакнало

борбениот морал кај муслиманите, па Кајс ибн Мекшух излегол пред муслиманската војска и рекол:

„Муслимани, не заборавете дека Аллах ви го дал секое добро во исламот и ве почестил со последниот пратеник, Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, и вие, со Аллахова помош, станавте браќа. Вашиот повик, вашата вера и вашите дела станале едно, откако бевте непријатели еден на друг, како најлути ѕверови. Помогнете го Аллах и Тој ќе ве помогне, и барајте од Аллах победа против Персијците. Вашите браќа успеале да го освојат Шам и го наследиле богатството на византиските цареви токму онака како што нè известил Мухамед, божјиот мир нека биде над него, пред многу години во текот на Битката на Хендек кога рекол дека муслиманите ќе го освојат богатството на Византија и Персија. Затоа, радувајте му се на скорото освојување на Персија и главниот град Ктесифон и знајте дека Кадисија е местото на нашата голема победа, иншаллах.“

Потоа излегол Хашим ибн Утбе, кој тукушто стигнал од Шам, и веднаш ги предизвикал Персијците на двобој. Еден по еден од персиските јунаци му излегувале на мегдан на Хашиб ибн Утбе и истите повеќе не се враќале живи меѓу својата војска. Повеќе од петнаесет Персијци останале да лежат на Кадисија по двобојот со Хашим. Во тој трет ден битката уште повеќе се разгорела и небаре двете војски и нивните команданти претчувствувале дека тоа би можело да биде одлучувачки ден.

Во најголемиот ек на битката муслиманската извидница го известила Са’д ибн ебу Векас дека на десната страна на Кадисија постои место на реката Атик каде војската без проблеми би можела да премине на другата страна. Персијците во тој момент не знаеле за плитката вода на тоа место, но кога би дознале, би можеле многу лесно да преминат со резервните 120.000 војници и да ги нападнат муслиманите од зад грб. Са’д ведаш издал наредба да се испратат две групи од по триесет војници да го чуваат тоа место. За команданти на тие групи ги одредил Амр ибн Ма’дикериб и Тулејха ибн Хувејлид. Меѓу останатото, им наредил никому да не кажуваат за тој премин, а доколку Персијците дознаат за него и се обидат да преминат, двете муслимански групи нека им се спротивстават храбро додека не им дојде помош. Кога куририот на Са’д се вратил во тврдината, Тулејхаи Амр започнале разговор сличен на оној пред битката на Кадисија и ковеле опасни планови. Имено, Тулејхаму рекол на Амр:

„Јас мислам дека би било добро ние со нашите групи (а ги имало сè на сè шеесет војници), да преjдеме на другата страна и да ги нападнеме Персијците од зад грб.“

Амр ибн Ма’дикериб одговорил:

„Јас исто така сум за напад, но мислам дека би било подобро да ги нападнеме од бочната страна, а да останеме на страната на бојното поле.“

Ни едниот ни другиот не биле во право, бидејќи размислувале за акција која не им била наредена, но Амр, во случај на пораз, би бил во подобра позиција, бидејќи сепак можел да се повлече и да се врати во муслиманските редови. Потоа Тулејха ибн Хувејлид, бидејќи не можел да го убеди Амр во исправноста на својата постапка, самиот тргнал преку реката сакајќи да ги нападне Персијците од зад грб. Амр исто така тргнал на својата задача и се впуштил со својата малубројна група во борба против Персијците од бочната страна. Са'д ибн ебу Векас со нетрпение чекал вести за нив, но претчувствувал дека тие двајцата повторно направиле нешто на своја рака. Стравувајќи за нивните животи, тој го испратил Кајс ибн Мекшух, на чело со седумдесет војници, да видат каде се и каква е ситуацијата кај преминот. Кајс ибн Мекшух го затекнал Амр како со својата група жестоко се бори против Персијците на бочната страна, но бил во многу незавидна ситуација, бидејќи Персијците речиси ги опколиле. Тогаш Кајс со својата група тргнал напомош и на крајот успеале да се извлечат здрави и живи од обрачот и да се вратат на муслиманската страна. Са’д жестоко го укорил Амр поради таа непромислена постапка, но немал време да се занимава со него, бидејќи сè уште ништо не дознал за Тулејх. Од него немало ни трага ни глас. Битката траела до длабоко во ноќта, а малку по половината на ноќта муслиманите и Персијците слушнале нешто чудно насред персиската војска и многу блиску до шаторот на Рустем. Имено, одеднаш низ ноќта одекнало:

„Аллаху екбер! Аллаху екбер! Аллаху екбер!“

Битката за момент престанала и сите гледале кон местото од каде што дошле текбирите. Тоа, всушност, бил Тулејха ибн Хувејлид кој во текот на ноќта успеал да се пробие речиси до командното место на Рустем и откако изговорил три текбири и направил неред во персиските редови, пак се вратил меѓу муслиманите под закрила на ноќта. Са’д го укорил Тулејха, како и Амр, но на крајот им простил, бидејќи знаел дека тоа го сториле за да направат неред во непријателските редови, изложувајќи се на опасност.

## Муслимани, го убив Рустем

Во претходните два дена битката траела отприлика до половината на ноќта и тогаш се прекинувала и војските се повлекувале во своите логори, меѓутоа, во третиот ден, ни откако поминала половината на ноќта, битката не престанувала и ниедната страна не била за прекинување на борбата. Бидејќи муслиманите виделе дека ниту Персијците не мислат да ја прекинат борбата, најдобрите муџахиди излегле пред воените редови и барале двобој, небаре тукушто почнала битката. Меѓутоа, никој од Персијците не смеел да излезе, бидејќи во поединечните двобои биле потполни губитници. Врз основа на тоа Са'д сфатил дека Рустем сака да ја продолжи борбата гради в гради, па ги известил своите команданти да не го започнуваат нападот додека не слушнат три текбири од тврдината. Меѓутоа, Са'д успеал да изговори само еден текбир, а борбата веќе се разгорела. Имено, бидејќи најпрвин дошло до размена на „оган" со копја и стрели, една стрела од персиската страна го погодила директно во градите Халид ибн Је'мур ет-Темими, неразделниот другар на Ка'ка ибн Амр, и тој умрел како маченик. Кога Ка'ка видел дека другарот му загинал, тој немал трпение да го чека вториот и третиот текбир на Са'д, туку со својата група веднаш тргнал во напад.

Неговата бригада ја нападнала персиската војска со која во почетокот командувале Бехмен и Бејрузан, а по нивното загинување тој дел од војската практично останал без вистински командант. Иако Ка'ка погрешил што тргнал во борба без дозвола, Са'д не се лутел поради тоа, бидејќи знаел дека тоа не го направил од надменост и одбивање на наредбата, па рекол:

„Господару мој, прости му и помогни го, јас му дадов дозвола за борба без тој да ја побара."

Додека муслиманското племе Темим, на чело со Ка'ка ибн Амр, водело одлучувачка битка против Персијците, се зачул вториот текбир од тврдината, кој на муслиманите им го пробудил борбениот дух и желбата за борба. Познатите муслимански научници и говорници излегувале пред војската и ги поттикнувале на борба. Меѓу другите, на муслиманскта војска ѝ се обратил и писарот на Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, Ханзале, кој им рекол:

„О, луѓе, не стравувајте од она што ви е судено, туку стрпете се во борбата, бидејќи спасот е во трпеливоста, а не во стравот."

По вториот текбир и трогателните и поттикнувачки зборови на муслиманскиот говорник, Асим ибн Амр не можел да го дочека третиот текбир од тврдината ниту, пак, мирно да набљудува како неговиот брат Ка'ка се бори против Персијците кои, како оси, навалувале на него од сите страни. Тој со остатокот од племето Темим тргнал во борба, а по него тргнале и муслиманите од племето Кинд, Есед и Буџејл и сите заедно навалиле на Персијците. На Са'д ибн ебу Векас не му преостанувало ништо друго освен да го изговори и третиот текбир и така да го официјализира почетокот на битката, односно продолжувањето на битката која траела 24 часа. Муслиманите, со последните атоми на сила, вршеле силен притисок врз Персијците кои сè повеќе се повлекувале кон реката Атик. Во текот на нападот загинал асхабот Ертат ибн Ка'б кој го носел знамето кое уште Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, му го дал и рекол:

„Ова знаме ќе го носи Ертат ибн Ка'б сè додека е жив."

Пред да му испадне знамето од раката, го презел неговиот брат Дурејд ибн Ка'б и кратко потоа загинал, потоа знамето го зел нивниот трет брат, Кајс ибн Ка'б, но и тој загинал. Меѓу загинатите во тој напад бил и слепиот асхаб Абдулах ибн Уми Мектум, по чиј повод е објавено куранското поглавје Абесе. Иако бил потполно слеп и со самото тоа ослободен од џихадот, тој излегол на Кадисија со останатите муџахиди и за своето учество во борбата рекол:

„Јас сум тука за да го зголемам бројот на муслиманите и Персијците да стекнат впечаток дека нè има повеќе отколку што тие мислат."

Осамнал и четвриот ден, а борбата не се прекинувала, напротив, станувала сè пожешка и на двете страни имало сè повеќе мртви и ранети.

* * *

Осамнал и четвртиот ден од Битката на Кадисија. Са'д ибн ебу Векас почувствувал дека тоа ќе биде денот на одлуката и дека и двете војски се максимално исцрпени. Било прашање на моментот кога едната од страните ќе почне да се повлекува од бојното поле или барем да побара прекинување на борбата. Тоа го почувствувал и искусниот муџахид Ка'ка ибн Амр, па ја искористил можноста и им се обратил на своите соборци со зборовите:

„Поразот набргу ќе ги стигне оние кои први ќе попуштат, затоа издржете и сетете се на куранската вистина: **„...ако вие трпите болка, и тие трпат болка како вас, а вие уште од Аллах се надевате на тоа на што тие не се надеваат!“**[102] Издржете, браќа, уште само малку, и бидете трпеливи, бидејќи победата доаѓа со трпеливост.“

Неговиот говор одново го поттикнал борбениот морал кај муслиманите и тие почнале едни со други да се бодрат за борба и истрајност, небаре битката тукушто почнала. Потоа со сета жестина навалиле на Персијците и успеале борбата потполно да ја пренесат на персиската страна. Ка’ка ибн Амр во екот на битката ковел план и смислувал тактика со која би ги поразил Персијците што порано, кои веќе биле потерани долж реката Атик. На крајот заклучил дека тактиката која некогаш мошне успешно ја применувал неговиот голем пријател и бестрашен муџахид, Мусена ибн Харис, а тоа значи обид за раздвојување на персиската војска на два дела, во овој момент може единствено да даде добро резлултати. Одлучил да ги одбере најдобрите и најхрабри борци од племето Темим и да удри во „срцето“ на персиската војска и во потполност да го раздвои нивното десно и лево крило, а тогаш да ја нападне персиската средишница каде што се наоѓал главниот командант Рустем.

„Ако го убијам Рустем, сум ја одработил главнината на работата и убеден сум дека Персијците тогаш ќе почнат да се повлекуваат“, размислувал Ка’ка ибн Амр. Кратко потоа тој со својата војска тргнал во акција која била еднаква на опасна авантура, бидејќи средишниот дел на персиската војска броел 20.000 војници, а целокупното муслиманско племе Темим броело 3.000 муџахиди. И покрај тоа, избраната муслиманска група тргнала во напад и со Аллахова помош успеале, малку по малку, да ги натераат Персијците да почнат да се повлекуваат пред силниот муслимански напад.

Во исто време, муслиманското племе Бену Кахтан го напаѓало десното персиско крило со кое командувал Хурмуза, а племето Кејс го нападнало левото персиско крило со кое командувал Михран. Наскоро на таа муслиманска војска ѝ се придружиле 4.000 муџахиди кои дошле од Шам, а кои ги предводел Хашим ибн Хутбе. Притисокот над Персијците бил сè посилен и по извесно време муслиманите успеале да се пробијат до самото средиште каде што се наоаѓал Рустем, а потоа преминале на другата страна на

[102] Куран: Ен-Ниса, 104. (Заб. на прев.)

реката Атик и на тој начин ги разбиле Персијците и ги поделиле во два табора. Во тој одлучувачки напад муслиманските борци покажале невидена храброст и издржливост.

Тоа го потврдува и случајот на еден енсариј кому му била отсечена раката, но тој продолжил да се бори како ништо да не се случило. Еден од муслиманските борци поминал покрај него и го прашал:

„Кој си ти, Аллах нека ти се смилува?"

Тој му одговорил:

„Јас сум енсариј и се надевам дека наскоро ќе бидам со оние на кои Аллах им ја дал својата благодат, меѓу пратениците, мачениците и добрите луѓе."

Така и се случило, кратко потоа тој умрел како маченик. Кога муслиманите биле пред огромниот шатор на Рустем, Аллах дал да дувне силен ветер, и тоа од спротивен правец, од запад кон исток, иако е вообичаено на тоа место во текот на целата година ветровите да дуваат од исток кон запад. Овојпат било обратно, а тоа значело дека ветерот дувал и вителот со прашина го носел директно во лицето на Персијците, што било јасен знак за Аллаховата помош и поддршка на муслиманите. Муслиманските војници влегле во шаторот на Рустем, но не го нашле. Зад шаторот биле врзани неколку магариња кои биле натоварени со оружје и друг прибор за војската. Муслиманскиот војник, Хилал ибн Алефе, лут што не успеал да го најде Рустем, со сабјата ги сечел и ги превртувал предметите во шаторот и надвор од него. Така, меѓу останатото, го пресекол и јажето со кое бил врзан товарот на едното магаре, по што слушнал болен крик зад магарето, а потоа видел еден персиски војник како безглаво бега. Кога го видел, Хилал рекол: „Да не е можеби тој?!", мислејќи на Рустем. Веднаш тргнал во потера по него и кога сосема му се приближил, го слушнал како сиот задишан и престашен довикува:

„Остани на своето место и не оди по мене", мислејќи дека тоа е некој од неговите војници. Меѓутоа, Хилал давал сѐ од себе за да го стаса и кога Рустем го забележал тоа, зел копје и го гаѓал. Копјето го изгребало Хилал, но тој ја продолжил потерата по него. Бидејќи немал каде понатаму да бега, оти дошол до самиот брег на реката Атика, Рустем се фрлил во реката. Тоа не го изненадило Хилал и тој, без двоумење, скокнал по него во реката, а тогаш го фатил за ногата, го извлекол од водата и му ја отсекол главата.

Дури тогаш сфатил дека го убил Рустем, бидејќи на него била посебна униформа, а на главата круна. Потоа сиот среќен се вратил во шаторот на Рустем, се качил на неговиот престол и извикнал:

„Муслимани, јас го убив Рустем!"

Набргу потоа, на местото каде што бил главниот штаб на персиската војска, се собрале сите муслимански војници и на Персијците им станало јасно дека нивниот командант загинал. Сфатиле дека се поразени и дека не им преостанува ништо друго освен да се предадат или да се обидат да избегаат пред муслиманските сабји. Преживеаните персиски команданти, Џалинус и Хурмузан, биле блиску до преминот на реката Атик и ѝ наредиле на својата војска итно да се повлече од бојното поле и да се спасува кој како може и знае. Бидејќи просторот на Кадисија бил мал и тесен, задниот дел на персиската војска бил изложен на директен напад на муслиманите и мнозинството од тој дел од војската загинале, што од муслиманските сабји, што од давење во реката Атик, така што во тој ден загинале 30.000 Персијци. Тоа било пред пладне-намазот на 16. шабан 15. година по хиџра. Персијците кои не успеале да избегаат, а останале живи, со високо кренати раце им се предавале на муслиманите. Така, на доскорешното бојно поле, кое го означило крајот на Персиската империја, останала само муслиманската војска која ја прославила големата победа со величање и благодарност на Возвишениот Аллах. Вкупниот број на загинати муслимани по четири дена борба бил 8.500, а загинале повеќе од 40.000 Персијци.

По завршувањето на крвавата Битка на Кадисија и триумфот на муслиманите, Са'д ибн ебу Векас, како своите претходници Халид ибн Велид и Мусена ибн ХАрис, наредил потера по остатокот на персиската војска која се разбегала на сите страни. Нивниот војсководец Хурмузан избегал кон југоисток и, преминувајќи ја реката Еуфрат, се упатил кон Ехваз, во јужниот дел на денешен Иран. Познато е дека тој истиот Хурмузан му дал цврсто ветување на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, дека никогаш нема да се бори против муслиманите, но го прекршил договорот и го погазил ветувањето и бил опасен противник на муслиманите на Кадисија, од каде што, ете, избегал поразен и понижен. Џалинус избегал во правец на главниот град Ктесифон, поточно кон Неџеф, каде што се улогорил со својата војска пред битката на Кадисија, додека третата група избегала кон север покрај брегот на реката Атик. Са'д ибн ебу Векас им наредил на Ка'ка

ибн Амр и на неговиот брат Асим да одат кон југ по Хурмузан, а на Ширахбил ибн Самт му наредил да ја следи персиската војска која избегала кон север. За неполни саат време муслиманските војски ги стигнале големите групи на персиските бегалци и ги ликвидирала. Кога се вратиле во логорот, Са'д им наредил да ја продолжат потерата, но да ги заменат страните, додека во потера во Џалинус испратил војска на чело со Зехрет ибн Хајевије. Дотогаш Џалинус веќе ја преминал реката Худуд, притока на реката Атик и бидејќи мостот на реката Атик бил далеку, тој со својата војска преминал преку насипот, а кога преминале на другата страна, наредил да се ископа канал на насипот за да не можат муслиманите да ги стигнат. Кога дошол Зехре со муслиманската војска до насипот и видел дека е ископан широк канал и дека војската не може да премине, им наредил на коњаниците, 350 на број, да го прескокнат каналот, а остатокот на војската да оди околу, преку мостот. Муслиманите ја стигнале големата персиска група на пет километри од Кадисија додека се одмореле. Веднаш тргнале во напад и успеале да убијат мнозина од нив. Тука смртта го нашла и Џалинус, и тоа од раката на муслиманскиот командант Зехрет. Бидејќи тој бил еден од персиските генерали, неговото оружје и униформа биле богат воен плен, којшто Зехре подоцна му го предал на Са'д ибн ебу Векас. Са'д сметал дека е многу само тој да го земе воениот плен кој му припаѓал на Џалинус, па зел еден дел, а другиот дел, заедно со останатиот плен му го испратил на халифот Омер во Медина. Кога Омер дознал за тоа, го вратил тој дел од пленот и му напишал на Са'д писмо со кратка порака:

„Јас го познавам Зехре подобро од тебе. Тој го убил Џалинус и нему му припаѓа сè што имал кај себе персискиот командант. Освен тоа, дај му од мене уште петстотини дирхеми како награда."

Потоа Са'д му наредил на Хилал ибн Алефе да му го покаже местото каде што го убил Рустем. Кога Хилал го сторил тоа, Са'д му доделил како воен плен сè што имал Рустем од опремата и оружјето. А што понел Рустем од личната опрема и вооружување во Битката на Кадисија и колку вредело тоа, сведочи фактот што Хилал потоа станал богат човек, бидејќи воениот плен го продал за 70.000 дирхеми.

## Походот на Ктесифон

Утредента, Сад ибн ебу Векас му напишал писмо на халифот Омер во кое, меѓу останатото, стоело:

„Аллах ни помогнал против Византијците и ги снашло истото она што ги снашло и сите невернички групи пред нив. И по долготрајната и исцрпувачка борба муслиманите победија, ја освоија нивната земја и се здобија со најголемиот воен плен. По победата на бојното поле, нашите војници тргнаа во потера по нивната преостаната војска која се разбега на сите страни. Загинаа и голем број наши борци, а меѓу нив и Са'д ибн Убејд, познат по прекарот Карија и многу други муслимани кои не ги ни познавам.“

Што се однесува на Са'д ибн Убејд кого Са'д ибн ебу Векас посебно го спомнал во своето писмо, тоа бил асхаб кого Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, го именувал за имам во џамијата Куба и според тоа го добил прекарот Ел-Кари или рецитатор на Куранот. Са'д ибн Умејле добил задача да го однесе тоа писмо во Медина и да му го предаде на халифот Омер. Пред тоа халифот Омер секој ден излегувал надвор од Медина и чекал да наиде некој од правецот на Ирак и да донесе било каква вест за состојбата на боиштето. Така било и тој ден кога Са'д ибн Умејл дошол блиску до Медина. Омер веднаш му се доближил и го запрашал:

„Доаѓаш ли од правецот на Ирак?“

Са'д пред тоа никогаш се немал сретнато со Омер и бидејќи не го препознал, само кратко му одговорил:

„Доаѓам.“

Халифот Омер прашал дали има некакви вести за муслиманската војска, а тој одговорил:

„Имам, Аллах ги почести со голема победа, а нивниот непријател ја почувствува сета горчина на поразот.“

И додека камилата на Са'д итала кон Медина, халифот Омер трчал покрај неа и разговарал со Са'д испитувајќи го за некои детали врзани за битката, а Са'д му одговарал, јавајќи на камилата. Откако стигнале во Медина, муслиманите потрчале да ги сретнат, велејќи:

„Ес-селаму алејкум, ја емирул-му'минин![103]“

Кога го слушнал тоа Са'д ибн Умејле, скокнал од камилата и почнал да му се извинува на халифот Омер велејќи:

„Субханаллах, зошто кога се сретнавме не ми кажа дека ти си Омер?“

[103] Божјиот мир нека бидат над тебе, о, водачу на правоверните. (Заб. на прев.)

Тој му одговороил:

„Не грижи се, не ти кажав кој сум затоа што тоа беше небитно во однос на вестите од фронтот кои ме интересираа.“

Тогаш му го предал писмото од Са'д ибн ебу Векас, а Омер веднаш го повикал народот во џамијата, потоа се искачил на минберот и ги известил за големата победа на муслиманите на Кадисија и за пропаста на Персиското царство. Кога почнал да ги чита имињата на загинатите муслимани, халифот Омер заплакал откако меѓу загинатите го прочитал името на Са'д ибн Убејде ел-Кари и низ солзи рекол:

„Веста за неговата смрт ми ја намали радоста на нашата победа.“

Посебно било трогателно кога Омер го читал делот од писмото во кое Са'д ја опишувал состојбата на муслиманската војска која учествувале во Битката на Кадисија:

„Кога ќе падне ноќта, тие во потполност му се посветуваат на ибадетот и го величаат Возвишениот Аллах и ништо друго не се слуша освен нивното понизно и тивко рецитирање слично на пчелите во кошницата, а кога се борат со непријателот, похрабри се од лавовите“, стоело, меѓу останатото, во писмото.

Вториот ден по битката Са'д ибн ебу Векас ја собрал својата војска и им го поделил воениот плен кој бил поголем од сите битки дотогаш, така што на секој коњаник му следувале по 6.000 дирхеми, а на пешаците по две илјади дирхеми. Освен тоа не заборавил да ги награди дваесет и петтемина муџахиди кои посебно се истакнале во борбата и покажале неопислива храброст и пожртвуваност, меѓу кои биле Ка'ка ибн Амр, Асим ибн Амр, Тулејха ибн Хувејлид, Риб'иј ибн Амр и други. Бидејќи меѓу наградените не биле Амр ибн Ма'дикериб и Буср ибн ебу Рухм, тие двацата отишле во шаторот на Са'д да го побараат делот кој го добиле наградените муџахиди, бидејќи сметале дека и тие требало да бидат на тој список. Са'д ги ислушал и потоа му испратил писмо на халифот Омер во кое го известува дека по пропишаната поделба останал многу воен плен, па кому да го подели. Халифот Омер му наредил остатокот од воениот плен да им го подели на хафизите[104] на Куранот кои учествувале во борбата. Амр и Буср не биле за-

[104] Хафиз е назив со кој муслиманите му се обраќаат на личноста која го знае Куранот напамет. (Заб. на прев.)

доволни со таквата поделба, па и вториот ден дошле да бараат дел од пленот. Кога влегле кај Са’д тој ги прашал колку знаат од Куранот напамет, а тие одговориле дека знаат многу малку и дека единствено џихадот ги спречил да станат хафизи. Меѓутоа, Са’д не можел да го прифати таквото оправдување и тие се вратиле незадоволни. Потоа тие опеале стихови во кои се жалеле за „неправедната“ поделба на Са’д, по што тој не ги казнил, иако можел, дури не ги ни укорил, туку повторно му испратил писмо на халифот Омер и барал дозвола дел од пленот кој им припаѓал на наградените борци да им го подели на нив двајцата и Омер му го дозволил тоа порачувајќи му на Са’д да не им забележува и да им прости.

Победата на муслиманите на Кадисија не значела повлекување во Медина и напуштање на Персија со богат воен плен, како што тоа го прават тие што имаат освојувачки претензии исклучиво поради одземање на туѓа територија и експлоатација на материјалното богатство. Напротив, муслиманите не отишле во боба поради тоа, туку нивна цел било освојувањето на Персија и ширењето на светлината на исламот на таа територија. Затоа, непосредно по битката на Кадисија почнала интензивната подготовка за поход на главниот град на Персија, Ктесифон или Медаин, веројатно во тоа време најубавиот град на светот. Муслиманската војска останала два месеца во Кадисија по битката и тој период најмногу го искористиле за лечење на ранетите.

* * *

Два месеца им биле доволни да се излечат раните и да се изврши смотра на војниците пред движењето кон Ктесифон. Са’д ибн ебу Векас разменил неколку писма со халифот Омер во Медина, а тогаш конечно добил наредба да изврши движење на војската кон главниот град. Распоредот на војската бил ист како и пред битката на Кадисија, со незачителни измени. На чело на претходницата бил Зехре ибн Хајевије, десното крило го предводел Абдулах ибн Му’там, а левото Шурахбил ибн Самт, додека средишницата наместо заменикот на Са’д, Халид ибн Урфута, кој сега командувал со задниот дел од војската, овојпат го предвидел Хашим ибн Утбе ибн ебу Векас. На чело на комплетната војска стоел лично Са’д ибн ебу Векас, кој за два месеца одмор закрепнал од тешката болест.

Муслиманската војска се движела слично на композициски воз, прво предниот дел на војската, потоа десното, па левото крило и задниот дел, а

сè поради тоа што Са'д, по Кадисија, успеал да собере свежи сили и огромна војска од Медина и од пограничните места кон Ирак, така што на Ктесифон тргнале 60.000 муџахиди и тоа било дотогаш најбројната муслиманска војска. Командантот на предводницата, Зехре ибн Хајевије, по наредба на Са'д, тргнал прв со својата војска во правецот на Куфа. Персијците дознале за доаѓањето на муслиманите па излегле да го бранат градот, меѓутоа борбата не траела долго и муслиманите, без големи тешкотии, влегле во Куфа. Муслиманската претходница се улогорила во Куфа, а кратко потоа им се придружил и остатокот на војската. Потоа Са'д повторно го испратил Зехрет со неговата бригада кон градот Бурса, и пред да му се приближи на тоа место, муслиманската бригада ја дочекала уште една персиска војска со која командувал човекот по име Басбехри. Пред да се борат двете војски, Зехре излегол на двобој со Басбехри и успеал да го рани. По извесно време персискиот командант им подлегнал на раните, а неговата војска избегала од бојното поле.

Во меѓувреме, персискиот главен командант Фејрузан ги собирал остатоците на војската во Вавилон. Нему му се приклучиле и генералите Хурмузан и Нухајреџан со остатокот на своите единици. Зехре ибн Хајевије за ова собирање дознал од заробениот старешина на Бурса, Бистам, и веднаш ја упатил муслиманската војска кон Вавилон.

Персијците кои се собрале во Вавилон се договориле и се заколнале дека ќе се борат до последниот човек и дека никој не смее да избега. Интересно е да се напомене дека, по Кадисија, сите победи против персиските групи на Патот до Ктесифон ги извојувала муслиманската претходница, додека главнината на војската била релативно далеку од нив. Иако Персијците самите себеси се храбреле и бодреле за борба, и во Вавилон доживеале тежок пораз, по што избегале кон северниот дел на Вавилон во местото Кевс. Со освојувањето на Вавилон, муслиманите биле оддалечени само 50 километри од Ктесифон.

## Првиот џума-намаз во белиот дворец на кралот

Планот за конечното освојување на Ктесифон го составил халифот Омер во Медина. Имено, тој почувствувал дека муслиманите ќе имаат многу проблеми со Персијците во местото Кевс, па размислувал за можноста на отварање на уште еден фронт за што повеќе да ги разбие и развлече персиските сили. Поради тоа, тој испратил од Медина војска на чело

со Утбе ибн Газван во правецот на Убула. Овој град муслиманите го освоиле за време на Халид ибн Велид, меѓутоа, откако Са'д ибн ебу Векас наредил општа мобилизација и собирање на муслиманите поради битката на Кадисија, Убула останала без муслиманската војска и Персијците ја запоседнале без било какви тешкотии. Планот на халифот Омер бил мошне успешен. Муслиманите, како што ќе видиме, ја освоиле Убула полесно отколку што очекувале и тоа што е посебно важно е дека на тој начин ја одвоиле големата персиска војска, под команда на Хузрмузан, од остатокот на војската која со сите сили се обидувала да го запре напредувањето на муслиманите кон Ктесифон.

Кога муслиманите се приближиле до местото Кевс, персиските главешини, чувствувајќи дека новиот пораз е на повидок, свикале состанок и се договориле Хурмузан да го напушти тоа место и да оди да го брани својот роден крај, кон Нехавенд во длабочината на Персија, каде што се наоѓал поголемот дел од богатството на царот, а Михран Рази и Нухајреџан отишле во Ктесифон за да соберат војска и да им го спречат влезот на муслиманите во градот. Кога ја видел муслиманската војска, Шехријар, кој инаку бил висок и крупен, излегол пред муслиманите и рекол:

„Имате ли некој воин што ми е рамен да ми излезе на двобој, па да му ја скинам главата!"

Тогаш пред него излегол Зехре ибн Хајевије и му рекол:

„Се колнам во Аллах, јас мислев да ти излезам на мегдан и да знаеш дека би сакал да се борам против тебе, но одлучив на двобој да ти излезе обичен роб и да те понижи, бидејќи ако избегаш, ќе се слушне дека си избегал од роб, а ако те убие, ќе знаат дека те убил роб."

Зехре сакал на тој начин да го заплаши Шехријар, бидејќи сите луѓе се Аллахови робови и во исламот нема разлика помеѓу робот и слободниот човек, освен според богобојазливоста. Тој роб, всушност, бил докажаниот јунак Ебу Небат Џа'шем ел-А'реџи. За нивниот двобој, Риб'иј ибн Амр, Персиец што го промил исламот, го раскажал следново:

„Шехријар бил горостасен и силен како дромедар и штом Ебу Небат излегол на двобој, Шерхијар со молскавична брзина го фрлил своето копје кон него за да го погоди и убие, но за среќа тој промашил. Ебу Небат му возвратил на Шехријар на ист начин, а потоа ги исукале сабјите и на брзите коњи тргнале еден на друг. Двајцата јунаци ги вкрстиле сабјите и жестоко се

бореле обидувајќи да се надмудрат еден со друг, сè додека и двајцата не паднале од коњ и за несреќа на Ебу Небат, Шехријар, онака крупен и тежок, паднал врз него, но тој се снашол и со забите му ги зграпчил прстите од раката и не го пуштал додека со слободната рака не го извадил својот нож и со неколку убоди во стомакот не успеал да го убе Шехријар. Откако им загинал командантиот, Персијците се разбегале на сите страни."

По победата кај Кевс, муслиманската војска се упатила кон местото Сабат во кое се наоѓала персиската бригада која по некогашната персиска кралица се викала Пуран бинту Кисра. Тоа, всушност, била бригадата на смртта која се заветувала дека до крајот ќе го брани Персиското царство и нејзинте припадници секој ден ја повторувале истата молитва и заклетва: „Сасанидското царство нема да исчезне додека ние сме живи!" Со себе имале дресиран лав кој, штом муслиманите стигнале во Сабат, го пуштиле на нив. Тоа воопшто не ја исплашило муслиманската војска, така што Хашим ибн Утбе веднаш тргнал на лавот и успеал да го убие ранувајќи го неколку пати со сабјата. Потоа дошло до жестока борба помеѓу двете војски. Персиската бригада навистина била истрајна во борбата и не се предавале сè додека не загинал и последниот војник. Тогаш муслиманите биле само триесет километри од Ктесифон и сите патишта до градските ѕидини биле слободни.

А каков, всушност, бил тој град Ктесифон или Медаин, и поради што заслужил да биде главен град на Персиската империја и симбол на цивилизацијата? Арапскиот збор „Медаин" е множина од зборот „медина" – град, и тој, всушност, се состоел од седум помали градови. Пет града се наоѓале на западната, а два на источната страна на реката Тигар. Светската метропола од тоа време и главниот град на Сасанидското царство го сочинувале градовите: Бехрасир, Махуза, Дерзенирзан, Мелаш Абад, Сулукија, која ја изградил царот Ширевејх според изгледот на византиската Антакија. Дури дал да се изгради во градот и црква, така што подоцна голема група христијани се населиле во тој град, потоа Тајсефун и Есфенабир. Есфенабир бил еден од најважните градови на Медаин и во него се наоѓал дворецот и престолот на царот, а околу градот биле подигнати огромни ѕидови. Во источниот дел од градот се наоѓал голем шумовит предел во кој царот често одел на лов, а Есфенабир и Бехресир биле споени со голем мост. Јездеџерд III бил убеден дека муслиманите не се во состојба да освојат таква тврдина, но жестоко се измамил. Кога муслиманската војска се приближила до Ктесифон, жителите на Махуза и Мелаш Абада ги напуш-

тиле своите градови и барале засолниште во Бахрасир. Кратко потоа муслиманите стигнале пред ѕидините на Бехрасир и потполно го опколиле, Меѓутоа, било тешко да се освои град кој бил град-тврдина, па опсадата траела два месеца сѐ додека на Персијците не им снемало храна, така што биле приморани да јадат кучиња и мачки, сѐ додека муслимание не го употребиле новото оружје кое никогаш дотогаш не го користеле. Имено, некои Персијци што го примиле исламот го советувале Са'д ибн ебу Векас да се обиде да употреби катапулт доколку сака да ја освои тврдината. Секако, тој ги послушал и наредил да се направат повеќе катапулти и да ги постават околку градот, а потоа да соберат големи камења и да ги гаѓаат Персијцит на тврдините и во внатрешноста на ѕидините. На Персијците набргу им снемало трпение и по завршувањето на два месеца опсада, тие одлучиле да го предадат градот. Му испратиле свој пратеник на Са'д и го известиле дека ќе му го предадат градот под услов да им ги остави имотите на источната стана на Тигар, а муслиманите да ја земат сета земја западно од реката и со ветување дека тие никогаш повеќе нема да се борат против муслиманите. Очигледно е дека Персијците сѐ уште не сфатиле зошто муслиманите долшле на територијата на Персија, па не можеле да се начудат зошто овие ја одбиле таквата понуда. Кога нивниот претставник го слушнал негативниот одговор, рекол:

„Вие сте незаситни, да даде Бог веќе еднаш да се заситите."

Потоа, не им преостанало ништо друго освен да го напуштат градот преку мостот кој ги поврзувал Бехрасир и Есфенабир и извесно време да најдат засолниште во градот на дворецот на царот. Кога муслиманите влегле во градот, го затекнале потполно празен. Во него немало луѓе, но имало многу оружје со кое можеле со месеци да се борат и да го бранат градот. Меѓутоа, тие немале сила и го снемал борбениот дух пред налетот, упорноста и истрајноста на муслиманската војска. Точно на полноќ, шеесет илјади вооружани муслимани влегле во Бехрасир преку големите ѕидини. Кога виделе дека градот е пуст, војниците се разотишле на сите страни за да го разгледаат огромното зеленило и прекрасните градби. Некои дури отишле до западниот брег на реката Тигар од каде го виделе градот Есфенабир и во него огромниот бел дворец. Тогаш Дирар ибн Хатаб извикал:

„Аллаху екбер! Она е дворецот на царот кој ни го ветиле Аллах и Неговиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него."

Дворот на царот, всушност, бил една величествена бела градба висока 28 метри, така што нејзината купола со која бил засводен, ги надвисувала сите стебла околу дворецот, што предизвикало восхитување кај муслиманите, кои живееле под шатори и во скромни живеалишта и дотогаш не виделе такви градби.

Зборовите на Дирар ибн Хатаб биле, всушност, присетување на денот на Битката на Хендек кога Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, им ветил на муслиманите дека ќе ја освојат Персија и Византија, но интересно е тоа дека Дирар тогаш бил на страната на мушриците[105] на Мека и се борел против муслиманите. Тие зборови потсетиле многу асхаби, учесници на Битката на Хендек, на тој тежок ден кога многубошците ја опколиле Медина и со своите сојузници сакале да го убијат Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, и да го уништат исламот и муслиманите. И додека го копале хендекот или ровот, по наговор на Селман ел-Фариси, во еден момент Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, извикал: *„Аллаху екбер. Дадени ми се клучевите на Византиското царство. Аллаху екбер! Дадени ми се клучевите на Персиското царство и на Белиот дворец на царот."*

Муслиманите се сетиле на тој незаборавен настан и сите во еден глас почнале да изговараат текбири чиешто ехо достигало до дворецот на Јездецерд на другата страна на Тигар во Есфенабир, влевајќи им страв на царот и неговите офицери и војници.

Иако биле вон себе од страв, Персијците решиле да го бранат Есфенабир. Пред тоа, Јездецерд ѝ наредил на војската да ги соберат и доведат сите бродови кои се наоѓале на северната и јужната страна на Тигар за да не можат муслиманите да ги користат за премин преку реката. Наредил да го пресечат и да го урнат мостот кој ги поврзувал Бехрасир и Есфенабир. Што направил Са'д ибн ебу Векас и како 60.000 муслимани преминале преку реката Тигар? Треба да знаеме дека тоа преминување се случило во месец март, кога доаѓа до поплави и излевања на надојдената вода од коритото. Впрочем, на Тигар имало два помали премина на кои персиските муслимани му укажале на Са'д и му предложиле да ја поведе војската преку тие премини. Меѓутоа, на Са'д не му се допаѓал тој предлог бидејќи се плашел за својата војска и реката му изгледала застрашувачка за туку-така да се

[105] Мушрици – многубошци. (Заб. на прев.)

впушти во таква авантура со 60.000 војници. Кога војската заспала, тој клањал истихара-намаз, а потоа легнал да спие. Сонувал мошне чуден сон. Видел како муслиманите на коњи го преминуваат Тигар, а огромните бранови ги заплискуваат нив и нивните коњи. Се пробудил од сонот и рекол:

„Ова не е ништо друго освен одговор на мојата истихара и јас се надевам дека ова е добар знак.“

Потоа одлучил на коњи, со војската, да ја премине реката. Тоа била навистина чудна и смела одлука, бидејќи ако коњите и биле вешти во пливањето, муслиманските војници не биле, тие дошле од пустината и мнозина не знаеле да пливаат. Са'д цврсто одлучил да ја премине реката и ѝ наредил на војската да се подготви за тој потфат, а Јездеџерд од другата страна бил потполно сигуран дека муслиманите ни на сон нема да се одлучат на таков чекор и дека ќе мораат да чекаат најмалку четири месеци додека не се намали нивото на водата. Са'д ја собрал својата војска и им рекол:

„Јас решив да се обидеме да ја прејдеме реката на коњи бидејќи, ако останеме овде подолго време, Персијците имаат бродови и во секој момент можат да нè нападнат. Затоа сметам дека е подобро ние да прејдеме на нивната страна и да ги удриме од каде не се надеваат.“

Сите муџахиди се согласиле со одлуката на Са'д и преминот преку реката можел да започне. Са'д знаел дека Персијците пред ѕидините на градот, близку до брегот на Тигар, ја стационирале војската која била во подготвеност доколку муслиманите прејдат преку реката. Поради тоа, тој сакал најпрвин да премине бригадата со најдобрите и најискусни борци, па ако дојде до борба, да им се зададе на Персијците, веднаш на стартот, силен удар, за да може остатокот на војската мирно да ја преминува реката. За такви задачи тој имал посебна бригада која се викала Тивка бригада, а тоа име го добила по тоа што тие, без претходна најава и тивко без гласови и било какви крикови, го напаѓале непријателот, и тоа фронтално, а не зад грб. Командант на таа бригада бил Ка'ка ибн Амр. Но, бидејќи задачата била многу тешка, Са'д не сакал да ја присилува таа бригада, ниту строго да им нареди први да ја преминуваат реката, туку ги собрал и им рекол дека кој сака може да изостане од оваа акција и да биде со оние кои ќе преминуваат подоцна. Таа постапка дала позитивни резултати и веднаш се јавиле 600 доброволци. Доброволците ги предводел Асим ибн Амр, кој издвоил шеесет муџахиди за да бидат предводница и први да тргнат преку реката.

И Тивката бригада тргнала на задача, можеби најтешката во нивниот живот. Асим ибн Амр наредил сите да ги земат копјата во рацете и кога ќе преминат преку реката, да ги гаѓаат Персијците исклучиво во очите. Персијците биле запрепастени кога ги виделе муслиманските војници како на коњи го преминуваат Тигар, чија надојдена вода се излевала од коритото, а брановите со полн замав носеле сè пред себе. Биле пред голема дилема што да направат, бидејќи не можеле да ги гаѓаат со стрелите, а не смееле да ги пуштат да излезат на копно. На крајот одлучиле и тие да ги јавнат коњите и да тргнат во судир против муслиманите во брановите на Тигар. Меѓутоа, имало голема разлика меѓу муслиманите, кои пред себе веќе ја виделе победата кога го виделе дворцот на царот, бидејќи Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, одамна го спомнал и ја најавил победата на муслиманите, и Персијците кои доживеале страшен пораз на Кадисија и потоа биле во потполн хаос, без борбен дух. Поради сето тоа, муслиманите брзо ја презеле иницијативата и дошле во предност, така што Персијците веќе го гледале поразот и блиската смрт. Копјата на муслиманските војници биле многу прецизни и набргу телата на персиските коњаници плутале низ реката чиишто брзи бранови ги носеле далеку од бојното поле. Асим ибн Амр извојувал со своите доброволци ефектна победа, без ниту еден ранет и мртов муџахид и преминал на другата страна на брегот каде што бил остатокот на персиската војска. Са'д ибн ебу Векас набљудувал, заедно со 60.000 муслимани, како бригадата на Асим полека, но сигурно, напредува, па постојано ги бодреле со текбири, што уште повеќе им давало сила и самодоверба.

Не поминало долго, а муслиманите ги потерале Персијците до ѕидините на градот. Во тој момент на ѕидините се појавил еден Персиец и извикал:

„Браќа Персијци, зошто се изложувате на опасност и пропаст, па зар не знаете дека градот одамна е празен и дека сè од него избегало!“

Кога го слушнале тоа, Персијците ја прекинале борбата и се разбегале. Сето ова го набљудувал Са'д ибн ебу Векас од другата страна и тогаш ѝ наредил на останатата војска полека да ја преминуваат реката, и тоа двајца по двајца, доколку едниот муслиман падне во водата, оној другиот да може да му помогне. Така и било, набргу огромната муслиманска војска влегла во Есфенабир и се нашла пред дворецот на царот. Меѓутоа, во него не бил царот Јездеџерд, тој веќе избегал и се наоѓал на пат кон градот Хулван, оддалечен 200 километри од Ктесифон. Меѓу муслиманите кои победоносно влегле во главниот град на некогаш големата и моќна Персија бил и

познатиот асхаб на Аллаховиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, Селман ел-Фариси. Ете, по толку години отсуство, повторно се вратил во својата татковина и дошол во своето родно место.

Имено, историјата ја запаметила и забележала приказната за патешествието на Селман од Персија до Медина во потрага по вистината и исправната вера. Тој тогаш бегал од својот татко и својот народ кој го обожувал оганот и откако се појавил последниот Аллахов пратеник Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, и откако направил хиџра во Медина, Селман ѝ се придружил на избраната и најдобра генерација на луѓе до Судниот ден. Во Битката на Хендек одиграл клучна улога кога предложил околу Медина да се ископа канал за да не може војската на многубошците да влезе во градот. Тој ден, кога е освоен Ктесифон, немало посреќен човек од него, бидејќе дочекал неговата земја да ја осветли исламот и во таа победоносна војска тој да биде еден од носителите на факелот на исламот.

Са'д ибн ебу Векас прв влегол во дворецот на царот и кога ја видел неговата внатрешност и огромното злато, сребро, скапоцени камења, златните ќилими и други украси, ги рецитирал ајетите од полгавјето Ед-Духан: **„И колку градини и извори оставија, и ниви засеани и живеалишта прекрасни,и благодати во коишто уживаа! Тоа така се случи, и Ние тоа на други во наследство им го оставивме...“**[106] Тоа било во петок, 10. сефер 16. година по хиџра, и Са'д наредил да се клања првата џума на територијата на Персија. Дотогаш муслиманските војници во текот на освојувањето на Ирак постојано во петок го клањале само пладне-намазот, а во останатите денови ги клањале само фарзовите[107] и тоа скратено и ги спојувале пладневниот со икиндискиот, односно акшамскиот со јацискиот намаз, бидејќи биле мусафири.[108] Персија станала исламска земја и влегла во составот на тогаш веќе голем исламски халифат на чие чело бил праведниот халиф Омер.

---

[106] Ајети 25-28. (Заб. на прев.)

[107] Фарз – задолжителна молитва. (Заб. на прев.)

[108] Мусафири – гости. Доколку верниците се гости или патници, го клањаат само задолжителниот намаз, и ги скратуваат и спојуваат намазите. (Заб. на прев.)

## Битката на Џелвела и десеткувањето на персијците

По освојувањето на Ктесифон и сите градови и тврдини околу него, муслиманите почнале да го собираат воениот плен. Тоа била мошне предизвикувачка и тешка задача, бидејќи градот бил голем и поголемиот дел од богатството на царот останал во него, освен она што жителите, со помош на војската, успеале да го понесат со себе при заминувањето и што царот Јездеџерд лично понел бегајќи кон Хулван. Са'д го одредил Амр ибн Мукрин за водач на групата која го собирала воениот плен. Прво го собирале она што било во дворецот на царот, а тоа, всушност, било огромно богатство за кое историчарите пишувале многу. Спомнувајќи го тоа басносновно богатство, учесникот во освојувањето на Ктесифон, Хабиб ибн Субхан, рекол:

„Влеговме во една просторија полна со вешто изработени сепети кои беа залеани со олово. Бевме убедени дека во сепетите се наоѓаат залихи на храна, меѓутоа, кога ги отворивме, имавме што да видиме, сепетите беа полни со злато и сребро. Вредноста на богатството само во дворецот на царот изнесуваше три милијарди дирхеми.“

* * *

Муслиманската чета која тргнала во потера по Персијците стигнала една група и им го одзела богатството кое го понеле со себе, а Ка'ка ибн Амр успеал со своите муџахиди да порази една вооружена група Персијци кај кои освоил пет оклопи и шест сабји. Меѓутоа, тоа не биле обични сабји и оклопи, првиот оклоп и сабја му припаѓале на персискиот цар, вториот оклоп и сабја му припаѓале на византискиот цар Хераклит, кои Персијците ги заплениле во едната од битките против Византијците, третата сабја и оклоп му припаѓале на туркменскиот поглавар Хакан, четвртата на кралот на Индија, а петтата му припаѓала на Ну'ман ибн Мунзир, владетелот на Хира. Са'д бин ебу Векас му дозволил на Ка'ка за себе да земе која сака од тие сабји, а тој ја избрал сабјата на Херкалит, која му се чинела најдобра. Меѓу останатото, муслиманите го запleниле накитот на царот, неговата облека и неговата круна која била тешка 91 килограм, а која била приврзана со златни синџири над престолот на кој тој седел. Потоа, ќилимот чија должина и ширина била 36 метри, а бил проткаен со злато, украсен со скапоцени камења и бисери со извезен пејсаж, т.е. зелена и цветна градина низ која течела река. На тој ќилим царот со своите дворјани пиеле

вино и приредувале посебни подготовки во текот на зимата за да го добијат амбиентот сличен на пролетниот. Откако бил собран целиот воен плен, Селман ибн Ребиа ел-Бахили, повереникот на халифот за поделба на воениот плен, четири петтини од тоа богатство им го поделил на муслиманските војници, една петтина, во која ги издвоил накитот, облеката и круната на царот, му ја испратил на халифот Омер во Медина. Кога стигнал воениот плен во Медина, халифот Омер ги собрал луѓето пред џамијата, меѓу кои бил и еден човек кој се викал Мухлим, а кој бил изразито крупен како царот Јездеџерд. Токму поради тоа халифот Омер му го дал оделото на царот, а потоа наредил круната да се стави помеѓу два дрвени колци и под неа да седне Мухлим. Потоа Омер рекол:

„Овој човек сега личи на персискиот цар, Аллах ни ја дал гордоста во исламот, а со исламот го понижил Јездеџерд и останатите цареви и силници."

Муслиманите од Медина го гледале со свои очи големото богатство за кое некогаш слушале и зборувале постарите, па многумина од нив доброволно се пријавиле во џихад, бидејќи сега биле сигурни дека Персиското царство пропаднало и дека нивната огромна војска, од која толку стравувале, конечно е поразена. Са'д им го поделил воениот плен на војниците, меѓутоа не знаел што да прави со големиот позлатен ќилим, украсен со скапоцени камења, па ги собрал војниците и им рекол:

„Бидејќи вие го добивте целото богатство во форма на воен плен, а овој ќилим остана, јас предлагам да му го испратиме на халифот Омер и што сака нека прави со него."

Сите се согласиле со тој предлог и големиот позлатен ќилим наскоро се нашол во Медина. Омер дал тепихот да се исече на парчиња кои претставувале вистинско богатство, така што, на пример, делот што му припаднал на Али, тој го продал за 300.000 дирхеми.

Потоа халифот Омер му наредил на Са'д ибн ебу Векас да продолжи со освојувањето на остатокот од Персија. Пред тоа Са'д поставил емири или намесници во освоените области, така што за намесник во областа низ реката Еуфрат го одредил Сувејд ибн Мукрин, Ну'ман ибн Мукрин за емир на областа низ реката Тигар. Потоа испратил војска под команда на Хашим ибн Утбе во местото Џелвела, 150 километри од Ктесифон, во кое Јездеџерд остаивил околу 50.000 вооружени војници на кои подоцна им се придружиле доброволци од Исфахан, Азербејџан и Хулван, така што таа

војска вкупно броела 120.000 војници, со која командувал Михран Ер-Рази. Освен тоа, Персијците успеале да соберат огромна војска на северот на градот Мосул, 450 километри од Ктесифон, а која ја сочинувале арапски христијани, Персијци и Византијци. Подоцна таа војска тргнала кон градот Тикрит каде што се улогорила. Третата војска ја собрал Хурмузан, кој избегал од Кадисија и се улогорил во Ехваз, а, всушност, негова крајна дестинација било пристаништето Убула. Така пред муслиманите, по Кадисија, се отвориле три нови фронтови: на југ во Убула, во Џелвела на патот кон Хулван и на север во градот Тикрит.

И додека Персијците се собирале и се подготвувале за продолжувањето на борбата, халифот Омер му испратил на Са'д упатства како да ги распореди своите сили. Му наредил да го испрати Хашим ибн Утбе во Џелвела како што веќе е договорено, потоа, командантот на муслиманската претходница, Абдулах ибн Му'там, да го испрати во Тикрит, а познатиот асхаб Утбе ибн Газван во Убула.

* * *

Војската која ја предводел Хашим ибн Утбе тргнала кон Џелвела на крајот од месецот ребиул-евел и броела 12.000 војници, а на нејзино чело бил Ка'ка ибн Амр, десното крило го предводел Сеар ибн Малик, со левото крило командуал Омер ибн Малик, а со задниот дел Амр ибн Муре. За четири дена муслиманската земја стигнала во Џелвела и се улогорила во близина на градот. Муслиманите виделе дека Џелвела, всушност, е силна и голема тврдина околу која имало високи ѕидови. Внатре во тврдината биле персиските војници, а надвор од тврдината бил ископан голем канал кој коњите не можеле да го прескокнат, а покрај сето тоа, тврдината ја оградиле со бодливо трње кои било слично на бодлива жица. Од западната страна на тврдината имало помала река која ја правела тврдината уште понепристапна, а помеѓу тврдината и бодливата жица се наоѓал бришан простор кој бил долг отприлика колку што може коњаникот да ја исфрли стрелата. Тука се улогориле 120.000 Персијци на чело со Михран ер-Рази. Хашим ибн Утбе веднаш ја започнал опсадата на тврдината, но не можел да влезе внатре со војската поради бодливата жица и широкиот канал. Вооружаните Персијци понекогаш излегувале од тврдината низ преминот на кој немало трње, ги напаѓале муслиманите и повторно се враќале. Кога една од таквите групи излегла да ја нападне муслиманската војска, Ка'ка ибн Амр им се прикрал со

својата група и со молскавична брзина им нанел тежок пораз. Персијците изведувале вакви напади со цел да ја исцрпат муслиманската војска за таа да се повлече. Меѓутоа, на муслиманите не им било ни на крај од умот било какво повлекување, туку ја продолжиле борбата и опсадата на градот која траела повеќе од седум месеци, сѐ додека не дошол моментот кога на Персијците им снемало сила и трпеливост, па излегле со огромната војска да се пресметаат со муслиманите. Ка'ка ибн Амр, како водач на претходницата, прв ги нападнал Персијците и така започнала уште една жестока и крвава битка која траела сѐ до заоѓањето на сонцето. Тогаш на Ка'ка му стигнале напомош уште 600 муџахиди, меѓу кои биле и легендарните Тулејха ибн Хувејлид, Амр ибн Ма'дикериб и Кајс ибн Мекшух, што им ја зголемило самодовербата на муслиманите и им дало додатна сила за борба. Битката продолжила и по вечерта до длабоко во ноќта, а тоа била првата битка која, по Кадисија, се водела и во текот на ноќта.

Меѓутоа, пред мугри на муслиманите веќе им се насмевнувала победата. Имено, бестрашниот војсководец, војник и стратег, Ка'ка ибн Амр, за кого може слободно да се каже дека по Халид ибн Велид ги докрајчил Персијците и го урнал нивното царство, размислувал како да се пробие низ персиските редови и да го заземе ровот и преминот од каде што Персијците влегувале во тврдината, за да го спречи нивното враќање во градот. Тоа што ќе го наумел, со Аллахова помош и го остварувал. Со брза и ефикасна акција тој успеал да ги разбие персиските редови и да завладее со целиот канал и со преминот во тврдината. А тогаш извел една несекојдневна измама. За да ја поттикне муслиманската војска на борба, извикал:

„О, муслимнани, спасете го вашиот командант Хашим ибн Утбе од ровот и не умирајте освен онака како што умрел тој!"

Муслиманите биле убедени дека нивниот командант Хашим е заробен или мртов во ровот, па како оси навалиле на Персијците од сите страни, ги бркале и ги убивале. Кога Персијците виделе дека муслиманите го зазеле ровот, тие набрзина поставиле големи балвани и преминале на другата страна и така ја изгубиле првата линија на одбраната. Откако се разденило, муслиманите забележале дека, всушност, убиле поголем дел од нивните војници, кои на сите страни, околу ровот и тврдината, лежеле мртви. Во таа битка загинале 100.000 Персијци, а дваесетина илјади се спасиле и избегале. Муслиманите во оваа битка имале 12.000 војници на кои подоцна

им се придружиле уште три илјади како зајакнување и тоа сите биле персиски муслимани кои тукуштo го примиле исламот. Тоа била првата битка во која персиските муслимани во позначителен број учествувале во освојувањето на Персија.

Во историјата е забележано дека жителите на некоја држава која е нападната, поради страв или некој овосветски интерес, да бидат на станата на напаѓачот, но не е забележано домашното население да ја прифати верата на напаѓачот и потоа со убедување да се бори против своите сонародници со желба да загине на Аллаховиот пат, како што тоа било во Персија со таа група на персиски муслимани. По седум месеци на исцрпувачка опсада, муслиманите ја освоиле Џелвела и тоа била најголемата и најтешката битка по освојувањето на Ктесифон. Персијците во таа битка ги повеле и своите жени и семејства и ги оставиле во местото Ханкин, триесет километри од Џелвела, за да им бидат поддршка во борбата. По победата, Ка'ка ибн Амр тргнал со својата група право кон Ханкин каде што освоил огромен воен плен и, меѓу другото, го убил нивниот командант Михран ер-Рази, којшто пред тоа успеал да избега од Кадисија, потоа и од Ктесифон и од Џелвела, но најпосле му дошол крајот и својата смрт ја нашол во Ханкин од острата сабја на Ка'ка ибн Амр. Воениот плен од Џелвела бил толкав што на секој коњаник му припаднале по 90.000 дирхеми и девет коњи, а една петтина Хашим ибн Утбе, како и обично, му испратил на халифот Омер во Медина по Зијад ибн ебу Суфјан. Кога Зијад дошол во Медина, халифот Омер побарал од него да му ја опише битката на Џелвела, што тој и сторил. Халифот бил зачуден од неговата речитост и начинот на опишување на битката, па го прашал дали би го повторил истото пред народот, а тој одговорил:

„Како да не! Ти, Омер, си човекот од кого најмногу се срамам и плашам, па кога смеев тоа пред тебе да го сторам, зошто не и пред останатите муслимани."

Омер ги собрал луѓето во џамијата и тогаш Зијад се качил на минберот и ја опишал битката, по што халифот рекол:

„Ова е речитост кого никого не остава рамнодушен."

А Зијад на тоа додал:

„Нашите јазици ја покренуваат нашата војска во борба."

Кога Зијад го завршил својот говор, Омер рекол:

„Се колнам во Аллах, нема да се смирам додека не го поделам овој воен плен.“

Ги ставил Абдурахман ибн Ауф и Абдулах ибн Еркам како стражари кај воениот плен. Наутро, по сабах, дошол Омер и заплакал кога го видел огромното богатство освоено од Персијците. Абдурхман го запрашал:

„Зошто плачеш, зар ова не е време на благодарност кон Аллах, време на радост, а не на солзи?“

Омер одговорил:

„Не плачам поради тоа, туку плачам бидејќи се плашам од ова богатство. Ниеден народ не стекнал олку големо богатство а потоа да не почнале едни да им завидуваат на други и да се мразат. А кога тоа ќе се случи, тогаш Аллах прави едните да ја почувствуваат силата на другите.“

* * *

Потоа му испратил писмо на Ка’ка ибн Амр да тргне со својата бригада кон Хулван каде што се наоѓал Јездецерд. Меѓутоа, Јездецерд, по стар обичај, избегал од Хулван и отишол кон север. Се појавил во местото Реј блиску до Каспиското Море. Ка’ка ибн Амр затекнал помала група на стражари пред Хулван, брзо ги поразил и влегол во празниот и пуст град. По освојувањето на Хулван, Хашим ибн Хутбе испратил помали групи поради „прочистување“ на теренот, од непријателските групи. Го испратил Церир ибн Абдулах во местото Шехризур чиишто жители го предале градот без борба и прифатиле да даваат џизија, а тој со едната бригада тргнал кон западната страна и ги освоил сите места кои се наоѓале на таа страна. Откако го освоил Хулван, Ка’ка ибн Амр за свој наместник го одредил човекот по име Кубаз, којшто го примил исламот, и тоа било првпат некој Персиец, кој тукушто го примил исламот, да стане наместник во некој град во Персија.

## Освојувањето на Убула и на Хувејиз

Во исто време кога Хашим ибн Утбе тргнал кон Целвела, другиот муслимански војсководец, Абдулах ибн Му’там, тргнал со својата бригада кон Тикрит во кој заедно се собрале арапските христијани, Персијците и Византијците. Тикрит бил утврден и заштитен како и Целвела. Градот се наоѓал на западната страна на реката Тигар, а од источната, северната и јужната страна, бил ископан огромен канал кој бил вистинска пречка за приод

кон градот. Абдулах ибн Му'там го држел градот под опсада четириесет дена, по што дошло до метеж и неред во сојузничката војска и до големи поделби кои го ослабиле нивниот борбен дух и морал. Во текот на опсадата Персијците направиле 24 помали акции и секојпат се враќале во тврдината поразени, иако муслиманската војска броела сѐ на сѐ пет илјади муџахиди. По извесно време, византискиот дел на војската наумил со својот имот да избега со бродови од Тикрит, бидејќи виделе дека од битката ќе го извлечат подебелиот крај. Кога Абдулах го дознал тоа, направил тајна преписка со арапските христијани, им понудил сојуз, потоа сигурност и заштита доколку победат муслиманите. Арапите виделе дека Византијците се подготвуваат за бегање, а бидејќи персиските сили биле опколени и во Џелвела и во Тикрит, немале на што да се надеваат и се согласиле за сојузништво. Потоа Абдулах повторно им пишал:

„Ако сте искрени, тогаш потврдете дека нема бог освен Аллах и дека Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, е Негов пратеник и прифатете ја Вистината која ја објавил Аллах.“

Иако тие порачале дека го примиле исламот, Абдулах ибн Му'там не бил сигурен, па направил план кој не дозволувал изненадување и измама доколку тие излажале. Им порачал:

„Кога ќе го чуете нашиот текбир, знајте дека сме го запоседнале ровот, тогаш вие тргнете кон излезот кој води кон Тигар и убијте го секој Византиец кој ќе се обиде да избега, а нам обезбедете ни го патот за да ги освоиме бродовите и да го спречиме качувањето во нив и бегањето на Византијците од бојното поле.“

Потоа Абдулах со својата војска тргнал кон ровот и успеал да го освои. Изговориле текбир во еден глас, а потоа слушнале текбир и од другата страна на тврдината. Византијците тргнале кон бродовите на реката Тигар, но на излезот ги дочекале Арапите кои тукушто го примиле исламот и ги убиле. Персијците, по текбирите од внатрешноста на ѕидините, помислиле дека се нападнати од зад грб па почнале да бегаат на главниот влез, но таму ги дочекал Абдулах со својата војска и ниеден не извлекол жива глава. Тогаш Абдулах го испратил командантот на својата претходница Реби ибн Ефкел кон две тврдини, Нинива и Мосул кои биле оддалечени 400 километри од Ктесифон. Познато е дека во Нинива се наоѓа гробот на Аллаховиот пратеник Јунус, мир над него, а од тој народ имало човек којшто го примил Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, откако

се вратил ранет од Таиф, а се викал Адас. Нинива во тоа време се викала Источна тврдина, а Мосул Западна тврдина. Муслиманската војска без големи тешкотии ги освоила тие две тврдини и нивните жители прифатиле да плаќаат џизија.

* * *

Што се однесува за Утбе ибн Газван, кој имал задача да ги разбие персиските сили кои се собрале во Убула, нему пред тоа халифот Омер му испратил писмо со следнава содржина:

„Знај дека Аллах им подари победа на твоите браќа муслимани на Кадисија и дека персискиот командант Рустм загинал. Покрај тоа, муслиманската коњаница веќе се наоѓа во Вавилон на патот кон Ктесифон, а јас не сум сигурен дека жителите на Убула нема да им тргнат напомош на Персијците. Поради тоа одлучив да испратам една бригада со која ќе командуваш ти, за да ги задржиме жителите на Ехваз, Мејсан и Убула на нивна територија. Оди со Аллаховиот благослов и плаши се од Аллах колку и да можеш, постапувај праведно и клањај го намазот на време и спомнувај го Аллах што повеќе. Чувај се добро од горделивоста и надменото однесување, бидејќи тоа ќе го расипе братскиот однос помеѓу тебе и војската со која командуваш. Никогаш не заборавај дека ти си се дружел со Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, и дека поради тоа си станал горд откако си бил понижен, и силен откако си бил слаб и безначаен, така што си станал заповедник и емир кому му се покоруваат, кој кога зборува, неговите потчинети молчат, кога наредува, тие без поговор ја извршуваат неговата наредба. Ех, колку прекрасна благодат, освен ако не те воздигне на местото кое не ти припаѓа и ако не се возгордееш над оние кои ти се потчинети. Чувај со од таа благодат повеќе отколку што се чуваш од гревот, бидејќи јас најмногу се плашам таа благодат да не те заведе па да попуштиш и гревовите малку по малку да не те фрлат главечки во огнот. Го молам Аллах да нè спаси мене и тебе од џехенемскиот оган. Знај добро дека луѓето се ревносни во ибадетот и настојувањето да го стекнат Аллаховото задоволство сè додека не ги обземе овој свет, а потоа тие ќе го пожелат и засакаат и тогаш забораваат на Аллах. Брате Утбе, внимавај добро да не го завршиш животот на овој свет како насилник и грешник.“

Потоа Утбе ибн Газван се упатил, со вкупно петсто муџахиди, кон Убула и се улогорил во близината на градот чекајќи да го нападнат Персијците. Поминале месец дена кога намесникот на градот Убула излегол на мегдан со муслиманите со 4.000 добро опремени и вооружени војници. Кога видел колку муслимани се дојдени во Убула, ги потценил поради нивната малубројност и, заслепен од надменоста, саркастично ги запрашал своите војници:

„Дали се тоа силните муслимански сили? Одете и доведете ми ги сите нивни војници врзани во синџири!"

Утбе ибн Газван, пред битката, ги поттикнувал муслиманите на борба и ги потсетувал на џенетските пространства кои ги чекаат оние што ќе загинат на Аллаховиот пат. Потоа малубројната муслиманска војска, со текбири на усните, втурнала на Персијците не оставајќи им нималку простор за противнапад. Персијците изгледале беспомошни пред налетот на бестрашните муџахиди на чие чело бил асхабот на Аллаховиот пратеник, Божјиот мир нека биде над него, Утбе ибн Газван, и по којзнае кој пат се увериле дека победата или поразот не го одлучуваат бројот на војниците. Битката била брзо завршена, муслиманите извојувале уште една победа, а 4.000 Персијци го завршиле својот живот на пристаништето Убула. Сите загинале, освен нивниот командант кого Утбе ибн Газван го заробил. По таа победа, муслиманите останале пред портите на градот сè додека не добиле точни информации за персиските сили кои се наоѓаат во градот. Таа дилема ја разрешиле брзо и ефикасно муслиманските извидници преку кои Утбе добил информација дека во градот нема повеќе од неколку стотици вооружени Персијци и дека главнината на нивната војска се наоѓа источно од Убула, во градот, т.е. покраината Ехваз. Дури тогаш Утбе им наредил на муслиманите да влезат во Убула, која по помал отпор е освоена по вторпат. Во освоениот град, Утбе ибн Газван го одржал, пред муслиманската војска, својот историски говор кој е воедно важен и поучен за денешните муслимански генерации, како што бил важен за муслиманите на кои тој директно им се обратил пред 14 века. Токму поради неговата важност и актуелност, го пренесуваме во целост:

„О, луѓе, навистина овој свет ги одбројува своите последни денови и од него не останало освен онолку колку што ќе остане водата во чашата по пиењето. Знајте дека сигурно одите во куќата на вечноста, па кога е така,

тогаш одете со добри дела, бидејќи вашата остроумност и умешност ништо нема да ви користи ниту помогне. Јас сум го слушнал Аллаховиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, кога рече: *'Кога би се фрлил камен во џехенемската бездна, би му требале седумдесет години да падне на дното, а навистина ќе дојде време кога џехенемот ќе се наполни. А помеѓу двата краја на џенетот е должина од четириесет години одење, а навистина ќе дојде време кога во него ќе биде голема навалица.' Јас сум седмиот што го примил исламот и бевме во таква ситуација кога немавме друга храна освен лисјата од палма*[109]*, од кои ни се создаваа рани на усните. Двајца луѓе делеа една наметка, а јас својата наметка ја делев со Са'д ибн ебу Векас. Меѓутоа, еве, дојде времето кога нема ниеден од нас седуммината а да не е заповедник или наместник на една од освоените покраини."*

Неговиот говор оставил позитивна трага кај муслиманските војници и потоа на Утбе не му било тешко да подготви војска за освојување на тврдините и градовите кои се наоѓаат северно и јужно од Убула.

Командантот на персиските сили во Ехваз, Хурмузан, испраќал помали групи за да ги напаѓаат муслиманите, па поради тоа Утбе ибн Газван му испратил писмо на Омер за да го извести за состојбата на тоа боиште, по што халифот Омер му наредил на Са'д ибн ебу Векас да испрати помош во Убула. Утбе ибн Газван барал погодно место на кое би се улогорил со својата војска и кое би му било главна база, бидејќи Убула со своите густи дрвја, со зеленилото и со својата клима, не им одговарала на Арапите. Тој со помала група на војници посетил четири места и на крајот се улогорил на местото на кое подоцна ќе никне градот Басра. А што се однесува на Са'д ибн ебу Векас, тој му испратил две војски напомош на Утбе, на чело на едната бил Нуајм ибн Мукрин, а на чело на другата Нуајм ибн Мас'уд, асхаб кој го примил исламот во текот на Битката на Хендек и опсадата на Медина, и кој во тоа време одиграл клучна улога во разбивањето на непријателските редови и нивните сојузништва. Тие двајцата со своите бригади тргнале од Ктесифон кон Убула и запреле кај местото Хувејз во кое требало да се улогори персиската војска. Ним подоцна им се придружиле двете групи на муџахиди кои Утбе ибн Газван ги испратил од Басра. Со едната група командувал Селм ибн Кајн, а со другата Хермеле ибн Мурејта,

---

[109] Се мисли на тригодишниот период на изолација на имотот на Ебу Талиб.

двајцата мухаџири кои меѓу првите се вклучиле во освојувањето на Персија под водство на Халид ибн Велид. Пред да дојдат во Ехваз, Нуајм ибн Мукрин и Нуајм ибн Мес'уд им испратиле писма на своите роднини, водачи на две племиња, Галиб ибн Ваил и Кулејб ибн Ваил, кои некогаш одамна се отселиле во Ехваз и тука живееле заедно со Персијците. Во писмото им порачале:

„Муслиманите ви дошле со војска на која сигурно не можете да ѝ се спротивставите, затоа примете го исламот и ќе бидете спасени па помогнете нѐ против Персијците колку можете."

Сето тоа се случувало во времето додека траела опсадата на Џелвела и Тикрит, а ете, муслиманската војска на сосема спротивната страна на Персија чукала и на портите на Ехваз. Поради тоа луѓето од двете арапски племиња, откако го добиле писмото, сфатиле дека било какво спротивставување на муслиманската војска е залудно и погубно, па тие го примиле исламот и се согласиле да ѝ помогнат на муслиманската војска против Персијците. Таа вест го израдувала Нуајм ибн Мес'уд и тој им порачал:

„Почекајте додека ние не се пресметаме со Хурмуз."

Потоа Галиб ел-Ваил отишол во градот Тир за да остане во него и да крене востание против Персијците кога за тоа ќе дојде време, а Кулејб ибн Ваил со истата цел отишол во градот Ел-Меназир. Утбе им наредил да не го откриваат своето примање на исламот додека Хурмузан не премине во местото Хувејз кога тие две арапски племиња, кои ги сметал за сојузници, ќе му останат зад грб. Така и се случило, кога Хурмузан со својата војска конечно се улогорил во Хувејз, го нападнале четири муслимаски војски од четири страни и започнала битка која траела од утро до приквечер. Во текот на битката, некаде околу пладне, Галиб ел-Ваил и Кулејб ибн Ваил ги нападнале Персијците во градовите Тир и Ел-Меназир, успеале да ги поразат и да ги освојат тие два града во корист на муслиманите. Кога Хурмузан дознал дека тие два града неочекувано паднале во муслимански раце, тој со војската се повлекол преку мостот на реката Карун, потоа го пресекол мостот и се улогорил северно од реката. Но, тоа не ги запрело муслиманите да тргнат по него, но овојпат шест бригади оделе да се сретнат со Хурмузан. Тој ја почувствувал опасноста, побарал примирје и прифатил да плаќа џизија. Познато е дека своевремено Хурмузан му дал ветување на Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, дека нема да војува против муслиманите, меѓутоа, тој на Битката на Кадисија предводел 20.000 Персијци од областа Ехваз и оној

момент кога почувствувал дека муслиманите ќе победат, избегал и ете, сега по вторпат побарал примирје и потпишување на договор со муслиманите. Нуајм ибн Мес'уд побарал совет од Утбе ибн Газван, кој бил во Басра, што да прави со Хурмузан и со неговиот предлог и Утбе му порачал да го прифати, под услов Хурмузан да дава џизија за сите градови околу таа област. Така е потпишан договор за примирје врз основа на кој муслиманите се обврзале дека нема да влегуваат на територијата на Ехваз сѐ додека жителите на таа област уредно ја плаќаат џизијата.

Персискиот командант извесно време го почитувал договорот, а тогаш го прекинал и го издал, така што со својата војска ги нападнал пограничните муслимански единици кои се наоѓале во Тир и Ел-Меназир. Тој тогаш му испратил порака на Нуајм ибн Мес'уд во која го известува дека муслиманите први нападнале и дека бесправно влегле во Ехваз и така го прекршиле договорот. Нуајм поради тоа отишол на лице место да се увери дали тоа е точно, меѓутоа набргу дознал дека Персијците, без било каков повод, ги нападнале муслиманските граничари и дека Хурмузан е тој што го прекршил договорот. Бидејќи Нуајм пресудил во корист на муслиманите, Хурмузан се налутил и јавно и официјално го прекинал договорот. Собрал војска источно од реката Карун, а потоа побарал помош од Курдите против муслиманите, што тие и прифатиле. Утбе ибн Газван му пишал на Омер за прекинувањето на договорот, по што халифот Омер му го испратил напомош Харкус ибн Зухејр ес-Сади, еден од асхабите на Аллаховиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, кој добил задача да ја преземе командата над комплетната војска и да ја предводи битката против Персијците. Харкус ибн Зухејр стигнал во Ехваз и ја презел командата, а потоа се улогоролил со војската западно од реката Карун. Бидејќи Персијците не сакале да се поместуваат од своето место, Харкус им наредил на муслиманите да се подготват за преминување преку реката. Набргу двете војски се бореле на источниот брег на реката Карун и на Персијците не им помогнало ни тоа што не морале да ја преминуваат реката, па така овојпат се целосно поразени. Иако бил далеку од бојното поле, халифот Омер до крајот ја водел акцијата за освојувањето на Ехваз. Тој му наредил на Харкус, доколку ги победи Персијците, да го испрати Џезе' ибн Муавије да ја продолжи потерата по поразените и разбиени персиски групи, а тој да остане во Ехваз. Џезе' ибн Муавије беспрекорно ја извршил својата задача и, освен тоа, ги освоил сите места и тврдини кои се наоѓале во тој правец, дури дошол до градот Сурек. Што се однесува до Хурмузан, тој се повлекол

со војската во градот Рамхурмуз и на тој начин ја поделил персиската војска на два дела, едниот дел бил во Сурек, а другиот во Рамхурмуз. И додека Џезе' ибн Муавије ги држел под опсада Сурек и Рамхурмуз, дошла веста дека муслиманите ја освоиле Џелвела и ја поразиле огромната персиска војска. Таа вест го натерала Хурмузан и по трет пат да побара примирје. Меѓутоа, ниеден муслимански командант не сакал да го прифати тоа без согласноста на халифот Омер, и дури кога од Медина дошол потврден одговор, Џезе' ибн Муавије го потпишал договорот за примирје со којшто Хурмузан се обврзувал за плаќање џизија на муслиманите од сите делови источно од Рамхурмуз и Сурек, а тоа се градовите Џундисабур, Тустар, Рамхурмуз и Сусат. Дека муслиманите ги почитувале договорите и дека не ги потпишувале само формално ни тогаш кога биле целосно доминантни, сведочи и настанот кој се случил непосредно по потпишувањето на третиот договор. Имено, Курдите, кои дотогаш им биле сојузници на Персијците, се побуниле против тој договор и ги нападнале Персијците на територијата која ја контролирал Хурмузан. Кога муслиманите слушнале за тоа, истиот момент подготвиле војска и им дошле напомош на Персијците, бидејќи плаќањето џизија од страна на Персијците ги обврзувало муслиманите да ги заштитат и одбранат од нивниот непријател.

## Освојувањето на Џезира

Куркусија е град на реката Еуфрат и се наоѓал на најсеверната точка во однос на Ктесифон, а градот Хиит бил сместен северно од реката Еуфрат. Са'д ибн ебу Векас испратил војска на чело со Омер ибн Малик да ги освои тие два града. Жителите на Хиит не сакале да се предадат, па Омер ибн Малик на тој град испратил еден одред на чело со Харис ибн Језид, додека тој тргнал кон Кадисија. Бидејќи Каркусија е освоена без борба, Омер ибн Малик се вратил да ѝ помогне на муслиманската војска во освојувањето на Хиит и повторно барал од неговите жители да се предадат, но тие не прифатиле. Тогаш наредил да го напуштат градот, со гаранција дека муслиманите нема да ги нападнат, а градот да им го оставаат на муслиманите, и тие тоа го прифатиле. Тоа, на некој начин, бил преседан – првпат во текот на освојувањето на Персија муслиманите им дале на Персијците избор помеѓу предавање и давање џизија, или напуштање на градот и негово предавање во рацете на муслиманите со гарантирање сигурност, што, всушност, значело гаранција за сигурноста на непријателската страна и без давање џизија.

* * *

По освојувањето на огромната територија и многубројните градови меѓу кои особено биле важни: Ехваз, Џелвела, Тикрит, Нинива, Мосул, Тир, Куркусија, Хиит и Убула, потоа огромниот воен плен кој речиси секој ден стигнувал во Медина, халифот Омер се исплашил за муслиманите од искушението наречено овој свет и овосветското богатство, па му пишал на командантот Утбе ибн Газван:

„Јас навистина посакувам помеѓу нас и Персијците да има огнен ѕид и од сега да не ги напаѓаме ни ние нив, ниту тие нас. Затоа, итно прекини ги понатамошните освојувања во Персија."

И покрај тоа што муслиманите без проблеми го освојувале остатокот на Персија и што ределе победа по победа, халифот Омер одлучил да ги запре освојувањата поради стравот тие освојувања да не станат цел сама за себе и големиот воен плен и изобилството не ги одвратат луѓето од исламот и Аллаховото упатство, на што алудира и хадисот на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него:

„Се колнам во Аллах, јас не се плашам за вас од сиромаштијата, туку се плашам овој свет да не ви се отвори како што им се отворил на оние пред вас, па да се натпреварувате поради него како што се натпреварувале тие, и тогаш да ве упропасти како што ги упропастил и нив."

Потоа му наредил на Са'д ибн ебу Векас да формира гарнизони и специјални единици кои ќе ги чуваат освоените места и да им одреди команданти. Са'д формирал пет такви гарнизони, во Куркусија под команда на Омер ибн Малик, во Мосул под команда на Абдулах ибн Му'там, во Хулван под команда на Ка'ка ибн Амр, во Мазбезан под команда на Дирар ибн Хатаб и во Басра под команда на Утбе ибн Газван. Некако во тоа време Хузејфе ибн Јеман, повереник на тајната на Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, исто така му пишал на халифот Омер за состојбата на муслиманите во Персија, посебно во Ктесфон, меѓу останатото му рекол:

„Муслиманите му се предале на раскошниот и луксузен живот, стомаците им нараснале и отежнале, па ти види што ќе направиш."

Тоа писмо уште повеќе го загрижило халифот Омер и го натерало да донесе одлука која ги изненадила, како муслиманите, така и Персијците. Поради тоа писмо тој донел цврста одлука да го промени главниот град на Персија и му наредил на Са'д итно да го напушти Ктесифон и да побара

локација која одговара на арапската пустина и арапскиот менталитет, па на тоа место да изградат главен град и центар на муслиманска Персија. Са'д ибн ебу Векас им ја доверил таа задача на Хузејфе ибн Јеман и Селман ел-Фариси. Тие двајцата нашле место кое било во знак на црвениот пустински песок, без зеленило и раскошни градини, а тоа место била Куфа. На почетокот од седумнаесеттата година по хицра, муслиманите почнале од темел да градат нов град и нова престолнина за Персија. Халифот Омер ги предупредил да не претеруваат во изградбата и да не прават преголеми згради, туку да се сетат на џенетот и неговите дворци и уживања и за тоа да се подготвуваат. Првата работа што Са'д ја направил е што во тој град ги населил познатите асхаби и прославени војсководци, бидејќи, всушност, луѓето се основата на културата и цивилизацијата, а не градбите. Така во Куфа се доселил Ка'ка ибн Амр, Дирар ибн Хатаб, Абдулах ибн Му'там, Омер ибн Малик и други, а за немесници во градовите што ги напуштиле поставиле муслимани Персијци.

Иако халифот Омер издал наредба за прекин на воените дејствија, со неа не можеле да се запрат Персијците да продолжат со собирање на војска, со склопување на сојуз со Византијците со кои тие сега почнале да ги напаѓаат муслиманите со цел да ги повратат изгубените територии. Очигледно е дека наредбата на Омер за прекин на освојувањата ја разбрале како знак на слабост на муслимнаите што ги навело на катастрофална одлука. Муслиманите биле присилени да ја продолжат битката во Персија и меѓу останатото ја освоиле и областа која и денес е позната како Џезира, а која се наоѓа помеѓу Тигар и Еуфрат. Всушност, границите на Џезира се протегаат на север кон денешен Ирак, на југ кон Турција и на исток кон Сирија. Повод за освојување на Џезира бил собирањето на арапските христијани од Џезира кои склопиле сојуз со византискиот император и се одзвале на неговот повик да се борат заедно со Византијците против муслиманите во битката која ја подготвувал Хераклит.

Таа битка била многу тешка и неизвесна и муслиманите биле во незавидна позиција, така што командантот на муслиманската војска во Шам, Ебу Убејде ибн Џерах, му испратил писмо на Омер во кое го известил за состојбата на фронтот и барал помош и засиливање. Халифот веднаш го проследил писмото до Са'д ибн ебу Векас и му наредил од Персија да испрати засилување во Шам. Година дена пред тоа ситуацијата била спротивна, тогаш Ка'ка ибн Амр со војската од Шам им дошол напомош на

муслиманите на Кадисија. Са'д ибн ебу Векас без поговор ја извршил наредбата на халифот и истиот ден кога го добил писмото испратил во Шам 4.000 муџахиди на чие чело и овојпат бил Ка'ка ибн Амр, и по којзнае кој пат се обистиниле зборовите на халифот Ебу Бекр:

„Војската во која е Ка'ка ибн Амр нема да биде поразена."

За да ѝ олесни на муслиманската војска во Шам и да им овозможи победа, халифот Омер му наредил на Са'д ибн ебу Векас да испрати и друга војска за да ја нападе Џезира за да ги натера арапските христијани да се вратат од Шам и да го прекинат сојузништвото со византискиот цар Хераклит. Кога дознале за тоа арапските христијани, истиот момент го напуштиле Шам и се вратиле да ја бранат Џезира. Тоа го искористил Ебу Убејде и без големи тешкотии им нанел на Византијците уште еден тежок пораз. По големата победа во Шам, огромната муслиманска војска која тргнала од Куфа, по наредба на халифот Омер, го продолжила патот кон Џезира со цел да ја освојат. За командант на таа војска Омер го поставил Ијад ибн Ганем, асхабот кој, покрај Халид ибн Велид, бил првиот муслиман кој тргнал во освојувањето на Персија. Кога Ијад ибн Ганем стигнал во Каркусија, го испратил Сухејл ибн Адиј со војска кон градот Рака, а тој тргнал кон Харан, најголемата тврдина во Џезира. Од Куфа излегла и третата војска под команда на Абдулах ибн Утбан, кој со доаѓањето во Мосул се ставил под команда на Ијад ибн Ганем. Потоа Сухејл ибн Адиј тргнал во освојувањето на Рака. Опсадата на тој град траела неколку дена, а потоа жителите на градот барале примирје и прифатиле да им плаќаат џизија на муслиманите. Во исто време Абдулах ибн Утбан го држел под опсада, со голема војска, градот Насибан, најубавиот град во Џезира, полн со зеленило, реки и извори на питка вода. Иако јаките и добро вооружени сили го бранеле градот, кога слушнале дека Рака паднала во рацете на муслиманите, силите на градот Насибан се предале без борба и самите понудиле плаќање на џизија. По неочекуваното брзо и лесно освојување на тие два града, Ијад ибн Ганем со главнината на војската тргнал кон Харан, а на патот кон таа тврдина му се придружиле Сухејл ибн Адиј и Абдулах ибн Утбан. Муслиманските сили го држеле под опсада Харан повеќе од месец дена, а тогаш градот се предал без борба. Потоа муслиманската војска тргнала кон градот Едеса и брзо го зазела, а потоа се упатила кон градот Самосат кој денес е во состав на Турција, а кој исто така е освоен без тешкотии и било каков отпор. Со падот на Самостан комплетна Џезира била во рацете на муслиманите. Џезира е област која најбрзо и најлесно е освоена од кога

муслиманите стапиле на територијата на Персија, а освојувањето на таа област било завршено во 17. година по хиџра.

## Битката за Тавус

Додека муслиманските сили полека, но сигурно освојувале дел по дел од персиската територија, познатиот асхаб Ел-Ала' ибнул-Хадреми, понесен токму од тоа освојување, се впуштил во опасна авантура со група на муџахиди. Имено, тој бил командант на седмата бригада во борбата против отпадниците и Ебу Бекр тогаш го испратил во Бахрејн да го задуши нивниот бунт. Бидејќи успешно ја извршил својата задача, халифот Ебу Бекр го поставил за наместник на Бахрејн, а на таа позиција тој останал и во времето на Омер. Ел-Ала' бил роден муџахид и набљудувајќи како муслиманите го освојуваат некогашното персиско царство, посакал и тој да даде свој придонес во тоа освојување. Неговата желба наскоро се претворила во цврста одлука, така што без многу размислување мобилизирал неколку групи за борба и отворил нов фронт источно од Персискиот залив во времето кога територијата под целосна муслиманска управа стигнала дури до Рахмурмуз и целата таа територија се наоѓала скоро на крајниот север во однос на Бахрејн и новата линија на фронтот. Територијата која сакал да ја освои Ел-Ала' била во состав на т.н. јужен Ехваз и била премногу далеку од територијата која била под управата на Хурмузан кој им плаќал џизија на муслиманите. Токму поради тоа, Ел-Ала' сакал да ја освои таа територија и да ја припои кон веќе освоениот дел на Персија.

Ја собрал својата војска и ја поделил на три групи. На чело на првата група бил Џаруд ибн Ја'ла кој одиграл голема улога во времето на отпадништвото. Имено, кога повеќето од Арапите се одметнале од исламот по смртта на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, неговото село Џеваса, комплетно, останало во исламот благодарјќи токму на Џаруд. Во тој отсутен момент, тој ги собрал своите соседи и им се обратил со следниве зборови:

„Знајте дека јас не го напуштив исламот и дека не мислам тоа да го сторам. Јас останувам во исламот и, се колнам во Аллах, ќе се борам против секој од вас кој ќе го открие своето отпадништво."

Неговиот народ го послушал и во тоа село не е забележан ниеден случај на отпадништво.

Втората група ја предводел Сувар ибн Хемам, а третата Хулејд ибн Мунзир ибн Сави. Таткото на Хулејд, Мунзир ибн Сави, своевремено потпишал договор со Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, со кој се потврдува примањето на исламот на сите жители на Бахрејн. Мунзир бил човек со цврст карактер и убав морал, но кога умрел, Бахрејн се претворил во место на отпадништво на исламот. Секако, неговиот син не бил во тие групи и, ете, сега предводел една вооружена група на муслимани во борбата против Персијците.

Војската под команда на Ел-Ала' ибнул-Хадреми се истоварила во местото Тавус, на источната страна на Персискиот залив. Халифот Омер пред тоа им забранил на муслиманите војување на море, така што Ел-Ала' направил двоен прекршок. Прво, бидејќи не смеел да ја води војската во борба на море и второ, бидејќи халифот Омер ги прекинал понатамошните освојувања на Персија и го забранил продорот на војската во длабочината на персиската територија. Муслиманите не ни успеале да се улогорат во Тавус, а ги сретнала многубројна персиска војска на чие чело бил човек по име Хербез. Тој успеал пред битката да дојде до муслиманските бродови и да ги потопи сите, а тогаш тргнал во силен напад и така започнала уште една од редицата битки помеѓу муслиманите и Персијците во која муслиманите на крајот сепак излегле како победници, но биле речиси десеткувани, како еднаш во Битката на мостот. Меѓу загинатите муслимани биле и двајцата војсководци, Џаруд ибн Ја'ла и Сувар ибн Хемам.

Хулејд ибн Мунзир, кој го преживеал нападот на Персијците, ја презел командата и ги бодрел муслиманите предупредувајќи ги дека немаат друг избор освен борба. И навистина, малубројната муслиманска група успеала да ја победи персиската војска, но по победата се нашле во скоро безизлезна ситуација, бидејќи немале ниеден брод со кој би се вратиле во Бахрејн. Не им преостанало ништо друго освен да се обидат да се пробијат до Басра, да најдат засолниште и да побараат помош од муслиманскта војска која таму имала своја база. Меѓутоа, на патот кон Басра ги дочекала друга персиска војска со која командувал човек по име Шехрек. Тој успеал да ја опколи муслиманската војска недалеку од градот Тавус и да им ги затвори сите патишта кон Басра. Набргу веста за тие случувања стигнала во Медина до халифот Омер, кој отпрвин не можел да поверува дека некој од неговите намесници може да се однесува толку неодговорно, а потоа истиот момент му испратил известување на Са'д ибн ебу Векас итно да го смени Ел-Ала' ибнул-Хадреми од местото намесник во Бахреин и да му нареди

да оди во Куфа и да се стави под команда на Са'д како обичен војник. Потоа испратил друго писмо до Утбе ибн Газван и му наредил да им однесе војска напомош на опколените муслимани кај градот Тавус. За неполни два дена, Утбе ибн Газван успеал да собере дванаесет илјади муџахиди меѓу, кои биле и Асим ибн Амир и Хузејфе ибн Мухсин, командантот на осмата бригада во борбата против отпадниците, потоа Арфеџ ибн Херсеме, командантот на деветтата бригада против отпадниците, а на чело на војската бил искусниот воин Ебу Себуре ибн Рухм кому Утбе му ја доверил улогата на главен командант со што се согласил и халифот Омер. Потоа војската се упатила во правецот на Тавус, движејќи се долж брегот на Тигар и Еуфрат, потоа долж брегот на Персискиот залив, за потоа да премине преку планинскиот венец и да стигне до местото на кое малубројната група на муслимани била опколена и нападната од персиската војска. Ебу Себуре веднаш ги нападнал Персијците и бргу го разбил нивниот обрач, а тогаш со заеднички сили им нанеле на Персијците тежок пораз и убиле голем број од нивните војници.

* * *

По успешно изведената акција, муслиманската војска се вратила во Басра, бидејќи не им било цел освојување, ниту останување на тој дел од Персија. При враќањето во Басра, бидејќи тоа било во месеците на хаџот, кон крајот на 17. година по хиџра, Утбе ибн Газван му испратил писмо на халифот Омер барајќи дозвола за заминување на хаџ и Омер му дозволил. Пред да тргне на патот кон Мека, Утбе за свој заменик во Басра го именувал познатиот асхаб и голем воин Мугире ибн Шу'бе. По завршувањето на обредите на хаџот, халифот Омер му наредил на Утбе ибн Газван веднаш да се врати во Басра и да го преземе местото на намесник. Меѓутоа, Утбе барал од халифот да го разреши од должноста намесник и да постави некој друг, кое халифот Омер глатко го одбил. Откако Утбе бил упорен во барањето за своето сменување, Омер му напишал:

„Мене на рамената ми го натоваривте товарот на халифатот, а потоа ме оставате сам."

Но, ни тогаш Утбе не се откажал од своето барање, па халифот Омер му порачал:

„Се колнам во Аллах, ќе се вратиш во Басра и ќе продолжиш да ја вршиш функцијата намесник."

Утбе видел дека нема шега со Омер и дека нема да може да го изнуди своето сменување, па тогаш, одејќи кон Басра, ги кренал рацете и упатил дова кон Аллах:

„Господару мој, ако за мене во овој момент е подобар оној свет од овој свет, тогаш земи ме кај Себе и не враќај ме жив во Басра.“

Возвишениот Аллах ја примил неговата дова, кратко потоа тој паднал од камилата и умрел на лице место. По смртта на Утбе ибн Газван, халифот Омер за намесник на Басра го именувал Утбе ибн Шу’бе, за потоа да го смени и за намесник да го постави Ебу Муса ел- Еш’ари.

## Примена е довата на Бера’ ибн Малик

Иако халифот Омер ги запрел понатамошните освојувања на Персија и ѝ го забранил на муслиманската војска влезот на територијата под контрола на Персијците, царот Јездецерд не се задоволил со тоа. Напротив, тој почнал да мобилизира војска на сите страни од своето веќе загубено царство и да ги поттикнува на борба против муслиманите. Меѓу другото, му испратил писмо на Хурмузан кој тукушто го потпишал третиот договор за примирје и плаќање џизија. Меѓутоа, повикот на персискиот цар и сеќавањата на славните денови на големото Персиско царство го пробудиле во него паганскиот жар кој бил посилен од било каков договор и одржување на ветувањето.

Кога халифот Омер дознал дека Хурмузан и трет пат го прекршил ветувањето, неговата лутина достигнала кулминација, тоа било капката која ја прелеала чашата на трпението и попуштањето. Поради тоа, тој веднаш им испратил порака на сите муслимански команданти и намесници во Персија да се подготват за, дотогаш, можеби најголемата и најкрвава битка на територијата на Персија, битка која царот и Хурмузан секогаш ќе ја паметат.

Царот успеал да собере огромна војска која потоа тргнала кон градот Тустар, според зборовите на историчарите, најубавиот град во Персија, а кој се наоѓал на реката Карун во областа Ехваз. Тоа бил град кој имал далеку повеќе тврдини од Ктесифон и Џелвела. Кога за тоа слушнал Хурмузан, тој без многу размислување и двоумење ја собрал својата војска и тргнал кон истиот град.

Халифот Омер добро ги следел случувањата во Персија и веднаш издал наредба муслиманите да мобилизираат што повеќе сили и војската од Куфа

да тргне кон Ехваз и прво да го нападне Хурмузан и неговата војска. Командант на муслиманската војска од Куфа бил познатиот асхаб, Ну'ман ибн Мукрин кој по наредба на Омер тргнал во правецот на Ехваз. Тој ја поделил војската во две бригади. Бидејќи во Ехваз бил и асхабот Харкус ибн Зубејр со својата војска, а освен тоа, под негова команда биле уште четири одреди, и тој добил наредба за мобилизација на војската за борба против Хурмузан. Басра била блиску до Ехваз и од неа исто така излегла огромна муслиманска војска под команда на Сехл ибн Адиј, освојувачот на Џезира. Нему халифот Омер му порачал да земе во својата војска уште петмина легеднарни муџахиди и големи воини: познатиот асхаб Бера' ибн Малик, Меџзе' ибн Сур, Ка'б ибн Сур, Хузејф ибн Мухсин и Афреџ ибн Херсем, и го предупредил ни случајно да не го постави Бера' ибн Малик за командант, бидејќи тој поради својата преголема храброст и себе и својата војска ќе ги изложи на опасност и ќе оди во напад макар, никој да не се врати жив.

* * *

А Ка'б ибн Сур бил табиин кого халифот Омер посебно го ценел и сакал, бидејќи бил еден од ретките муслимани кој поседувал три особини: ученост, побожност и храброст, во што Омер многупати се уверил. Еднаш на халифот Омер му дошла една муслиманка и му се обратила со зборовите:

„О, водачу на правоверните, мојот маж дење постојано пости, а ноќе клања и скоро воопшто не спие.“

Халифот ѝ одговорил:

„Навистина имаш прекрасен маж!“

Таа видела дека халифот не ја разбрал што сакала да каже, се засрамила и се вратила дома. Тоа го слушнал Ка'б ибн Сур, па му рекол на Омер:

„Зошто не ѝ одговори на жената на нејзиното прашање и не ѝ го реши проблемот?“

Омер рекол:

„Што е проблемот во тоа што мажот ѝ доброволно пости и клања ноќен намаз?!“

На тоа Ка'б му рекол:

„Јас сметам дека таа не дошла ни за едното ни за другото, освен да се пожали дека мажот ја избегнува во постела.“

„Дали навистина така мислиш?", запрашал халифот Омер.

„Да", одговорил Ка'б. Потоа халифот Омер ја повикал жената и ја прашал:

„Дали можеби твојот проблем е во тоа што го рече Ка'б?"

Одговорила:

„Да, се колнам во Аллах, јас имам потреби како и другите жени."

Потоа Омер му наредил на Ка'б да пресуди за тој случај, а Ка'б одговорил:

„Да имаше нејзиониот маж четири жени, кај неа ќе доаѓаше секоја четврта ноќ. Според тоа, тој нека поминува три дена и три ноќи во ибадет, а четвртиот ден и ноќ нека ѝ се посвети на својата жена."

Задоволен од мудриот одговор, Омер рекол:

„Твојот втор одговор подеднакво ме зачуди и импресионира како и првиот и од овој момент јас те именувам за главен кадија во Басра."

И навистина, од тој ден Ка'б ибн Сур бил врховен кадија (*кадилкудат*) во Басра, но тоа ни случајно не го спречило од излегувањето во џихад и борбата на Аллаховиот пат.

* * *

Муслиманските војски од Куфа, Басра и Ехваз тргнале во правецот на градот Тустар каде што се собрала огромната персиска војска со цел да ја продолжи борбата против муслиманите и да го брани она што повеќе реално не можело да се одбрани. Главен командант на сите муслимански сили бил Ебу Себуре ибн ебу Рухм, кој пред тоа бил јунакот во спасувањето и избавувањето на муслиманските групи кај Тавус. Војската од Куфа, која била под команда на Ну'ман ибн Мукрин, на својот пат кон Тустар најпрвин ја поминала пустината Џезира, потоа преминала преку реката Тигар, тогаш го продолжила движењето кон југ и, преминувајќи ја реката Карун, стигнала во Ехваз. Војската од Басра ја предводел Сехл ибн Адиј, меѓутоа, и покрај тоа што биле поблиску до дестинацијата, Ну'ман ибн Мукрин и неговата војска биле побрзи и во рекорден рок стигнале во местото Сукул-Ехваз, а набргу потоа се нашле пред портите на Рамхурмуз, каде што Хурмузан се улогорил со својата војска. Хурмузан бил изненаден од неочекуваното брзо доаѓање на муслиманската војска и, неподготвен за борба, морал да се сретне со муслиманите, така што уште еднаш ја вкусил горчината на поразот кој него и неговата војска ги натерал во бегство, а немале

каде да избегаат освен во Тустар. Сехл ибн Адиј на патот кон Рамхурмуз дознал дека Ну’ман веќе ги поразил Персијците и истиот момент го променил правецот на движење и ѝ наредил на војската да се насочи кон Тустар, а муслиманската војска од Ехваз, на чело со асхабот Харкус ибн Зухејр исто така тргнала во тој правец. Халифот Омер не се задоволил само со тоа, туку му наредил на Ебу Муса ел-Еш’ари од Басра да поведе уште една војска кон Тустар, и кога ќе стигне до дестинацијата, да ја преземе командата над комплетните сили од Басра.

* * *

Наскоро сите муслимански сили се нашле пред Тустар, во кој се собрала огромна персиска војска. Тустар бил најголемата тврдина во Персија. Кажано е дека тоа бил најстариот град на територијата на Персија и дека тоа е првиот град во земјата околу кој се подигнати бедеми. Изграден е на преубава височина, а околу него биле подигнати огромни ѕидови и бедеми, а на бедемите биле изѕидани високи кули кои не биле многу на број и рамномерно распоредени долж целиот бедем. Персијците од кулите можеле да ги гаѓаат со стрели муслиманите, а муслиманите не биле во состојба да им возвратат, бидејќи стрелите исфрлени од земјата не можеле да постигнат толкав домет. Освен тоа, околу градот бил ископан огромен ров кој, за разлика од досегашните ровови околу персиските тврдини, бил исполнет со вода што го оневозможувало преминот до портите на градот. Долж целиот ров имало само едно место кое не било наполнето со вода, но затоа го штитела бригада на персиски војници, а освен тоа, стрелите од кулите паѓале како дожд на оној кој би се доближил. Во внатрешноста на тие високи и дебели ѕидини се наоѓал древниот град Тустар со своите градби, прекрасни дворци, непрегледни ливади, овоштарници и засеани полиња. Веднаш покрај бедемот на градот течела река чија благодат жителите на градот обилно ја користиле и експлоатирале така што дале да се изградат огромни полуги и колички со помош на кои ја црпеле и извлекувале водата од реката. Поради тоа тие можеле да ја издржат секоја опсада не плашејќи се дека ќе им снемаат залихи од вода. Меѓутоа, сите тие силни бедеми и тврдини не ја обесхрабриле муслиманската војска која по доаѓањето во Тустар веднаш ја започнала својата најтешка и најдолга опсада дотогаш. Што се однесува на Персијците, тие по свој стар обичај, со помали воени формации правеле чести излети надвор од градот напаѓајќи ги муслиманите, но секогаш се враќале во градот поразени и понижени. Вкупно

имало 80 такви напади во текот на опсадата, која траела точно 28 месеци и без сомнение претставува една од најдолгите опсади во историјата на војувањето. И покрај долготрајната опсада, Персијците не размислувале за предавање ниту, пак, муслиманите размислувале да се откажат од опсадата. Нивниот борбен морал по повеќе од година дена опсада бил ист како и во почетокот, освен што стрелите од бедемите на градот им задавале огромни проблеми при секој обид да го преминат ровот. А тогаш, по толку безуспешното поминато време во опсадата на градот, некој од муслиманите се сетил дека во нивните редови е човекот за кого Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, рекол:

„Колку има такви, со замрсена коса и прашлива облека, на кои луѓето не им обрнуваат внимание, а таквиот за што и да го заколне Аллах, Аллах веднаш би му ја примил довата, еден од нив е Бера’ ибн Малик.“

Потоа отишле кај него и му рекле:

„Бера’ брате, зарем не гледаш во каква ситуација сме, зошто не го заколнеш Аллах и не побараш победа за нас?“

Истиот момент Бера’ ибн Малик ги кренал рацете кон небото и рекол:

„Аллаху мој, Те преколнуваме да ни дадеш скора победа и во оваа битка мене да ме придружиш кон Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него!“

И додека Бера’ ја кажувал довата, покрај Ебу Муса ел-Еш’ари паднала стрела од бедемот на која било закачено писмо. Тоа било писмо кое го испратил еден Персиец кој барал гаранција за сигурност за него и неговиот имот, а за возврат тој на муслиманите ќе им го објасни патот по кој ќе влезат во Тустар. Ебу Муса ел-Еш’ари му го однел писмото на главниот командант, Ебу Себуре кој, по кратко размислување, се согласил со тој предлог. Потоа напишал писмо во кое го прифаќа предлогот на Персиецот, а кое муслиманите му го испратиле на истиот начин како што го добиле. Муслиманите морале да чекаат, на реакцијата и договорот, до ноќта, а тогаш под закрилата на ноќта се појавил Персиецот носејќи го со себе писмото со кое му се гарантира сигурноста. Кога се сретнал со муслиманскиот командант, му рекол:

„Најдобро би било да испратиш со мене еден војник кому ќе му го покажам патот, а потоа тој нека се врати и нека ја поведе војската.“

За задачата со висок ризик Ебу Себуре го избрал асхабот Меџзе' ибн Сур, но не го известил за тоа веднаш, туку го пивикал и како да бара од него совет, го запрашал:

„Што мислиш, кој би можел да биде соодветната личност за оваа исклучително опасна и одговорна задача?"

Меџзе' ибн Сур, без нималку несигурност, одговорил:

„Јас сум човекот за таа задача."

Ебу Себуре се израдувал поради неговиот одговор и тогаш му рекол:

„Те предупредувам добро да го следиш и да го запознаеш патот и да се вратиш назад. Никому ништо не кажувај за тоа и не преземај ништо на своја рака."

Меџзе' ибн Сур бил премногу поверлив за на било кого да му ја издаде тајната и, во каква и да е ситуација, да прави нешто на своја рака. Тргнал со непознатиот Персиец, кој го повел до местото каде ровот бил полн со вода, тогаш тие двајцата запливале низ водата, а потоа на едно место морале да ронат сè додека не се нашле во мрачниот тунел кој бил прокопан низ бедемот на градот. Тогаш тргнале низ тунелот кој на некои места бил толку тесен што со голем напор поминувале низ теснецот, а на некои места таванот на тунелот бил толку низок што повторно морале да ронат додека на крајот не се појавиле пред вратата на тунелот која водела директно во градот. Потоа Персиецот отишол и му донел традиционална персиска облека на Меџзе' ибн Сур, кој се камуфлирал во Персиец, а потоа заедно влегле во Тустар. Штом влегле во градот, Меџзе' почнал со извидувањето, внимателно разгледувајќи го теренот и запомнувајќи ги сите поважни објекти во градот. Добро запаметил каде се наоѓа портата на главната тврдина, потоа забележал помал дворец во градот во кој бил Хурмузан, како и други клучни места и патишта кои водат во средиштето на градот. Во текот на извидувањето видел еден човек кој гордо и надмено слегувал од дворецот, на главата имал круна и носел позлатена одора. Меџзе' веднаш го препознал во него Хурмузан, но самиот на себе си рекол:

„Се колнам во Аллах, јаз знам дека кога би исфрлил стрела во него не би промашил, но од тоа ме спречува ветувањето кое му го дадов на нашиот командант", и ја вратил стрелата во футролата.

Откако го извидил теренот и добро ги запаметил главните места и влезови во градот, тој се вратил назад низ тунелот, а Персиецот останал во

градот. Кога се вратил меѓу муслиманите, му поднел извештај на Ебу Себуре и му рекол:

„Одбери група муслимани да одат со мене да ви ги отвориме портите низ кои ќе влезете во градот.“

## Хурмузан го прима исламот пред халифот Омер

Ебу Себуре не сакал никого да присилува во оваа акција па барал доброволци, по што се пријавиле тристотини муџахиди меѓу кои биле Асим ибн Амр и Буср ибн Рухм, воини кои не ги одминала ниедна позначајна битка во Персија, а за командант им го одредил Меџзе', кој воедно бил и водич. Пред поаѓањето им рекол:

„Кога ќе се сретнете со непријателот, величајте го Аллах многу и трудете се што порано да ни ги отворите портите на градот. Знак за распознавање и наша единствена лозинка ќе биде текбирот.“

Потоа, два часа по половината од ноќта, тристотини муџахиди загазиле во реката, ослободувајќи се пред тоа од вишокот товар, така што на себе немале ништо освен облеката и сабјите и тргнале кон Тустар низ тесниот и мрачен тунел во бедемот на градот. По мачното и напорно пробивање низ тунелот, Меџзе' ибн Сур конечно стигнал до вратата на тунелот и почекал да му се придружат и останатите муџахиди. Меѓутоа, во текот на таа авантура, тунелот едноставно „проголтал“ 220 муџахиди, така што само осумдесетмина преживеале и стигнале до вратата на тунелот. Меѓутоа, тие не се откажале и обесхрабриле, туку под водството на Меџзе' нечујно влегле во Тустар и низ ноќната темница полека се пробивале до главната порта на тврдината. Без било какви изненадувања и непредвидливи моменти се доближиле до портата, а тогаш ги нападнале стражарите околу портата. Имено, персиската војска била во длабок сон така што единствено стражарите биле будни. Додека едните ги убивале стражарите, другите се втурнале кон огромната врата за да ја отворат и да ѝ го ослободат на муслиманската војска патот во градот. Одеднаш, низ ноќта од осумдесет муслимански грла одекнало: *Аллаху екбер! Аллаху екбер!* Малубројната група на муџахиди не ја ни отворила вратата кога муслиманската војска ја урнала портата и слично на надојдени морски бранови се пробила во градот и ја започнала можеби најкрвавата битка на територијата на Персија дотогаш. Муслиманите биле во голема предност, бидејќи Персијците во тоа време спиеле со длабок сон. Ги

пробудило уривањето на главната порта и громогласните текбири на муслиманските војници. Меѓутоа, кога се разбудиле, веќе било доцна и последното што повеќето од нив го виделе од овој свет е сјајот на сабјите кои потоа завршувале на нивните вратови. Еден дел од персиската војска и покрај тоа пружал невиден отпор така што муслиманите, поради жестоката битка, сабахот го клањале кога сонцето веќе отскокнало.

Ебу Муса ел-Еш'ари говорел дека муслиманите се пробиле во Тустар во времето на сабах-намазот и штом влегле во градот, почнала жестока битка така што не успеале да го клањаат сабах-намазот на време, туку го клањале по освојувањето на Тустар. И потоа, кога и да ја спомнал некој таа битка пред него, Ебу Муса ел-Еш'ари би рекол:

„Персијците нè спречија да го клањаме сабахот на време, а се колнам во Аллах, мене ми е подраг сабах-намазот од илјада победи."

На муслиманската страна исто така имало многу загинати борци, а меѓу нив бил и славниот Бера' ибн Малик. Пред тоа тој жестоко се борел против Персијците во внатрешноста на ѕидините и во исто време со поглед го барал Хурмузан. Кога го видел низ бурната толпа, веднаш тргнал кон него, но пред него се испречила голема група на Персијци. Бера' ибн Малик ги убивал еден по еден и пред да стигне до Хирмузан, зад него останале десетици мртви персиски војници. Потоа се нашол очи в очи со Хурмузан и започнал нивниот двобој. Во почетокот и двајцата размениле неколку испитувачки удари, а тогаш Бера' со својата жестина навалил на Хурмузан и неговата сабја блеснала кон персискиот командант но, за жал, тој промашил, и на тој начин му дал прилика на искусниот Хурмузан да му зададе смртоносен удар кој Бера' ибн Малик го крунисал со маченииштвото, како што и барал. Возвишениот Аллах му ја примил довата, муслиманите постигнале голема победа, а Бера' ибн Малик загинал како маченик и му се придружил на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него. Пресметката помеѓу Хурмузан и Бера' од далеку ја следел Мецзе' ибн Сур кој, кога видел дела Бера' загинал, тргнал кон Хурмузан убивајќи ги персиските војници кои го спречувале во тоа. Кога конечно застанале еден спроти друг, Мецзе' не сакал да тактизира, туку сакал со еден удар на сабјата да го кутне и усмрти и така да го одмазди својот пријател, но таа желба не му се остварила. Тој силно замавнал со својата сабја и промашил, а тогаш Хурмузан замавнал со својата сабја и го погодил Мецзе' право во вратот. Така Мецзе' ибн Сур му се придружил на својот брат по верата и голем

пријател и воен другар, Бера' ибн Малик, во џенетот да ги уживаат плодовите на својот труд и жртвите на Аллаховиот пат. Муслиманската војска и понатаму немилосрдно ги напаѓала Персијците и сè повеќе мртви лежеле во древниот Тустар. Тие што останале живи, а малку биле такви, немале друг избор освен да се обидат да избегаат. Меѓу нив бил и командантот Хурмузан. Откако убил двајца славни асхаби, тој успеал да избега во својот голем дворец блиску до тврдината и да ја заклучи тешката врата.

Останал потполно сам и знаел дека му нема спас. Поради тоа по којзнае кој пат прибегнал кон итрина и измама па ги повикал муслиманите од дворецот говорејќи им:

„Знајте дека во мојата футрола имам точно сто стрели и способен сум со нив да убијам стотина ваши војници. Па, каков успех е тоа ако ме убиете откако ви загинат стотина војници?!“

Муслиманите го прашале:

„Тогаш што сакаш?“

Одговорил:

„Сакам средба со вашиот халиф Омер.“

По консултацијата со своите соборци, Ебу Себуре го прифатил неговиот предлог и тој се симнал од дворецот и се предал. Потоа, Ебу Себуре му испратил порака на халифот Омер со радосната вест дека е освоен Тустар и за заробувањето на Хурмузан, кој изразил желба да се види со халифот. Омер се согласил со тоа и наредил во придружба на Хурмузан да биде поголема група на луѓе на чело со Енес ибн Малик, братот на Бера' ибн Малик, Ахнеф ибн Кајс и Мугире ибн Шу'бе. Освен тоа, халифот Омер му наредил на Ебу Себуре да испрати војска под команда на Ну'ман ибн Мукрин во освојување на Сусат, главниот град на Ехваз, потоа Ебу Муса ел-Еш'ари да се врати во Басра и да ги преземе обврските на намесникот, а за негов заменик над војската на Басра да го постави Муктериб ибн Реби, асхаб на Аллаховиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, на кого претходно името му било Есвед.

* * *

Имено, кога се сретнал со Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, тој го запрашал:

„Зошто си дошол?“

Одговорил:

„Дојдов за, следејќи те тебе, да му се приближам на Аллах и на Неговиот Пратеник.“

Тогаш Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, рекол:

„Ти си од денес Муктериб (оној што е близок).“

* * *

И конечно, асхабот Зур ибн Кулејб добил задача со својата војска да оди кон градот Џундисабур во областа Хузистан. По добиените задачи, војските тргнале да ги извршат, а веќе спомнатата група на муслимани се упатила со заробениот Хурмуз кон Медина за да халифот Омер го види и запознае тој човек кој толку дрско трипати го поништил и прекршил договорот кој самиот го потпишал.

Групата муслимани, која ја предводело Енес ибн Малик, Мугире ибн Шу'бе и Ахнеф ибн Кајс, тргнала кон Медина водејќи го заробениот персиски командант. Кога, по напорното и долго патување, биле во близината на Медина, запреле и му наредиле на Хурмузан да ја облече својата облека проткаена со злато, потоа на главата да ја стави круната и да ја опаша својата златна сабја која ја носел редовно во сите битки. Сакале Хурмузан да влезе во Медина во оној сјај во каков живеел во Персија со цел муслиманите од Медина да видат и барем за момент себеси да си ја претстават сликата на моќното Персиско царство кое за само неколку години паднало во муслимански раце. Кога влегле во градот, прашале за халифот Омер и им било речено дека тој се наоѓа во џамијата на Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, со една делегација од Куфа. На патот до џамијата сретнале неколку девојчиња кои се играле покрај џамијата и тие им рекле:

„Ако го барате водачот на правоверните, знајте дека тој е во џамијата и дека моментално спие.“

Потоа групата од Ирак влегла во џамијата, а со нив влегле жителите на Медина за да бидат сведоци на таа историска средба помеѓу персискиот водач Хурмузан и халифот на исламската држава Омер ибн Хатаб.

Во меѓувреме, халифот Омер, откако отишла делегацијата од Куфа, ја смотал својата наметка, која ја облекол за таа прилика, ја ставил под главата наместо перница и легнал да спие. Хурмузан влегол во џамијата чувствувајќи трема и страв од средбата со водачот на државата која го урнала

од тронот познатиот персиски цар, водачот чијашто војска за кратко време ја прегазила Персија, надолж и нашир, на чие спомнување се треселе дворците на царот. Хурмузан се плашел од таа средба, но сепак нестрпливо исчекувал да го види водачот на муслиманите и врховен командант на војската која без поговор му се покорувала и на која тој од Медина, од својата престолнина, ѝ го одредувал правецот на движење и ги водел битките во текот на освојувњето на Персија, толку прецизно и непогрешливо небаре се наоѓал на сите бојни полиња и сите лично ги предводел. И толку го излудувал персискиот двор и нивните водачи што, против таа стратегија и тој стратег без ривал, едноставно немале одговор. Бидејќи во џамијата не можел да ја види глетката што ја очекувал, Хурмузан запрашал:

„А каде е Омер?“

Му одговориле:

„Ене го таму, спие на крајот на џамијата.“

На крајот од џамијата Хурмузан видел само мошне скромно облечен човек кој немал ни перница, туку спиел на својата наметка. Никогаш во него не би го препознал халифот и водачот на исламската држава, бидејќи бил убеден дека ќе се сретне со водач кој по својот изглед и став ќе личи на царот Јездеџерд, пред кого Хурмузан и сличните на него, иако бил генерал и заземал висока позиција во државата, стоел мирно на оддалеченост од пет метри од неговиот престол. А кога некој би посакал да разговара со него, од почит кон него никогаш не го повикувал по име, туку го величалеле и славеле како божество. Како е можно, се прашувал во себе Хурмузан, овој скромен и понизен човек, кој спиел на рогозина, да го урне неговото царство и да ги раздрма во тоа време двата најголеми центри и бастиони на политичка и воена моќ, кои биле исполнети со гордост, големина и слава. Луѓето во џамијата ги намалувале гласовите за да не го разбудат халифот Омер, а Хурмузан зачудено прашал:

„Каде му се стражарите?“

Брзо добил одговор:

„Халифот Омер нема свои стражари, ни телохранители ниту, пак, официјален дворец.“

Всушност, зошто да има телохранители кога го воспоставил најправедниот систем на власт на Земјата, кое го забележал и еден византиски претставник кој при посетата на Медина за халифот Омер рекол:

„Си воспоставил правда во државата и сега можеш да спиеш безбедно, дури и под дрво.“

Потоа Хурмузан рекол:

„Ако владетелот нема стража и телохранителит, тогаш тој е пратеник, а не обичен владетел.“

Асхабите му одговориле:

„Халифот Омер не е пратеник, но постапува онака како што го научил Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него.“

Кратко потоа, халифот Омер, насред големата толпа во џамијата, се разбудил и пред себе видел човек облечен во злато и свила и ги запрашал присутните муслимани:

„Ова ли е Хурмузан?“

„Да“, одговориле.

Тогаш малку замолчил, а потоа рекол:

„Барам прибежиште кај Аллах од џехенемскиот оган и од Него барам помош и заштита. Му благодариме на Аллах кој преку исламот го понижил овој човек и сличните на него. О, муслимани, држете се цврсто до својата вера, следете го сунетот на пратеникот Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, и не дозволувајте овој минлив свет да ве заведе и измами.“

Потоа групата асхаби која дошла со Хурмузан, му се обратила на Омер велејќи:

„Ова е владетелот на Ехваз, разговарај со него.“

Халифот Омер им одговорил:

„Не, додека не ја симне оваа облека од себе.“

Кога облекол друга облека, халифот му рекол:

„Хурмузан, што мислиш за последиците на твоето предавство и за сето она што ви се случило во вашата држава?“

Одговорил:

„Омер, ти добро знаеш дека ние во џахилиетот постојано ве победувавме, бидејќи Аллах тогаш не бил ни на ваша ни на наша страна. Меѓутоа, тогаш кога Аллах бил со вас и кога ве помогнал, вие нè победивте.“

На тоа Омер му рекол:

„Вие нè победувавте во џахилитот затоа што бевте сложни и единствени, а ние несложни и поделени во различни табори.“

Потоа го запрашал:

„Каков изговор и докази имаш за сите свои предавства и непрестајно кршење на договорот?“

Одговорил:

„Се плашам да не ме убиеш пред да те известам за тоа.“

Халифот му рекол:

„За тоа не треба да се плашил.“

Потоа Хурмузан побарал да се напие вода, па му донеле вода во еден груб и рапав земјен сад, а тој рекол:

„Попрвин ќе умрам од жед отколку да се напијам од овој сад“, по што му донеле вода во сад со кој бил задоволен и за кој немал забелешки. Го зел садот во рацете, а потоа повторно му се обратил на халифот Омер.

„Се плашам да не ме убиеш додека ја пијам водата.“

Без да насети што подготвува Персиецот, Омер му рекол:

„Нема ништо да ти се случи додека не се напиеш вода, бидејќи ние сигурно нема да те убиеме додека си жеден.“

Тогаш Хурмузан рекол:

„Јас не сум жеден ниту ќе пијам вода, само сакав на овој начин од тебе да изнудам гаранција за својот живот.“

Халифот Омер не допуштал еден заробеник така да се поигрува со него бидејќи ветувањето не вреди пред измамникот, па налутено извикал:

„Јас ќе те убијам во овој момент“, итајќи да му даде на знаење дека тој е оној што владее со ситуацијата, а Хурмузан во страв му рекол:

„Но, ти вети дека нема да ме убиеш?!“

„Лажеш“, кратко возвратил Омер, знаејќи дека ветувањето вреди само само ако Хурмузан го исполни условот, во спротивно тоа не вреди. Тогаш во разговорот се вмешал Енес ибн Малик и рекол:

„Владетелу на правоверните, тој ја рече вистината, ти го вети тоа.“

Тогаш Омер му се свртел на Енес и му рекол:

„Тешко тебе, Енес, зарем јас да му пружам заштита и сигурност на оној што го убил Меџзе' и твојот брат Бера' ибн Малик? Доколку не ми донесете јасен доказ за тоа, јас навистина ќе го убијам."

Собраните асхаби го прашале:

„Зар не кажа дека нема да го убиеш додека не се напие вода и додека не ти го образложи своето предавство и кршење на договорот?!"

Тогаш Омер се свртел кон Хурмузан и му рекол:

„Ме измами, а јас таквиот вид на измама можам да му го дозволам само на муслиман."

Сфаќајќи на крајот дека ни муслиманите не ја согледале измамата на Хурмуз, Омер одлучил да се повлече за да не зборуваат подоцна дека муслиманите не се придржуваат кон договорот.

Тоа речиси го фасцинирало и самиот Хурмузан кој потоа донесува неверојатна одлука.

Имено, Хурмузан го изговорил шехадетот и го примил исламот, а халифот Омер наредил да се издвојат од државната благајна две илјади дирхеми на име на милостина и помош. Само Аллах знае дали Хурмузан искрено го примил исламот или тоа го направил за да сочува жива глава. Сигурно се знае дека тој потоа никогаш јавно не го напуштил исламот ниту го изразил своето отпадништво од исламот, меѓутоа, постојат преданија кои говорат за тоа дека многу муслимани во тоа време се сомневале во искреноста на Хурмузан, дури некои научници го обвинуваат дека учествувал во заверата против халифот Омер и дека го помогнал Персиецот Ебу Лу'лу да го убие. Како и да е, Хурмузан официјално го примил исламот пред халифот Омер и така го избегнал погубувањето, а потоа асхабите му донеле нова облека, го подучиле на основните исламски прописи и потоа тој се искапил и јавно го изговорил шехадетот во џамијата на Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него. Многу поуки се кријат во тие две збиднувања, заробувањето на Хурмизан и средбата помеѓу него и Омер, а ние ќе спомнеме само една, а тоа е зачудувачката праведност на муслиманите и во војната и во мирот. Имено, никој не го мразел Хурмузан, пред да го прими исламот, повеќе од Енес ибн Малик, бидејќи тој му го убил братот, Бера' ибн Малик, но и покрај тоа тој, непосредно по тоа убиство, му гарантирал сигурност и со заробениот Хурмузан поминал пат од илјада кило-

метри, а во ниеден момент не помислил да го убие и да го изневери аманетот и да го прекрши даденото ветување. Тоа била вистинската слика на исламот и неговата недостижна праведност во тоа време па поради тоа луѓето во групи влегувале во Аллаховата вера.

## Сменувањето на Са'д ибн ебу Векас

По примањето на исламот од страна на Хурмузан, халифот Омер му испратил порака на Ебу Себуре ибн Рухм да тргне во освојување на главниот град на Ехваз, Сусат и во тој потфат да ја ангажира и војската од Басра, со која командувал Муктериб ибн Реби, како и војската од Тустар под команда на Ну'ман ибн Мукрин. Освен тоа, ѝ наредил на другата муслиманската војска која се наоѓала во Тустар, а со која командувал Зур ибн Кулејб, да тргне во освојување на Џундисабур на северот на Тустар. Иако Сусат бил главен град на Ехваз, тој ни блиску не бил утврден како Тустар. Со градот управувал Шехријар, братот на Хурмузан. Шехријар имал многу причини за да војува против муслиманите, првата била, секако, наредбата на Јездеџерд на сите команданти да се борат против муслиманите до крајот, потоа, тој бил владетелот на Сусат и доколку биде поразен, засегогаш би ја загубил власта и својата позиција и третата причина, желбата за одмазда за својот брат Хурмузан за кого бил сигурен дека муслиманите, по заробувањето, го погубиле. Тој мобилизирал голема војска да го брани Сусат, а потоа им испратил писмо на муслиманските водачи нарекувајќи ги муслиманите со најгрди имиња, сакајќи на тој начин да ги понижи и да им даде на знаење дека Персијците не им се плашат. Меѓутоа муслиманите не обрнувале многу внимание на таквите провокации, туку од Тустар директно тргнале на Сусат.

* * *

Опсадата на главниот град на Ехваз траела месец дена. Во текот на опсадата муслиманите ја гаѓале внатрешноста на тврдината од катапулти и ги засипувале Персијците со стрели, но и покрај тоа, тие не сакале да се предадат. Откако повремените акции на нивните помали воени формации завршиле со пораз и бидејќи полека се наѕирал падот на Сусат, христијанските свештеници, кои живееле во тој град, излегле на ѕидините на градот и им се обратиле на муслиманските водачи со зборовите:

„О, Арапи, сакаме да ве известиме дека нам ни пренеле нашите верски научници дека Сусат нема и не може да го освои никој друг освен Деџалот[110].“

Бидејќи муслиманите добро знаеле дека Деџалот е негативна личност и дека ќе сее неред на Земјата, христијанските свештеници сакале со тоа да ги заплашат за да се вратат и да се откажат од опсадата. Меѓутоа, тој трик не ги запрел муслиманите, бидејќи тие верувале во Куранот и во сунетот на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, а не во преданијата на христијанските свештеници и наместо прекинување на опсадата, бидејќи осетиле дека на жителите на Сусат им снемало сила и дека повеќе не можат да се борат, тие со сета сила се втурнале на портите на градот и ги урнале и се пробиле во градот. Жителите на Сусат сфатиле дека секој отпор би бил залуден, па се предале без борба. Така муслиманите по Тустар го освоиле и главниот град на Ехваз.

Во исто време кога муслиманската војска тргнала кон Сусат, втората муслиманска војска, под команда на Зур ибн Кулејб, тргнала кон Џундисабур и ја започнала неговата опсада. Иако муслиманите без големи тешкотии ги победувале персиските сили во меѓусебните борби надвор од ѕидините на градот, сите нивни напори да влезат во градот биле безуспешни. Бидејќи опсадата на Џундисабур се оддолжила, Ебу Себуре најпрвин испратил една бригада под команда на Муктериб ибн Реби како зајакнување за Зера и на неговата војска, а кога ни тоа не помогнало, Ебу Себуре со остатокот од војската од Сусат тргнал кон Џундисабур. Кога дошол на дестинацијата, наредил градот да се гаѓа со проектили од катапултите и со стрелите и муслиманите со сета сила да навалат на портите на градот. Акцијата е успешно изведена и градот бил пред пад, а Ебу Себуре, пред влегувањето на војската во градот, на жителите на Џундисабур им понудил една од трите можности: прифаќање на исламот, џизија или борба. И во моментот кога муслиманската војска се подготвувала во еден налет да се пробие во градот, портите на градот се отвориле ширум, а жителите на Џундисабур излегле со бели знамиња извикнувајќи:

„Го прифаќаме вашето ветување и гаранција за помилување и за нашата заштита и сигурност.

Муслиманите, зачудени, ги прашале:

„Каква гаранција спомнувате кога самите ја прифативте борбата?“

---

[110] Лажен месија, Антихрист. (Заб. на прев.)

Одговориле:

„Ние добивме писмо во кое ни гарантирате заштита со наша обврска да плаќаме џизија и ние прифаќаме."

Муслиманскиот командант им рекол:

„Ние не го сторивме тоа."

Тие рекле:

„Но, ние навистина не лажеме, еве го тоа писмо, па прочитајте го."

Ебу Себуре го зел писмото и во него прочитал:

„Ова е гаранција од Мукенеф ибн Абдулах за заштита на жителите на Џундисабур. Отворете ни ги портите на градот и вашите животи, вашите семејства и имотот ќе ви бидат заштитени."

Мукенеф ибн Абдулах бил заробен од страна на муслиманите, по што го примил исламот и ѝ се придружил на муслиманската војска во освојувањето на Џундисабур, родното место на неговите предци. Откако го прочитале писмото, муслиманските водачи им рекле на Персијците:

„Ние ова не го прифаќаме, бидејќи Мукенеф е само ослободен роб и ништо повеќе."

Персијците одговориле:

„Ние не знаеме кој меѓу вас е слободен човек, а кој роб. Ние ја прифативме неговата гаранција а вие, ако сакате, можете да го прекршите тоа ветување."

Ебу Себуре не сакал на своја рака да донесува одлука за тој случај, туку му испратил писмо на халифот Омер кој му наредил да ја прифати таа гаранција велејќи:

„Возвишениот Аллах го сака почитувањето на договорите, а го мрази нивното кршење. Прифатете ја гаранцијата бидејќи таа дошла од муслиман, без оглед на тоа каков е неговиот статус и положбата меѓу вас."

Потоа Ебу Себуре го прифатил од Персијците давањето џизија и така со падот на Џундисабур е завршено освојувањето на покраината Ехваз.

* * *

Во времето на падот на последното персиско упориште во покраината Ехваз, царот Јездеџерд се наоѓал во Мерв и кога слушнал за тој пораз на

Персијците, наредил нова општа мобилизација и ветил дека ќе се бори против муслиманите додека не ги избрка од Персија. За таа мобилизација, халифот Омер го известил муслиманскиот намесник во Хулаван, Кубаз, наведувајќи дека Јездеџерд собрал 150.000 војници во Нехавенд, град кој се наоѓа северно од Џундисабур, во централна Персија. Во времето кога халифот Омер ја добил пораката за собирањето на Персијците во Нехавенд, во Медина стигнала делегација од Куфа која се жалела на работата и однесувањето на главниот емир во Перисја, Са'д ибн ебу Векас. Кога Омер барал да ја образложат својата жалба, тие рекле:

„Са'д е човек кој не им го дели воениот плен на сите подеднакво, не е праведен и не учествува во борбите заедно со останатите муслимани."

Халифот Омер бил убеден дека таа делегација не дошла со добри намери и дека не е вистина тоа што го зборуваат за Са'д ибн ебу Векас, седмиот човек што го примил исламот, вујко на Аллаховиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, кој на Ухуд му рекол: *„Гаѓај, гаѓај Са'д, ти си ми наместо татко и мајка"*, и за кого рекол дека е еден од муслиманите чија дова Аллах секогаш ја прима. Меѓутоа, и покрај тоа, тој одлучил да испрати еден човек за да го реши тој случај, човекот кого Аллаховиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, го испраќал на најодговорните задачи.

Без оглед на тоа што Са'д ибн ебу Векас бил првак на овој умет и што неговите квалитети ги потврдил Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, халифот Омер не можел да се потпре на тоа, туку сакал да ги провери вестите што ги слушнал за него, бидејќи знаел дека на Судниот ден ќе биде прашан за своите поданици. Поради тоа испратил човек кој ќе му донесе точни информации и кој ќе пресуди во тој случај, а тој човек бил славниот асхаб Мухамед ибн Меслеме кој, меѓу другото, бил познат и по тоа што Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, го испратил да го убие еврејскиот поет Ка'б ибн Ешреф кој во своите песни го навредувал Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, исламот и муслиманите. Кога Мухамед ибн Меслеме дошол во Куфа, ги посетувал племињата, семејствата и џамиите распрашувајќи се за Са'д ибн ебу Векас и за неговиот однос кон муслиманите на Персија, и сите за него зборувале најдобро. Потоа на еден од пазарите на Куфа го сретнал човекот по име Ебу Са'де Усама ибн Катаде и му рекол:

„Те заколнувам во Аллах, кажи ми како се однесува кон вас Са'д ибн Векас?"

Одговорил:

„Кога веќе ме заколнуваш во Аллах, ќе ти кажам, Са'д е емир кој не го дели подеднакво воениот плен, неправеден е кон поданиците и не учествува во воените походи.“

Во тој момент се приклучиле уште некои луѓе и сите ја потврдиле таа изјава и уште додале:

„Него заминувањето на лов го спречува од џихадот на Аллаховиот пат и не клања намаз како што е пропишано.“

Мухамед ибн Меслеме му ја проследил таа информација на халифот Омер, а тој му порачал веднаш да се врати во Медина, а со него да појдат Са'д ибн ебу Векас и Усама ибн Катаде. Откако стигнале во Медина, халифот ги повикал пред него да дадат изјава. Усама ибн Катаде го потврдил пред Омер она што го рекол во Куфа, а Са'д ибн ебу Векас во тој момент го кренал рацете кон небото и упатил дова велејќи:

„Аллаху мој, доколку она што го вели овој човек е лага со која сака да се истакне пред халифот, ослепи го, подари му многу деца во староста, кога нема да може да се грижи за нив, и искушај го со нивната чест, бидејќи навистина ми направи неправда.“

Потоа Омер го прашал Мухамед ибн Меслеме за изјавата на Усама ибн Катаде, а тој рекол:

„Многу луѓе кои ги сретнав на улица го зборуваат истото што го рече тој.“

Потоа го прашал Са'д:

„Ќе ми објасниш ли како им го клањаш намазот?“, а Са'д одговорил дека намазот го клања онака како го клањал Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, на првите два реката рецитира подолго, а на другите два реката пократко. Тогаш халифот им рекол:

„Ова е очигледна клевета на тебе и Аллах знае дека тоа што го зборуваат не е вистина, но јас се плашам од неволји во Персија, па одлучив да те сменам од местото Емир на Персија, а таа функција да му ја доверам на твојот заменик во Куфа, Абдулах ибн Абдулах ибн Утбан.“

Кога тој мачен разговоро завршил, Са'д заплакал и рекол:

„Ме обвинуваат дека повеќе го сакам заминувањето на лов отколку џихадот, а ја сум првиот човек што пролеал крв на Аллаховиот пат и единствениот кому Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, му рекол дека

му е подраг од мајката и таткото, тоа никому не му го рекол, ни пред мене ни по мене.“

Времето поминувало, а Усама ибн Катаде сѐ повеќе стареел и се разболувал, така што во длабока старост ослепел. Освен тоа, имал десет нејаки ќерки, а во старите денови, кога бил потполно изнемоштен, ѝ се понудил на една жена со сомнителен морал да стори блуд со неа. Кога луѓето би го прашале за неговата бедна состојба, би одговорил:

„Јас сум човек кого го стигнала клетвата на Са'д.“

## Битката на сите битки

Са'д ибн ебу Векас е сменет во времето кога бил најпотребен во Персија, кога Персијците собрале огромна војска во Нехавенд и Азербејџан. Кратко потоа халифот Омер добил писмо од новиот емир во Персија, Абдулах ибн Абдулах ибн Утбан во кое стоело:

„Персијците собрале 150.000 војници во Нехавенд, па дозволи ни да се бориме против нив, бидејќи ако тие тргнат на нас, по пат само ќе го зголемуваат бројот и силата, а ако ние ги нападнеме, со Аллахова помош ќе ги поразиме и ќе им го отапиме сечилото.“

Тоа Ибн Утбан го напишал затоа што Омер забранил секаков напад и навлегување во длабочината на персиската територија. По тоа писмо, Омер се советувал со некои асхаби и во таа пригода Ахмед ибн Кајс му рекол:

„Никогаш во една држава не се сретнале двајца владетели, а едниот да не го нападнал другиот. Знај добро, водачу на правоверните, дека Јездеџерд ќе испраќа војска против тебе сѐ додека си жив. Затоа, ти испрати против нив војска која ќе ги порази и ќе ги ослаби.“

Омер на тоа му рекол:

„Твојот предлог го погоди проблемот во сржта и, се колнам во Аллах, јас ќе продолжам да војувам против Персијците.“

Меѓу останатото, побарал совет и од новопечениот муслиман, Хурмузан, и прашал дали е подобро муслиманите прво да го нападнат Нехавенд или Азербејџан, а Хурмузан му одговорил:

„Водачу на правоверните, Персијците се сега како птица која има глава и крилја, главата ѝ е во Нехавенд, а крилјата во Азербејџан, па ако прво ѝ ги посечеш крилјата, главата ќе ослаби и нема да може да издржи самата.“

Тогаш халифот Омер му рекол:

„Лажеш, јас првин на тоа твое птичиште ќе му ја отсечам главата, така што од крилјата нема да има никаква корист.“

Пред нападот на Нехавенд, халифот го свикал советодавниот одбор во чијшто состав биле: Талха ибн Убејдулах, Осман ибн Афан, Али ибн ебу Талиб, Абас ибн Абдулмуталиб, Зубејр ибн Авам, Абдурахман ибн Ауф и Са’д ибн ебу Векас. Сите членови на тој одбор биле од групата на која ѝ бил ветен џенетот, освен Абас. Барал да се изјаснат за продолжувањето на војната во Персија и секој од нив да даде конкретен предлог. Прв зборувал Талха ибн Убејдулах:

„Водачу на правоверните, ти досега многу успешно ја водеше операцијата во Персија и ти најдобро знаеш што треба да се прави. Ние сме тука да го извршиме она што ќе ни го наредиш, а мој единствен предлог е дека би било добро ти лично да одиш во Ирак и да ја предводиш битката кај Нехавенд.“

Халифот тогаш рекол:

„Овој ден за нас е од пресудно значење, па има ли уште некој да каже нешто?“

Потоа зборувал Осман, и тој се согласил со предлогот на Талха, уште предложил војската од Шам и од Јемен да дојде во Ирак, а халифот лично да ја предводи војската од Медина. На тоа мислење се спротивставил Зубејр ибн Авам велејќи:

„Ја сметам дека тој предлог не е добар и доколку халифот излезе во борба и биде убиен, муслиманската држава ќе остане без владетел, што уште повеќе би ја комплицирало и онака тешката ситуација. Поради тоа, предлагам халифот да остане во Медина, а да ја испрати војската во Персија и да го моли Аллах да нè помогне против нашиот непријател.“

Со предлогот на Зубејр се согласиле Абдурахман ибн Ауф, Абас и Али, кој, меѓу другото, рекол:

„Водачу на правоверните, го сметам за исправно мислењето на оние што предлагаат ти да останеш во Медина, бидејќи твоја задача е да управуваш со државата и да ја чуваш нејзината структура. Оти, доколку ја напуштиш Медина, мислам дека би ја отворил вратата на разидување и неслога која подоцна тешко би можел да ја затвориш. Исто така сметам дека би било погрешно да се повлече војската од Шам во Персија, бидејќи тоа би им дало повод на Византијците да се кренат против муслиманите, како

што и Абесинците би се окуражиле и би го нападнале Јемен доколку муслиманската војска од Јемен би тргнала во Персија."

Бидејќи Са'д ибн ебу Векас поминал доста време во Персија како главен емир, халифот Омер многу го ценел неговото мислење, па го запрашал:

„А што мислиш ти, Са'д?"

Одговорил:

„Јас сум исто така на страната на оние кои предлагаат ти да останеш во Медина, а што се однесува на војската која ја собрале Персијците во Нехавенд, нека не те загрижува многу нивната бројност, тоа Аллах сака да се соберат во што поголем број и да бидат целосно поразени."

На крајот халифот Омер го прифатил предлогот на мнозинството, одлучил да остане во Медина и се откажал од мобилизацијата на силите од Шам и Јемен, освен што му наредил на Ка'ка ибн Амр да дојде во Персија со една бригада. Потоа го определил главниот командант за Битката кај Нехавенд, велејќи:

„Се колнам во Аллах, за командант ќе им го одредам човекот што ќе биде подготвен прв да се жртвува кога утре ќе ги сретне Персијците."

На прашањето на членовите на одборот кој е тој, халифот одговорил:

„Тоа е Ну'ман ибн Мукрин."

Ну'ман ибн Мукрин учествувал во одлучувачките битки против Персијците и по Битката на Тустар, Са'д ибн ебу Векас го поставил за собирач на зекатот во Кескер, град во кој бил далеку од сите воени настани и од било каква опасност. Меѓутоа, тој не можел да го замисли својот живот без џихадот, па побарал од халифот Омер за даночник да одреди некој друг, а него да го врати на фронтот меѓу муџахидите и да се вклучи во Битката за Нехавенд. Ниту насетил дека Омер ќе го повика во џихад и дека во таа битка ќе му ја додели улогата на главен командант. Тоа го дознал оној момент кога го добил писмото од халифот во кое пишувало:

„Во името на Аллах, Милостивиот, Сомилосниот! Од водачот на правоверните, Омер ибн Хатаб, до Ну'ман ибн Мукрин: Ес-селаму алејке! Информиран сум дека во Нехавенд се собрала голема персиска војска, па кога ќе го добиеш ова мое писмо, веднаш тргни во тој правец, со Аллахова помош и поддршка, бидејќи те именував за главен командант во таа битка. Тргни со војската од Кескер кон мостот Мах, сто и триесет километри од Нехавенд, таму ќе се собере муслиманската војска од Куфа. Кога ќе им се

придружиш, тогаш преземи ја командата и тргни кон Нехавенд и моли му се на Аллах за помош и изговарај ги зборовите: *Ла хауле ве ла кувввете илла биллах*. Вес-селам!“

Потоа му испратил писмо на емирот на Персија, Абдулах ибн Утбан, и му наредил да испрати една третина од војската од Куфа, на чело со Хузејфе ибн Јеман, во местото Мах, која ќе се стави под команда на Ну’ман ибн Мукрин. За заменик на Ну’ман го именувал Хузејфе ибн Јеман, а доколку тој загине, тогаш командата би ја презел братот на Ну’ман, Нуајм ибн Мукрин. Му испратил писмо за мобилизација на војската и на Ебу Муса ел-Еш’ари во Басра, а на Харкус ибн Зухејр, Селм ибн Кајин, Хармеле ибн Мурајт во Ехваз им наредил да ги задржуваат Персијците во Ехваз и да не им дозволат да им тргнат напомош на Персијците во Нехавенд. Кога сета муслиманска војска се собрала во Мах, Ну’ман испратил една бригада на чело со Меџаши’ ибн Мес’уд во местото Гада Шеџер помеѓу Нехавенд и југот на Персија да го обезбеди патот на муслиманската војска од Ехваз и да го затвори патот на Персијците во случај да испратат засилување. Потоа кон Нехавенд испратил тројца извидувачи: Амр ибн ебу Селм, Амр ибн Ма’дикериб и Тулејха ибн Хувејлид. Првите двајца не се задржале многу, бидејќи во своето извидување не забележале ништо посебно, но Тулејха ибн Хувејлид не се вратил седум дена така што многу муслимани помислиле дека тој повторно се одметнал од исламот и дека им се придружил на Персијците. Кога се појавил седмиот ден, муслиманите, радосни што го гледаат, изговарале текбири. Имено, Тулејхаво текот на извидувањето отишол во близина на Нехавенд и, по добро извршеното извидување, го известил Ну’ман ибн Мукрин дека Персијците се улогориле надвор од градот и дека ги предводи Фејрузан, а дека патот до Нехавенд е потполно слободен и безбеден.

Пред поаѓањето, Ну’ман извршил распоред на војската и за командант на претходницата го одредил својот брат, Нуајм ибн Мукрин, заедно со Ка’ка ибн Амр. Тие двајцата ја предводеле бригадата со најдобрите коњаници. Десното крило го предводел Хузејфе ибн Јеман, левото Сувејд ибн Мукрин, а предниот крај Меџаши’ ибн Мес’уд. Во Нехавенд ги чекала подготвената персиска војска, па Ну’ман ибн Мукрин, штом стигнале, изговорил текбир, по што од триесет илјади муслимански грла одекнало: *Аллаху екбер*! И започнала жестоката и крвава битка која многу историчари ја споредуваат со битката на Кадисија и освојувањето на Џелвела. Борбата траела

сè до приквечер, а кога паднал мракот, војските се повлекле и го чекале новиот ден. Во вториот ден муслиманите веднаш тргнале во напад и се обиделе да ги разбијат персиските редови, но тоа не им тргнало од рака и битката повторно траела до ноќта, кога војските се повлекле од бојното поле. Во текот на ноќта, персискиот командант свикал итен состанок на кој е заклучено дека продолжувањето на битката би ги водело во сигурен пораз, така што одлучиле, под закрилата на ноќта, незабележано да се повлечат и да се забарикадираат во градот. Кога се разденило, муслиманите се подготвувале за продолжување на битката, но од Персијците немало ни трага ни глас. Тие влегле во градот и ги заклучале портите на градот, а бидејќи Нехавенд се наоѓа на планинскиот дел на Ирак и е изграден на височина која била мошне непристапна за војската, муслиманите биле приморани на долготрајна опсада на градот. Опсадата траела месец дена во текот на која Персијците непрестајно ги гаѓале муслиманите со стрели, додека ретко некоја стрела од муслиманска страна паднала во внатрешноста на ѕидините на градот. Таа опсада била дури и потешка од опсадата на Тустар, иако траела многу пократко, бидејќи настапила зимата, а муслиманите не навикнале на толку ниски температури, ниту имале адекватна облека и опрема. Покрај тоа, тие немале каде да се сокријат или одморат, освен во малубројните шатори во кои било студено како и надвор од нив.

Во таа тешка ситуација Ну'ман го собрал воениот совет да види што да се направи и како да се постапи за да излезат Персијците од тврдината и да се борат против муслиманите. Амр ибн ебу Селм секол:

„Нивното останување во сегашната позиција е полошо за нив од она што им го нудиме ние."

Останатите му одговориле:

„Но, ние дојдовме овде да ја воздигнеме Аллаховата вера и да го постигнеме она што Аллах ни го ветил."

Потоа зборот го зел Амр ибн Ма'дикериб велејќи:

„Треба да ги нападнеме и да се бориме до крајот и не треба да стравуваме поради нивната бројност."

Останатите советници одговориле:

„Пречка за борба се огромните ѕидини на градот кои ние не можеме да ги преминеме толку лесно, а не е добро со свои раце да се фрламе во

пропаст и со непромислени потези себе да се изложуваме на опасност која нема да даде резултати.“

Тогаш станал Тулејха ибн Хувејлид и рекол:

„Јас не се согласувам со ниеден од овие предлози, туку предлагам нашата војска потполно да се повлече, а потоа да испратиме една помала единица да го опколи градот и да ги предизвика Персијците на двобој. Кога тие ќе излезат од градот, нека таа наша единица почне да бега кон нас, па кога ќе стигнат до нас, тогаш сите заедно ќе бегаме така што Персијците нема да се посомневаат во нашиот пораз и сите да излезат од тврдината и доволно да се оддалечат од градот. Кога ќе се случи тоа, ние тогаш ќе се вратиме и ќе ги нападнеме со молскавична брзина и, со Аллахова помош, ќе ги победиме.“

Тој предлог наишол на одобрување кај мнозинството од муслиманите, а тогаш Ну'ман ибн Мукрин го повикал Ка'ка ибн Амр и го одредил за командант на групата од избрани коњаници која требала да ја изврши таа опасна задача. Откако паднала ноќта, Ка'ка со својата група тргнал кон Нехавенд, а остатокот на муслиманската војска се повлекле од ридот недалеку од градот. Кога се разденило, муслиманите веднаш почнале да фрлаат стрели кои ја достигнувале својата цел и преку ѕидините паѓале во градот. Персијците не биле во состојба да се движат нормално во градот под дождот од муслиманските стрели, па одлучиле да излезат и да ја избркаат малубројната муслиманска група далеку од ѕидините на градот. Муслиманската војска била на големо искушение, бидејќи во таа борба била во нерамноправна положба, така што Ка'ка ибн Амр подоцна велел дека тоа му била најтешката битка во животот. Нивната позиција посебно ја отежнувало тоа што тие не смееле да ги победат Персијците, туку морале полека да се повлекуваат за да се стекне впечаток дека, всушност, тие се поразената група. На крајот, искусниот Ка'ка ибн Амр успеал да одглуми пораз, да ги извади Персијците од тврдината и да ги доведе до остатокот на муслиманската војска каде се случила битката која во историјата на исламот е позната како Битката на сите битки.

Ка'ка ибн Амр со својата малубројна војска му се спротивставувал на жестокиот персиски напад од утро до пладне, повлекувајќи се полека кон муслиманската војска. Персијците ги гаѓале со стрели и копја така што имало полесно и потешко повредени муслимани. Гледајќи го тоа, на многумина муслимански борци во војската која се наоѓала зад ридот им снемало

трпение и го молеле Нуʼман ибн Мукрин да им дозволи да тргнат во напад и да ги заштитат своите браќа муслимани. Нуʼман не обрнувал внимание на нивните барања, туку трпеливо го чекал пладне-намазот, потоа го предводел пладне-намазот и одржал проповед во која, меѓу другото, рекол:

„Муслимани, вие знаете дека Аллах ве воздигнал и ви дал гордост во исламот. Тој го исполнил своето ветување дадено на верниците во почетокот, а ќе го исполни, без никаков сомнеж, и на крајот. Сетете се само на времето кога бевте слаби и понижени, а денес, ете, сте избрана група на Земјата, Аллахови избрани робови и Негови евлии[111]. Видовте добро што ви посакува вашиот непријател, а што вие нему му посакувате. Тие сакаат да ве поразат и понижат, и да ве доведат во позиција во која сте биле некогаш, а вие ним сакате да им ја пренесете Аллаховата вера, а тие желби не се воопшто исти. Тие, всушност, го сакаат само овој свет, но не можат да го сакаат онолку колку што ние ја сакаме оваа вера и оној свет. Вие чекате едно од двете добра: маченииштво на Аллаховиот пат или победа. Затоа, борете се за она што го очекувате и помогнете си едни на други во таа борба, и не предавајте се и не напуштајте се едни со други. Јас пред нападот ќе изговорам три текбири, и кога ќе го чуете четвртиот текбир, тогаш навалете на нериjателот.“

Потоа ги кренал рацете кон небото и рекол:

„Господару мој, Те молам денес, како командант на војската, да ме израдуваш со победа и да бидам првиот маченик што ќе загине во оваа битка. Кажете *амин*, Аллах да ви се смилува.“

Муџахидите гласно изговориле *амин* и уште погласно плачеле, бидејќи зборовите на нивниот командант ги трогнале до солзи.

Муслиманите имале доволно време да заземат добра позиција за битка така што зад грбот им останал ридот преку кој можеле да се повлечат во случај на пораз, а Персијците ги оставиле на онаа страна на која се наоѓала голема бездна. Нуʼман планирал да ги нападне веднаш, да ги потера во теснецот и да ги присили самите да скокаат во бездната од огромните карпи. И кога персиската војска, бркајќи го Каʼка ибн Амр и неговата група, се нашла на местото кое муслиманите го одредиле за борба, Нуʼман ибн Мукрин изговорил три текбири, а потоа како лав јурнал кон непријателот,

[111] Евлија – богоугодник. (Заб. на прев.)

а неговите борци го следеле, сите како еден. Еден од учесниците во битката, Џубејр, за битката кај Нехавенд го раскажал следново:

„Се колнам во Аллах, не видов ниеден муслиман во таа војска што посакува да му се врати на семејството, сите сакаа маченииштво на Аллаховиот пат и победа на муслиманите."

Во екот на битката, кога борбата сосема се разгорела, од непријателската страна е исфрлена една стрела која паднала во средишницата на муслиманската војска, го погодила Ну'ман ибн Мукрин директно во срцето и го усмртила на лице место. Возвишениот Аллах ја примил неговата дова и на тој ден тој прв загинал и умрел како маченик. Пред да испушти душа, му се доближил Муакил ибн Јесар, па Ну'ман го прашал:

„Брате, што е со муслиманската војска?"

Одговорил:

„Радувај се, Ну'ман, Аллах нè почестил со победа."

Потоа муслиманското знаме го презел Хузејфе ибн Јеман и борбата продолжила сè до ноќта. Бојното поле било толку натопено со крв што поради тоа и коњите тешко се движеле. До заоѓањето на сонцето загинале 120.000 Персијци, од кои повеќе од 50.000 страдале во бездната бегајќи пред муслиманските сабји. Само триесетина илјади Персијци успеале да избегаат кон Хемедан, сто километри северно од Нехавенд, а меѓу нив бил и нивниот командант Фејрузан. Муслиманите веднаш по битката тргнале во потера по разбиената персиска војска која побавно се движела затоа што со себе терале магариња кои биле натоварени со кошници полни со мед. На крајот Персијците ги оставиле и пешки го продолжиле бегството преку ридовите кон Хемедан. Муслиманската коњаница, на чело со Ка'ка ибн Амр, го стигнала „конвојот" со магариња натоварени со мед, а потоа, оставајќи ги коњите, тргнале пеш по Персијците. Набргу Ка'ка стигнал една група во која бил и Фејрузан, кој веднаш платил со главата. Тој рид подоцна е наречен Меден превој и по тоа име бил познат сè до времето на имамот Табериј.

По успешната акција, муслиманските борци се вратиле во Нехавенд и Саиб ибн Екре' како претставник на халифот го најавил собирањето на воениот плен. Кога влегол во градот, пред него излегол прислужникот на храмот на огнот и му рекол:

„Доколку ми гарантирате сигурност како и на моето семејство, јас ќе ви го предадам богатството на царот кое било складирано кај мене“, и Саиб му дал гаранција. Набргу потоа тој донел два сепета со скапоцени камења кои Саиб ги придружил кон останатиот воен плен. Кога е собран сиот плен, тој на борците им поделил четири петтини, а една петтина подготвувал да је одвезе во Медина. Кон таа петтина ги додал и скапоцните камења кои, по договор со командантот Хузејфе и останатите асхаби, одлучил лично да му ги предаде на халифот Омер.

Омер нестрпливо ги чекал вестите од фронтот и кога Саиб стигнал во Медина, халифот многу му се израдувал и веднаш го запрашал:

„Зборувај, Саиб, што се случи во Нехавенд?“

Одговорил:

„Водачу на правоверните, ти доаѓам со добри вести. Знај дека Аллах ти подарил голема победа.“

Омер бил пресреќен и од големата радост гласно се насмеал, а потоа го запрашал Саиб:

„А што е со Ну’ман ибн Мукрин?“

„Тој умре како маченик“, одговорил.

На халифот Омер му се оттргнала голема воздишка, а потоа рекол:

„Сите сме Аллахови и на Аллах му се враќаме“, и толку плачел за Ну’ман што солзите му ја натопиле брадата. Пота прашал за останатите борци, а Саиб му одговорил:

„Кај Нехавенд загинале многу муслимани на кои ни потеклото не им го знам.“

Омер на тоа му рекол:

„Не е важно што не им го знаеме потеклото, важно е Аллах да знае на чиј пат загинале.“

Потоа воениот плен е ставен во џамијата, а бидејќи ноќта веќе настапила, халифот ги повикал Али и Абдулах ибн Еркам да го чуваат воениот плен до зори. Истата ноќ Саиб се вратил во Персија, а халифот Омер легнал да спие и таа ноќ сонувал чуден и страшен сон поради кој се пробудил сиот испотен. Имено, сонувал дека два мелека запалиле оган велејќи:

„Огнот ќе го потпалиме со овие два сепета скапоцени камења и со нив ќе го жигосаме.“

Омер на сон им одговорил:

„Но, јас не сум го видел тој дел од пленот и јас тоа сигурно ќе им го поделам на муслиманите.“

Кога се разбудил и го клањал сабах-намазот, побарал од Али да му го изложи сиот воен плен кој Саиб го довезол. Али тоа и го направил и кога му ги покажал на халифот двата сепета со скапоцени камења, кои не се вклучени во петтината, туку биле вишок, халифот Омер извикал:

„Тоа е тоа. Тоа е богатството кое го видов на сон. Се колнам во Аллах, никој не е побитен да го добие тоа богатство од оние што го освоиле.“

Потоа испратил човек да оди по Саиб и да му нареди да се врати во Медина. Муслиманскиот коњаник го стигнал Саиб дури пред Куфа и му рекол:

„Јас сум претставник на халифот Омер, тој ти наредува веднаш да се вратиш во Медина.“

За тоа Саиб говори:

„И јас се вратив со тој муслиман во Медина. Кога халифот Омер ме виде, повика:

‚Дојди ваму!‘

‚Зошто?‘, запрашав, а тој тогаш ми го раскажа својот сон и ми нареди да ги вратам скапоцените камења и да им ги поделам на муслиманските борци во Персија.“

Халифот Омер можел да испрати некој друг со скапоцените камења во Куфа, но тој сакал Саиб, како собирач на воениот плен, на лице место да ја научи лекцијата дека четири петтини им припаѓаат на војниците, а само една петтина оди во државната благајна. Саиб понатаму зборува:

„Јас ги донесов тие скапоцени камења во Куфа, па подоцна ги купи Амр ибн Харис ел-Махзуни за два милиони дирхеми, а потоа тој отишол и им ги продал на Персијците за четири милиони дирхми, тогаш на борците им е поделен воениот плен од тие скапоцени камења.“

## Освојувањето на Исфахан

По победата кај Нехавенд и загинувањето на Ну’ман ибн Мукрин, новиот намесник на Нехавен, Хузејфе ибн Јеман, наредил војската да тргне во освојувањето на Хемедан, град кој бил оддалечен стотина километри од Нехавенд. Хемедан бил една од најголемите персиски тврдини. Меѓутоа,

кога муслиманската предводница на чело со Ка'ка ибн Амр стигнала до градот, пред нив излегол управителот на градот и им понудил примирје согласувајќи се на плаќање џизија, кое Ка'ка го прифатил. Тогаш се обистиниле и по којзнае кој пат потврдиле зборовите на Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него.

„Победував со страв на оддалеченост од месец дена одење."

По освојувањето на Нехавенд и Хемедан, халифот Омер размислувал за влегување во длабочината на персиската територија, но се двоумел од каде да почне и кој град прво да го нападне. Набргу, самите Персијци му ја решиле таа дилема, бидејќи нивните сили се собрале во Исфахан и се подготвиле за борба против муслиманите. Кога за тоа слушнал Омер, му порачал на Абдулах ибн Абдулах ибн Утбан, главниот наместник на Персија, итно да опреми војска и да тргне кон Исфахан, а во Куфа како свој наместник да го постави Зијад ибн Хазнал. Меѓутоа, Зијад, по клеветата на Са'д ибн ебу Векас и неговото неправедно сменување, се плашел од таа позиција, па побарал од Омер да постави некој друг за наместник, така што халифот Омер на тоа место го поставил Амар ибн Јасир.

Војската на чело со Абдулах ибн Утбан тргнала од Куфа преку Хулван и Нехавенд, а тогаш, по наредба на Омер, со себе повеле и половина од војската со која командувал Хузејфе. Освен тоа, халифот му наредил на Ебу Муса ел-Еш'ари од Басра да поведе војска кон Исфахан. Омер имал намера да го опколи градот од две страни, од север од каде доаѓал Абдулах ибн Утбан, и од југ од каде доаѓал Ебу Муса ел-Еш'ари. Абдула ибн Утбан стигнал на дестинацијата пред Ебу Муса ел-Еш'ари, а пет километри пред градот го дочекала персиската војска со која командувал човек по име Бендар, додека командант на претходницата бил старецот Шехрибраз ибн Џазевејх, кого длабоката старост не го спречила да излезе во борба. Двете војски се бореле надвор од ѕидините на градот и Абдулах ибн Утбан, без големи тешкотии, извојувал победа над Персијците, кои потоа се повлекле во тврдината Џеј. Заповедник на таа тврдина бил Фазусфан, кој воедно ја вршел и должноста управилет на Исфахан. Персијците неколкупати ја напуштале тврдината и се обидувале да ја одбијат муслиманската војска, но секојпат биле поразени.

И кога виделе дека муслиманите немаат намера да се повлечат и дека им се заканува уште еден пораз, Фазусфан излегол од тврдината и побарал

средба со Абдулах ибн Абдулах ибн Утбан. Откако се сретнале, Фазусфан му рекол:

„Зошто нашите војници да ги изложуваме на опасност и загинување? Наместо тоа, предлагам јас и ти да излеземе на мегдан, па ако јас те победам тебе, нека твојата војска ја напушти опсадата на Исфахан, а акои ти ме победиш мене, мојата војска ќе го предаде градот без борба.“

Абдулах ибн Утбан бил еден од највештите воини во муслиманската војска и без многу размислување го прифатил предлогот за да ги поштеди муслимнаните од борба и без тешкотии да ја освои тврдината Џеј. Фазусфан прв излегол на двобој и предложил да се борат со копја, а не со сабји. Тоа подразбирало едниот од борците да го нападне другиот со копје, а овој да се брани со копје, и ако не успее да го совлада или убие, тогаш напаѓа другиот, а првиот се брани. Се согласиле Фазусфан да биде тој што прв ќе нападне. Тој го зел копјето и јурнал на коњот кон Абдулах упатувајќи силен удар, но Абдулах го одбил неговиот удар, така што копјето не го ни изгребало, освен што го закачило седлото и ги прекинало јажињата што го држеле, па Абдулах морал да скокне од коњот. Меѓуоа, тој брзо се снашол и со вешт скок од место повторно го јавнал својот коњ, а потоа го зел своето копје и му рекол на Фазусфан:

„Сега јас напаѓам, а ти одбрани се ако можеш.“

Фазусфан се нашол во неприлика, бидејќи видел дека се впуштил во опасна авантура и двобој од кој сигурно ќе излезе поразен, па употребил итрина и му рекол на Абдулах:

„Ти си солиден младич и извонреден борец, а јас таквиот младич не сакам да го убијам, туку ти нудам примирје и ти го предавам Исфахан со плаќање џизија. Ако некој од жителите нема да сака да плаќа џизија, нека го напушти градот, а вам и онака ви припаѓа дел од Персија кој војнички сте го освоиле.“

Абдулах се согласил со предлогот, го прифатил нивното плаќање џизија и им оставил можност на оние кои не сакаат да плаќаат џизија да го напуштат градот. Такви имало само триесетмина, но брзо се предомислиле, се вратиле во Исфахан и го примиле исламот, бидејќи се увериле во праведноста и добрината на муслиманите. Така Абдулах ибн Абдулах ибн Утбан ја освоил комплетната територија од Нехавенд до Исфахан и со Фазусфан потпишал договор за плаќање џизија чијшто текст ќе биде основа за подоцнежните договори за плаќање џизија. Еве ја неговата содржина:

„Ова е документ од договорот помеѓу Абдулах ибн Абдулах ибн Утбан и Фазусфан и жителите на Исфахан со околните места: Вие сте сигурни и безбедни сè додека плаќате џизија, а џизијата што ќе му ја давате секоја година на муслиманскиот валија треба да биде во согласнот со вашите можности.[112] Никако немојте да ги напаѓате муслиманите и да кревате востанија против нив во освоените места, бидејќи ако го направите тоа, сте го поништиле договорот. Кој ќе ги навредува муслиманите ќе биде адекватно казнет, а кој ќе удри муслиман ќе биде убиен. Сведоци и потписници на договорот се муслиманските команданти: Абдулах ибн Кајс, Абдулах ибн Верка' и Асаме ибн Абдулах."

Од текстот на договорот јасно се гледа достоинството и праведноста на муслиманите кои биле мошне коректни кон оние кои биле послаби од нив. Не ги угнетувале ниту им правеле неправда, туку им гарантирале потполна слобода, сите права и ги оставиле самите да управуваат со своите добра и имоти, со тоа што на исламската држава ѝ плаќале незначителен данок.

Освојувањето на Исфахан е завршено во дваесет и првата година по хиџра. По освојувањето на централните градови на поранешната Персиска империја, халифот Омер размислувал и донел одлука да ја промени „картата на светот". Одлучил да испрати војски од двата главни центра, Куфа и Басра, за конечно да го освои огромното Персиско царство и да му го промени името за сите времиња. Халифот Омер својата замисла започнал да ја остварува и спроведува токму во дваесет и првата хиџретска година. Тогаш заедно со асхабите се присетил на хиџрата во Медина, кога муслиманите биле понижени и протерани, потоа за големите битки во кои муслиманите се постојано напаѓани, сè до битката на Ахзаб, во петтата година по хиџра, кога Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, рекол:

„Од денес ние ќе ги напаѓаме нив, а не тие нас."

Ете, само седумнаесет години подоцна, муслиманите ги изведувале завршните акции во комплетното освојување на некогаш толку моќно Персиско царство. Халифот Омер наредил да се формираат пет гарнизони кои ќе извршуваат зацртани цели. Со првиот гарнизон командувал Нуајм ибн Мукрин и тој броел дваесет и четири илјади борци. Негова задача било да оди кон Хемедан, бидејќи жителите на тој град го поништиле договорот за

[112] Џизијата никогаш не преминувала половина од данокот што Персијците ѝ го плаќале на својата држава во времето на царот. (Заб. на авторот)

џизија, а потоа да тргне во освојувањето на градот Реј. Во тој поглед му стигнала следнава наредба од халифот Омер:

„Кога повторно ќе го освоиш Хемедан, тогаш тргни со војската кон градот Реј на Каспиското Море.“

Со втората армија командувал Сувејд ибн Мукрин, кој исто така добил задача да оди во правец на Реј, а оттаму со својата војска да тргне во освојувањето на градот Кома, а потоа Џурџан и Таберистан. Другите две војски тргнале кон Азербејџан, област западно од Каспиското Море. Едната ја предводел Букејр ибн Абдулах, човекот кој станал асхаб, а не бил ни полнолетен, а со другата војска командувал Утбе ибн Феркад. Со петтата армија командувал Сурака ибн Омер, кој подоцна ќе ја освои областа Ел-Баб, северно од Азербејџан. Освен тоа, Омер испратил војска и од Басра кон Хоросан, област во која се наоѓа градот Мерв каде што по бегството се сместил царот Јездеџерд. На тој начин халифот Омер сакал да ја покрие комплетна Персија и сите негови сили да ги вклучи во борба, така што ќе немаат можност да се помагаат едни со други на различните делови на фронтот.

Новоформираните муслимански армии тргнале во извршување на своите задачи, така што војската на Нуајм ибн Мукрин, поточно нејзината претходница на чие чело бил неговиот брат Сувејд ибм Мукрин, дошла пред Хемедан, во дваесет и втората година по хиџра. Пред портите на градот ги дочекале вооружените Персијци, но муслиманите брзо ги поразиле така што Персијците повторно барале примирје и потпишување на договор за плаќање џизија. Сувејд ибн Мукрин потпишал со нив договор каков што бил претходно потпишан со жителите на Исфахан. Потоа, сакајќи да ја нападнат војската која ја предводел Нуајм ибн Мукрин, Персијците мобилизирале нови сили така што управителот на градот Реј испратил војска под команда на Замбедиј кој се улогорил во местото Ваџ Руз, а потоа им испратил писмо во Казвин и Азербејџан барајќи засилување. Локалното население на овие два града веднаш се одзвало и од Казвин стигнала персиска бригада која ја предводел извесниот Мута. Бригадата од Азербејџан ја предводел управителот на таа област, Исфендијаз, така што трите персиски бригади се собрале и се улогориле во Ваџ Руз.

Нуајм ибн Мукрин добил информација за собирањето на Персијците и веднаш наредил движење на својата војска кон Ваџ Руз, место кое било кобно за Персијците, бидејќи муслиманите им нанеле тежок пораз.

По големиот триумф, Нуајм тргнал со војската кон Реј, почитувајчи ја зацртаната маршрута која ја одредил халифот Омер. Персискиот командант Исфендијаз, по страшниот пораз, избегал во Азербејџан, а другиот нивен командант Замбеди избегал во Реј. Кога муслиманската војска му се приближила на Реј, Замбеди излегол пред нив и му понудил на Нуајм примирје и помош за освојување на Реј, кое овој го прифатил.

Вооружените жители на Реј ги дочекале муслиманите во подножјето на ридот кој доминирал над градот и тука се случила битка во која муслиманите постигнале само делумна предност пред ноќта. А кога паднала ноќта, Персијците се повлекле во ѕидините на градот, додека муслиманските сили извршиле опсада на градот и го чекале разденувањето. Тогаш Замбеди дошол во шаторот на Нуајм ибн Мукрин и, меѓу останатото, му рекол:

„Јас знам дека во градот има многу Персијци, а вас ве има малку во однос на нив, затоа предлагам да ме испратиш мене со вашата коњаница и јас ќе влезам во градот низ премин што добро го познавам, од каде Персијците воопшто не се надеваат на напад. Кога ќе ги видат вашите сили во градот, тие ќе мора да се согласат на предавање и на плаќање џизија."

Така и се случило, Нуајм испратил коњаница на чело со братучедот Мунзир ибн Амр ибн Мукрин, на кого водич им бил Замбеди. Кога Персијците ги слушнале текбирите и ја виделе муслиманската војска насред градот, сфатиле дека поразот е неминовен. Жителите на Реј се предале и се согласиле на договор со муслиманите. На тој начин е освоен градот Реј и Нуајм само го официјализирал примирјето и договорот кој уште претходно го потпишал со Замбеди, кого што воедно го одредил за управител на Реј и на околните места.

## Освојувањето на Џурџан и Азербејџан

По освојувањето на Реј, Сувејд ибн Мукрин тргнал кон градот Ком, 350 километри од Реј, и кога дошол до градот, пред него излегле неговите жители на чело со управителот на Кома и без борба го предале градот, согласиле на плаќањето џизија, кое Сувејд од сè срце го прифатил. Потоа Сувејд извршил преписка со водачите на градовите Џурџан и Таберистан и им понудил да прифатат една од трите работи: ислам, џизија или војна. Тие го прифатиле предавањето на градовите без борба и плаќање џизија, по што Сувејд потпишал со нив договор кој содржел нова точка која до-

тогаш не ја содржел ниеден договор кој муслиманские водачи го потпишале со Персијците, а таа оставила позитивни ефекти кај Персијците во продолжување на муслиманското освојување на Персија. Договорот е потпишан во дваесет и втората година по хиџра, а неговиот текст гласи:

„Ова е текстот од договорот кој го напишал Сувејд ибн Мукрин и му го понудил на потпишување на Саул ибн Руздан и на жителите на Џурџан. Ние ви гарантираме потполна заштита доколку секоја година плаќате џизија во согласност со вашите можности. Меѓутоа, доколку некој од вас ќе ѝ помогне на муслиманската војска во одбрана на територијата што сме ја освоиле, тој е ослободен од обврската за џизија, а од нас има гаранција и сигурност во поглед на животот, имотот и верата сѐ додека го почитува договорот.“

За разлика од дотогашните договори, овој содржел точка со која Персијците, без оглед на тоа што се огинопоклоници, т.е. идолопоклоници, им се гарантира слободно исповедување на верата и со кој од џизија се ослободуваат оние Персијци кои ќе учествуваат во обрана на градот од било кој надворешен непријател. Така, жителите на Џурџан прифатиле заедно со муслиманите да го бранат градот од потенцијалните напади на Персијците од другите градови, а за возврат биле ослободени од џизијата, како и од било какви други даноци и давачки. Овој договор имал стратешко значење како во воена, така и во политичка и мисионерска смисла. Пред сѐ, тој многу им го олеснал на муслиманите чувањето на освоената територија, бидејќи муслиманската војска не располагала со толку луѓе за да може да обезбеди доволно сили кои ќе ги чуваат сите освоени градови, така што многу градови останувале без каква било заштита и, по освојувањето, повторно преминувале во рацете на Персијците. Сега Персијците ги чувале освоените градови во име на исламската држава. Освен тоа, тој договор или таа точка од договорот дефинитивно ги поделила Персијците во два табора: еден кој му бил лојален на муслиманските владетели и кој, поради сопствената корист и сигурност, ги бранел градовите кои ги освоиле муслиманите и вториот, мнозински табор, кој воопшто не сакал да се помири со падот на Персиското царство и да ја прифати исламската власт. И третата, можеби најважна придобивка која муслиманите ја постигнале со тој договор е почетокот на масивно примање на исламот од страна на Персијците. Дотогаш било реткост Персијците да го примат исламот, бидејќи било тешко да очекуваш од некого кој чувствува толкава омраза кон оној што дошол да ја освои неговата земја, туку така да ја прими верата на освојувачот. Меѓутоа, кога на муслиманите им се укажала прилика во освоените

територии да покажат разбирање, толеранција и потполна праведност на која ги учи исламот, тогаш домицилното население сериозно почнало да размислува за исламот и да го прифаќа како своја вера. Позитивните последици на спомнатиот договор набргу вродиле со нови плодови. Кога жителите на Таберистан слушнале за тоа, се согласиле без борба да го предадат Таберистан и од истите околности како и Џурџан потпишале договор со Сувејд ибн Мукрин. На тој начин двајцата миуслимански команданти успешно ја извршиле својата работа, Нуајм ибн Мукрин го освоил Хемдан и Реј, а неговиот брат Сувејд ги освоил Ком, Џурџан и Табристан.

Халифот Омер испратил две војски кон Азербејџан, едната под команда на Букејр ибн Абдулах и другата под команда на Утбе ибн Феркад. Азербејџан е пространа област која се наоѓа западно од Каспиското Море, додека местото Ел-Баб било сместено северно од Азербејџан, но исто така на Каспиското Море. Над областа Ел-Баб, на крајниот север, се простирала голема туркменска држава која била вклештена помеѓу Персиската и Византиската империја. На чело на Туркменистан бил големиот хан, кој се викал Хакан, а помеѓу него и Персијците немало конфликти поради порано потпишаниот договор за ненапаѓање и добрососедски односи. Доколку муслиманите ги освојат Азербејџан и Ел-Баб, би стигнале на северната граница на Персиската империја, па поради опсежните операции и мошне предизвикувачкиот воен потфат, халифот во тој правец испратил две војски, а во исто време траеле операциите на југот и во централниот дел на Персија.

Војската која тргнала од Куфа под водство на Букејр се движела во правец на Хулван, а оттаму кон источниот дел на Азербејџан, додека војската под водство на Утбе ибн Феркад тргнала од Куфа во правец на Мосул, а оттаму кон западниот дел на Азербејџан. Петте муслимански гарнизони ги предводеле пет асхаби на Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, меѓу кои бил и Букејр ибн Абдулах за кого се врзува следнава приказна.

* * *

Имено, тој бил малолетен кога станал асхаб и во тоа детство често влегувал кај сопругите на Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, меѓутоа, еден ден тој дошол кај Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, и му рекол:

„Аллахов Пратенику, јас денес станав полнолетен и повеќе не би смеел да влегувам слободно во твојата куќа кај твоите сопруги.' Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, се зачудил и ѝ се израдувал на искреноста на муслиманското момче, па му ја изрецитирал довата: ,Господару мој, подари му искреност во говорот и направи да реди победи.'"

Возвишениот Аллах ја примил довата на Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, и Букејр живеел долго и како еден од командантите на муслиманската војска постигнал величествени победи и останал запаметен по искреноста во говорот. Во една прилика тој убил некој Евреин, поради што халифот Омер жестоко се налутил, па, не знаејќи кој го извршил убиството, ги собрал луѓето во џамијата и од минберот запрашал:

„Кој го убил Евреинот?"

„Јас го убив", одговорил Букејр. Тогаш халифот му рекол:

„Си пролеал крв и заслужуваш казна ако не донесеш доказ кој ќе те ослободи од казната."

Букејр одговорил:

„Јас ја чував куќата на еден од муслиманите кој отишол на фронт и се грижев за неговото семејство, па тој ден дојдов да ги посетам и го видов Евреинот како ѝ се прикрадува на куќата сакајќи да ја нападне честа на жената муслиманка. Јас тогаш му пријдов и го убив."

Потоа халифот Омер го ослободил.

* * *

Букејр ибн Абдулах дошол со својата војска до Џирмизан, голем град на истокот на Азербејџан, во кој се сместил братот на Рустем, Исфендијаз, по бегството од Реј. Тука муслиманите се бореле со персиската војска од Азербејџан која била позната по својата храброст и жестина во борбата. Муслиманите воделе тешка борба во ридестиот предел на Азербејџан, но ги издржале сите напади на Персијците и по неколку дена славеле уште една победа. Во таа битка е заробен Исфендијаз кој воа таа прилика ми рекол на Букејр:

„Дали ти го сакаш мирот или војната?"

Букејр одговорил:

„Го сакам мирот, зошто прашуваш?"

Тогаш Исфедијаз ми рекол: „Задржи ме со себе, бидејќи жителите на Азербејџан единствено на тој начин ќе се согласат на примирје и предавање на градот.“

По поразот во Џирмизан, персиската војска избегала во ридовите и изведувала безуспешни герилски напади над муслиманите. Во исто време Утбе ибн Феркад водел борба против Персијците на западната страна на Азербејџан, а персиската војска на тој дел ја предводел вториот брат на Рустем кој во таа битка и загинал. Кога војската на Азербејџан дознала дека едниот командант им загинал и дека муслиманите и од западната страна му се приближуваат на Азербејџан, се вратиле во Азербејџан сакајќи преку заробениот Исфендијаз, додека сè уште има надеж, да склопат примирје со муслиманите. Се согласиле на истиот договор каков што потпишале жителите на Џурџан, т.е. тие да се грижат за Азербејџан, како нова муслиманска територија, од нападите на Персијците, Туркмените и Византијците, а да не плаќаат џизија.

Букејр бил главен командант во Азербејџан, а по неговото освојување, тој станал намесник на таа област. Меѓутоа, тој не сакал да остане на таа позиција па на халифот Омер му испратил писмо со следнава содржина:

„Испрати ме таму каде што се води џихад, а на мое место постави некој друг.“

Халифот Омер го прифатил тој предлог и му наредил да го постави Семак ибн Харшет за емир во источниот дел на Азербејџан, а над целиот Азербејџан за намесник да го постави Утбе ибн Феркад.

Потоа халифот Омер го испратил Букејр да му се придружи на Сурака ибн Амр во освојувањето на Ел-Баб, па тој со една група на војници се упатил кон градот Бабул-Ебваб за да ѝ се придружи таму на муслиманската војска. Бабул-Ебваб бил еден од најголемите градови во покраината Ел-Баб на Каспиското Море, а наречен е Врата на сите Врати, бидејќи од него се разгрануваат многубројни патишта низ непроодните делови на таа покраина. Кога стигнале на дестинацијата, Букејр е поставен за командант на левото крило во таа војска, а командант на претходницата бил Абдурахман ибн Ребиа ел-Бахили.

Пред да стигне муслиманската војска до Ел-Баб, владетелот на таа покраина побрзал да побара примирје и да го предаде градот а да се согласи да потпише договор под истите услови под кои се потпишани претходните

договори со Џурџан и Азербејџан. Така муслиманите дошле на самата граница на Туркменистан. Командантот Сурака ибн Амр умрел на самата граница на Туркменистан, а на негово место дошол Абдурахман ибн Ребиа ел-Бахили кој воедно станал и наменсник на областа Ел-Баб.

Кратко потоа, Абдурахман мобилизирал и подготвил војска и му испратил порака на Шехрибраз заедно со муслиманите да тргне во нов напад, а Шехрибраз го запрашал:

„Што, всушност, ти сакаш?"

„Сакам да го освојам Туркменистан", одговорил Абдурахман.

„А знаеш ли ти дека ние Персијците уште порано со нив сме потпишале договор дека нема едни со други да се напаѓаме", го предупредил Шехрибраз. На тоа Абдурахман му рекол:

„Но, ти треба да знаеш дека овој договор не се однесува на нас муслиманите, ние со нив не сме потпишувале никакви договори."

Шехрибраз потоа немал изговор и тргнал со муслиманите во освојувањето на Туркменистан. Абдурахман влегувал со неверојатна брзина во длабочината на Туркменистан, влегол повеќе од илјада километри во длабочината на територијата, а никој да не му се спротивстави, иако Хакан имал огромна војска која била позната по својата храброст.

## О, Сарија, ридот, ридот!

По успешните воени операции и освојувања на северните делови на персиската држава, муслиманските сили се насочиле кон југ. Делот од Персија кој сѐ уште бил во рацете на Персијците бил поделен на пет главни области или окрузи. Првата од нив била областа Истахр која го добила името според градот Истахр, престолнината на династијата на Сасанидите и светиот град на Персијците во кој се наоѓал т.н. Вечен оган и главниот идолопоклонички храм. Следна била областа Ереџан која граничела со Ехваз, т.е. со муслиманскиот дел на Персија. Потоа областите Сабур, Ердешир и Дару Беџерд. За освојување на тие области, халифот Омер мобилизирал три бригади кои биле стационирани во Басра и Куфа, од каде што тргнале на задача. Командант на првата бригада бил Меџаши' ибн Мес'уд, командант на втората Сарија ибн Зеним, а со третата бригада командувал Ебу Муса ел-Еш'ари. Прва цел била областа Ереџан која граничела со муслиманската територија и таа задача требале да ја извршат сите три бригади

заедно. Меѓутоа, Возвишениот Аллах влеал страв во срцата на Персијците така што тие воопшто не се осмелиле да пружаат отпор, туку му го предале Ерецан на муслиманскиот командант Ебу Муса ел-Еш'ари и потпишале договор за давање џизија. Потоа, Ебу Муса ел-Еш'ари останал со својата војска во Ерецан, а другите две бригади тргнале во освојување на останатите четири области. Кратко потоа, муслиманите дознале дека Персијците собрале голема војска во местото Тевеџ кое се наоѓало во Персискиот залив, во најмалата област Сабур.

Од почетокот на освојувањето на Персија, муслиманската војска, штом ќе слушнеше за собирање на Персијците, веднаш заминуваше во тој правец за да ја започне битката со Персијците. Меѓутоа, овојпат применија друга тактика. Имено, муслиманската војска тргна кон обласа која требале да ја освојат, привидно занемарувајќи ги персиските сили кои се собрале во Тевеџ. Таа тактика ја примениле поучени од освојувањето на Ктесифон, кога Персијците од сите страни дошле да го бранат главниот град. Меѓутоа, откако муслиманите се пробиле во градот, секоја персиска војска се повлекла во местото од каде што дошла за да биде подготвена за одбраната на својот град, не грижејќи се многу за главниот град ниту за комплетното царство. Поради тоа муслиманите го продолжиле својот поход на неосвоените области, знаејќи дека Персијците, кога ќе слушнат за тоа, ќе побрзаат да се вратат секој во својот град за да го брани и така обласа Сабур ќе биде препуштена самата на себе. Токму така и се случило. Кога Персијците слушнале дека муслиманите не одат кон Тевеџ, туку одат да ги освојуваат останатите градови, војниците од тие краишта тргнале да се вратат во своите места така што персиската војска била распрскана на сите страни, што самото по себе ги најавило нивните нови порази. Муслиманите ништо не ѝ препуштале на случајноста, сѐ добро испланирале, па војската под команда на Меџаши' ибн Мес'уд тргнала кон обласа Ердешир за потоа од зад грб да удрат на персиските сили во Тевеџ, додека Сарија ибн Зеним тргнал кон Дару Беџерд, како што му наредил халифот Омер. Кога Меџаши' стигнал во Ердешир, таму не затекнал персиска војска, бидејќи таа сѐ уште била на пат кон таа област, па ја освоил без тешкотии. Потоа се упатил кон Тевеџ во кој останала само војската од покраината Сабур. И во Тевеџ дошло до жесток судир помеѓу муслиманите и Персијците, а за што, за жал, не постојат поопширни податоци во историските извори, освен преданието на Џубејр, учесник на битката, кој рекол:

„Тоа беше жестока битка во која, со Аллахова волја, Персијците доживеаја уште еден тежок пораз. Муслиманите го опколија градот, а потоа победоносно влегоа во него и во таа прилика убија голем број на персиски војници освојувајќи огромен воен плен. Преживеаните Персијци избегале во ридовите, но муслиманскиот командант Меџаши' ги повикал да се вратат гарантирајќи им сигурност и тие се вратиле и потпишале договор за плаќање џизија.“

Така војската на чело со Меџаши' ги освоила Ердешир и Сабур. Некако во исто време кога муслиманите ги освоиле Ердешир и Сабур, Осман ибн ебу Ас тргнал со својата војска од Бахрејн во освојување на Истахр, и тоа преку Персискиот залив, како што во тоа порано безуспешно се обидел Ел-Ала ибн Хадреми. Но, помеѓу тие два обида постоела огромна разлика, бидејќи сега персиското царство било на згаснување, нивните војски трпеле пораз по пораз и сечилото на персиската воена сила и моќ не само што било затапена туку речиси и скршено. Во таква ситуација, халифот Омер му дозволил на Осман ибн ебу Ас, намесникот на Бахреин, да тргне со војската кон Истахр и да се обиде да го освои. Кратко потоа, пред портите на древниот град Истахр се случила битка за која историчарите тврдат дека била една од најтешките битки кои се воделе на останатиот дел од Персија. И по жестокиот судир, муслиманите повторно славеле победа, а Персијците го доживеале кој знае кој пораз по ред и ја изгубиле престолнината на Сасанидите. Во таа битка загинал и перискиот водач и управител на градот, Шехрек, а жителите на Истахр се согласиле на плаќање џизија.

Што се однесува на муслиманскиот војсководец Сарија ибн Зеним, тој со својата војска стигнал во областа Дару Беџерд каде што ги дочекала персиска војска вооружена до заби. Сарија им наредил на муслиманите веднаш да ги нападнат Персијците и во тој напад тој постигнал делумна победа. Меѓутоа, набргу на Персијците им стигнала помош од околните места, како и од Мекран, покраина во областа Балуџистан и Истахр којшто муслиманите во тој момент сè уште не го освоиле. Така муслиманската војска била нападната од север од персиската војска на Истахр, од југ од нивните сили на Мекран, а фронтално ги напаѓала војската од Дару Беџерд. Од толку тешката и речиси безизлезна ситуација постоел само еден излез и едно решение до кое не дошол ниеден муслимански војсководец ниту војник кои биле учесници на битката, туку човек кој бил илјадници километри далеку од бојното поле. Тоа бил халифот Омер, Аллаховиот богоугодник, кому Возвишениот Аллах преку чудото кое му се случило ѝ укажал

на муслиманската војска на излезот од тешката ситуација. Имено, додека муслиманите биле опколени во пустината од сите страни, халифот Омер, поради големиот психолошки притисок и грижа за својата војска, таа ноќ го сонувал бојното поле и на сон ја видел опколената муслинанска војска, но и излезот од тешката ситуација. Се разбудил од сонот и истиот момент посакал да го извести муслиманскиот командант што треба да направи за да ја спаси војската, но како да го стори тоа кога оддалеченоста помеѓу нив била три дена одење. Утредента осамнал петок и халифот во својата проповед ги известил муслиманите за тешката позиција на муслиманската војска во Персија и им рекол дека излезот од тоа е да се повлечат на ридот, бидејќи тогаш непријателот можел да им пријде само од едната страна, што би им ја поправило позицијата и олеснило продолжувањето на борбата. Потоа во еден момент извикал:

„О, Сарија, ридот, ридот!", и тогаш повторно се свртел кон присутните верници во џамијата и им рекол:

„Аллаховите војски не ги знае никој освен Аллах, и се надевам дека некоја од тие војски ќе му ја пренесе мојата порака на Сарија."

И додека муслиманите барале начин да се извлечат од обрачот, слушнале глас од небесата:

„О, Сарија, ридот, ридот!"

Сарија ја сфатил пораката и веднаш ја повел војската кон ридот, така што ридот им го чувал грбот додека тие воделе крвава борба против персиските сили кои, и покрај предноста, на крајот доживеале пораз. По исцрпувачката битка, Сарија ибн Заним пристапил кон поделба на воениот плен на војниците, а потоа една петтина му испратил на халифот Омер во Медина. По таа мошне значајна победа и освојување на Дару Беџерд, речиси комплетното Персиско царство било во муслимански раце.

Откако ја добил веста дека е освоена областа Дару Беџерд, халифот Омер мобилизирал нови сили за да го довршат освојувањето на Персија. Имено, на источниот дел на Персија останала неосвоена областа Керман, која денес е во состав на Иран, потоа, јужно од Керман, градот Мејран, кој денес е во состав на Пакистан, потоа областа Сиџистан (дел од Авганистан) и Хоросан. Со совојувањето и падот на тие области официјално би било освоено комплетното Персиско царство. Халифот Омер испратил војска од Басра под команда на асхабот Сухејл ибн Адиј, во правец на Керман, а на Абдулах ибн Абдулах ибн Утбан, кој го завршил освојувањето на Исфахан,

му наредил да му помогне на Сухејл и да го нападне Керман од северната страна. Кога Персијците виделе дека муслиманите им дошле од две страни, во нивните редови се вовлекол страв и малодушност бидејќи Керман, кој влегол во состав на Персиското царство пред четиристотини години, се наоѓал на источниот дел на Персија, така што тие биле свесни дека не можат да ѝ се спротивстават на војската која дошла до крајниот исток на некогаш моќното Персиско царство, а освен тоа, нивниот водач загинал во Битката на Тевец. Па, како тогаш потполно немотивираната војска може да ѝ се спротивстави на муслиманската војска која во секоја битка влегувала очекувајќи едно од двете добра: загинување на Аллаховиот пат или победа. По неочекуваното лесно освојување на Керман, Халифот Омер испратил војска во областа Сицистан, на југот на Авганистан, под команда на славниот војсководец Асим ибн Амр кој на територијата на Персија стапил заедно со Халид ибн Велид во дванаесеттата година по хиџра. Асим не застанувал додека не стигнал во Сицистан и во едно мало место во близина на Сицистан извојувал брилијантна победа над персиската војска која ја бранела таа област, и таа победа, всушност, значела освојуваење на целата област, бидејќи нејзините жители се согласиле на давање џизија, а кратко потоа мнозинството од жителите на Сицистан го примиле исламот. Другата војска, под команда на Хакем ибн Амр, халифот ја испратил кон Мекран и повторно му наредил на Абдулах ибн Утбан да му се придружи на Хакем во освојувањето на Мекран. Двајцата муслимански војсководци се сретнале пред битката за да се договорат за тактиката која ќе ја применат и за меѓусебната координација, а потоа ја започнале мошне тешката битка против Персијците кои ги предводел управителот на Мекран по име Расил. Битката траела неколку дена сѐ додека муслиманите не го убиле нивниот водач, а потоа упаднале во воениот логор и го убиле мнозинството од персиските војници. Преживеаните персиски војници бегале дури и надвор од границите на Персија барајќи засолниште во Индија. Во Мекран останале само земјоделците кои кратко потоа сите по ред го примиле исламот. Битката за Мекран е прва битка и прва победа на муслиманите на авганистанска територија. А што се однесува на потполното освојување на Авганистан, тоа се случило во времето на халифот Осман, под команда на Мухамед ибн Касим Секафи, а областа северно од Сицистан подоцна ја освоил легендарниот војсководец Кутејбе ибн Муслим ел-Бахили.

Откако првите две војски успешно ја извршиле својата задача, третата војска чија база била во Басра, тргнала во осојувањето на Хоросан, кој се

наоѓал на крајниот исток на Персија на граница со Кина. Важно е да се напомене дека во Хорасан се криел царот Јездецерд III, во градот Мервушшахицан, така што муслиманите си дале задача дека мораат да го убијат, бидејќи со неговото убиство и официјално би пропаднало Персиското царство, зашто тој бил „матицата" околу која Персијците постојано се собирале без оглед на тоа што ги загубиле сите битки. Тие едноставно сметале дека, додека е царот жив, ќе биде жива и Персија. Битката за стратешки важната област, Хоросан, била посебна и за таквата битка требало да се одреди и посебен командант и Омер го пронашол во личноста на Ахнеф ибн Кајс. За него велат дека бил еден од најмудрите и најинтелигентни Арапи и еден од тие муслимани кого го краселе благоста и убавиот морал. Неговото име, всушност, е Дахак ибн Кајс, но останал познат по прекарот Ахнеф кој го добил поради кривите нозе. Кога неговата мајка ја видела неговата интелигенција и проникливост, рекла:

„Да не му беа нозете толку криви, ќе беше водач на својот народ."

Но, и покрај тоа, тој подоцна станал вистински водач на својот народ. Во една од битките бил ранет па останал слеп на едното око. Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, упатил дова за него, а никогаш го нема видено. Се пренесува од Али ибн Зејд дека Ахнеф ибн Кајс рекол:

„Додека се движев околу Ќабата, во времето на халифатот на Осман, дојде еден човек од племето Лејс , ме зема за раката и рече:

‚Сакаш ли да те израдувам?'

‚Секако', одговорив, а тој рече:

‚Се сеќаваш ли кога Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, ме испрати кај твоето племе, Бену Са'д, да ве повикам во исламот, па ти тогаш ми рече: Ти повикуваш во добро, наредуваш добро и доаѓаш од оној кој повикува во добро', па поради твоите зборови твоите соплеменици ги примија исламот. Јас го известив Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, за тоа, а тогаш тој упати дова за тебе велејќи: *Господару мој, прости му на Ахнеф ибн Кајс!*'"

Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, умрел пред да дојде Ахнеф во Медина за да му даде заклетва за верност, поради што тој не се вбројува во асхабите, но затоа бил великан од генерацијата на табиините. Кога и да направел некое добро дело, би рекол:

„Јас сепак се надевам дека Аллах ќе ми прости поради довата на Пратеникот за мене, а не поради моите дела.“

И кога ѕвездата на Ахнеф ибн Кајс светнала со полн сјај, халифот Омер сакал да ја провери неговата искреност, па го вратил во Медина од фронтот и го следел година дена. Омер му давал различни работи и задачи, внимателно следејќи ја неговата работа и однесување. Откако поминале година дена, халифот Омер му рекол:

„Ахнеф, Аллаховиот Пратеник нѐ предупредуваше од учениот дволичник, а учен дволичник е оној кој за исламот знае многу, а повикива во нешто што е во спротивност со исламот, фрлајќи така дамка на исламот. Јас тебе те проверував година дена и она што го видов е добро, а јас се надевам дека си исто таков и во тајност. Затоа оди во Басра и преземи ја командата над војската која треба да го освои Хоросан.“

Потоа му напишал писмо на Ебу Муса ел-Еш’ари во кое стоело:

„Ти доаѓа Ахнеф ибн Кајс, па те молам да го почитуваш неговото мислење и ти наредувам да го поставиш за командант на војската која треба да го освојува Хоросан.“

И Ахмед ибн Кајс на крајот од дваесет и првата година по хиџра тргнал со војската кон Хоросан.

## На персискиот цар му пресудила секирата

На патот до Хоросан, во длабочината на персиската територија, пред Ахнеф ибн Кајс се испречил градот Херат, на западот на Авганистан, и тој го освоил без поголеми тешкотии. Оттаму испратил војска, под команда на Харис ибн Хасан, да го освои градот Серахс, а другата војска под команда на Мутариф ибн Абдулах ја испратил во освојувањето на Нејсабур (Нишапур). По освојувањето на тие градови, Ахнеф ибн Кајс се упатил кон Мервуш-шахиџан во кој бил сместен царот Јездеџерд III. Кога Јездеџерд дознал дека муслиманската војска му се приближува на градот, тој го закопал богатството кое претходно го собрал во Ктесифон, Хулван и Реј, а потоа се упатил кон градот Мерверуз, двесте километри од Мервуш-шахиџан, на границата со Кина. Ахнес ибн Кајс го освоил Мервуш-шахиџан и за намесник во него го поставил Хатим бин Ну’ман ел-Бахили, а тој со својата војска се упатил кон Мерверуз. Меѓутоа, Јездеџерд не се задржал

долго ни во Мерверуз, туку избегал во Белх, град којшто воедно ја претставувал крајно источната и крајно северната граница на Персиското царство. Недалеку од Белх се наоѓала реката Амудариј зад која се наоѓала државата Узбекистан (таа река е на границата на Туркменистан западно и Узбекистан источно, на исток се уште Таџикистан и Киргистан, а потоа Кина), додека помеѓу тие држави во тоа време била државичката Согд, која за кратко време пропаднала. Јездеџерд пред тоа со сите три држави имал потпишано договори за ненапаѓање и за испраќање на воена и друга помош во случај таа да им затреба. Ахнеф ибн Кајс, откако го освоил Мерверуз, тргнал со комплетната војска кон Белх, од каде што Јездеџерд немал каде да избега, бидејќи од неговото големо царство повеќе не останало ништо. Кога слушнале дека муслиманите го освоиле Мерверуз и дека царот Јездеџерд избегал во Белх, покраината Тахеристан се предала без борба. Таму Ахнеф ибн Кајс го поставил за наместник Риб'иј ибн Амир, муслиманскиот претставник кој го посетил Рустем на почетокот од освојувањето. На Јездеџерд му преостанало сам да се бори против муслиманите, бидејќи уште не ги добил одговорите од владите на соседните држави. Сепак, на крајот добил одговор од управителот на Согд и туркменистанскиот хан дека тие се подготвени да му излезат напомош, додека одговорот на кинескиот цар бил двосмислен.

* * *

Царот Јездеџерд почувствувал дека му се ближи крајот, па спасот го побарал во соседните држави: Кина, Туркменистан и Согд. Им испратил писма на владетелите на спомнатите држави да му помогнат и да му дадат засолниште, а што се однесува на римскиот император, со него, во поглед на својата заштита, не вршел никаква кореспонденција. Се чини дека исцрпувачките војни помеѓу двете империи за преземање на водечката позиција на тогашната светска сцена сепак оставиле неизбришлива трага на билатералните односи и врски помеѓу двајцата владетели. Туркменскиот владетел одговорил позитивнио на барањето на царот и ветил дека ќе испрати војска како помош и поддршка на Јездеџерд, а главната причина било тоа што Абдурахман ибн Ребиа' ед-Дахили со својата војска веќе стапнал на туркменска територија, па повикот на персискиот цар бил можност, со заеднички сили, да им се спротивстават на муслиманите и да се обидат да ги избркаат од своите држави. Така, добро вооружените вој-

ски од Туркменистан и Согд во исто време тргнале кон Белх да ѝ се придружат на војската на царот во борбата против муслиманите. Што се однесува, пак, на кинескиот цар, тој бил многу помудар и попаметен од претходните двајца. Имено, пред да одлучи да му испрати било како одговор на царот, тој водел мошне интересен дијалог со претставникот на Јездеџерд. Тој дијалог е забележан и зачуван во историските дела, бидејќи многу луѓе од царската свита, кои го слушале тој разговор, потоа го примиле исламот. Постои предание дека и претставникот на царот бил меѓу оние кои конвертирале во исламот.

Кинескиот цар, во стилот на врвен дипломат, го започнал разговорот, на самиот почеток велејќи:

„Обврска на владетелот е да му излезе напомош на владетелот од соседната земја против оној кој ја нападнал неговата земја, но јас би те замолил, пред да се одлучам на тој чекор, да ми го претставиш и опишеш тој народ кој ве избркал од вашата држава, бидејќи забележав кога нагласи дека нив ги има малку, а вас многу. Сметам дека е невозможно нивната малубројна војска така брзо да ја порази вашата огромна војска и да постигне незапаметен усех, освен ако тоа не е од добрината и извонредните квалитети кои ги поседуваат, потоа поради вашата злоба и непоседување на морални квалитети."

Гласникот му се обратил на кинескиот цар со зборовите:

„Почитуван царе, прашајте ме што ве интересира, јас сигурно ќе ви одговорам!"

Тогаш царот прашал:

„Дали муслиманите ги исполнуваат договорите кои ги потпишале и на кои се обврзале?"

„Да", одговорил претставникот на персискиот цар. Потоа царот прашал:

„А дали тие ви нудат некакви услови пред борбата?"

Претставникот одговорил:

„Да, нè повикуваат да прифатиме една од трите работи: или нивната вера, исламот, и во тој случај тие ќе нè остават намира, или да прифатиме да плаќаме џизија со која за себе ќе обезбедиме потполна заштита кај муслиманите, или борба, ако ги одбиеме првите два предлога."

Од овие прашања јасно се гледа дека кинескиот цар внимателно ги следел исламските освојувања во Персија и во соседните држави, и тогаш сакал од прва рака да се инфрмира за некои особини на муслиманската војска, која веќе дваанесет години успешно водела борба против Персиската империја, која во еден дел се граничи со Кина. Потоа продолжил со прашањата:

„А каква е нивната покорност кон нивните водачи?“

„Беспрекорна“, одговорил Персиецот. Одговорите кои пратеникот на персискиот цар му ги давал на кинескиот цар биле, всушност, клучеви за победа на секоја војска. Потоа царот прашал:

„Што дозволуваат, а што забрануваат едни на други?“

Пратеникот спомнал неколку работи кои исламот ги дозволува и некои работи што ги забранува, а тогаш следело најважното прашање:

„Дали некогаш го дозволуваат она што верата им го забранува или го забрануваат она што верата им го дозволува?“

„Не“, оговорил пратеникот.

Кинескиот цар тогаш рекол:

„Знај добро дека тој народ ќе напредува и ќе ниже успеси сè додека не го забранува она што е дозволено и не го дозволува она што е забрането.“

Потоа прашал:

„Каква им е облеката и какви им се животните за јавање?“

Одговорил:

„Облеката им е скудна и едноставна и тие не му придаваат на тоа големо значење, а што се однесува на животните за јавање, тие јаваат чистокрвни арапски коњи и расни камили.“

Со тоа разговорот е завршен, а потоа кинескиот цар му напишал писмо на Јездеџерд со следнава содржина:

„Знај дека јас сум во можност да ти испратам војска чијшто почеток би бил во Мерв а крајот во Кина, но нема да го направам тоа. А за да не го сторам тоа, не ме спречува тоа што немам разбирање кон владетелот на соседната држава и што не сакам да помогнам, туку ме спречува тоа што го слушнав за муслиманите од твојот претставник. Врз основа на она што го слушнав, јас сум убеден дека, кога муслиманската војска би тргнала да го урне најголемиот рид, тие би го направиле тоа без тешкотии и би го

претвориле во прав. Поради тоа сметам дека ако јас нив не ги задевам, ниту ги предизвикам на кој било начин, се надевам дека и тие мене ќе ме оставаат намира и дека нема да ја нападнат и освојат мојата држава како што ја освоиле вашата.“

Токму тој разговор бил повод многумина од царската свита да го примат исламот и тоа само врз основа на описот на муслиманите и нивното однесување, бидејќи тие дотогаш не запознале ниту виделе ниеден муслиман.

* * *

Командантот на муслиманската војска Ахнеф ибн Кајс бил побрз од туркменската и согдската војска и пред нив стигнал во Белх. Во Белх го чекале вооружените и подготвени персиски сили и тој ја започнал битката против Персијците, кои по првпат од почетокот на исламските освојувања во Персија ги предводел Јездеџерд. Тој пред тоа постојано бегал, и како бегањето и сокривањето да му била судбина.

Имено, неговата мајка избегала со него додека сè уште бил момче плашејќи се да не го убие тогашниот цар, за потоа, во дваесет и првата година од животот, тој да го преземе персискиот престол, но и тогаш повторно морал да бега, само не од царот, туку од муслиманската војска.

Инаку, во Белх се случила една од најкратките битки од почетокот на освојувањата и траела само неколку часа. За кратко време загинале многу Персијци, а Јездеџерд, кој бил во предниот дел од војската, кога видел дека поразот е неизбежен, повторно избегал со група свои војници, и преминувајќи ја реката Амудариј, се појавил во Туркменистан. Ахнеф ибн Кајс запрел на границата со Туркменистан, бидејќи без дозволата на халифот не смеел да прејде во Туркменистан, а халифот Омер веќе му испратил писмо во кое му заповеда, доколку дојде до туркменската граница, да не влегува на нивна територија, бидејќи муслиманската војска која ги изведувала завршните операции во освојувањето на Персија броела само дваесет илјади муџахиди, додека остатокот на војската бил распореден по сите персиски покраини. Халифот Омер се плашел од непотребното ширење на фронтот за, поради раширеноста на војската по цела Персија, да не дојде во ситуација повторно да мора да го брани она што веќе го освоил. Поради тоа, Ахнеф ибн Кајс, по конечното освојување на Персија, се вратил со војската во Мерверуз, во којшто претходно оставил една единица т.н. заштитничка на градот. Работата со Јездеџерд уште не била готова. Иако обезглавен и

без војска, тој се здружил со туркменската и согдската војска и се договориле со заеднички сили да удрат на муслиманите, за барем да го земе богатството кое го закопал во Мервуш-шахиџан и да го подели со сојузничките владетели. Кога сојузничката војска дошла во Белх и кога муслиманите ја виделе таа огромна војска, а бидејќи муслиманите ги имало малку, се повлекле од Белх во градот Мерверуз, каде што бил Ахнеф ибн Кајс. Откако Јездеџерд повторнот го освоил Белх, тој наредил сојузничката војска да тргне кон Мерверуз за да го нападне Ахнеф и неговата војска.

Ахнеф ибн Кајс дознал дека непријателксите сили се улогориле во близина на градот и веднаш тргнал со муслиманската војска во тој правец. Набргу дошло до жесток судир и до битка која тралеа со денови. На сојузничките сили им дошле напомош поразените и разбиени персиски сили од околните места, така што муслиманите биле нападнати од сите страни и практично се нашле во обрач. Неколку дена муслиманите воделе исцрпувачка битка против Персијците и нивните сојузници, така што Ахнеф се исплашил, поради постојаните борби, на неговите војници да не им снема сила и борбен морал. Поради тоа тој една ноќ излегол од шаторот за да ја посети војската и да види какво расположение владее меѓу нив. Меѓу останатото, наишол на двајца муџахиди кои меѓусебно разговарале, и слушнал кога едниот од нив рекол:

„Кога нашиот командант би направил да ја промениме положбата, така што ридот да ни остане зад грб, а реката да ни дојде од десната страна зад ридот, па непријателската војска да не може да ни пријде, освен фронтално, се надевам дека тогаш, со Аллахова помош, би можеле брзо да ги победиме Персијците." На проникливиот Ахнеф му се допаднал тој предлог и штом се разденило, тој ја собрал војската и им наредил да заземат положба така што ридот да им остане зад грб и непријателот да може да ги нападне само од еден правец. Таа позиција им ја олеснила борбата на муслиманите, но сојузниците сè уште не се предавале, иако во дневните борби имале многу губитоци. Во еден од тие судири муслиманската војска му задала тежок удар на непријателот и во сојузничките редови веќе завладеала паника, но бидејќи се стемнило, муслиманите се повлекле на почетните позиции. Во текот на ноќта, Ахнеф ибн Кајс повтортно излегол да ги посети своите војници, а потоа незабележано се приближил до шаторот во кој бил туркменскиот владетел Хакан и неговата гарда, па во близината на неговиот шатор ја дочекал зората. Кога се разденило, од шаторот излегле тројца туркменски војници и забележувајќи го Ахнеф, еден по еден му

излегувале на двобој и тој успеал да ги совлада и да ги убие сите тројца, а потоа се вратил во муслиманскиот логор. Кратко потоа, Хакан ја извел својата војска на постројување и кога ги виделе тројцата убиени војници, Хакан се одлучил да ја повлече војската, бидејќи поради своето суеверие, во тоа видел пораз кој не може да се избегне. Јездецерд и неговата војска веќе неколку дена не биле со сојузничката војска, тие незабележано се издвоиле и отишле кон Мервуш-шахиџан, којшто гу чувала мала група на муслимани на чело со Хатим ибн Ну'ман. Персиската војска ненадејно се пробила во градот и малубројната муслиманска војска морала да се повлече и од Мервуш-шахиџан. Дури тогаш муслиманите ја откриле вистинската намера и договор помеѓу Хакан и Јездецерд, а нивниот договор бил Хакан да ги задржува муслиманите во Мерверуз, додека Јездецерд со својата војска не го ископа богатството во Мервуш-шахиџан, и со богатството да се врати во Туркменистан. Ахнеф ибн Кајс имал две можности: да ги гони Туркмените преку реката Амудариј или да оди кон Јездецерд во Мервуш-шахиџан, и на крајот го избрал второто.

Кога Јездецерд дознал за тоа, му се пресекле нозете, бидејќи бил убеден дека муслиманите ќе ги гонат Туркмените. Затоа, не му преостанало ништо друго освен на време да избега со богатството во Туркменистан. Неговите гардисти му ги откриле намерите и го прашале:

„Што си наумил со тоа богатство?"

Рекол:

„Сакам да одам кај Хакан во Туркменистан и тука да го поминам остатокот на животот."

Тие на тоа му рекле:

„Тоа е лошо решение. За тебе и за нас ќе биде подобро да им се предаеме на муслиманите и со нив да склопиме примирје, бидејќи тие се луѓе од вера и доверба, и подобро е да го трпиме праведниот непријател во нашата земја отколку во туѓа земја да го трпиме непријателот кој нема вера ни доверба, ниту го почитува договорот."

Тој глатко го одбил тоа, а војниците му рекле:

„Тогаш остави го богатството во нашата држава за да го поделиме со оние што управуваат со нас."

Бидејќи Јездецерд не се откажал од својата намера, персиските војници се свртиле против него, го поразиле и му го земале богатството, а тој одвај

извлекол жива глава и избегал во Туркменистан. Потоа, Персијците им се предале на муслиманите и му го дале богатството на Ахнеф ибн Кајс, кој го продал за сто и педесет милиони дирхеми, а потоа сто и дваесет милиони им го поделил на дваестте илјади војници кои учествувале во борбата против Јездеџерд. Секој војник добил по шест илјади дирхеми. Преостанатите шест милиони, Ахнем му ги испратил на халифот Омер, заедно со писмото во кое го известува за конечното освојување на Персија. Халифот Омер бил пресреќен поради конечната победа, Му се за заблагодарувал на Возвишениот Аллах за сите успеси на муслиманската војска, и тогаш ги повикал муслиманите да се соберат во џамијата во Медина, им го прочитал писмото на Ахнеф и одржал проповед во која, меѓу другото, рекол:

„Аллах го испратил Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, со Упатство, и им ветил на неговите следбеници, порано или подоцна, голема награда и добро на овој и на оној свет. Благодарност на Аллах кој го исполнил Своето ветување и ја помогнал Својата војска. Тој навистина го уништил меџусискиот цар и неговата империја, и направил меѓусебно да се поделат, така што сега не поседуваат ништо со што би можеле да им наштетат на муслиманите. О, муслимани, Аллах ви ветил дека ќе ви ја даде во наследство нивната земја и нивното богатство, за да види како ќе постапите. Затоа, вие исполнете го ветувањето дадено на Аллах и Тој, без сомнение, ќе го исполни Своето ветување дадено кон вас, и ќе ви го даде она што го ветил. Не менувајте ја Неговата вера за нешто што вреди малку и на враќајте се во стапките на џахилиетот, па Аллах да ве замени со друг народ, како што Персијците ги заменил со вас. Јас се плашам за овој умет да не му биде дадено она што им е дадено на претходните народи, па тоа да ги упропасти.“

А што се однесува на Јездеџерд, тој се сместил кај Хакан и таму еден од неговите гардисти по име Махевејх барал да ја омажи неговата ќерка за него, на што Јездеџерд се налутил и му рекол:

„Како се осмелуваш да ја побараш мојата ќерка, ти си само еден од моите робови и ништо повеќе.“

Потоа Махевејх успеал да ја сврти царевата гарда против него и сакал да го убие. Меѓутоа, тој успеал да избега во куќата на еден млинар, кој го угостил и тогаш заедно со него се напил и почнал да се игра со неговата круна ставајќи ја еднаш на својата еднаш на главата на Јездеџерд. Иако

пијан, на млинарот му паднало на ум дека тоа може да биде персискиот цар, па побрзал за тоа да го извести Махевејх.

Меѓутоа, бидејќи Махевејх бил огинопоклоник, тој верувал дека доколку било кој Персиец го убие царот, на овој свет ќе биде казнет со оган. Поради тоа го замолил млинарот тој да го убие Јездецерд, што тој и сторил. Имено, тој ја зел секирата и му ја отсекол главата, а потоа неговото мртво тело го фрлил во реката Амудариј која го носела до една населба во која живееле христијани, блиску до градот Мервуш-шахицан. Го препознал тамошниот бискуп кој се викал Илија и тогаш ги собрал своите христијани и им рекол:

„Персискиот цар е убиен, а тој е син на Персиецот Шехријар и христијанката Ширин, која на нас христијаните ни правеше големо добро. Ние мораме да жалиме поради неговото умирање и би требале да го земеме неговото тело, да го закопаме и да му изградиме гробница.“

Тоа на крајот и го сториле. Така го завршил животот персискиот цар, Јездецерд III, а со неговата смрт умрело и Персиското царство.

# Освојувањето на Византија

Бидејќи во овој дел од книгата, за Источното римско царство го користевме терминот Византија и Византиско царство, византиски император и сл., на читателите сме им должни едно кратко објаснување во врска со тој назив. Имено, изразот Византија не се користел во времето на постоењето на државата, туку во 18. век го вовел францускиот историчар Монтескје. Како и другите историчари од тоа време, тој сметал дека Византиското царство по 5. век не е вредно за името Римско. Затоа тој го зел латинизираното име на главниот град Byzantium – од грчкиот Byzántion, денешен Цариград (турски Истанбул), за целото царство. Граѓаните на Византиското царство и нивните западни соседи царството го нарекувале Ромејско (Римско), додека источните соседи (Арапите) го нарекувале Ер-Рум (Рим). Домашен, византиски назив бил *Romanija* или *Vasileia Romanion*, што претставува директен превод на латинскиот назив за Римското царство, Imperarium Romanorum, а сите постоечки извори зборуваат за т.н. Византијци како „Ромеји“, значи земја која е наследник на Римското царство и нејзините поданици.

Некои, пак, велат дека самиот назив за првпат се користи во 1557. година од од страна на германскиот историчар Хероним Волф во неговото дело *Corpus Historiae Bizantinae*. Потекнува од грчкиот назив Византион, грчка колонија на Босфорот, на чиешто место подоцна е подигната престолнината на Источното царство, Константинопол. Според преданието, градот го основале грчки колонисти кои ги предводел Виза или Визас и по него и населбата го добила името Византион.

Во 324. година Константин станува единствениот владетел на Римското царство. Во тое време царството го зафатила криза. Рим, старата престолнина и „глава на вселената“, како што го викале, веќе еден век бил напуштен како резиденција на римските цареви. Константин престојувал првин во Тријер во денешна западна Германија, а потоа во Медиоланум, де-

нешно Милано, во северна Италија. Сепак, Константин ја согледал потребата од една постојана престолнина за Римското царство од која би било можно полесно да се надгледуваат загрозените граници на Дунав и Еуфрат.

Во 330. година Византион е инаугуриран и наречен Нов или Втор Рим, но кратко потоа надвладеал називот Константинопол (Градот на Константин). По поделбата на единственото Римско царство во 395. година и исчезнувањето на Западното римско царство во 476. година, единственото царство постоело на Исток со седиште во Константинопол. Неговите цареви не само што биле римски цареви, туку сметале дека се од „Бог помазани“ први и врховни владетели на сите народи, најпрвин на христијаните. За разлика од Западот, на Исток доминирала грчката и останатите источни култури, и со губењето на Западот постепено исчезнало и влијанието на римската и латинската култура, така што до 7. век во источното Римско царство конечно надвладеал грчкиот јазик и хеленистичката култура. Овој век многумина денешни историчари обично го сметаат за почеток на класичната Византија, т.е. Византиското царство, како средновековна држава. Сѐ до крајот на 1453. година, Византија себеси се сметала за Римско царство и својата земја и држава ја нарекувала Ромејско царство (Романија).

## Кога ќе ви дојдат муџахидите од Јемен радувајте ѝ се на победата

Халид ибн Велид во рекорден рок освоил голем дел од персиската територија и победоносно влегол во Хира, задача со која го задолжил халифот Ебу Бекр. Потоа, тој во Медина го испратил Шурахбил ибн Хасене со воениот плен и со мужде за успешно завршената прва фаза во освојувањето на Персија. Кога Шурахбил се сретнал со халифот Ебу Бекр, по селамот и предавањето на воениот плен, му поставил на халифот мошне чудно прашање. Имено, без многу заобиколување го запрашал халифот:

„Ти, можеби, да не размислуваш за тоа да испратиш војска во освојување на Шам?“

Ебу Бекр се зачудил од проникливоста на Шурахбил, бидејќи тој навистина размислувал за тоа, но никому не кажувал ниту некој знаел за тоа. Малку збунето му одговорил:

„Да, размислувам за тоа, но својата идеја и размислувањата не сум ги споделил со никого и убеден сум дека ме праша зошто знаеш нешто за тоа, само не знам за што се работи.“

Шурахбил му одговорил:

„Сонот кој синоќа го сонив ме натера на таков заклучок. Имено, сонував како ти, како халиф, одиш по непрооден камењар со голема мака и тешкотија. На крајот успеа да се искачиш на една височинка кон која тежнееше, а со тебе беа и твоите другари и соработници. Потоа, од таа височинка се симна во една рамнина и земја кој беше полна со овоштарници, лозја, ораници, села, градови и тврдини. Тогаш им рече на муслиманите: ‚Подгответе се да ги нападнете Аллаховите непријатели, а јас ви гарантирам победа и богат воен плен.‘ Муслиманите се подготвуваа за борба и јас бев меѓу нив. Го носев знамето и кога дојдов до еден град кој требаше да го освоиме, жителите бараа примирје и јас го прифатив тоа. Потоа те најдов тебе во еден прекрасен и голем дворец којшто претходно си го освоил. Седеше на својот престол, а јас влегов, те поселамив и седнав заедно со останатите на местото кое ти си го подготвил за своите соработници. Потоа ти беше речено: ‚Аллах ти даде голема победа, па заблагодарувај Му се на Аллах и биди Му покорен.‘ Тогаш ја го рецитирав целото куранско поглавје Ен-Наср, **‚Кога Аллаховите помош и победа ќе дојдат...‘**, и во тој момент се разбудив.“

Ебу Бекр се насмевнал и рекол:

„Колку убав сон, дај Боже да го повториш! Во тоа има големо добро за нас, ако даде Бог.“

Тогаш почнал да му го објаснува на Шурахбил неговиот сон, велејќи:

„Израдуван си со победата на муслиманите и во твојот сон е навестувањето на мојата смрт. Што се однесува на непроодниот камењар по кој одевме за да се искачиме на ридот, тоа, всушност, го симболизира освојувањето на Персија кое ќе биде мошне тешко и опасно за муслиманите, но на крајот ќе победиме. А што се однесува на спуштањето во плодна рамнина, тоа е доказ дека по освојувањето на Персија работата ќе биде олеснета и дека Шам, т.е. Византија многу полесно ќе ја освоиме. Што се однесува, пак, на моите зборови кон муслиманите: ‚Нападнете ги Аллаховите непријатели!‘, тоа е поттикнување на борба против неверниците од кои ќе земеме голем воен плен. А кога е во прашање знамето кое ти си го носел,

и местото кое се предало и барало примирје, ти ќе бидеш еден од муслиманските команданти во Шам. Огромниот дворец што си го видел и тврдината пред која си ме затекнал и која ја освоивме, значат победата која Аллах ќе ни ја даде. Престолот што си го видел во сонот е доказ дека Аллах ќе ја воздигне исламската држава, а што се однесува, пак, на наредбата да Му се заблагодарувам на Аллах и твоето рецитирање на поглавјето Ен-Наср, тоа е доказ за мојата смрт, бидејќи Аллах му го објавил тоа поглавје на Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, како навестување на неговата смрт." Потоа заплакал и рекол:

„Се колнам во Аллах, ќе истрајам во наредување на доброто и забранување на злото, и ќе подготвам војска против Аллаховите непријатели од исток до запад сè додека луѓето нема да кажат: *Аллах е единствен Бог, нема друг бог освен Аллах*! За утре, кога Аллах ќе ме усмрти и ќе ми ја ми ја земе душата, да не тагувам и жалам што не сум бил муџахид на Аллаховиот пат."

Потоа Халифот Ебу Бекр му наредил на Билал да ги повика луѓето на намаз, а кога муслиманите се собрале во џамијата, Ебу Бекр им рекол од минберот:

„О, луѓе, Аллах ви подарил големо добро во исламот, ве почести со џихад и ја одликувал оваа ваша вера над сите други вери, па подгответе се, о, Аллахови робови, за борбата против Византијците. Јас веќе одредив команданти и емири, затоа на Аллах покорувајте Му се и не спротивставувајте им се на вашите претпоставени. Очистете ги своите намери и бидете богобојазливи, бидејќи Аллах е со богобојазливите и добротворите."

Меѓутоа, се вџашил кога видел дека одговор на неговит повик бил молчење на собраните муслимани. Тоа бил чуден момент, никој од воениот совет не можел да замисли помачна сцена од тоа на повикот на халифот да не се одзве ниеден доброволец. Можно е дека муслиманите сè уште биле под влијание на старата византиска слава и нивната сила и дека се плашеле од тој судир, бидејќи така се случило и тогаш кога требало да се испратат доброволци во Ирак, по смртта на Мусена ибн Харис. Немата тишина ја прекинал Омер. Тој станал и им се обратил на муслиманите се овие зборови:

„Муслимани, што ви е па не сакате да се одзвете на халифот на Аллаховиот пратеник, Божјиот мир нека биде над него, а тој ве повикува во она што ќе ве поживее? Да се работеше за плен и не толку далечно патување, вие тоа не ќе го одбиевте."

Последната реченица била многу опасна, бидејќи била дел од курански ајет кој Омер го цитирал, а кој е објавен по повод лицемерите, па присутните муслимани разбрале дека Омер ибн ел-Хатаб ги споредува со дволичниците. Потоа станал Амр ибн Сеид, братот на Халид ибн Сеид, еден од командантите во борбата против отпадниците, и налутено извикал:

„О сине Хатабов, ти нас нѐ споредуваш со дволичниците? Ако е така, тогаш што те спречило себеси да се изоставиш од тој список на лицемери!?"

Омер сфатил дека погрешил, па на провокативното прашање одговорил мирно:

„Халифот Ебу Бекр добро знае дека јас би се одзвал кога би ме повикал и дека би се борел кога би ме испратил во џихад."

На тоа Амр возвратил:

„Што се однесува до нас, ако ние се бориме, нема да се бориме поради тебе и Ебу Бекр, туку во име на Аллах."

Омер му дофрлил:

„Аллах да те упати, тое и е смислата на борбата на Аллахвиот пат."

Тогаш се вмешал Ебу Бекр и, обраќајќи му се на Амр ибн Сеид, рекол:

„Седи, Амр, Аллах нека ти се смилува! Омер не мислеше да ве споредува со лицемерите, туку сакаше оние што се двоумат да ги поттикне на џихад на Аллаховиот пат."

Потоа станал братот на Амр, Халид, и рекол:

„Амр, халифот е во право, Омер не сакаше да го каже она што ти си го разбрал. Благодарност на Аллах покрај Кој нема друг бог, Кој го испратил Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, со вистинската вера за да ја воздигне над другите вери."

Потоа се свртел кон Ебу Бекр и рекол:

„Аллах е Оној Кој го исполнува Своето ветување и Кој ќе ја прослави Својата вера и ќе ги уништи неверниците. Ние не сакаме да ти противречиме ниту да се разидуваме. Ти си нашиот халиф и нашиот искрен советник и водач. Кога ќе ни наредиш да тргнеме в бој, ние тоа ќе го сториме и кога ќе нѐ повикаш, ние сигурно ќе се одзвеме."

Со тоа Халид ибн Сеид објавил дека без поговор ќе му се одзве на повикот на халифот за заминување во освојување на Шам. Тоа го израдувало Ебу Бекр, па воодушевено му рекол на Халид:

„Аллах да те награди, брате! Ти си човек кој го примил исламот и направил хиџра во Абесинија надевајќи се на Аллаховата награда и тебе те одредувам за командант на војската која прва ќе тргне ком Шам.“

Тоа не му било драго на Омер, па тивко, повеќе за себе, ја прокоментирал одлуката на халифот:

„Погрешен потег, Ебу Бекр! Тој нема дарба за командување.“

Подоцна ќе се испостави дека Омер бил во право.

Халид бил од смејството Ебу Умеје и тој со себе повел многу членови на своето семејство. Кога со вооружените војници од своето племе повторно дошол пред Ебу Бекр, му рекол:

„Се колнам во Аллах, да паднам од небесата и птиците да ме разграбаат, би ми било подраго отколку да ја одбијам твојата наредба и да ти се спротивставам. Јас не копнеам по овој свет, ниту ми е тој во срцето, туку сите вас ве повикувам за сведоци дека дека јас и моите браќа и членовите на моето семејство се жртвувавме себеси на Аллаховиот пат и дека ќе се бориме против неверниците додека не ги поразиме или додека не загинеме.“

Потоа, Ебу Бекр му го предал военото знаме и Халид на чело со првата муслиманска бригада тргнал кон Шам. Халид ибн Сеид се улогорил со својата војска во Тејма, помеѓу Медина и Шам, и таму останал сè додека не му се придружиле другите муслимански сили. Освен тоа, Ебу Бекр одредил уште четворица асхаби за команданти: Ебу Убејде ел-Џерах, Језид ибн ебу Суфјан, Шурахбил ибн Хасене и Муаз ибн Џебел. Ги известил за тоа, а потоа одредил сите да се соберат на зборното место надвор од Медина, во местото Џерш. Потоа со членовите на воениот совет, кој покрај халифот го сочинувале уште: Омер, Осман, Али, Талха ибн Убејдулах, Зубејр ибн Авам, Абдурахман ибн Ауф, Са’д ибн ебу Векас и Ебу Убејде ел-Џерах, отишол на зборното место за да види каква е ситуацијата и колку доброволци се одзвале за походот на Шам. На прашањето на членовите на советот дали е задоволен од бројот, Омер одговорил:

„Ние не можеме да им се спротивставиме на Византијците со олку малубројна војска“, со што се согласиле и останатите членови на советот.

Потоа халифот Ебу Бекр им напишал писмо на жителите на Јемен повикувајќи ги во џихад и поттикнувајќи ги на борба. Содржината на неговото писмо гласела:

„*Во името на Аллах, Милостивиот, Семилосниот!* Знајте дека Аллах им го наредил на верниците џихадот и им ја наредил борбата, било да се слаби или силни. Џихадот е една од низата Аллахови наредби кон верниците за која Тој многукратно наградува. Ние мобилизиравме муслимански сили за освојување на Шам и тие се одзваа подготвени да се борат на Аллаховиот пат. Истото тоа го барам и од вас! Одзвете му се на мојот повик и појдете заедно со вашите браќа муслимани и знајте дека ве чека едно од двете добра, победа или умирање на Аллаховиот. Аллах не е задоволен од своите ровоби кога зборовите не ги следат делата. Ние сме подготвени на џихад против неверниците сè додека Аллаховата вера не победи и додека на Земјата не се воспостави ред врз основа на Куранот. Аллах да ја чува вашата вера, да ги упати вашите срца, да ги благослови вашите дела и да ви ја подари наградата на борците на Неговиот пат!“

Писмото го испратил по Енес ибн Малик, кој подоцна за тоа раскажувал:

„Отидов во Јемен и на секое племе му го прочитав писмото на Ебу Бекр и откако завршив со читањето на писмото, им се обратив со зборовите: ‚Јас сум претставник на халифот Ебу Бекр. Знајте дека јас муслиманите ги оставив на зборното место надвор од Медина и дека се подготвени за борба. Тие само чекаат вие да им се придружите, па побрзајте кон вашите браќа, Аллах да ви се смилува.“

И не поминало многу време, а Енес ибн Малик се вратил во Медина со радосна вест. При средбата со халифот Ебу Бекр, тој рекол:

„Знај дека твето писмо и повик во борба не го прочитав пред ниту еден муслиман од Јемен, а тој да не побрза да ја изрази својата послушност и покорност кон Аллах и Неговиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, одзивајќи се на повикот на џихад. Јас баш дојдов на мужде, да те израдувам со веста дека наскоро стигнуваат муџахидите од Јемен, и тоа какви муџахиди. Тоа се јеменските прваци, најдобрите и најхрабри борци, на кои им нема рамни во борбите.“

Ебу Бекр бил среќен и задоволен, им наредил на своите соработници задолжително да присуствуваат на утрешниот пречек на муџахидите од Јемен и заеднички да им посакаат добредојде какво што заслужуваат. Утрешниот ден бил навистина величествен. Муслиманите од Медина, на чело со халифот Ебу Бекр присуствувале, на несекојдневниот настан, доаѓањето на муслиманските бригади од Јемен на зборното место. Први стигнале муџахидите од племето Химјер, воини кои знаеле сè со сабјата, а ги предводел

Зул-Кила' ел-Химјери. Тој му се доближил на Ебу Бекр и го изразил своето задоволство и радост што ја има можноста да го запознае халифот на муслиманите и што може да го помогне исламот со своите соплеменици. Воодушевен од неговиот достоинствен став, како и од комплетната глетка што ја гледал пред себе, Ебу Бекр се свртел кон Али и го прашал:

„Се сеќаваш ли на зборовите на Пратеникот: ‚Кога ќе ви дојдат луѓето од племето Химјер и со себе ги поведат жените и децата, тогаш радувајте се на победата од Аллах против сите идолопоклоници и неверници'?"

„Да, се колнам во Аллах, се сеќавам на тие зборови небаре сега ги слушам."

По нив, на зборното место стапила бригадата на коњаници, на расни арапски коњи, со долги и остри копја, а ги предводел Кајс ибн Хубејре ел-Муради. Потоа се претставила бригадата од племето Тај, на чело со Харис ибн Мус'ад, по неа дошла бригадата од племето Езд, предводена од Џундуб ибн Амр ед-Девсиј, па бригадата на муџахидите од племето Бену Абс кое го предводел Мејсере ибн Месрук, и на крајот бригадата од племети Бену Кинане на чие чело бил Гејшеме ибн Еслем. Откако доброволците од сите страни се собрале во Џерш, халифот Ебу Бекр наредил сите да се постројат во една редица, а потоа се доближил и со секој поединечно се ракувал и се поселамувал. Уследила прозивката на командата. Прв кого Ебу Бекр го прозвал бил Језид ибн ебу Суфјан, кому му го предал знамето како на командант на втората муслиманска војска. Потоа го повикал Ребиа ибн Амр, познатиот воин од Хиџаз, и го поставил на чело на 1.000 коњаници. Тогаш се свртел кон Језид и му рекол:

„Ова е Ребиа ибн Амр, јас добро ги познавам неговите доблести и неговите способности. Ти го приклучив тебе и тој ќе биде командант на претходницата во твојата војска. Земи го за заменик и советник и договарај се со него."

Језид одговорил:

„Со задоволсво и со покорност."

Додека муслиманската војска полека се оддалечувала од зборното место, Ебу Бекр ги следел држејќи ја уздата на коњот на Језид, па Језид му рекол:

„Ние не сакаме да бидеме на коњи додека ти одиш пеш, па, или ти јавни го коњот или ние да се симнеме."

Ебу Бекр одговорил:

„Ниту јас ќе го јавнам, ниту вие ќе се симнете“, и ги следел до крајот на долината, а тогаш на Језид ибн Суфјан му го дал последниот совет пред заминување, велејќи:

„Језид, те заветувам со богобојазливоста, покорноста на Аллах и стравот од Него. Додека патуваш, не отежнувај си себеси ниту на своите војници и не биди строг кон нив. Договарај се со нив и биди праведен. Нека бидат неправдата и угнетувањето далеку од тебе, бидејќи нема да успеат тие што угнетуваат ниту ќе можат да го победат својот непријател. Кога ќе се сретнете со непријателот, не му го свртувајте грбот, а ако Аллах ти даде победа против нив, тогаш не измамувајте, не ги масакрирајте мртвите, не бидете страшливци, не ги убивајте децата, старците, жените, не ги убивајте животните, освен за исхрана, не ги поништувајте договорите и не го кршете примирјето кое претходно ќе го склопите. Кога ќе наидете на свештеници кои ѝ се посветиле на молитвата, оставете ги намира и не им ги уривајте црквите, а кога ќе се борите со неверниците, понудете им едно од трите, и што и да прифатат од тоа, вие прифатете. Ако го примат исламот, понудете им да одберат помеѓу останувањето во своите домови или да им се придружат на муџахидите. Ако останат во своите куќи, тогаш немаат право на воен плен, додека не се борат заедно со останатите муслимани. Ако го одбијат исламот, а се согласат на џизија, прифатете го тоа од нив и не правете им насилство, а ако ја одбијат и џизијата, потпрете се на Аллах и борете се против вашиот непријател, Аллах ќе го помогне оној кој ќе ја помогне Неговата вера. Јас ве препуштам на Аллах и Неговата одредба. Нека е на вас Аллаховиот мир, спас и благослов.“

Језид со својата војска тргнал од Медина на 23. реџеб 12. година по хиџра, во времето кога Халид ибн Велид и Ијад ибн Ганем го држеле под опсада Девметул-Џендел, во склоп на освојувањето на Персија, што во секој случај на муслиманите им го олеснил и осигурал патот кон Шам. Патот што го избрал Језид не бил нималку лесен, но, сепак, бил најбезбеден. Војската се движела во правецот на Тебук, а потоа преку Џабије кон Дамаск.

По заминувањето на втората муслиманска војска, халифот Ебу Бекр секој ден по сабах-намазот ја рецитирал довата:

„Аллаху мој, ти нѐ создаде од ништо, потоа од милоста кон нас ни испрати пратеник, Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, нѐ упати откако бевме во заблуда, ни го омили верувањето откако бевме неверници, ни

го зголеми бројот откако бевме малубројни, нѐ обедини откако бевме разединети, нѐ зајакна откако бевме слаби. Потоа ни го нареди џихадот против неверниците сѐ додека луѓето не потврдат дека нема бог освен Аллах. Аллаху мој, ние го бараме Твоето задоволство, се бориме против Твоите непријатели кои обожуваат лажни божества освен Тебе, бараме заштита кај Тебе од нивните постапки. Господару, помогни ги Своите искрени робови, подари им лесна, сигурна и јасна победа, стравот замени им го со храброст, направи ги постојани, во срцата на нивните непријатели внеси страв и разбиј ги нивните редови, а нивната земја дај ни ја нам во наследство. Биди наш сојузник, поправи ја нашата состојба, очисти ги нашите намери, направи нѐ Свои благодарни робови, прости ни нам и на сите муслимани и муслиманки, мртви и живи, и зацврсти нѐ со постојан збор и на овој и на идниот свет.“

## Пораз кој не навестувал на добро

Откако Језид ибн ебу Суфјан на 23. реџеб 12. година по хиџра излегол со својата војска кон Шам, Ебу Бекр неколку дена подоцна испратил и друга војска под команда на Шурахбил ибн Хасене. Исто како и на Језид ибн Суфјан, халифот Ебу Бекр на испраќањео и на Шурахбил му упатил неколку совети, велејќи му:

„Дали слушна со што го заветував Језид?“

„Да“, одговорил Шурахбил.

Потоа Ебу Бекр продолжил:

„Тебе те заветувам со истото, освен што заборавив да му напоменам некои работи, па тебе ќе ти ги кажам, а ти пренеси му на Језид кога ќе се сретнете. Те заветувам да го клањаш намазот во неговото време и со трпеливост на денот на битката додека не победиш или додека не загинеш. Те заветувам да се грижиш за ранетите и болни муслимани и да ги посетуваш, потоа да присуствуваш на клањањето на нивниот џеназа-намаз и постојано да го спомнуваш Аллах и да Го величаш во било каква ситуација да си.“

Бидејќи Ебу Суфјан бил со нив, тој слушнал што зборува халифот, па рекол:

„Аллах да ти се смилува, Ебу Бекр, знај дека Језид веќе ги доби тие совети и дека тој го извршувал тоа и пред да оди во Шам.“

Тие зборови го смириле Ебу Бекр и тој бил убеден дека неговите војсководци ќе бидат на ниво на задачата.

Шурахбил на 27. реџеб излегол со својата војска и преку Тебук тргнал во правецот на градот Бусра. Го пиминал истиот пат како и Језид, чијашто војска веќе била улогорена во североисточен Јордан и чекала нови наредби од халифот.

* * *

Византијците слушнале за доаѓањето на муслиманските армии кои имале намера да го нападнат Шам од источната и јужната страна. Во тоа време византискиот император Хераклит бил во Палестина. Тој, всушност, уште од времето кога го добил писмото од Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, бил убеден дека муслиманската војска е победничка војска, бидејќи се бори само во име на Аллах и не се плаши од судирот со било која војска на Земјата. Поради тоа Хераклит секогаш бил далеку од бојните полиња и во еден момент дури им предложил на своите генерали да го поделат Шам со муслиманите без борба, бидејќи, ако се борат, сигурно ќе ја изгубат целата територија. Откако неговиот предлог бил глатко одбиен, не му преостаанло ништо друго освен да повика на мобилизација на своите сили за борба против муслиманите. Со таа цел тој во Бејтул-Макдис им оджал говор на своите војници и генерали и им рекол:

„О, христијани, навистина Бог бил добар кон вас и ве помогнал вас и вашата вера во борбата против Персијците, огинопоклониците и Туркмените, а сè поради тоа што сте се придржувале кон верата. А кога почнавте да ја менувате вашата вера и да се откажувате од нејзините принципи, против вас се кренал народ кој во нашите очи не значел ништо и од кого никогаш не сме се плашеле. Тие тргнале да ја земат вашата земја и да ја ограбат.“

Сè што рекол на почетокот на говорот било вистина, но со последната реченица Хераклит најдобро ја изразил својата немоќ и лицемерство и не можел против себе и својот народ, па, за да ги мотивира за борба, им го припишал на муслиманите и на исламот она што воопшто не било вистина. Истиот говор Хераклит го повторил во Дамаск, Хомс и Антакија која ја зел за свое командно место. По прогласувањето на општа мобилизација, Византијците побрзале од сите страни да се одзват на повикот на императорот. Воодушевен од бројноста на својата војска, која личела на морски бранови, Хераклит рекол:

„Јас знам дека, кога сите муслимани колку ги има на Земјата, излезат во борба, не би ги имало колку што нè има нас во еден град."

* * *

Неколу дена откако бригадата на Шурахбил отишла кон Шам, Ебу Бекр му наредил на Ебу Убејде да се подготви за движење. Во таа бригада бил и Кајс ибн Мекшух, човекот кој двапати го напуштил исламот и покајнички се враќал во неговите закрила. Ебу Бекр го прифатил неговото враќање во исламот и му дозволил да оди со војската во Шам. За тоа го известил Ебу Убејде и му рекол:

„Јас ти придружив еден мошне угледен човек и голем воин кој им е познат на сите Арапи. Знај дека на муслиманите им треба таков човек и дека ти ќе имаш полза од неговото мислење, па советувај се со него, не го одбивај од себе и не ги потценувај неговите можности, бидејќи тие, навистина, не се мали."

Потоа отишол кај Кајс ибн Мекшух и му рекол:

„Те распоредив во бригадата на Ебу Убејде, кај човекот кој не возвраќа за направената неправда, кој ги простува грешките и ги чува роднинските врски кога другите ги прекинуваат. Милостив е кон муслиманите, жесток кон неверниците. Не му се спротивставувај и не одбивај ја неговата наредба, бидејќи тој нема да ти нареди освен добро. Ние сме слушнале за тебе и за твојот углед уште од џахилиетот, намој да го злоупотребиш тоа, туку кога ќе видиш можност, посоветувај го Ебу Убејде и знај дека тој ќе го прими советот. Направи твојата сила, способност и вештина да бидат насочени против Аллаховиот непријател и Аллах ќе ти подари голема награда."

Кајс одговорил:

„Ако Аллах ме поживее, почитуван халифу, ти ќе слушнеш за мојата помош на муслиманите и за мојата борба против неверниците. Се надевам дека ќе те израдувам и дека Аллах ќе биде задоволен со мене."

Потоа упатил неколку совети кон Ебу Убејде, велејќи:

„О, Ебу Убејде, прави добро и живеј како вистински муџахид, загини како маченик и Аллах ќе ти ја даде книгата, на Судниот ден, во твојата десна рака. Не копнеј по овој свет, туку по оној свет, бидејќи, се колнам во Аллах, јас се надевам дека ти ќе бидеш од оние кои многу се каат и бараат простување за своите гревови. Аллах ти направил големо добро кога те

избрал и одредил да ги предводиш муслиманите, затоа бори се против оние кои на Аллах му прават ширк[113] и кои обожуваат други освен Него.“

Халифот Ебу Бекр не престанувал да ги бодри муслиманите на борба, а тие не престанувале да се одзиваат на повикот за џихад. Меѓу останатите, како засилување на муслиманската војска, халифот испратил илјада коњаници на чело со Хашим ибн Утбе ибн ебу Векас, и седумстотини војници на чело со Сеид ибн Амр. Пред да тргне Хашим ибн Утбе со својата бригада, халифот Ебу Бекр му рекол:

„Биди им од помош на муслиманите и живеј како муџахид на Аллаховиот пат.“

Хашим со својата војска требал да му се приклучи на Ебу Убејде ибн Џерах. Потоа му се обратил на Сеид ибн Амр, велејќи:

„Внуку мој, не удирај со сабја ниту замавнувај со копје, освен на Аллаховиот пат.“

Хашим одговорил:

„Драг чичко, како јас да го засакам овој свет кога постојано мислам на средбата со Аллах.“

Нему халифот му наредил да ѝ се придружи на војската на Језид ибн Суфјан. Во војската на Сеид бил и познатиот муезин[114] на Аллаховиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, Билал ибн Ребах. Ебу Бекр сакал Билал да остане со него во Медина, но Билал му рекол:

„Ебу Бекр, ако си ме ослободил и откупил од идолопоклониците за да живеам со тебе во Медина, јас ќе го сторам тоа, а ако си ме ослободил во име на Аллах, тогаш немој ти да бидеш пречка помеѓу мене и џихадот на Аллаховиот пат.“

Ебу Бекр одговорил:

„Се колнам во Аллах, јас те ослободив поради Аллаховото задоволство, но јас сакам да останеш како муезин во Медина и да бидеш мој советник.“

Меѓутоа, Билал го избрал џихадот и халифот му го дозволил тоа. Откако ги повикал жителите на Медина и околните места во џихад и откако стигнале муџахидите од Јемен, халифот Ебу Бекр одлучил да ги повика во

---

[113] Ширк – идолопоклонство, политеизам. (Заб. на прев.)

[114] Муезин – исламски извикувач којшто од минарето ги повикува верниците на молитва. (Заб. на прев.)

џихад и жителите на Мека, кои тукушто го примиле исламот, а во голем дел биле угледници од Курејшитите и другите племиња. Тој сакал да го искористи нивното искуство во трговијата со Византијците и нивното познавање на византискиот начин на војување. Разговарал за тоа со Омер и му рекол дека ќе ги повика водачите на сите племиња во Мека да се соберат и да дојдат на состанок за да се посоветува со нив. Омер не се согласил со таквиот предлог и налутено му рекол на халифот:

„Ние до вчера се боревме против нив бидејќи ги обожуваа киповите покрај Аллах, а ти сега ги земаш за советници и соработници давајќи им предност над мухаџирите и енсариите."

За тоа дознале Курејшитите, па еден од нивните водачи, Харис ибн Хишам, рекол:

„Омеровата жестина кон нас пред да го примиме исламот беше на место, но откако го примивме исламот, тоа нема смисла и јас сметам дека тој е човек што ги прекинува роднинските врски."

Потоа одлучиле да испратат делегација во Медина која ја предводеле Харис ибн Хишам и Сухејл ибн Амр. При средбата со халифот, кај кого биле Омер, тие рекле:

„Што се однесува на тебе, Ебу Бекр, ние сме задоволни со твојата одлука и со твоето резонирање, а што се однесува на тебе, Омер, сметаме дека ти си човек што ги прекинува роднинските врски."

Омер им одговорил:

„Се колнам во Аллах, јас не мислев ништо лошо, само им дадов предност на оние на кои и Аллаховиот Пратеник им давал предност и кои го заслужуваат тоа."

На тој собир пред Курејшитите зборувал Сухејл ибн Амр, и меѓу останатото, рекол:

„Ако велите дека вие мухаџирите и енсариите сте нѐ претекнале и во џихадот како и во другите добри дела, тогаш знајте дека од денес мојот живот ќе биде во знакот на џихадот и, се колнам во Аллах, ќе се искупам за сите свои грешки кои ги направив кон Аллаховиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, и за исламот ќе делам и ќе жртвувам многу повеќе отколку што делев и жртвував во борбата против исламот."

Бидејќи водачите на Курејшитите изразиле голема желба да учествуваат во борбата на Аллаховиот пат, Ебу Бекр размислувал кого да им го

одреди за командант, бидејќи сите тие биле водачи и угледници и не можел да им постави за водач некого кој и самиот не е угледен и познат како таков. Халифот сакал да ги отстрани сите пречки на патот на нивниот џихад во кој се губат животи а кој и самиот суштински е големо искушение. На крајот одлучил за командант да им го одреди Амр ибн Ас, еден од угледните Арапи, проницлив интелектуалец, способен и бестрашен борец. Па, него и Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, своевремено го поставил за комнандант на Битката Зату-Селасил, а потоа го одредил за водач на групата муслимани која требала да го собере зекатот во племето Куда' поради што подоцна и самиот халиф Ебу Бекр го одредил за командант на петтата муслиманска војска во борбата против отпадниците од истото тоа племе. Бидејќи не дошло до борба, оти припадниците на тоа племе се вратиле во исламот и доброволно го дале зекатот кој претходно одбиле да го дадат, Ебу Бекр му испратил писмо на Амр во кое стоело:

„Почитуван брате Ебу Абдулах, јас те испратив да ја извршиш задачата која за време на својот живот ти ја доверил Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, да го земеш зекатот од племето Куда', а сега сакам да ти дадам задача која е подобра за тебе и на овој и на оној свет, освен ако тебе не ти е подраго да ја извршуваш задачата собирач на зекат со која те задолжил Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него.“

Халифот Ебу Бекр не сакал да го тера Амр на некоја задача со сила, туку го потсетил на вредноста на џихадот и го нарекол со прекарот кој најмногу го сакал. Амр не се двоумел, го избрал џихадот. На писмото на халифот оговорил:

„Јас сум една стрела на исламот, а ти си оној кој треба, во име на Аллах, да ја исфрли каде што сака, па види добро каде ќе ја исфрлип и упатиш.“

Откако дошол во Медина со муслиманите од племето Куда', кои ги повикал во џихад и кои се одзвале, Ебу Бекр бил внимателен со Амр, бидејќи не заборавил што се случило во Битката Зату-Селасил. Имено, кога Амр ибн Ас, како командант на муслиманската војска во таа битка видел дека неверниците ги има многу, барал од Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, засилување, а тој му го испратил Ебу Убејде и му наредил да ја преземе командата, но без спорење и расправија со Амр. Кога Ебу Убејде стигнал на бојното поле, Амр му рекол:

„Знам дека си дошол да ја преземеш командата од мене.“

Ебу Убејде му одговорил:

„Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, ми нареди да не се разидуваме и да не се расправаме околу командата, ако ти не сакаш да бидеш под моја команда, јас тебе ќе ти се ставам на располагање.“

Сега ситуацијата била слична само што главен командант на војската во Шам веќе бил Ебу Убјде, и кога Амр стигнал во Медина, Ебу Бекр му рекол:

„Амр, ова се водачите на Курејшитите и угледниците на Мека кои излегле во џихад на Аллахоивиот пат. Излези и ти со нив и биди им командант.“

Амр запрашал:

„Дали ти тоа ме поставуваш за командант на муслиманската војска во Шам?“

Халифот одговорил:

„За командант на групата угледни Курејшити, а Ебу Убејде е главниот командант на нашата армија во Шам.“

На тоа Амр замолчил, бидејќи добро знаел какво место зазема Ебу Убејде меѓу муслиманите.

Трите претходни муслимански војски се упатиле кон Шам преку Тебук, без разика дали Ебу Бекр како крајна цел им ги одредил Дамаск, Јордан или Хомс, меѓутоа на четвртата војска, под команда на Амр ибн Ас, ѝ наредил кон Шам да маршира по патот кој води преку Ејле, а не преку Тебук. Халифот го направил тоа од повеќе причини, а една од најважните е обезбедување и чување на задницата на муслиманската војска во Шам за да не можат Византијците да им пријдат на муслиманите од зад грб и да ги опколат, што всушност се обиделе во неколку наврати. Второ, во Ејле се наоѓале некои муслимански групи од племето Куда' и други племиња кои пред тоа не учествувале во џихад, па тоа било можност да им се приклучат на муслиманите и да ја зголемат нивната бројност.

На четврти мухарем 13. година по хиџра, муслиманите добиле вест дека византиската војска излегла од Дамаск и тргнала во правецот на местото на кое се улогорил Ебу Убејде со својата војска. Муслиманите дознале дека се работи за помала воена формација со која командувал човек по име Бахан, па Ебу Убејде им испратил во средба исто така помала група на муџахиди, под команда на Халид ибн Сеид. Двете војски се судриле во местото Мерџу Суфра и Халид брзо и многу непромислено влегол во борба со Византијците и воопшто не водел сметка за својата задница. За разлика од него, познато е дека неговиот имењак Халид ибн Велид во борбата против

Персијците посветувал максимално внимание токму на обезбедувањето на задднината. Таа негова непромисленост и неискуство ја искористил Бахан, кој без проблеми успеал да ги опколи муслиманите, да им пријде од зад грб и да им нанесе тежок пораз. Во тој конфликт загинале многу муслимани, а меѓу останатите и Сеид, синот на Халид. Откако слушнал дека синот му загинал, Халид безглаво избегал од бојното поле. Поразот на муслиманите ќе беше уште потежок да не се најдеше на бојното поле Икриме ибн ебу Џехл кој со својата група им се спротивствувал на нападите и на крајот успеал да ги избрка Византијците од Мерџу Суфра. Тоа бил првиот пораз на муслиманите на шамскиот фронт и тука дошла до израз далекувидноста на Омер кога го предупредувал Ебу Бекр да не го поставува Халид ибн Сеид за командант. Тој пораз многу негативно влијаел врз муслиманите во Шам и во Медина. Посебно тешко му паднало на халифот Ебу Бекр, кој потоа свикал итен состанок на врховната команда за да се разгледа ситуацијата и да се разработи понатамошната стратегија. Муслиманската војска веќе била навлезена длабоко во византиската територија и се нашла на некои 50 километри од Дамаск, а освен Битката кај Мерџу Суфра, немала ниту еден поголем судир со Византијците. Меѓутоа, кратко потоа слушнале дека во Газа се собрале 3.000 Византијци кои ги предводел Серхио, а кој исто така имал намера да ги нападне муслиманите од зад грб и да им го пресече патот кон Медина. Серхио својата војска ја повел во правецот на Арабе, јужно од Мртвото Море. Муслиманските извидници кои биле распоредени на тоа подрачје ги откриле намерите на Византијците и му го пренеле тоа на Ебу Убејде. Муслиманскиот командант веднаш испратил илјада војници како засилување на Језид ибн Суфјан, чијашто бригада сега броела 4.000 војници, и му наредил со својата војска да оди кон Араба пред да го запоседнат тоа место Византијците. Во Арабе се случил тежок конфликт, но муслиманите овојпат славеле победа над Византијците. Мнозинството од византиската војска успеало да избега во правецот на Газа, а муслиманската војска тргнала во потера по нив и ги стигнала во местото Дасина, северно од Газа, каде што се случила уште една битка која муслиманите без големи тешкотии ја решиле во своја корист. Во таа борба загинал еден од византиските команданти, додека нивниот главен командант Серхио избегал најпрвин во Кудс (Ерусалим), а потоа во Дамаск. По првите извојувани победи, Језид ибн ебу Суфјан се вратил во својот логор. Во исто време стигнала помошта која на Језид и на Ебу

Убејде им ја испратил Ебу Бекр, но исто така помош им стигнала и на Византијците, бидејќи арапските христијани од племето Гасан ѝ се придружиле на византиската војска и ги зајакнале нивните борбени редови. Муслиманската војска која во тој момент се наоѓала во Шам броела вкупно 24.000 војници, со сите засилувања кои дотогаш ги испратил Ебу Бекр. Бригадите на Ебу Убејде, Језид и Шурахбил броеле по 7.000 војници, додека бригадата на Амр ибн Ас броела 3.000 вијници. Меѓутоа, бидејќи Халид ибн Велид со неверојатна брзина напредувал во освојувањето на Персија и во рекорден рок ја извршил почетната задача, а потоа учествувал во освојувањето на Девметул-Џендел на 24. реџеп 12. година по хиџра, халифот Ебу Бекр одлучил да го испрати во Шам како главен командант на муслиманската војска. Тоа била коцката која недостасувала за потполно да се склопи џихадскиот мозаик. Дури тогаш халифот можел да каже дека сѐ е подготвено за освојувањето на Шам, бидејќи Аллаховата сабја, Халид ибн Векид, зачукал на неговата врата, а тој е муџахид кој никогаш не изгубил ниедна битка.

## Ќе им ги одгатнам на византијците ѓаволските угрижениja со Халид ибн Велид

Бидејќи во самиот почеток на освојувањата на Шам ситуацијата на тоа војувалиште била неизвесна и комплицирана, халифот одлучил во Шам да го испрати Халид ибн Велид како главен командант на муслиманските сили. Со таа цел тој свикал состанок на воениот совет. Омер одлучно бил против него, и не само тоа, тој инсистирал Халид да се смени, бидејќи сметал дека неговото претходно заминување на хаџ, без барање дозвола од халифот, е крупна и непростлива работа. На барањата и предлозите на Омер, Ебу Бекр одговорил вака:

„Омер, се колнам во Аллах, ќе им ги одгатнам на Византијците ѓаволските угрижениja со човекот кој се вика Халид ибн Велид. И знај добро дека јас никогаш нема да ја ставам во кориците Аллаховата сабја која е исукана во борбата против неверниците.“

Потоа му исратил писмо на Халид во кое го известува дека го поставил за главен командант на војската во Шам. Омер, меѓу другото, барал сменување на Халид затоа што во неговата сабја видел жестина и голема опасност. Исто така сметал дека во борбата грубо се однесува кон неверниците

и дека не им остава доволно време да изберат помеѓу исламот, џизијата и борбата, додека Ебу Бекр во него гледал успешен и непобедлив војсководец кого во потполност го поддржувал. Дури и тогаш кога 70.000 Персијци загинале во Битката на Улејис, Ебу Бекр горделиво рекол:

„Тешко дека некоја жена може да роди борец како Халид ибн Велид."

Потоа, отако ја освоил и уништил Емагишија, во што Омер видел голема грешка кон Персијците и преминување на границите на дозволеното во борбата, Ебу Бекр израдуван од таа победа извикал:

„О, муслимани, нашиот лав се борел со персискиот лав и го поразил на куќниот праг."

Освен тоа, Омер сметал дека многу луѓе се заведени и восхитени од храброста и победите на Халид, како да мислеле дека победата доаѓа од Халид, а не од Аллах, што секако не било точно. Ебу Бекр бил свесен за тоа, но тој тогаш како да гледал малку подалеку од ситуацијата и Халид му бил потребен, бидејќи тој во него бил сигурен како во ниту еден друг војсководец. Поради тоа не ги прифатил забелешките на Омер, иако биле исправни, туку му испратил писмо на Халид во кое најпрвин го критикувал за она што го направил заминувајќи на хаџ без прашање:

„Никогаш повеќе немој тоа да го повториш и чувај се од надменоста и самобендисувањето", а потоа му напишал:

„Кога ќе го добиеш ова мое писмо, напушти ја Персија и тргни кон Шам. Земи ги со себе оние луѓе кои од почетокот биле покрај тебе. Кога ќе дојдеш во Шам и се сретнеш со Ебу Убејде, преземи ја командата над целата војска."

Откако го добил писмото од халифот Ебу Бекр и ја распоредил војската која ќе остане во Персија под команда на Мусена ибн Харис, Халид со 9.000 војници тргнал кон Шам. Меѓутоа, иако патот преку Девмтул-Џендел му бил слободен и безбеден, тој одбрал да маршира со 9.000 војници по непроодниот пат низ пустината Семава, кој бил полн со опасности и неизвесности. Зошто Халид го одбрал патот по кој никој не би се осмелил да тргне и за кој неговиот другар Рафи ибн Умејр рекол:

„Се колнам во Аллах, кога еден човек би патувал по тој пат, би скапал од жед и горештина."

Тој пат водел преку Ајна Темр низ пустината Семава, потоа преку Куракир до сириската граница. Халид го избрал тој пат од повеќе причини:

прво, сакал што порано да стигне во Шам, а тоа бил најкраткиот пат, без оглед на неговата опасност, бидејќи тоа е патот по кој се стигнува директно во Дамаск. Халид знаел дека има војска која е подготвена на ден да прејде најмалку 50 километри и ако и сега успее во тоа, тие без големи тешкотии ќе ја преминат пустината Семава, која се простирала на некои 250 километри во правецот на Шам. Меѓутоа, Халид ибн Велид успеал многу повеќе од тоа, тој со своите муџахиди за еден ден поминувал по 100 километри така што ја преминале пустината и до изворите за вода во Куракир дошле сите живи и здрави. Второ, Халид сакал Шам да го опколи и од северната страна, бидејќе веќе бил опколен од источната и од јужната страна. Потоа, тој добро знаел дека Византијците воопшто не се надевале дека некој би можел да ги нападне од таа страна, така што тоа навистина било вистинско изненадување за нив. Растојанието помеѓу Хира и Дамаск, Халид и неговата војска го поминале за шест дена и шестиот ден стигнале во местото Ереџ во Шам. Кога жителите на тоа место ја виделе муслиманската војска, се побуниле и излегле пред нив за да им се спротивстават и да им го забранат влезот во Шам, но набргу виделе дека направиле кобна грешка, па се откажале од борбата и избегале во тврдината која кратко потоа им ја предале на муслиманите без борба и се согласиле да плаќаат џизија. Потоа Халид со својата војска се упатил кон Палмира (Тедмур). Откако дознале дека им се заканува опасност од муслиманската војска, жителите на Палмира се забарикадирале во тврдината која имала огромни ѕидини така што муслиманите во врвиот обид не можеле да сторат ништо. Халид ибн Велид се плашел да не задоцни на дестинацијата па му испратил писмо на заповедникот на градот:

„Се колнам во Аллах, и да се качите на облаците, Аллах би ни овозможил да ве поразиме. Ние сме дојдени овде со убедување дека ќе ни го предадете овој град. Ако тоа сега не го сторите, знајте дека јас ќе ви се вратам и дека во борбата против вас нема да оставам жив ниеден од вашите војници.“

По извесно време, Византијците испратиле порака дека го предаваат градот и се согласуваат да плаќаат џизија, бидејќи, стоело во пораката, читале во своите свети книги дека нивниот град ќе го освои чокек кој според описот можел да биде само Халид ибн Велид и никој друг. По потпишувањето на договорот за предавање на градот и плаќањето џизија, Халид со војската тргнал кон местото Карјетејн. Жителите на таа населба воннички им се спротивставиле на муслиманите, но набргу биле поразени, а нивната населба освоена.

Потоа Халид се нашол пред ѕидините на Хаварин чиишто жители се затвориле во тврдината и не сакале ни да се предадат ни да се борат. Тие побарале од Хераклит да им испрати засилување, така што во правецот на Хаварин наскоро тргнале две византиски бригади, едната од Балбек, а другата од Бусра. Халид ја оставил својата војска да ја држи тврдината под опсада, а тој со двестотини коњаници тргнал во средба со византиските бригади и недалеку од тврдвината Хаварин со само двестотини коњаници ги поразил и ги десеткувал двете византиски војски, така што од четири илјади војници жива глава извлекле само илјада од нив. Кога жителите на Хаварин дознале за тоа, истиот момент ја предале тврдината и потпишале договор за плаќање џизија. Еден од Византијците, кој бил учесник во Битката на Хаварин, и кој подоцна го примил исламот, рекол:

„Се колнам во Аллах, ние излеговме да му се спротивставиме на Халид и на неговата војска, а не имаше далеку повеќе од нив. Меѓутоа, тие јуришаа на нас како лавови кои се фрлиле на своите жртви и немилосрдно нè убиваа. Пред битката, еден наш борец, за кого сметавме дека вреди колку илјада други, рече: ‚Камо да се сретнам со нивниот командант и да го убијам!‘ Подоцна неговиот другар му го покажал Халид и тој тргнал кон него. Ние се надевавме дека тој ќе го убие Халид, но Халид силно тргнал на него и со еден удар со сабјата му отсекол половина од лицето, а со вториот удар му ја отсекол главата. Ние потоа избегавме во тврдината и не размислувавме за ништо друго освен за примирје и предавање.“

Халид ибн Велид ништо не му препуштал на случајот и не сакал во задницата на муслиманската војска, која тргнала да ги освојува големите центри на Шам, да остане каква било опасност и закана поради која би морал да го менува својот план. Затоа, по освојувањето на Хаварин, тргнал кон Мерџа Рахита, место кое било населено со арапски христијани од племето Гасан, и без големи проблеми го освоил и стекнал голем воен плен. Муслиманите во Мерџа Рахита заробиле многу цивили, жени и деца од племето Гасан, а човекот по име Ебу Хазреџ ел-Гасани го пренел она што го слушнал од својата мајка која тој ден била заробена, а потоа го примила исламот. Таа рекла:

„Кога видов како живеат муслиманите и како се однесуваат едни кон други, го примив исламот. Потоа дојде маж ми и бараше од муслиманите да ме пуштат, а тој веќе го примил исламот, но јас тоа не го знаев. Реков:

'Ако го примил исламот, јас ќе му се вратам, ако не, немам никакви потреби од него.' Ме известија дека тој станал муслиман и јас му се вратив."

* * *

Ебу Убејде го загрижувал градот Бусра, главниот град на Гасанија во кој биле стационирани силните единици на арапските христијани. Поради тоа тој го испратил Шурахбил ибн Хасан со 4.000 војници да ја освои таа тврдина пред да им се придружи Халид. Византијците во Бусра биле 12.000 на број. Од трите можности кои им ги понудил Шурахбил кога стигнал пред тврдината, тие ја избрале борбата. Излегле од тврдината и направиле жесток напад на муслиманите. Муџахидите во почетокот им се спротивставувале на нивните напади, но, по извесно време, Византијците успеале да ги опколат. На повидок бил уште еден пораз на бојното поле во Шам, а тогаш од северозападната страна се зачула вистинска грмотевица од коњски копита. Кон бојното поле се приближувал Халид ибн Велид со своите муџахиди. Кога Византијците ја виделе муслиманската војска и коњицата која галопирала кон нив, го свртиле грбот и избегале во тврдината. Следното утро повторно излегле да се борат. Халид ибн Велид веќе ја презел командата од Ебу Убејде и побрзал да ја распореди војската. За командант на десното крило го поставил Рафи ибн Амр, за командант на левото крило Дирар ибн Езвер, додека задниот дел го поделил на два дела, со едниот командувал Мусејб ибн Нешбе, а со другиот Мез'ур ибн Ади. Војската од Бусра излегла од ѕидините и тргнале кон муслиманите како морски бранови. Муслиманските единици го издржале првиот налет на Византијците, а тогаш го слушнале гласот на Халид ибн Велид:

„О, следбеници на исламот, борете се и не им го свртувајте грбот! Ако во име на Аллах се борите против неверниците, знајте дека тие нема да издржат ни еден час."

Кајс ибн ебу Хазим, муџахид од одредот кој бил на задниот дел, велел:

„Ние бевме сигурни во Халид и знаевме дека нему му е сеедно, без оглед на тоа колку непријателски војници би видел пред себе. Тие не можеле никогаш да го заплашат со својата бројност."

Борбата потрајала така што и двете војски биле пред крајот на силите, но ја продолжиле борбата очекувајќи дека непријателската страна прва ќе попушти. Тогаш Халид им наредил на двете групи од позадината да се вклучат во борбата. Набргу се слушнале громогласните текбири со кои двете

муслимански чети јуришале кон бојното поле. Византијците биле изненадени и запрепастени и сфатиле дека нивниот пораз е на повидок. Многу Византијци загинале во таа битка, а остатокот на војската се повлекол во тврдината. По нивното второ повлекување во тврдината, во Бусра конечно стигнал и Ебу Убејде ибн ел-Џерах. И по срдечниот поздрав и ракување со Халид, тој на Халид официјално му ја предал командната палица. Кратко потоа Византијците објавиле дека го предаваат градот и се согласуваат да плаќаат џизија. Тоа се случило на 25. ребиул-евел 13. година по хиџра, месец дена по доаѓањето на Халид на територијата на Шам. Кога веста за поразот на неговата војска стигнала до Хераклит, тој налутено извикал:

„Нели ви кажав да не се борите против нив!"

Неговиот брат му рекол:

„Бори се за својата вера и немој да ги обесхрабруваш луѓето."

Тој му одговорил:

„А за што друго да се борам, освен да ја сочувам гордоста на нашата вера?!"

Бусра бил првиот поголем град којшто муслиманите го освоиле во Шам.

## Сите во Еџнадин

По освојувањето на Бусра, Халид заедно со бригадата на Ебу Убејде тргнал кон Дамаск. Шурахбил и неговата бригада ги оставил во Бусра, додека Језид со својата бригада се вратил во Белк во Јордан. Во тоа време Амр ибн Ас со својата бригада бил на југот на Палестина. Византијците не можеле да се помират со падот на Бусра и сакале одмазда. Собрале војска од 20.000 војници под команда на генералот Вардан од Хомс, кој имал намера да ја нападне муслиманската војска во Бусра, бидејќи таа броела вкупно седум илјади војници. Се надевал дека ќе успее да го поврати градот, а доколку тоа му успее, планирал да го нападне Халид ибн Велид од зад грб и така да ѝ даде можност на војската од тврдините на Дамаск да излезе и фронтално да ги нападне муслиманите.

Вардан тргнал кон Бусра преку Балбек и северна Палестина за да не дознае муслиманската војска, која била во близина на Дамаск, за нивното движење. Меѓутоа, муслиманите на сите страни имале свои извидници и едната од нив го открила движењето на византиската војска кон Бусра. Покрај Вардановата, Византијците собрале уште една огромна војска во

местото Џилик составена од доброволци од Антакија и околните места. Таа војска броела 70.000 војници. Веста за тоа стигнала до Халид пред ѕидините на Дамаск, па побарал од Ебу Убејде да го изнесе својот предлог за тоа што да прават против трите византиски војски собрани во Дамаск, Џилик и војската на Вардан која тргнала кон Бусра. Ебу Убејде сметал дека тој и Халид треба да тргнат да го сретнат Вардан и да му помогнат на Шурахбил, кој не знаел каква опасност му се заканува. Меѓутоа, Халид сметал дека тоа е погрешно, бидејќа доколку тие ја прекинат опсадата на Дамаск и повторно тргнат кон Бусра, војската од Дамаск ќе ги нападне од зад грб, па ќе се најдат помеѓу два огна. Наместо тоа тој предложил неговата и бригадата на Ебу Убејде да тргнат кон најголемата византиска група во Џилик. За тоа треба да се извести Шурахбил во Бусра и да се предупреди да не се судира со Вардан, туку со својата бригада веднаш да тргне кон Еџнадин, блиску до Џилик, каде што ќе му се придужат бригадите на Језид и Амр. Значи, Халид сметал дека петте муслимански бригади мора да се соберат во Еџнадин за да се борат против огромната византиска војска со која командувал генералот Тодерик. Ебу Убејде во целост го поддржал неговиот предлог, по што Халид им испратил писма на сите муслимански команданти и им наредил да тргнат кон Еџнадин. Меѓутоа, во походот на Еџнадин се случило токму она кое Халид го претпоставил, византијците од Дамаск го нападнале задниот дел на муслиманската војска, т.е. бригадата на Ебу Убејде која не можела да го следи темпото на бригадата на Халид која доста се оддалечила. Дознавајќи го тоа, Халид веднаш се вратил назад и со молскавичен напад успеал да ги порази Византијците и да ги присили да се повлечат во тврдината на Дамаск. Потоа Халид и Ебу Убејде тргнале кон Еџнадин и до дестинацијата немале никакви изненадувања. Шурахбил добил информација за доаѓањето на војската на Вардан на Бусра кога Вардан бил 45 километри далеку од градот. Бидејќи Халид му наредил да го напушти градот и да тргне кон Еџнадин, тој тоа и го сторил, но тргнал по пустинскиот пат за да го избегне судирот со Византијците. Во исто време и императорот Хераклит му порачал на Вардан да се врати и да оди кон Џилик и да ја преземе командата врз целата византиска војска.

Муслиманксата војска се улогорила во Еџнадин и броела вкупно 33.000 војници, а недалеку од нив се улогорила византиската војска која брола 100.000 борци. Византискиот командант Тодерик испратил еден арапски христијанин како шпион во муслиманската војска наредуваајќи му да престојува меѓу нив една ноќ и да донесе информации од лице место.

Тој тоа и го направил и утредента се вратил и на својот командант му го раскажал следново:

„Муслиманите ноќе се побожници. Кога синот на нивниот крал би украл нешто, би му је отсекле раката, а доколку би извршил блуд, тие би го каменувале, за да се изврши праведна казна над сторителот на гревот."

Византискиот командант на тоа рекол:

„Ако е така како што рече, тогаш утробата на земјата ни е подобра отколку соочувањето со тие луѓе на нејзината површина. Го молам Бог тие да бидат далеку од мене и да не ми помага против нив, а ниту нив против мене."

Во сабота 27. џумадел-ула 13. хиџретска година, се случила битката кај градот Еџнадин. При распоредот на војската Халид ибн Велид за командант на десното крило го поставил Муаз ибн Џебел, а за командант на левото крило Сеид ибн Амр. Средишницата ја поделил на два дела, едниот дел го сочинувала пешадијата под командата на Ебу Убејде, а вториот дел коњаниците под команда на Сеид ибн Зејд. Што се однесува на Византијците, нивниот војсководец Вардан, за разлика од Халид, останал на задниот дел за да биде што посигурен и да не се изложува на опасност. Халид внимавал и на психолошкиот момент, па ги повел и жените и децата на муслиманите во борба, а тие биле недалеку од бојното поле.Потоа одел меѓу редовите и ги бодрел муџахидите за борба. Им говорел:

„Муслимани, вие досега не сте војувале ротив Византијците. Знајте, ако со Аллахова помош ги поразите, тие никогаш повеќе нема да застанат пред вас. Бидете постојани и борете се за вашата вера како лавови. Чувајте се добро од бегањето од бојното попе, бидејќи тоа донесува понижување и џехенемски оган. Не тргнувајте во напад додека јас не ви дадам знак. "

Сето тоа се случувало во саботата претпладне, а некаде во времето на пладне-намазот битката требала да почне. Сепак, тоа не го спречило Халид да нареди клањање на пладне-намазот, а потоа да се подготват за бој. Византијците ја искористиле можноста и први нападнале, нивното десно крило го нападнало левото муслиманско крило кое го предводел Сеид ибн Амр. Тоа било жесток напад којшто муслиманите со мака го одбивале, но останале на својата линија и не се повлекле. Потоа нивното лево крило го нападнало десното крило на муслиманите со кое командувал Муаз ибн Џебел, кој исто така бил постојан и храбро им се спротивставувал на нападите на непријателот. Тоа потрајало сè додека Сеид ибн Зејд не му рекол на Халид:

„Халид, нивните стрелци не убија и тешко дека можеме да им се спротивставиме. Стори нешто!“

Халид му одговорил:

„Стрпи се, брате, надежта е во трпеливоста.“

Халид сè уште не ја издал наредбата за напад. И кога видел дека и двете крила се во жесток судир, му било лесно со својата бригада да ја нападне средишницата на византиската војска и што порано да стигне до нивниот командант кој бил некаде во задниот дел. Добро знаел дека ако го убие главниот командант, ќе настане хаос во непријателските редови. Халид сакал да удри во нивната најслаба точка и кога видел дека му се отворил патот кон средината на војската, наредил напад извикнувајќи:

„Муслимани, тргнете во напад и борете се во име на Аллах против оние кои не веруваат во Аллах.“

А Муаз ибн Џебел велел:

„О, муслимани, ова е можност своите души да му ги предадете на Аллах, и знајте, ако го победите вашиот непријател, оваа земја ќе биде исламска до Судниот ден, а со тоа ќе го стекнете Аллаховото задоволство и награда.“

Борбата била жестока и крвава, муслиманите на чело со Халид ибн Велид како бранови удирале на непријателот и го чистеле патот кон шаторот на нивниот командант. Византијците паѓале како покосени, а земјата била натопена со нивната крв. Не поминало многу време, а Халид веќе бил пред шаторот на главниот византиски командант. Кога Тодерик ја видел муслиманската војска, извикнал:

„Се колнам во Бог, јас не сум запаметил полош ден во животот!“, и тоа му биле последните зборови, бидејќи наскоро главата му била одвоена од телото. Настанал општ метеж меѓу Византијците и тие безглаво бегале од бојното поле. Во таа битка загинале повеќе од 30.000 Византијци и 500 муслимани. Меѓу загинатите биле и Ибан ибн Сеид ибнул-Ас, потоа неговиот брат Амр ибн Сеид, Тулејб ибн Умејр ибн Вехб, Абдулах ибн Амр ибн Туфејл ед-Девси, синот на познатиот асхаб Ибн Туфејл кој загинал на битката на Јамам, и други. По таа голема победа, Халид му испратил писмо на халифот Ебу Бекр со следнава содржина:

„*Во името на Аллах, Милостивиот, Смилосниот!* На Халифот Ебу Бекр од Аллаховата сабја, Халид ибн Велид. Нека се мирот и спасот над тебе! Те известувам дека денес се боревме со непријателот кој против нас собра

огромна војска во Еџнадин. Носеа подигнати крстови и мавтаа со Библијата заколнувајќи се дека нема да одат од бојното поле додека не загинат или додека не нè избркаат од Шам. Ние им се спротивставивме и потпирајќи се на Аллах, се боревме како лавови. Прецизно ги погодувавме со копјата и со стрелите, а потоа ги исукавме нашите сабји и немилосрдно ги убивавме. Благодарност на Аллах Кој ја возвишил Својата вера, а ги понижил неверниците и Кој ги помогнал и израдувал Своите искрени робови. Селам!"

Кога Ебу Бекр го добил писмото, сиот среќен извикал:

„Благодарност на Аллах Кој им дал победа на муслиманите и мир на мојата душа." Халифот Ебу Бекр, меѓу другото, бил немирен и поради тоа што го повлекол Халид од Персија, бидејќи не знаел дали успешно ќе ја заврши својата работа или не. Сега бил сигурен дека го направил вистинскиот потег.

Неколку дена по Битката на Еџнадин, Халид ибн Велид повторно тргнал со својата војска кон Дамаск. Кога слушнал за тоа, Хераклит наредил војската од Хомс и Антакија итно да тргне преку Мерџу Суфра во правец на Дамаск. Неговата наредба веднаш е испочитувана и византиската војска која броела 30.000 војници тргнала од Хомс кон Мерџу Суфра за да ги нападне од зад грб муслиманите кои го држале Дамаск под опсада. Меѓутоа, Халид преку своите извидници дознал за тоа и одлучил да не ги чека Византијците да дојдат до Дамаск, туку да ги дочека и изненади на нивниот пат кон Дамаск. Така и се случило. Двете војски по вторпат од почетокот на освојувањето на Шам се сретнале во Мерџу Суфра, но овојпат Византијците биле потполно изненадени и не биле подготвени за битка. Халид ибн Велид веќе ги распоредил своите сили кои претрпеле мали измени во однос на Битката кај Еџнадин, така што Хашим ибн Утбе ибн ебу Векас го поставил за командант на левото крило, Муаз убн Џебел останал командант на десното крило, а во средината биле Ебу Убејде и Сеиф ибн Зејд. Битката траела речиси цел ден, а имало многу мртви и ранети и на едната и на другата страна.

Во таа битка посебно се истакнал Халид ибн Сеид, кој на почетокот на освојувањето како командант на муслиманската војска ја изгубил битката на истото место. И како да сакал да се искупи за бегањето од бојното поле, ги напаѓал и ги убивал Византијците и се борел сè додека не загинал. Кога неговата сопруга, Уму Хаким бинт Харис, која само еден ден пред битката се омажила за него, дознала дека загинал, ја зела сабјата и се борела против

Византијците. Успеала да убие седум нивни војници, а притоа да не добие ниедна рана.

На крајот на денот муслиманите успеале да ги разбијат византиските редови и да извојуваат значајна победа, која овојпат скапо ја платиле, бидејќи загинале 500 муџахиди а 4.000 биле ранети. Византиската војска имала многу поголеми загуби, а оние што преживеале избегале од бојното поле.

## Ес-сидик умрел, го наследил Ел фарук

По победата во Merџу Суфра, муслиманите се вратиле по вторпат да го стават Дамаск под опсада. И додека муслиманите воделе одлучувачки борби на два фронта, во Медина халифот Ебу Бекр водел отсутна битка против болеста која го кутнала во постела петнаесет дена. За тоа време Омер им го предводел намазот на муслиманите. Халифот Ебу Бекр целиот живот го потрошил во бробата на Аллаховиот пат. Функцијата халиф ја извршувал две години и во тој краток период успеал да ги порази отпадниците, го започнал освојувањето на Персија и скоро го довршил, освоил дел од територијата на Шам и го направил она што никој по него не го направил. Сè додека не дошол 22. џумадел-ахир 13. година по Хиџра, кога Ебу Бекр во своето завештание го одредил за свој наследник Омер ибн Хатаб. Ибнул-Есир во своето дело *Ел-Камил* запишал:

„Ебу Бекр го повикал Осман да му напише завештание врзано за предавањето на халифатот на Омер. Кога Осман дошол, халифот му рекол: ‚Пишувај! *Во името на Аллах, Милостивиот, Семилосниот!* Ова е текст на завештанието кое Ебу Бекр ибн Кухафа им го остава на муслиманите.‘, и тогаш ја изгубил свеста, па Осман допишал:

‚Јас за халиф го одредив Омер ибн ел-Хатаб како најдобиот меѓу нас.‘

Потоа на Ебу Бекр му се вратила свеста, па му рекол на Осман да му прочита што напишал. Бидејќи Осман го прочитал завештанието во кое било спомнато името на Омер, Ебу Бекр изговорил текбир и рекол:

‚Осман, како да си се плашел муслиманите да не се разидат и не се поделат ако не ми се врати свеста.‘

‚Да‘, одговори Осман.

Халифот му рекол:

‚Аллах да те награди за твоето служење на исламот и муслиманите.‘ Потоа му наредил да го прочита писмото пред муслиманите. Откако завештанието е прочитано, халифот запрашал:

‚Дали сте задоволни со оној што ви го одредив за халиф? Навистина, јас при изборот не се раководев од роднинските врски, туку за халиф ви го одредив Омер, па слушајте го и покорувајте му се.‘

Одговорија:

‚Слушаме и се покоруваме!

Потоа Ебу Бекр му се обратил на Омер и му рекол:

‚Јас те одредив за халиф на асхабите на Аллаховиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, затоа знај, Омер, дека Аллах има права кај своите робови во текот на ноќта кои не ги прифаќа дење, и има права во текот на денот кои не ги прима ноќе. Аллах не ги прима доброволните ибадети додека не се исполнат фарзовите. Зарем не Омер, вистинската тежина на вагата е тежината на добрите дела на Судниот ден кај оние кои ја следеле вистината во најтешките моменти. Тој тас на вагата на Судниот ден има право на него да не се става ништо освен добрите дела и обврската да ја покаже нивната тежина. Зарем не, Омер, вистинско разочарување, поради леснотијата на вагата, ќе биде кај оној кај кого тасот на добрите дела ќе биде лесен на Судниот ден поради следењето на лагите и заблудите. Тој тас на вагата на Судниот ден има право на него да се заблудата за тој да превагне над добрите дела. Знај, Омер, дека Аллах ги објавил ајетите за стравот и надежта едни со други, за да живеат верниците помеѓу стравот од казната и надежта во Аллаховата милост. Аллах жителите на џехенемот ги спомнал по најлошите дела, така што кога ќе се сетиш на тоа велиш:

- Се надевам дека нема да бидам од нив.

А жителите на џенетот се спомнати по најдобрите и најубавите дела, бидејќи лошите дела им се простени, па кога ќе се сетиш на нив, велиш:

- Каде се моите дела во однос на нивните?‘“

По смртта на Ебу Бекр, Омер го презел халифатот и веднаш му испратил писмо на Ебу Убејде во Шам во кое го известува дека халифот Ебу Бекр умрел и дека тој го наследил, па му наредува да го смени Халид ибн Велид и да ја преземе командата над војската. Ибн Асакир во своето дело *Тариху Димешк*, го спомнува писмото на Омер до Ебу Убејде во кое, меѓу другото, стоело:

„Од Аллаховиот роб, до Ебу Убејде ибнул-Џерах. Селамун алејке! Благодарност до Возвишениот Аллах, по Кој друг бог нема, и донесувам салавати над Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, а потоа: Те известувам дека халифот Ебу Бекр умре. Сите сме Аллахови и сите Нему Му се враќаме! Нека е Аллаховата милост и благослов над Ебу Бекр кој работел според Вистината и правдата и кој наредувал за добро на најубав начин. Бараме засолниште кај Аллах и Го молиме да ја напише во добрите дела нашата трпеливост поради искушението кое ги снашло сите муслимани со смртта на халифот Ебу Бекр. Го молиме Аллах да ни овозвможи да истраеме на патот на Вистината до крајот на нашиот живот и од Својата милост да ни го подари џенетот по смртта, Тој е моќен да го стори тоа. Ние слушнавме дека вие повторно го држите Дамаск под опсада, па ти наредувам да ги намалиш походите на околните места додека не го освоите Дамаск. Ова мое писмо не го сфаќај буквално, ти процени, доколку некои единици не ти се неопходни, тогаш можеш да ги испраќаш на други задачи, само немој да дозволиш да те изненади непријателот.“

Потоа Ебу Убејде го повикал Муаз ибн Џебел и го известил за писмото на Омер и смртта на халифот Ебу Бекр. Муаз веднаш го запрашал гласникот на халифот Јерфе, за тоа што направиле муслиманите потоа? Одговорил:

„Ебу Бекр пред својата смрт го одредил Омер за Халиф.“

Тогаш Муаз ибн Џебел извикал:

„Благодарност на Аллах, тие погодиле во својот избор.“

Тогаш Ебу Убејде рекол:

„И јас исто така, пред да го прочитам писмото, се плашев да го прашам кој е избран за халиф, стравувајќи да не каже дека тоа е некој друг освен Омер.“

Потоа гласникот му рекол на Ебу Убејде:

„Халифот Омер ми рече да те прашам за состојбата на војската, потоа за командантите Халид, Језид, Шурахбил и Муаз ибн Џебел.“

Ебу Убејде му рекол:

„Што се однесува до Халид, тој е најдобриот команднант и најхрабриот борец, и Аллах нека го награди за неговата храброст и жртва за исламот.“

Во оваа изјава е сведоштвото на „доверениkот на уметот“ Ебу Убејде за способноста на Халид како воин и за големината на неговата личност. Потоа Ебу Убејде и Муаз ибн Џебел му напишале писмо на Омер во кое стоело:

„Од Ебу Убејде и Муаз ибн Џебел до Омер ибн Хатаб. Омер, ти сега си станал халиф на уметот на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, и кај тебе ќе доаѓаат по правда пријателите и непријателите, јаките и слабите, угледните и неугледните, и сите тие имаат право кај тебе да пресудиш праведно, па внимавај добро што ќе направиш. Ние те потсетуваме на Денот кога ќе се откријат сите тајни и сите човечки срамоти, кога на виделина ќе излезе правата вистина за секој човек и кога човечките погледи ќе останат вкочанети, чекајќи Влатетелот на сите владетели да пресуди меѓу нив, стравувајќи од Неговата казна и надевајќи се на Неговата милост. Ние сме известени преку Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, дека во овој умет ќе има луѓе кои се браќа во јавност, а непријатели во тајност, и ние кај Аллах бараме заштита од тоа. Се надеваме дека ќе му посветиш внимание на нашето писмо како што ние му посветивме на твоето. Ес-сламу алејке.“

Исламските историчари се согласуваат дека писмото на Омер стигнало во Шам по Битката кај Ецандин, која се случила во 13. година по хиџра, бидејќи Ебу Бекр умрел дваесет дена по таа битка. Во писмото понатаму стоело:

„Јас те поставив за главен командант на муслиманите, па немој да се срамиш, бидејќи Аллах не се срами од вистината. Те заветувам со богобојазливоста која те извела од неверството во верување и од заблуда на Вистинскиот пат. Ти наредувам да ја расформираш бригадата на Халид и да го смениш од местото главен командант.“

Ова писмо е напишано на 26. реџеб 13. година по хиџра и останало во рацете на Ебу Убејде, кој не сакал да го смени Халид поради неговата способност на командување и војување на која ѝ немало конкуренција. Откако на крајот Халид ибн Велид дознал за тоа, тој влегол кај Ебу Убејде и му рекол:

„Аллах да ти се смилува, ти дошло писмо од халифот Омер за тоа ти да ја преземеш командата над војската, а ти не си ме известил за тоа и уште, како главен емир, си клањал зад мене.“

Тоа е она што го спомнал Халид, а не прашал зошто го сменил ниту му се спротивставил на мислењето и наредбата на халифот. Ебу Убејде му одговорил:

„И тебе Аллах да ти се смилува! Се колнам во Аллах, не сакав да те известам надевајќи се дека тоа ќе го стори некој друг, не сакав да те сменам додека не се заврши битката за Дамаск. Јас не ја сакам овосветската власт ниту работам за овој свет, оти, Халид, она што го гледаш од овој свет ќе помине и ќе исчезне, а ние сме браќа во име на Аллах и им се покоруваме на Аллаховите наредби. Не пречи братот муслиман да биде предводник во верата, т.е. во намазот, иако не е предводник во овосветската власт. Секој владетел добро знае дека тој е најблиску до искушението и до влегувањето во грев, освен оние на кои Аллах им се смилува и ги спаси од искушението на власта, а таквите ги има малку.“

Така, Ебу Убејде ја презел командата над војската во Шам.

Сменувањето на Халид ибн Велид е еден од најзначајните настани во историјата на исламот од кој секој муслиман би морал да извлече поука и да научи важни исламски лекции. Имено, тогашниот врховен командант на муслиманската војска, т.е. халифот Омер, сметал дека муслиманите ќе навлезат во големо искушение со понатамошното командување на Халид поради неговите непрестајни победи. Освен тоа, Омер сметал дека целта на џихадот е, пред сè, на луѓето да им се пренесе Аллаховото упатство за да можат потоа да го примат исламот, а не исклучиво освојување на држави и градови. Како и да е, халифот Омер, користејќи го својот иџтихад[115], сметал дека е подобро да се смени Халид и на негово место да се постави некој кој е поблаг, како Ебу Убејде. Во таа ситуација многу важен и поучен за нас бил ставот на Ебу Убејде, а познато е дека тој бил многу тажен поради сменувањето на Халид и неволно ја примил таа вест, бидејќи тој не ја сакал таа позиција. Но, над сето тоа, посебно внимание треба да ѝ се обрати на реакцијата на Халид по сменувањето. Овој асхаб на Аллаховиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, кога ја добил веста за смената, достоинствно рекол:

„Благодарност на Аллах Кој овозможил власта во исламската држава да ја преземе Омер, а јас признавам дека мене Ебу Бекр ми беше подраг од Омер. Благодарност на Аллах Кој му ја дал власта на Омер и Кој го исполнил моето срце со љубов кон него.“

---

[115] Иџтихад е процес на детално, темелно, долготрајно студирање и анализа на шеријатските докази преку кои се доаѓа до сознавање и донесување на шеријатски прописи за сите случаи и ситуации кои ќе се појават во текот на животот. (Заб. на прев.)

Значи, од тој момент Халид ибн Велид вистински го засакал халифот Омер, а не се задоволувал само со покорувањето нему како на халиф.

## Смртта во мочуриштата на Бејсан

Византијците во градот Балбек собрале дивизија која броела 20.000 војници и имале намера да тргнат кон Дамаск и да ги нападнат муслиманите кои сè уште вршеле опсада на главниот град на Сирија. Меѓутоа, откако слушнале за тешкиот пораз на нивната војска кај Мерџу Суфра, се предомислиле поради стравот да не завршат исто како и нивните собраќа. Во тоа време, на северот на Палестина, Шурахбил ибн Хасене изведувал воени акции во околните места повикувајќи ги во исламот или на плаќање џизија. Шурахбил ја освоил скоро цела Палестина и Јордан така што Византијците на тоа подрачје биле притиснати до ѕид. Поради сето тоа тие почнале да собираат уште една војска северно од реката Јордан блиску до Бусра во местото Бејсан, и за многу краток рок успеале да соберат уште 20.000 добоволци. Вестите за тоа стигнале до Ебу Убејде ибнул-Џерах, кој и понатаму вршел опсада на Дамаск, и тој веднаш го повикал Халид за да се посоветува со него за новонастанатата ситуација. Халид ибн Велид му предложил што порано да му испрати засилување на Шурахбил на северот на Палестина, кое Ебу Убејде и го сторил. Тој испратил 2.800 војници во Палестина на чело со Амр ибн Ас, така што во Палестина тогаш имало вкупно 5.300 муџахиди. Од друга страна, муслиманите дознале дека византиската војска во Балбек се откажала од походот на Дамаск, па Ебу Убејде одлучил да испрати една војска кон Балбек за да ги растера Византијците. Во врска со тоа, тој му рекол на Халид:

„Се колнам во Аллах, во средба со византиската војска може да оди само некој од нас тројцата: јас, ти или Језид."

Халид ибн Велид одговорил кратко и одлучно:

„Во средба со византиската војска во Балбек можам да одам само јас и никој друг."

Ебу Убејде го послушал и испратил со него 5.000 коњаници, додека тој со остатокот од војската, која броела 21.000 муџахиди, продолжил со опсадата на Дамаск. Ебу Убејде тргнал со Халид за да го испрати и по пат му рекол:

„Ако ти затреба помош, испрати гласник и јас веднаш ќе ти ја испратам, а ако јас ти затребам повикај ме и јас веднаш ќе се одзвам."

Задоволен со својот командант, Халид ибн Велид на поаѓањето го гушнал Ебу Убејде и му ја стиснал раката во знак на поддршка и благодарност.

Не поминало долго, а Византијците слушнале дека во Балбек оди муслиманска војска која ја предводи Халид ибн Велид, па по наредба на императорот Хералкит, а со цел да се избегне судир, исто така тргнале кон Бејсан за да ѝ се придружат на својата војска која веќе се улогорила таму. Тоа стратешки било многу мудар потег од страна на Хераклит, бидејќи со тоа соединил две свои војски и на едно место собрал 40.000 војници кои станале вистинска закана за малубројната муслиманска војска на северот на Палестина. И покрај своите извидувачи, Халид ибн Велид не успеал да дознае за движењето на византиската војска, така што бил потполно изненаден кога го затекнал Балбек напуштен. Веднаш издал наредба за враќање во Дамаск за да го извести Ебу Убејде за намерата на Византијците. Ебу Убејде не размислувал многу, му наредил на Халид да подготви војска за движење кон Бејсан. На чело на таа војска бил лично Ебу Убејде, а пред ѕидините на Дамаск оставил само 7.000 војници под команда на Језид ибн ебу Суфјан, за да ја продолжат опсадата на Дамаск. Освен тоа, му нардил на Халид да оди со 2.000 коњаници далеку пред војската, да ги отстрани евентуалните пречки и да спречи било какво изненадување на патот до Бејсан. Халид ибн Велид со своите коњаници се движел со толкава брзина што по извесно време ја стигнале позадината на византиската војска од Балбек, иако таа војска тргнала многу порано, движејќи се по западниот брег на реката Јордан и Тибериското езеро. Халид, во свој стил, веднаш тргнал во акција и успеал да убие многу византиски војници од задниот дел, што го натерало остатокот од војската на бегство. И покрај тоа што бројно биле далеку понадмоќни, Византијците избегале пред 2.000 муслимански коњаници, бидејќи не сакале никакви конфликти додека не ѝ се придружат на својата војска во Бејсан. По успешно изведениот препад, Халид се вратил во местото Фахл во кое се улогорил Амр ибн Ас со својата бригада. Муслиманите му се израдувале на доаѓањето на Халид, а тогаш со заеднички сили брзо подигнале и формирле два логора, едниот за одредот на Халид, а другот за одредот на Самр. Кога Ебу Убејде со остатокот од војската конечно стигнал во Фахл, веднаш почнал да го прави распоредот на војската. Го поставил Халид ибн Велид на чело на војската, за командант на десното крило го поставил Муаз ибн Џебел, за командант на левото крило Хашим ибн Утбе ибн ебу Векас, а Сеид ибн Зејд го поставил на чело на пешадијата. Ебу Убејде не сакал да преноќи во Фахл, а да не го изврши распоредот на борбените редови во

случај Византијците да нападнат, за војската да го знае својот распоред и позициите. Освен постоечките 40.000 војници, на Византојците по морски пат им пристигнувале нови сили, така што за неколку дена во Бејсан се собрале околу 80.000 византиски војници. Халид ибн Велид планирал да ги нападне Византијците пред да им се придружат нови сили, но тие подигнале брана на реката Џалут која ја поплавила земјата кон Фахл и направила толку кал што муслиманската војска не можела нормално да се движи. Муслиманските команданти направиле сè за да го пресечат патот и да го спречат доаѓањет на нови византиски сили во Бејсан, но тоа им успеало само на северната страна кај реката Џалут каде што одлучиле да се улогорат пред самата битка а од каде можеле да ја видат византиската војска. Византијцие имале намера веднаш да ја нападнат муслиманската војска, но сепак, како вовед во напад, најпрвин одлучиле да извршат психолошки притисок за да го ослабнат борбениот дух кај муслиманите. Имено, византиските водачи испратиле писмо со заканувачка содржина и биле убедени дека ќе постигнат резултати и дека тоа ќе влијае негативно на муслиманите. Во писмото кое било упатено до Ебу Убејде, стоело:

„Ве предупредуваме тебе и твојата војска, заедно со вашата вера, да ја напуштите нашата земја, бидејќи таа вам не ви припаѓа. Вратете се во вашата држава, земјата на бедата и сиромаштијата. Во спротивно, ние ќе ве нападнеме со војска на која нема да можете да ѝ се спротивставите и нема да ве оставиме намира додека целосно не ве поразиме.“

На тоа писмо Ебу Убејде вака одговорил:

„Што се однесува на вашето барање да излеземе од земјата која не ни припаѓа, се колнам во мојот живот, ние нема да излеземе од неа, бидејќи Аллах веќе ве понижил во неа и ни ја дал нам во наследство. Сета земја му припаѓа на Аллах и сите луѓе се Аллахови робови. Аллах е вистинскиот владетел и Тој ја дава власта кому сака од Своите робови и Тој возвишува кого сака и понижува кого сака. А што се однесува на вашите зборови да се вратиме во нашата држава, ‚земјата на бедата, сиромаштијата‘, па вие ја кажавте вистината и ние тоа не го негираме. Таа е таква како што ја опишавте, но Аллах ни ја замени со подобра и поплода земја (мислејќи на Шам), која е плодна и богата, полна со реки, извори и разновидно овошје и плодови. И немојте да мислите дека ќе ја напуштиме додека целосно не ја освоиме и додека не ве протераме од неа. Ние во однос на вас немаме сомнение, ако вие не нè нападнете нас, ние сигурно ќе ве нападнеме, а ако

ни се спротивставите, нема да ве оставиме сè додека не го отапиме вашето сечило и додека, со Аллахова помош, не ве поразиме.“

Одговорот од муслиманската страна ги загрижил Византијците и предизвикал голем страв, бидејќи она што тие им го посакувале на муслиманите, всушност, ги снашло нив самите. Толку стравувале од нов пораз што веднаш испратиле друго писмо со кратка порака:

„Испратете ни ваш претставник да се договориме со него.“

Ебу Убејде го прифатил тоа и го испратил Муаз ибн Џебел да разговара со византиските водачи. Муаз ибн Џебел го јавнал својот коњ и отишол во византискиот логор. Ги затекнал нивните офицери и водачи како седат на свилени перници и раскошно украсени ќилими кои ги донеле дури и на бојното поле. Се приближил до нивната група, се симнал од коњот и чудејќи се ги набљудувал собраните Византијци. Потоа му се доближил еден византиски војник и му рекол:

„Дозволи ми да ти го врзам коњот и да го чувам, а ти седи со нашите великани, бидејќи на малку луѓе им се дава таква прилика.“

Меѓутоа, Муаз не дозволил да му го земат коњот, туку уште повеќе им се доближил на византиските водачи и држејќи го коњот за поводникот им рекол:

„Нашиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, ни наредил да не стоиме пред ниедно создание, бидејќи ние понизно и скромно стоиме само пред Аллах во намазот. Јас овде не стојам од почит кон вас, туку затоа што не сакам да седам на раскошната простирка на која вие седите и преку која сакате да им оставите впечаток на вашите противници, а тоа е само минлива овосветска благодат. Што се однесува до мене, јас ќе седнам на гола земја и тогаш можеме да го започнеме разговорот.“

Постапката на Муаз била многу мудра и одмерена, бидејќи на тој начин им дал можност на византиските војници да слушнат што тој зборува, што и му било целта. Византијците се изненадиле од таквата постапка, па го прашале:

„Дали си ти најдобриот меѓу муслиманите?“

Го прашале затоа што по нивното сфаќање таквата скромност и одрекување од овој свет биле присутни само кај пратениците и дека таа особина престанала со заминувањето на Иса (Исус), мир над него, и на неговите ученици. Муаз ибн Џебел одговорил:

„Не дај Боже да ви кажам дека сум најдобар меѓу муслиманите. Напротив, ќе ми беше драго да не сум најлошиот меѓу нив.“

Иако Муаз ибн Џебел е познат асхаб за кого Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, рекол дека е човек кој најдобро ги познава прописите на халалот и харамот[116] и дека е предводник на учените луѓе, тој зборувал така поради својата скромност. Потоа византиските водачи го прашале:

„Што барате вие муслиманите во нашата држава и во што нè повикувате? Зар вие навистина мислите дека ако освоите еден наш град или село или, пак, ако победите една наша војска, дека сте ја освоиле нашата држава?! Зарем не знаете дека нè има колку ѕвездите на небото или како песокот во пустината, и зашто се борите против нас а велите дека верувате во нашиот пратеник Иса (мир над него), и во Книгата која ни е објавена?“

Откако го засипале со прашања, Муаз ибн Џебел својот говор го започнал вака:

„Благодарноста му припаѓа на Возвишениот Аллах, нека е Аллаховиот благослови и мир над Мухамед, Божјиот мир нека биде над него. Послушајте ме добро и сфатете што ќе ви кажам. Прво во што ќе ве повикам е да верувате во Единиот Аллах и во пратеништвото на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, потоа да го клањате намазот и да се свртувате кон кибла кон која и ние се свртуваме, и во сè да го следите сунетот на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него. Потоа, ве повикувам да го скршите крстот, да го оставите алкохолот и јадењето на свинското месо.“

Муаз ибн Џебел намерно ги спомнал тие три работи, иако Византијците правеле многу поголеми гревови, бидејќи тие себеси си ги дозволиле и ги направиле халал тие три работи иако тоа им било забрането, за разлика од другите гревови кои ги правеле, но ја признавале нивната забранетост. И второ, затоа што тие гревови биле раширени како меѓу водачите, така и меѓу обичниот народ. Потоа продолжил:

„Ако тоа го прифатите, вие ќе станете наши браќа по верата, ќе ги имате истите права и обврски како и ние. Ако го одбиете тоа, тогаш прифатете да плаќате џизија, а ние ќе ви обезбедиме потполна заштита. А доколку ги одбиете и двата предлога, тогаш знајте дека не постои ништо на овој свет што ние ќе го прифатиме освен борбата, и тогаш Возвишениот Аллах ќе пресуди меѓу нас. Тоа е она што го бараме од вас и во што ве повикувам. Што се

[116] Она што е дозволено и она што е забрането. (Заб. на прев.)

однесува до вашата изјава дека вашата власт е во кулминацијата на моќта и дека ве има како ѕвездите на небото и песокот во пустината, знајте дека таа работа не е во вашите, туку во Аллаховите раце и ако Тој нешто сака, само вели ‚Биди', и тоа бива. Вие се гордеете со тоа што Хераклит ви е владетел, кому вие припишуват Божански атрибути, а јас ви велам дека апсолутен владетел е Возвишениот Аллах. А што се однесува на нашиот командант, тој е еден од нас и ние самите го избравме. Доколку тој работи по Куранот и сунетот, ние ќе го слушаме и ќе му се покоруваме, а ако работи спротивно на тоа, ние ќе го смениме. Ако украде, ние ќе му ја отсечеме раката, ако стори блуд, ние ќе го каменуваме и сè што од обврските важи за нас, важи и за него, во тоа нема разлика помеѓу владетелот и обичниот поданик. А што се однесува на вашата констатација дека сте многубројни, знајте дека ние не се потпираме на бројноста ниту се надеваме дека со бројност ќе го победиме непријателот, туку се потпираме на Аллах, изворот на силата и моќта. Колку пати Аллах ги помогнал и возвишил малубројните групи поради нивната вера, а колку многубројни групи како вашата Аллах ги понижил и поразил. Што се однесува на вашите зборови, ‚зошто се борите против нас, а тврдите дека верувате во Иса, мир над него, и во Книгата која му е објавена', ќе ви го кажам следново: Ние веруваме во Иса, мир над него, и сведочиме дека тој е Аллахов роб и пратеник, и дека неговиот случај кај Аллах е како случајот на Адем (Адам), мир над него, го создал од земјата, а потоа рекол биди и тоа биднало. Ние не велиме дека тој е Бог, ниту велиме дека тој е еден од двајцата или еден од тројцата, ниту велиме дека Аллах има дете, ниту сопруга ниту, пак, сметаме дека постојат богови покрај Аллах. А вие навистина кажувате крупни зборови во врска со Иса, мир над него. Да го кажувате вие за него она што го велиме и ние и да верувате во пратеништвото на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, кого го имате запишано во вашата Книга, како што ние веруваме во Иса, мир над него, и потврдуваме дека Аллах му го објавил Инџилот (Евангелието) и дека верувате и го обожувате само Единиот Аллах, ние немаше да се бориме против вас, напротив, би се бореле со вас против вашиот непријател."

Откако Муаз ибн Џебел завршил со своето излагање, Византијците рекле:

„Ние сметаме дека нашите ставови и погледи се сосема спротивни и ние никако не можеме да го прифатиме тоа што го ти предложи. Наместо тоа, ние ви нудиме друго решение. Ви нудиме да се повлечете од градот Белк и околните места кон север, а ние за возврат заедно со вас ќе учествуваме во војната против Персија. Потоа, да го напуштите остатокот од Шам,

посебно јужните делови, а потоа ќе потпишеме договор во кој ќе ви дадеме некои погодности.“

На тоа Муаз ибн Џебел одговорил онака како и му доликува на ученикот на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, и негов претставник и даија[117]:

„Тоа што ни го нудите и давате, веќе е во наши раци, но и кога вие би ни го дале и она што сè уште не во ваши раце, ние тоа од вас не би го прифатиле пред да им понудиме на луѓето што живеат во тие градови една од трите можности (ислам, џизија или војна).“

Византијците биле огорчени од таквиот одговор, па видно лути и разочарани рекле:

„Ние сакаме да ги приближиме ставовите, а ти сè повеќе се оддалечуваш и затегнуваш. Оди кај својата дружина! Се надеваме дека утре ќе ве гледаме како бегате преку ридовите за да спасите жива глава.“

На таа провокација Муаз одговорил:

„Што се однесува на бегањето преку ридовите, ако даде Бог, тоа нема да го видите, но сигурно ќе ја видите нашата борба против вас до последниот човек сè додека не ве поразиме и понижени не ве истераме од Шам.“

Потоа Муаз ибн Џебел се вратил и го известил Ебу Убејде за исходот на преговорите со Визанијците. Бидејќи преговорите помеѓу Муаз ибн Џебел и византиските водачи пропаднале, Византијците, заведени од својата бројност, одлучиле да ја нападнат муслиманската војска. Пред тоа направиле брана поради која реката Џалут се излеала од своето корито неколку километри од линијата Бејсан-Фахл. Со тоа биле потопени и некои патишта по кои требало да се движат муслиманите. Муслиманската војска добро се снаоѓала во пустината, но ова им било нов момент кој ги изненадил и им го оневозможил движењето. Меѓутоа, и покрај тоа Ебу Убејде успеал да ја распореди војската во подножјето на ридот околу Фахл, така што Халид ибн Велид, кој одел на чело на војската, можел полека да тргне кон византиските сили. Тој тоа и го сторил, но војската се заглавила во големата кал и морал да се врати назад. Визатнискиот командант Саклаб ибн Михрак чекал соодветна прилика за напад и во ноќта на 23. јануари 635. година (27. зул-каде 13. година по хиџра), тој тоа и го сторил, надевајќи

[117] Даија – исламски мисионер. (Заб. на прев.)

дека ќе ги затекне муслиманите неподготвени. Меѓутоа, се изненадиле кога, иако била ноќ, ја затекнале муслиманската војска подготвена за борба. Борбата веднаш започнала и траела сè до мугри. По сабах-намазот битката е продолжена и траела до длабоко во ноќта, кога поради жестокиот напад на муслиманите, загинал византискиот командант Саклаб. Тогаш дошло до хаос во византиската војска и тие почнале да бегаат кон Бејсан. Ноќната темница, но и калта која ја подготвиле како пречка за муслиманите биле кобни за мнозинтвото Византијци така што својот живот го завршиле во мочуриштата ја Бејсан. Загинале повеќе од 50.000, а нивните малубројни сили, кои успеале да извлечат жива глава, избегале во Бејсан. По битката кај Бејсан и големиот триумф на муслиманите, Ебу Убејде и Халид ибн Велид се вратиле во Дамаск, а Шурахбил и Амр ибн Ас го преминале преплавеното подрачје и го нападнале градот Бејсан чиишто жители во почетокот пружале отпор, но брзо сфатиле дека тоа е залудна работа, го предале градот и прифатиле да плаќаат џизија. Кратко потоа, Шурахбил ја освоил и Таберија, така што во покраината Јордан повеќе немало византиски сили кои можеле да им пружаат отпор на муслиманите.

## Влегување во земскиот џенет

По тешкиот пораз кај Бејсан, каде им загинало мнозинството од војската, Византијците полека но сигурно го губеле Шам. По Битката кај Бејсан муслиманите со задоволство можеле да објават дека ја освоиле покраината Јордан и Палестина. Им останале уште само три града: Ерусалим (Кудс), Ака и Хифа. Ерусалим бил заштитен со големи ѕидини, така што тие ѕидини го одложиле влегувањето на муслиманите во светиот град. Заземањето на Јордан и Палестина траело само три месеци. Потоа муслиманите можеле непречено да изработат тактика и план за следната фаза на освојувањето. Не било тешко да се донесе одлуката за правецот на борбените дејствија, бидејќи пред нив немало ниеден поголем град освен Дамаск, кој поради развојот на ситуацијата во фронтот, но и поради силите коишто го чувале, сè уште им се спротивставувал на нападите. Поради тоа муслиманските команданти одлучиле со комплетната војска да тргнат на Дамаск и конечно да го освојат. Интересно е да се забележи дека и по победата кај Бејсан не тргнале во освојување на Ерусалим без оглед на тоа

што во него е Месџидул-Акса и што тоа е местото на *Исра* и *Мираџ*[118] на Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него. Тоа е затоа што асхабите, и покрај неизмерната љубов кон Кудс, својата борба не ја засновале на освојувањето градови и тврдини, туку основната цел било пренесување на Аллаховата вера во секое место и на што поголем број луѓе. Фактот што тогаш во Ерусалим немало многу жители и дека Дамаск во тоа време бил град со најмногу жители, го одредил понатамошниот тек на муслиманските освојувања на Шам.

Муслиманите под команда на Ебу Убејде одлучно марширале од Јордан кон Дамаск. Се движеле по најкраткиот пат за да по четврти пат извршат опсада на главниот град на Сирија. Првпат муслиманите извршиле опсада на Дамаск кога Халид ибн Велид стигнал од Персија, за потоа да ја напуштат опсадата поради битката кај Бусра. По освојувањето на Бусра следела втората опсада на Дамаск, која исто така била прекината бидејќи Халид со својата војска одмаршира́л во Еџнадин каде што успеал да ја порази огромната византиска војска, и тогаш по третпат се вратил ред ѕидините на Дамаск. При третата опсада халифот Омер го сменил Халид од местото главен командант, а на негово место го именувал Ебу Убејде. Набргу потоа и Ебу Убејде ја прекинал опсадата и ја повел војската во Битката кај Бејсан. Сите тие силни обиди, всушност, зборуваат дека Дамаск бил силно утврден град и дека војската којашто го бранела во внатрешноста на ѕидините била многубројна, одлучна до крајот да го брани главниот град. За убавините на тогашниот Дамаск постоеле многубројни историски записи, а еден од нив е оној кој го забележал Казвини во своето дело *Асарул-билад ве ахбарул-ибад* во кое запишал:

„Дамаск е главен град на Шам и џенет на Земјата. Во него има прекрасни и велелепни градби и во него животот цути. Преполн е со вода, зеленило, вкусно овошје и други плодови."

А Ебу Бекр ел-Хаваризми за Дамаск рекол:

„Постојат четири џенетски градини на Земјата: Дамаск, Семерканд, Беван и Убула. Јас сите сум ги посетил и за мене најубав е Дамаск."

118 Според исламското верување, Исра и Мираџ се патувањето и небесното воздигнување на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, во ноќта помеѓу 26/27 реџеб, една година пред хиџра, 620. или 621. година. (Заб. на прев.)

Поради сето тоа, Византијците сакале да го сочуваат Дамаск, па дале да се огради со големи и дебели ѕидови чиишто траги и денес постојат. Ѕидовите биле високи шест, а широки четири и пол метри. На него биле изѕидани кули, оддалечени една од друга 15 метри, во кои имало стражари кои со стрели и копја ги гаѓале и немилосрдно го засипале непријателот кој ќе им се приближи на ѕидините. Околу градот бил ископан огромен канал, така што коњите не можеле да го прескокнат. Во ѕидините, на различни места, имало седум порти, а по неговото освојување, муслиманите направиле уште три. Ебу Убејде тргнал во освојувањето на Дамаск со целокупната муслиманска војска која се наоѓала на територијата на Шам. Халид ибн Велид добил задача да го нападне градот од Источната порта, а Ебу Убејде својата бригада ја распоредил пред портата Џабије. Тоа биле двете најсилни муслимански бригади, а сочинувале половина од силите (бригадата на Халид броела 9.000, а на Ебу Убејде 7.000 војници.). Језид ибн Суфјан ја започнал опсадата на Дамаск од онаа страна каде што се наоѓале Малата врата и вратата Кејсан, Амр ибн Ас напаѓал од северната страна кај вратата Тума, а Шурахбил во правец на вратата Фарадис оставајќи ја вратата Селам поради непристапноста на теренот и мошне тешкиот приод кон ѕидините.

Освен тоа, командантите на бригадите испратиле извидници и им одредиле точни локации со цел да го следат евентуалното доаѓање на засилување на Византијците преку планинскиот венец, и на време да ги известат муслиманите за тоа за да можат да го спречат нивното влегување во Дамаск. Но, и покрај тоа, една византиска војска успеала незабележано да помине и сосема да им се приближи на ѕидините на градот, па Ебу Убејде одредил една чета војници под команда на Салт ибн Есвед ел-Кинди, да ги пресретне и побие или барем да ги врати од каде што дошле. Малата група на муслимански коњаници брзо ја поразила многу поголемата група на Византијци. По тоа збиднување, Ебу Убејде испратил две чети муџахиди северно од Дамаск, околу пет километри од градот, таму да се улогорат и да го чуваат приодот кон Дамаск од северната страна од правец на Хомс. Едната група ја предводел Зул Кулаи ел-Химејри, а втората познатиот асхаб на Алаховиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, Ебу Дерда кој се улогорил во селото Берзе. Со тоа муслиманите ги затвориле сите приоди кон Дамаск и уште повеќе ја отежнале состојбата на Византијците во внатрешноста на ѕидините на градот.

Ако на момент се осврнеме на биографијата на асхабот Ебу Дерда, ќе видиме дека тој бил човек кој максимално му се посветил на ибадетот, доброволниот намаз, постот и зикрот[119]. Историчарите спомнуваат дека тој често ја кажувал довата:

„Аллаху мој, барам заштита кај Тебе од раздвоеноста и расцепеноста на срцето!“

Го прашале што мислел под тоа, а тој одговорил:

„Да имам во секоја долина трговска стока која ќе го врзе моето срце за неа, а ќе го оддалечи од ибадетот.“

Тоа била неговата состојба по исламот, а пред исламот тој би познат трговец кому, како муслиман, од трговијата му останал само незначителен дел. Велел:

„Јас го примив исламот како трговец и се обидов да ги спојам трговијата и ибадетот, но не успеав, па ја оставив трговијата, а му се посветив на ибадетот. Немаше воопшто да ме весели да имам денес можност да тргувам и да заработувам многу пари, што не значи дека со тоа сакам да кажам дека Аллах ја забранил трговијата. Не, туку јас сакам да бидам од оние кои трговијата не ги одврати од ибадетот и непрестајното величење и спомнување на Аллах.“

Исто така се пренесува дека често говорел:

„Сакате ли да ве известам за најдоброто и најчисто дело кај вашиот Господар, дело кое е подобро од учествување во војна и борба против непријателот, подобро од динарот[120] и дирхемот, а тоа е зикрот.“ (Хадис)

Но и покрај тоа, тој се одзвал на повикот во џихад и Ебу Убејде го одредил за командант на една чета на муџахиди во Дамаск. Случајот на асхабот Ебу Дерда е најдобар доказ дека тие исправно ја сфатиле исламската вера и нејзините принципи. Ебу Дерда добро знаел дека во времето на џихад нема подобро дело и ибадет од тоа, а кога бил повикан во џихад веднаш се одзвал, и ги оставил другите доброволни ибадети. Ја оставил џамијата на Аллаховиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, и Месџидул-

[119] Зикр – спомување на Аллах. (Заб. на прев.)

[120] Динар – златник. (Заб. на прев.)

харам во Мека и тргнал со своите браќа муслимани во џихад за да ги оттргне пречките од патот на даветот и на луѓето да им ја пренесе Аллаховата вера и да ги запознае со нејзините возвишени принципи.

Муслиманите го држеле Дамаск под опсада четири месеци, а во некои преданија стои дека опсадата траела полни шест месеци. Во времето на опсадата, византискиот командант и заповедник на Дамаск, Несторис, испратил еден свој шпион меѓу муслиманите за да го следи нивното однесување и меѓусебните односи и да го извести за тоа. Тој поминал извесно време меѓу муслиманските војници и кога се вратил, му рекол на Несторис:

„Видов луѓе кои ноќите ги поминуваат во молитви, а дење трпеливо се подготвуваат за џихад вежбајќи воени вештини и тактика. Тие се исклучително морални и чесни. Кога некој од нив ќе најде влечка или обично јаже, го става во воениот плен, бидејќи не сака да земе за себе ништо додека не се изврши официјалната поделба на пленот.“

На тоа Несторис одговорил:

„Ако е така како што ти кажа, тогаш ние немаме никакви шанси против нив.“

Бидејќи опсадата траела долго, а немало значителни судири и борби, Халид ибн Велид се обидел да најде соговорник и шпион во византиските редови, и тоа на крајот му тргнало од рака. Тоа бил еден свештеник, епископ во Дамаск кој, иако не го примил исламот, редовно го известувал Халид за сите промени во византиската војска. При една средба, тој му рекол на Халид:

„Јас гледам дека вие ќе победите и во тоа сум потполно сигурен.“

Тогаш Халид му предложил да склопат договор во кој тој како муслимански командант им гарантира на сите Византијци заштита на животот, имотот, честа и слободата на вероисповест доколку прифатат да даваат џизија, кое епископот и го прифатил. За овој договор не знаеле ништо ни главниот муслимански командант Ебу Убејде, ниту византискиот управител на градот Несторис. Имено, Халид ибн Велид склопил таков договор, иако не бил главен командант, бидејќи знаел дека епископот ќе им го пренесе тоа на своите луѓе и дека тоа уште повеќе ќе го ослаби борбениот морал и ќе ги натера на предавање. Исцрпувачката опсада на Дамаск и меѓусебното надмудрување траело до 14. реџеб 14. година под хиџра. Таа ноќ во Дамаск наголемо се славело, бидејќи нивниот водач Несторис добил син и ја повикал својата свита, но и офицерите и војниците тоа заеднички

да го прослават. Византијците пиеле, лумпувале и славеле цела ноќ, додека муслиманските војници, од другата страна на ѕидините на градот, спиеле и се одморале за новиот ден на опсада. Меѓутоа, еден човек не спиел ни во тие ситни ноќни часови, туку барал начин и барал прилика да премине со својата војска преку ѕидините и да влезе во градот. Тоа бил Аллаховта сабја, Халид ибн Велид, кој од своите извидувачи добил информација дека во Дамаск се слуша песна и дека Византијците нешто слават. Кратко потоа дошол и епископот кој го известил Халид дека тие го прославуваат раѓањето на Несторовиот син и дека околу портите, како и на ѕидините на кулите, нема многу војници и стражари. Халид ибн Велид веднаш наредил да се донесат јажиња и скали, кои порано биле исплетени од јажиња, за да може војската, со помош на нив, да го премине каналот, а потоа и преку ѕидините. Кога јажињата и скалите биле подготвени, Халид ги повикал Ка'ка ибн Амр и Мез'ур ел-Али, команданти кои го испекле занаетот во борбата против Персијците, и тргнал со нив на опасна задача. Халид на војниците од својата бригада им рекол дека лозинка и знак дека можат да тргнат и да удрат на главната порта ќе биде текбирот. И акцијата започнала. Тројцата искусни и вешти војници успеале да го преминат каналот и да се качат на ѕидот. Потоа застанале и неколку моменти ја набљудувале ситуацијата, а тогаш Халид го зел јажето и полека се спуштил во внатрешноста на ѕидините, па така бил првиот муслиман што застанал на територијата на градот Дамаск. Кога сите тројца се спуштиле во градот, Халид наредил движење кон главната порта. Таму затекнале само неколку стражари кои брзо ги совладале и ги убиле. А тогаш се зачул крупниот глас на Хавлид *Аллаху екбер*, и неговите војници, сите како еден, навалиле на портата и се пробиле во Дамаск. Така, на 3. септември 635. година, пред самата зора, девет илјади муџахиди конечно успеале да влезат во главниот град на Сирија. Кога Византијците дознале за тоа, веднаш тргнале на своите позиции, но веќе било доцна. На улиците на Дамаск кај Источната порта дошло до општ метеж и започнала битка во која загинале многу византиски војници кои не ни помислиле дека така неславно ќе ја завршат прославата на раѓањето на Нестороиот син.

Кога Несторис дознал за упадот на муслиманската војска кај Источната порта, тој прибегнал кон итрина и измама, така што на своите војници им наредил да ги отворат преостанатите порти, а пред сè портата Џабије на западната страна на Дамаск, и итно да се потпише договот за примирје

со муслиманите. Тој лично излегол на средба со Ебу Убејде, кој не знаел дека Халид веќе упаднал со својата војска во Дамаск, и му рекол:

„Јас сакам да потпишеме договор за примирје и плаќање џизија."

Ебу Убејде се согласил на тоа и им дал гаранција за слобода и сигурност, единствено му било чудно што Византијците ги отвориле портите во самата зора и што тогаш побарале примирје. Така муслиманите победоносно влегле во Дамаск од север и од запад, без борба. Но, кракто потоа се сретнале со бригадата на Халид и биле изненадени кога виделе дека сè уште трае борбата помеѓу неговата бригада и Византијците. Дури тогаш Ебу Убејде сфатил дека бил измамен од Несторис кој прибегнал кон измама за во последен час да им ги сочува животите на своите војници изнудувајќи примирје и плаќање џизија. Оти, муслиманите да упаднале војнички во Дамаск, ќе имале право на воен плен, а Византијците ќе станеле нивни заробеници со кои ќе можеле да прават што сакаат. На таа итрина муслиманските команданти реагирале вака:

„Ако го земеме она што не ни припаѓа и пролееме крв, само затоа што не сакале претходно да се предадат, тогаш ќе влеземе во грев. Ако, пак, се откажеме од она што ни припаѓа, тогаш ќе се сочуваме од гревот, а тоа е многу поважно од воениот плен."

Ете, тоа е праведноста која ја красела муслиманската војска и која ја покажувале и во најделикатни ситуации. Откако слушнале за потпишувањe на договорот, тие се откажале од убивањето на Византијците, иако биле во можност сите да ги убијат и да го земат воениот плен, иако знаеле дека Византијците би ги убиле сите нив да биле во таква позиција. Праведноста на асхабите и нивната богобојазливост најдобро ја опишал Ибн Реџеб во коментарот на хадисот за халалот и харамот, велејќи:

„Асхабите оставале девет десетини од халалот плашејќи се да не упаднат во харам, ако во тој халал имало и малку сомнеж."

Потпишувањето на договорот го извршиле, од византиска страна, нивниот командант и нивниот главен свештеник, а од муслиманската страна Халид ибн Велид. Муслиманските војници се зачудиле поради таквата постапка, бидејќи Ебу Убејде бил главен командант и тој требал да го потпише договорот. Забележувајќи ја нивната зачуденост, Ебу Убејде им рекол:

„Јас сум само еден од вас и ќе дозволам и прифатам договор кој ќе го потпише било кој од муслиманите."

Тоа, всушност, било доказ за тоа колку Ебу Убејде му верувал на Халид ибн Велид и какво место кај него тој заземал.

Во некои историски дела, како *Тахиру Димешк* на Ибн Асакир, забележани се апокрифни преданија за формата и текстот на договорот за примирје помеѓу муслиманите и Византијците во Дамаск и тие преданија подоцна многу ги користеле ориенталистите, обидувајќи се да ги претстават муслиманите во потполно поинакво светло од тоа што навистина биле. Освен што во тие преданија се наоѓаат осуммина потполно непознати преносители, таа форма на договор содржи невистини и нелогичности кои ќе ги спомнеме. Во тој измислен и подметнат текст на едно место стои:

„Ова е договорот кој водачот на Византијците и граѓаните на Дамаск му го нудат на Ебу Убејде... дека тие се обврзуваат кон нас ...итн.“ Нелогичноста на оваа реченица се гледа со голо око, бидејќи тоа е веројатно за првпат во историјата на војувањето поразената страна да нуди договор кој победниците треба да го прифатат. Потоа, некои делови од договорот се косат со Шеријатот[121] и невозможно е муслиманите да потпишале таков договор. Потполно е апсурдна и следнава реченица на договорот во која Византијците го поставуваат условот: „И дека своите деца нема да ги подучуваме на Куранот.“ Ова во целост се коси со целта на исламските освојувања, а тоа е ширење на исламот и подучување на Аллаховата вера кај луѓето. Како, тогаш, муслиманите ќе потпишат таков договор. Впрочем, тоа се коси со куранското начело дека нема присилба во верата, а оние кои не сакаат да го примат исламот и себеси и децата да ги подучуваат на Куранот, никој од муслиманите не смее да ги присили на тоа. Потоа, тоа би значело дека ако некое од византиските момчиња доброволно се одлучи да го проучува Куранот, ќе мора да се откаже од тоа, бидејќи тоа е во спротивност со договорот, што е вистинска бесмислица. Потоа реченицата: „Ние нема да го покажуваме нашиот ширк и идолатрија на јавните собири, пред муслиманите.“ Невозможно и нелогично е христијаните себеси да се нарекуваат идолопоклоници, кога се знае дека тие себеси се сметале за вистински верници во еден Бог. И на крајот: „И на нашите накити нема да ставаме печат на арапски јазик.“ Тој услов е потполно неприфатлив, бидејќи се знае дека муслиманите сакале луѓето да го научат арапскиот јазик за да се запознаат со

[121] Шеријатот како правна норма пртетсавува збир на сите прописи од областа на верското и световното право врз основа на кои се уредени односите во исламската заедница. (Заб. на прев.)

Куранот, па како тогаш да прифатат таков договор. Најверојатно е дека тој текст на договорот го подметнале христијаните, или Евреите, за да докажат дека муслиманите сакале да ги понижуваат и угнетуваат другите народи, а дека не им била целта пренесување на Аллаховата вера.

## Им ја вратиле џизијата на христијаните

Муслиманската војска останала во Дамаск во текот на зимата, а кога настапила пролетта, дошле и подготовките за понатамошните освојувања. Ебу Убејде одлучил првата пролетна мета и цел да биде градот Хомс, најголемата тврдина по Дамаск. Растојанието помеѓу Дамаск и Хомс изнесува 224 километри и до него водат два пата, едниот преку пустината Семава помеѓу Ирак и Шам, а другиот низ внатрешноста на Шам преку градот Балбек, сместен помеѓу либанските планини и областа Бека’. Балбек бил голема тврдина со огромни ѕидини чиишто траги останале видливи дури до денес. Наречен е по лажното божество Балу кое го обожувале жителите од тој крај, па Аллах им го испратил пратеникот Илијас, мир над него, да ги повикува во верата на еден Бог, Возвишениот Аллах, кое се спомнува во поглавјето Ес-Саффат. Ебу Убејде извршил распоред на своите сили пред новата битка и поход, па така го испратил Амр ибн Ас во Палестина, Шурахбил ибн Хасене во Јордан, Халид во Балбек, а тој останал во Дамаск со Језид ибн Ебу Суфјан. Кога Халид со својата бригада бил во близината на Балбек, ги дочекала една помала единица на византиски војници која личела на извидница. Халид испратил педесет коњаници на чело со Мејсер ибн Месрук и тие мошне брзо ги поразиле Византијците. Потоа муслиманските војници ја започнале опсадата на Балбек која траела многу кратко, бидејќи жителите на градот побарале примирје. Тоа ги изненадило муслиманите, и им било чудно како тоа Византијците да се предадат толку лесно, а биле во тврдина која без проблеми можела да им стане база од каде можеле да водат битки против муслиманите. Меѓутоа, стравот од муслиманската војска и конфликтот со нив бил поголем од ѕидините на Балбек, така што без многу размислување одлучиле да го предадат градот. Во договорот кој е потпишан со жителите на Балбек стоело:

„Ова е текстот од договорот за примирје со жителите на Балбек, Персијци, Византијци и Арапи, за заштите на нивните животи, имоти и цркви и за нивното слободно движење во и надвор од градот. Тие можат да останат два месеца во градот, а по истекот на тој рок, ако сакаат, можат да одат

каде што сакаат. Оние што ќе го примат исламот ќе ги имаат истите права и обврски како и ние, а оние што ќе одлучат за останување во градот ќе бидат слободни и ќе им бидат заштитени сите права, а за возврат ќе мораат да им плаќаат џизија на муслиманите."

Овој договор јасно упатува на семилоста и убавото однесување на муслиманите. И покрај тоа што муслиманската држава била во подем и што го победиле непријателот, тие на поразените Византијци им даваат рок од два месеца, доколку сакаат да го напуштат градот, намира да ги подготват своите работи и да одат, а на оние коишто остануваат им ги гарантираат сите права и заштита со нивно незначително плаќање на џизијата. И згора на сето тоа, иако тоа претставувала вистинска опасност за муслимаите, поради можно предавство, им се дозволува слободно да се движат, поради своите работи, надвор од градот, така што можеле поради трговија да отидат во било кој град што бил под контрола на муслиманите и никој да не ги напаѓа, ниту да им стори било какво насилство и неправда.

По освојувањето на Балбек, муслиманската војска под команда на Халид ибн Велид напредувала кон Хомс, градот за кој Ел-Истахри, научник од третиот хиџретски век, вака напишал:

„Хомс е град со најубавата и најпријатната клима во целиот Шам. Преполн е со зеленило и вода, а неговите жители се отмени и впечатливи. Во градот се наоѓа една од најголемите цркви во целиот Шам, воопшто."

Четиристотини години потоа, во седмот хиџретски век, Ел-Казвини во своето дело *Асарул-билад ве ахбарул-ибад*, речиси на ист начин го опишува Хомс како и Ибн Батута во делото *Тухфету ен-Незаир*. Кога муслиманите биле околу четириесет километри јужно од градот, ги дочекала голема византиска војска. Кога ја видел силната војска како подготвено чека во воените редови, Халид се свртил кон своите борци и извикал:

„Браќа муслимани, навалете на непријателот со сета жестокост."

Тогаш светнале исуканите сабји и со громогласни текбири муслиманите навалиле на Византијците и во првиот налет ги разбиле нивните редови, нанесувајќи им тежок пораз и големи загуби. Преживеаните византиски борци бегале кон ѕидините на градот за да спасат жива глава, додека муслиманската војска им била зад петиците. Еден од муџахидите, кој се викал Шурахбил ел-Химјери, потерал една група византиски коњаници, така што потполно се одвоил од муслиманската војска. Ги бркал до реката

Сагир и тука застанал да го напои својот коњот, а тогаш на другиот брег видел 30 византиски коњаници и во истиот момент го натерал својот коњ преку реката за да се бори против нив. Успеал да стигне и да убие единаесет Византијци, додека останатите избегале. Душевниот пораз кој го чувствувале Византијците им влеал страв во коските, така што од еден муслимански војник бегале исто како и од цела бригада. Кратко потоа муслиманите се нашле пред ѕидините на Хомс и ја започнале опсадата на градот која траела осумнаесет дена. Осумнаесеттиот ден византиските водачи барале примирје и го објавиле договорот за предавање на градот и плаќање џизија. Муслиманите ја прифатиле нивната понуда и, како и со жителите на Балбек, потпишале договор за примије и плаќање џизија која изнесувала 170.000 динари годишно, т.е. четири динари по глава на жител. Врз основа на тоа лесно е да се заклучи дека во градот Хомс тогаш живееле над 40.000 жители кои биле должни да плаќаат џизија.

Откако мислиманите го зазеле Хомс, Ебу Убејде ибн Џерах испратил една бригада под команда на Шурахбил ибн Салт, кон Џезира во Персија, а другата под команда на Мејсер ибн Месрук ја испратил кон Халеп на крајниот исток на Шам. Потоа му напишал писмо на халифот Омер во кое, меѓу останатото, стоело:

„Благодарност на Аллах кој се смилувал на тебе и на нас! Водачу на правоверните, знај дека освоивме една од најголемите тврдини и еден од најубавите градови и дека тоа, за разлика од некои други тврдини, мошне лесно ни тргна од рака. Затоа славата и благодарноста му припаѓаат само на Аллах, Владетелот Кому му припаѓа сета власт, Оној Кој ги победува непријателските војски за да ги помогне и возвиши муслиманите, а да ги понижи неверниците поради гревовите што ги прават.“

Ебу Убејде не чекал долго на одговорот на халифот. Набргу добил писмо од Омер во кое му наредува итно да ја повлече војската која ја испратил кон Џезира и Халеп и комплетната војска да ја стационира во Хомс. Што го навело халифот Омер да ја запре муслиманската војска во освојувачкиот поход на преостанатите градови на Шам, кога тоа го правеле со леснотија и кога Византијците по неколку порази на самиот почеток на освојувањето, ги предавале градовите и тврдините без поголеми конфликти и борби?! Иако бил во Медина, халифот Омер во детали бил известен што се случува на двата фронта, во Персија и во Шам. А токму тогаш кога Ебу Убејде ги испратил бригадите кон исток, муслимнаните се собирале на Кадисија и се

подготвувале за одлучувачката борба против Персијците. Омер сакал војската од Шам да биде на едно место доколку биде потребна помош во Персија и од базата во Хомс да се испраќаат сили кон Ирак, а знаеме дека на Кадисија 32.000 муслимани воделе борба против 240.000 Персијци. Потегот на халифот бил многу мудар, бидејќи вредело да се почека исходот на Битката на Кадисија, па дури тогаш да се прави план за продолжување на освојувањето на Шам. Ебу Убејде веднаш му испратил порака на Мејсер ибн Месрук да ја врати војската во Хомс и откако сите команданти стигнале во Хомс, Ебу Убејде ги известил за наредбата на халифот за запирањето на освојувањето на Шам, кое сите го прифатиле. Потоа тој го пратил Халид ибн Велид во Дамаск заедно со Језид ибн ебу Суфјан, додека Шурахбил, кој бил во Јордан, го повикал да му се придружи во Хомс, а за командант и емир над цела Палестина и Јордан го одредил Амр ибн Ас.

Византискиот император Хераклит видел дека работата е сериозна и дека муслиманската војска ја победува неговата војска во сите битки така што голем број на Византијци загинале во тие судири. Поради тоа тој одлучил да ги собере сите расположливи сили во своето царство и со една, единствена војска да тргне во пресметка со муслиманите и дефинитивно да ги избркаат од Шам. Значи, тој ја применил истата стратегија како и персискиот цар Јездеџерд кога видел дека Персијците губат битка по битка, па одлучил да собере 240.000 војници во Кадисија и, како што зборувал, да ја заврши приказната со муслиманите. Хераклит го повикал и остатокот од војската од Балбек и Хомс да им се придружат, а поради важноста на операцијата која ја подготвувал, не ги укорил ниту казнил поради лесното оставање и предавање на двете големи тврдини. За да мобилизира што повеќе луѓе, Хераклит смислил посебна стратегија и план кој, меѓу останатото, подразбирал негова посета на градовите и поголемите места за лично да ги поттикне луѓето на борба против муслиманите. Освен тоа, тој испратил пораки на сите страни на царството повикувајќи ги сите оние кои можат да носат оружје да се одзват на мобилизацијата, а потоа испратил писмо во Рим барајќи помош и поддршка. Имено, тогаш старото римско царство било поделено на два дела, Источно, со главниот град Византија, подоцна Константинополис, а денес Истанбул, и Западно царство со главниот град Рим со којшто не управувал Хераклит. Меѓутоа, тој се обидувал да ги убеди дека ова, пред сè, е верска војна и дека нивна обврска е, без разлика на некои теолошки разлики, да им помогнат на христијаните во одлучувачката битка за Византиското царство. Тоа убедување успеало, бидејќи управителот на

Рим испратил војска, по морски пат, да ѝ помогнат на Византија. Кога видел дека мобилизацијата успеала, тој ги ангажирал и свештениците и им наредил да бидат со војската и да ги бодрат на борба, да им го подигнат борбениот морал по силните порази кои ги доживеале од малубројната муслиманска војска. На крајот ги собрал своите генерали и го повикал најдобриот меѓу нив, Бахан, да ја предводи големата византиска војска. Хераклит пред битката му дал на Бахан 200.000 дирхеми и му ветил дека ќе му даде уште толку ако ги победи муслиманите, а на секој војсководец и командир му дал по 100.000 дирхеми. Византискиот император, по најверодостојни преданија, успеал да собере 200.000 војници, иако има преданија во кои се спомнуваат бројки од 120.000 до 400.000 војници.

Собирањето и мобилизацијата на византиската војска не можела да помине незабележано и сокриено од муслиманите, посебно кога се знае дека муслиманските извидници по целата територија на Шам биле многубројни и многу способни во извршувањето на своите задачи. Така Ебу Убејде набргу ја добил веста за собирањето на многубројна војска од страна на Хераклит, што го натерало да свика итен состанок на воениот совет во Хомс во кој еден од главните команданти во тој момент бил само Шурахбил ибн Хасене. По острата расправа и изнесувањето на различни аргументи, на крајот е прифатено мислењето на Шурахбил кој рекол:

„Јас предлагам да се повлечеме од Хомс и од сите места од Шам кои сме ги зазеле и да ја дочекаме војската на границите на Шам, па ако тие нас нè победат, ние по пустински пат можеме брзо да се повлечеме кон Арапскиот Полуостров, а ако ние ги победиме нив, исто така можеме брзо да се вратиме таму каде што сме биле.“

Иако Ебу Убејде не бил за тоа муслиманите да ги напуштаат освоените места, се согласил со тоа бидејќи тоа било ставот на мнозинството од членовите на советот. Заклучено е повлекувањето да почне утредента по сабах и, кога ќе поминат низ Дамаск, да ги известат за тоа Халид и Језид за да и тие им се придружат. Ебу Убејде му испратил писмо на халифот Омер известувајќи го за одлуката на советот да ги напуштат Хомс и Дамаск и да се стационираат во пограничните подрачја на Шам. Освен тоа, тој му наредил на Хабиб ибн Меслеме на жителите на Хомс да им ги врати парите од џизијата кои претходно им ги дале на муслиманите, бидејќи муслиманите не се повеќе во состојба да ги штитат, па според тоа, ни тие повеќе не се должни да плаќаат џизија. Жителите на Хомс биле потполно затекнати и

изненадени кога виделе дека оние што управуваат со нив им ги враќаат парите од џизијата, бидејќи не можеле ни да замислат дека постои таква војска која откако ќе извојува победа и го земе имотот од жителите на некој град, може некогаш и под било какви услови да го врати. Затоа нивниот одговор кон муслиманите бил:

„Бог нека ве врати да ни бидете господари, и нека ги проколне Византијците кои управуваат со нас и кои ни го одземаат имотот и на сите начини нè измамуваат и нè искористуваат. Вашата праведност ни е помила од византиската власт, иако му припаѓаме на тој народ."

Муслиманите по сабах го започнале повлекувањето од Хомс. Во исто време стигнало и писмото до халифот Омер кој се внел во лицето на писмоносецот Суфјан ибн Ауф и извикал:

„Тешко тебе! Кажи ми што направиле муслиманите во Шам?"

Одговорил:

„Јас ги оставив во моментот кога беше речено: ‚По сабах тргнуваме кон Дамаск', и сите се согласија со тоа."

На тоа Омер рекол:

„Што значи тоа бегање од непријателот и зошто ја напуштаат земјата која ја освоиле. Се плашам тоа да не е погрешно мислење и дека на тој начин му помагаат на непријателот."

Тогаш Суфјан ибн Ауф рекол:

„Аллах нека ти се смилува, владетелу на правоверните! Оној што бил сведок на настаните подобро ја познава ситуацијата од оној што не бил на фронтот. Византискиот император собрал огромна војска, толку што нашите извидници потрошиле пола ден одејќи незабележани покрај нивниот логор."

„А дали се согласија сите околу напуштањето на Хомс и другите градови?"

„Да", одговори Суфјан.

Тогаш Омер рекол:

„Се надевам дека Аллах ќе даде добро за нас во нивниот единствен став."

Кога Ебу Убејде со војската наишол покрај Дамаск и го известил Халид што наумиле, Халид рекол:

„Се колнам во Аллах, јас не се согласувам со тоа. Меѓутоа, ако вие сте се согласиле, тогаш го молам Аллах да ни подари добро и среќен завршеток.“

Бидејќи ниту Ебу Убејде, ниту Халид ибн Велид, ниту халифот Омер не се согласиле со повлекувањето, оти во него виделе опасност и загуба за муслиманите, Ебу Убејде во Дамаск седнал со командантите Халид, Језид, Шурахбил и Муаз ибн Џебел уште еднаш да ја разгледаат својата одлука.

## Подготовки за битката на Јермук

Главниот командант на муслиманската војска Ебу Убејде во одлучувачки момент за муслиманската војска седел до командантите на бригадите уште еднаш да ја разгледаат одлуката за повлекување на војската на пограничните подрачја на Шам. Она што посебно го забележал е молчењето и загриженоста на Халид ибн Велид кој никако не можел да го прифати повлекувањето од Хомс, Балбек и Џабије, прашувајќи се каде ќе ги одведе муслиманите тоа повлекување. Бидејќи, Халид ибн Велид, како што велат историчарите, Византијците ги сметал опасни колку обичните мушички, а сега, ете, муслиманската војска мора да се повлекува пред Византијците кои претходно ги победиле во сите битки. Тој воопшто не сакал да дискутира за повлекување, бидејќи негов став било муслиманите да се борат до крај и никако да не попуштаат. Од неговото длабоко размислување го тргнал гласот на Ебу Убејде кој го прашал:

„Халид, што мислиш за сево ова?“

Славниот муслимански војсководец одговорил:

„Се колнам во Аллах, мислам дека ако се бориме против Византијците со нашата бројност и храброст, немаме никакви шанси и дека брзо ќе нѐ победат, но доколку против нив се бориме во име на Аллах и за Аллах, кога би ги собрале сите луѓе од земјината топка, а не само двесте илјади војници, тоа ништо не би им помогнало.“

Потоа цврство го фатил Ебу Убејде за раката и го прашал:

„Ќе ме послушаш ли за ова што ќе ти го кажам?“

Ебу Убејде, кога била во прашање воената стратегија, во потолност му верувал на Халид и без многу размислување одговорил:

„Секако дека ќе те послушам.“

Тогаш Халид му рекол:

„Постави ме за главен командант на војската и ќе видиш како ќе го решам овој проблем.“

Ебу Убејде рекол:

„Халид, ти од овој момент си главен командант на муслиманската војска.“

Тоа значи дека Халид бил само воен командант, а дека политичката власт во Шам и понатаму ја имал Ебу Убејде, бидејќи тој сфатил дека оваа ситуација бара војсководец и стратег како што е Халид. Додека муслиманските командатни ја донесувале судбоносната одлука, им стигнала веста дека византиската војска стигнала во близина на Џабије и дека битката би можела да се случи за помалку од дванаесет часа.

Кога муслиманите дознале дека Византијците со огромна војска стигнале во близина на Џабије и дека ситуацијата станала алармантна, Муаз ибн Џебел му рекол на Ебу Убејде ибнул-Џерах:

„Напиши му писмо на халифот Омер и извести го за ситуацијата и барај од него итно да испрати засилување.“

Ебу Убејде го прифатил тој предлог и веднаш му испратил писмо на халифот во кое, меѓу останатото, стоело:

„На овој начин го известувам водачот на правоверните дека Византијците се собираат и пристигнуваат од сите страни, преку копно и преку море, и никој од нив кој може да носи оружје не му се спротивставил на повикот за општа мобилизација. Слушнавме дека собрале околу четиристотини илјади војници и дека нивните свештеници претходеле во повикот за борба. Кога стигна до мене таа вест, јас тоа не можев да го сокријам од муслиманската војска и им објаснив во каква ситуација сме. Доколку не ни испратиш итно засиливање, тогаш моли Му се на Аллах да ни се смилува, оти се сомневам дека некој од нас ќе преживее ако се бориме против Византијците, а ние тоа мораме да го направиме и нема да бегаме, бидејќи ако избегаме, ќе ја упропастиме нашата вера. Затоа, не ги оставај муслиманите во тешка позиција, а ние секако се надеваме на помошта од Аллах.“

Ебу Убејде го испратил писмото по Абдулах ибн Кирт. Кога тој стигнал во Медина и му објаснил на Омер и на муслиманите во Медина во каква ситуација се наоѓа муслиманската војска во Шам, муслиманите и муслиманките плачеле и непрестајно упатувале дови кон Возвишениот Аллах да им помогне и да им даде излез. Најревносен во довите бил Абдурахман ибн Ауф, а освен тоа тој предложил и халифот да тргне со засилување кон Шам,

бидејќи тоа би го подигнало борбениот морал кај муслиманите, а би внесло неред во редовите на Византијците. И како што асхабите го забраниле Омеровото одење во Персија, исто така глатко го одбиле предлогот на Абдурахман Омер да оди во Шам. Бидејќи, велеле тие, ако загине Омер, би настанал општ хаос во исламската држава, а освен тоа, некој како халифот Омер мора да биде во Медина и да ги следи збиднувањата и да управува со муслиманската војска која војувала на два зажарени фронтови. Потоа халифот Омер му напишал писмо на Ебу Убејде и го испратил преку Абдулах ибн Кирт велејќи му да побрза до Ебу Убејде и да му го предаде писмото, а потоа лично да оди пред муслиманската војска и да им каже:

„Браќа муслимани, ве селами вашиот халиф Омер и ви го порачува следново: ‚Бидете искрени во средбата со непријателот и борете се против нив како лавови. Удирајте ги со сабјите по вратовите и нека тоа ви биде полесно од убивањето на мушичките, бидејќи јас сум убеден дека ќе ги победите. Затоа, нека не ве заведува нивната бројност и нека не ве фаќа малодушност поради вашата малубројност.‘“

Додека муслиманските команданти разговарале околу понатамшната стратегија, покрај нивниот шатор поминал Ебу Суфјан кој тргнал во џихад во Шам и кој ја користел секоја прилика да ги бодри муслиманите за борба, во што редовно и успевал. Се доближил до влезот на шаторот и мудро забележал:

„Не знаев дека ќе го дочекам денот да слушнам дека младичите од племето Курејш се договараат за борба против непријателите на исламот, а да не ме повикаат и прашаат за совет.“

Слушајќи го гласот на Ебу Суфјан, Ебу Убејде ги прашал присутните дали се согласуваат да им се придружи, кое сите го прифатиле и го поддржале. Откако влегол, Ебу Суфјан запрашал:

„За што се води овде жолчна расправа?“

Му кажале дека византиската војска е во близина на Џабије и дека муслиманската војска се наоѓа во многу тешка позиција. Тогаш Ебу Суфјан рекол:

„Прво што забележувам е многу лошата позиција и место каде сме се улогориле и се плашам да не нè нападнат Византијците од правец на Јордан и Палестина и така да ја прекинат врската помеѓу нас и Медина, што

би го загрозило доаѓањето на нашето засилување. Затоа јас предлагам муслиманите да ја напуштат Џабије и сите да тргнеме во правец на Езреат, јужно од Џабије."

Сите едногласно го прифатиле предлогот на Ебу Суфјан и веднаш е наредено движење на муслиманската војска. Потоа Ебу Суфјан продолжил:

„Кога веќе го прифативте мојот прв предлог, јас ви предлагам уште нешто. Имено, јас му предлагам на Ебу Убејде да го постави Халид ибн Велид за командант на коњицата", иако знаел дека тој веќе е одреден за главен командант, „и тој нека биде помеѓу нашата и византиската војска, а освен тоа предлагам да се одреди друг човек како командант на стрелците и нека му се придружат сите најдобри стрелци од нашата војска. Потоа, рано изутрина нека се издаде наредба војската да тргне од Џабије кон Езреат, па ако се сретне војската со Византијците, тогаш коњицата на Халид и стрелците ќе ги запрат Византијците и ќе овозможат непречено движење на муслиманската војска."

И тој предлог е прифатен па во раните мугри муслиманската војска почнала да се повлекува од Џабије. Кратко потоа, Византијците дознале за тоа движење и веднаш ја подготвиле војската за средба со муслиманите. Меѓутоа, се изненадиле кога ги дочекала муслиманската коњица на чело со Халид ибн Велид. Поради тоа тие се вратиле и не сакале да се борат затоа што сѐ уште било ноќ и што конфликтот би значел голема неизвесност. Така муслиманите безбедно го напуштиле Џабије и се улогориле во местото Езреат. Кратко потоа и византискиот командант ѝ наредил на својата војска движење кон југ, во местото Дер Ејуб, а тоа место од Езреат го делела само реката Јермук покрај која ќе се случи познатата битка помеѓу муслиманите и Византијците и значително ќе ја одреди понатамошната судбина и на едните и на другите.

Ситуацијата во Јордан и Палестина исто така не била добра ниту охрабрувачка за муслиманите, бидејќи Византијците почнале во тајност да се собираат и да се креваат на востание, а покрај тоа муслиманите добиле вест дека по морски пат на Византијците им дошла напомош војска од Западното римско царство. Амр ибн Ас поради тоа сакал што побргу да го извести Ебу Убејде. Напишал писмо, но бил во дилема по кого да го исправти. На крајот писмото го однел никој друг освен синот на Амр, Абдулах ибн Амр ибн Ас, еден од командантите на муслиманската војска во Јордан кој подоцна го заменил својот татко на местото наместник на Јордан.

Оној што ќе се осврне на биографијата на овој асхаб, ќе се зачуди поради сознанието дека тој бил во џихад во Шам и дека бил еден од командантите, бидејќи меѓу асхабите важел како голем побожник кој поголемиот дел од времето го поминувал во џамијата. Освен тоа, бил познат по својата скромност и аскетизам бидејќи јадел многу малку и толку многу се исцрпувал себеси што тоа дошло до Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, кој ги повикал и му рекол:

„‚Известен сум дека ти постојано дење постиш, а ноќе клањаш?! Доста ти е во месецот да постиш три дена.‘

На тоа Абдулах му рекол:

‚Аллахов Пратенику, јас можам повеќе од тоа.‘

Тогаш Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, рекол:

‚Ако веќе сакаш да постиш, тогаш ти предлагам да постиш два дена во седмицата.‘

Абдулах му рекол дека може повеќе од тоа, а тогаш Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, рекол:

‚Во тој случај јас ти предлагам да го постиш најдобриот пост, а тоа е Давудовиот пост, а тој постел секој втор ден.‘“

И Абдулах ибн Амр го постел Давудовиот пост до крајот на животот. Абдулах доживеал длабока старост и кога повеќе немал сила да пости секој втор ден, рекол:

„Да дадеше Бог да го послушав Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, кога ми ги предлагаше олеснувањата во постот и ибадетот.“

И ете, тој голем побожник, кога дошол повикот во џихад, веднаш се одзвал и бил меѓу првите муџахиди во Шам и еден од познатите муслимански команданти. Тој со својот живот, впрочем како и останатите асхаби, ја потврдил универзалноста и потполноста на исламското учење кое за ибадет не го смета само намазот, постот, зекатот и сл., туку во ибадет го вбројува и добротворството кон луѓето и сите други добри дела. Абдулах му го предал писмото на Ебу Убејде од Амр ибн Ас во кое го известува дека Византијците во Палестина и Јордан планираат да ги нападнат муслиманите и дека ќе го прекршат договорот кој претходно го потпишале. Ебу Убејде му порачал да почека и да се стрпи додека не му стигне засилување. Освен тоа, му наредил на Абдулах ибн Амр ибн Ас да биде со муслиманската војска и да ги бодри на борба како и да го охрабрува својот татко

Амр. Амр ибн Ас се плашел од собирањето на Византијците во Палестина и Јордан, бидејќи неговата војска била малубројна, па прибегнал кон итрина. Имено, наредил да се соберат сите Византијци од Јордан и им се обратил со зборовите:

„Слушнав дека некој од вас го прекинал нашиот договор и дека сокрил доброволци од Западното римско царство. Ако не ми ги предадете, јас исто така ќе го прекинам договорот со вас."

Потоа наредил сите Византијци способни за борба да ги одведат на посебно место надвор од Јордан без вооружување и им го одредил Абдулах ибн Амр да ги чува. На тој начин Византијците останале надвор од куќите и оружјето, така што не можеле да сторат ништо. Втората работа што ја наредил Амр ибн Ас била објавата до жителите на Ерусалим дека ќе ги нападне и ќе ја освои таа тврдина. Жителите на Ерусалим се исплашиле од можниот напад така што му порачале на Амр дека тие сите ќе се затворат во тврдината и дека нема да учествуваат со византиската војска во борбата против муслиманите. За да делува што поубедливо, Амр ибн Ас им испратил заканувачко писмо на патријарсите во кое пишувало:

„Нека е мирот над оние што ја следат Вистината, а јас верувам во Аллах и во Неговиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него. Благодарност на Аллах Кој ве поделил на странки и од вас направил различни верски групи кои меѓусебно се глодаат поради неверството во Аллах. Благодарност на Аллах Кој вашата гордост ја претворил во понижување и ве истерал од оваа земја за да ни ја остави нам во наследство, а сето тоа поради вашето неверство и одбивање да ја прифатите верата во еден Бог која ви ја нудиме. Кога ќе го добиете ова писмо, јас ви нудам да го примите исламот и така да се спасите на овој и на оној свет, а ако тоа не го сакате, тогаш почекајте додека не ви испратам книга како договор за гаранција на вашите животи и имоти, а вие за возврат ќе ни плаќате џизија. Доколку не го сторите тоа, тогаш ви се колнам во Аллах дека ќе дојдам со војска и ќе ве убивам еден по еден, така што на крајот ќе останете без трага и спомен дека некогаш сте постоеле и живееле на Земјата."

## Бахан се обидува да ја избегне борбата

Откако се улогориле, и двете војски забрзано ги започнале подготовката за битка и собирање нови сили, оружје и опрема. Таа задача им била

олеснета и на двете војски, бидејќи на Византијците им бил слободен крајниот север на Шам, кој не бил во рацете на муслиманите, а освен тоа, на нив помошта можела непречено да им доаѓа по морски пат преку Средоземното Море. Што се однесува на муслиманите, самиот факт што тие во свои раце ги имале Јордан и Палестна, зборува дека по тој пат можеле непречено да се снабдуваат со храна, опрема и луѓе. Византијците биле свесни за тоа па се обиделе да им отежнат на муслиманите и да им го затворат патот. Го направиле тоа така што далеку зад грбот на муслиманската војска испратиле своја коњица која имала задача да го спречи доаѓањето помош на муслиманите. Меѓутоа, муслиманските извидници биле на ниво на задачата и за тоа ја известиле командата, па Халид ибн Велид тргнал со две илјади коњаници, брзо ги поразил Византијците и ги избркал од тие позиции, така што тие морале да се вратат во Дер Ејуб.

Византискиот командант Бахан сфатил дека ситуацијата е сериозна и дека неговата војска тешко ќе излезе на крај со муслиманите. Тој во длабочината на својата душа посакувал мирен расплет и се обидел да изнајде начин да го избегне конфликтот. Со таа цел тој му напишал писмо на Халид ибн Велид нудејќи му свој план за решавање на настанатиот проблем. Во таа порака стоело:

„Ние знаеме дека бедата и сиромаштвото ве избркале од вашата земја и ве натерале да нѐ нападнете. Поради тоа јас нудам за секој твој војник по десет златници и по еден коњ на кој ќе натовари храна и облека онолку колку што коњот може да носи. Тоа е износ за само една година, па кога ќе го потрошите тоа, следната година ќе ви ја испратам истата сума на пари и истото количество на храна и други средства за живот.“

Бахан овојпат понудил многу повеќе отколку што пред тоа му е нудено на Муаз ибн Џебел, и да излегле муслиманите во борба навистина поради воениот плен и поради одземање на туѓа земја, тие истиот момент би ја прифатиле таа понуда, бидејќи би добиле баснословно богатство без борба и можен пораз и изложување на смрт. Халид ибн Велид му испратил мошне краток одговор на Бахан. Имено, во неговото писмо пишувало:

„Ислам, џизија или војна!“

Кога Бахан го добил одговорот, тој ја собрал војската и им се обратил со обие зборови:

„Вие сте свесни дека овие луѓе кои дошле од пустината ја пробале нашата храна и ја облекле нашата облека и дека добро знаат каква е нашата

состојба. Сигурен сум дека тие повеќе ја сакаат смртта отколку да го остават она што го започнале. Затоа, сметам дека би било добро да испратаме по нивниот командант, па јас да разговарам со него за да го убедам да се откаже од борбата.“

Неговите офицери и војници тоа со воодушевување го прифатиле и му рекле:

„Прекрасно е тоа што го говориш и што сакаш да го сториш, само побрзај!“

Муслиманите го прифатиле тој предлог и го испратиле лично Халид ибн Велид како претставник. Халид им наредил на своите војници да го понесат и неговиот шатор од црвено платно и да го постават во византискиот воен логор. На тој начин тој сакал да им покаже на Византијците дека тоа, всушност, е муслиманска земја и дека тој како нивен водач го поставува шаторот каде сака и како сака и дека не чека за тоа никаво одобрување од византиските цареви и водачи. Во негова придружба бил само Харис ибн Абдулах и тие поминале низ масата византиски војници додека не дошле до местотото каде што бил подигнат шаторот на Халид. Отседнале извесно време во шаторот додека не дошле византиските војници и ги известиле дека Бахан е подготвен за средба со нив. Кога излегле од шаторот имале што и да видат. Од нивната десна и лева страна имало кордони со војници во оклопи со исукани сабји, а зад тие кордони биле построени коњаници кои не можело ни да се избројат. На тој начин Византијците сакале да внесат страв во срцата на муслиманите, само што не знаеле дека Халид воопшто не им се плаши и дека нивното застрашување е залудна работа.

Бахан сакал по секоја цена да му остави впечаток на Халид ибн Велид, да го надмудри и да го наговори да се откаже од борбата. Поради тоа му изразил срдечно добредојде, станал пред него и топло го поздравил велејќи:

„Повели, седни овде покрај мене! Чест ми е да го угостам великанот Арап и бестрашен борец и војсководец. Ние навистина ја цениме храброста на луѓето со благородно потекло.“

Кога седнале, Бахан го продолжил својот говор:

„Јас сум слушнал дека ти си мошне разумен човек, кој воедно е морален, држи до зборот и го исполнува даденото ветување. Сигурен сум дека моето обраќање кон разумен човек како тебе ќе биде од корист, а човек од збор, каков што си ти, ќе поверува во она што му го велам.“

„За својата разум му должам благодарност на Возвишениот Аллах, а нема морал и чесност без разум и памет. Оној што нема чесност, тој нема ни памет и обратно.“

Бахан одговорил:

„Ти си најпаметниот човек што сум го сретнал во својот живот и такви квалитети поседува само оној кој е посебно надарен од Бог.“

Потоа Бахан сакал да се увери дека клучевите на договорот и одлуката се во рацете на Халид кога е во прашање муслиманската страна, па го запрашал покажувајќи на Харис ибн Абдулах:

„Зарем ти имаш потреба да се советуваш и договараш и со таквите?!“

Халид му рекол:

„Во овој шатор има повеќе од две илјади луѓе чијшто совет би го прифатил, па како да бидам независен во однос на мислењето и советот на оној кој е во моја придружба.“

„Јас мислев дека кај вас не е така“, рече Бахан, а Халид му одговори:

„Не е сè како што ти мислиш.“

Потоа Бахан продолжил:

„Прво што ќе ти кажам е дека сакам да ми бидеш искрен пријател.“

Зачуден од таквиот одговор, Халид му рекол:

„Како тоа, а ние се собравме да се бориме за земјата која никој од нас не сака да ја предаде во рацете на другиот.“

Бахан итро одговорил:

„Можеби Аллах ќе даде да се договриме без борба и пролевање на крв.“

А Халид на тоа мудро додал:

„Аллах прави што сака.“

Тоаш Бахан рекол:

„Јас сакам со нешто конкретно да го зајакнеме нашето пријателство, па во тоа име би сакал да ми го подариш својот шатор, бидејќи многу ми се допаѓа, а за возврат барај од мене што и да посакаш.“

Тоа било очигледно мито и поткупување од страна на Бахан, бидејќи шаторот на Халид не вредел ништо во однос на шаторот на Бахан и сето богатство кое го поседувал. Но, тој се надевал дека муслиманскиот командант ќе наседне на тоа и дека за својот безвреден шатор ќе побара многу

повеќе, кога веќе му се укажала можност за тоа. Меѓутоа, се разочарал кога го слушнал достоинствениот одговоро на Халид:

„Слободно земи го мојот шатор, а јас од тебе не барам за возврат ништо, ниту ќе земам било што."

Потоа Бахан му текол:

„Ако сакаш, јас ќе продолжам со своите предлози, а ако сакаш, можеш и ти да ги изнесеш своите."

Халид ибн Велид зел збор и сосема отворено му рекол на Бахан:

„Сеедно е кој од нас прв ќе зборува, она што е важно е дека јас сум свесен дека ти знаеш на што повикуваме ние и поради што сме дојдени во Шам. Во тоа, вие и вашите сонародници, се уверивте во Еџнадин, Дамаск, Бејсан, Фахл и во другите места, а за тоа секаков говор е непотребен."

Бахан не можел повеќе да издржи и да ги сокрива своите намери и својата неизмерна омраза. Лицето му поцрвенело и тој лут од бес го започнал својот говор сакајќи да го навреди и да го испровоцира Халид:

„Благодарност на Бог Кој нашиот пратеник го одликувал над сите пратеници и Кој нашата власт ја направил најдобра власт на Земјата, а нашиот народ најизбран народ."

На негова жалост, Халид не дозволил да биде испровоциран, туку на тоа рекол:

„Благодарност на Аллах Кој нè направи верници во нашиот и вашиот пратеник и во сите други пратеници кои Тој ги испратил, и Кој направил нашиот заповедник да биде како и ние и доколку некогаш помисли дека тој е наш цар и дека по тоа е над нас, ние веднаш би го смениле и собориме од власта. Разликата помеѓу нас може само да биде во богобојазливоста и добротворството. Благодарност на Аллах Кој нашиот умет го направил умет кој наредува кон добро, а го забранува злото, кој се кае за сторените гревови и кој го обожува само Единиот Аллах."

Тогаш Бахан потполно се збунил и како да заборавил што сака да каже. Но кратко потоа се соземал и го продолжил својот говор:

„Му се заблагодарувам на драгиот Бог Кој ни ги подарил најголемите благодати и Кој нè спасил од сиромаштијата и нè помогнал против другите

народи, и Кој не направил горди, а не понижени и Кој нè спречил да бидеме насилници, бидејќи ние поради она што Бог ни го дал не сме насилници ниту сме неправедни едни кон други.“

Бахан го продолжил својот надмен, но истовремено и празен и неубедлив говор, бидејќи бил свесен дека лаже и дека пред силата на вистината која со себе ја носел Халид ибн Велид мора да биде поразен и понижен.

* * *

По неуспешните преговори, Халид ибн Велид се вратил во муслиманскиот логор за да го изврши распоредот на војската и да ја одреди тактиката за борба. Имено, познато е дека пред тоа муслиманите редовно војувале на начин што имале десно и лево крило и претходница, и нив претежно ги сочинувале бригади кои имале свои команданти и делувале самостојно на бојното поле, како што се бригадите на Језид, Амр и Шурахбил. Овојпат Халид ибн Велид сакал да направи поинаков распоред на војската. Тој бил свесен дека бојното поле било исклучително пространо и дека Византијците ги имало многу, па сакал неговата војска да биде комотна и да може да се движи долж целиот фронт, а да не е врзана за одредено место или простор и исклучиво за еден командант. Посебно поради тоа што, поради должината на фронтот, наредбите на главниот командант тешко се пренесувале на целата војска. Поради тоа, тој ја собрал војската и им рекол:

„Ова е ден во кој не му доликува надменоста, гордоста и фалењето со племето и потеклото. Јас одлучив да ве поделам на помали групи, неврзано кој на кое племе му припаѓа и тоа го правам поради Аллаховото задоволство и награда.“

Ја поделил војската на 38 ескадрони или одреди, а секој одред броел помеѓу 800 и 1.000 војници и имал свој командант. Потоа, распоредот на војската изгледал вака: главен командант бил Халид ибн Велид, додека целата војска била поделена на четири бригади и, условно кажано, имала свој генералштаб кој покрај Халид го сочинувал: Ебу Убејде како главен емир, потоа Амр ибн Ас, Језид ибн Ебу Суфјан и Шурахбил ибн Хасене како команданти на бригадите. Тие ја договарале стратегијата и тактиката за борба, го вршеле распоредот на војниците и биле врската помеѓу главниот командант, командантите на ескадроните и војската. Меѓу познатите команданти на ескадроните биле: Ка’ка ибн Амр, Мез’ур ибн Адиј, Ијад ибн Ганем, потоа некогаш познатите водачи на многубошците од Мека, а сега бестрашни муџахиди,

Икриме ибн ебу Џехл, Сухејб ибн Амр и Сафван ибн Умеје. Меѓу командантите на ескадроните бил и синот на Халид, Абдурахман, кој тукуштo наполнил осумнаесет години, потоа, Зубејр ибн Авам, Дирар ибн Езвер, Утбе ибн Ребиа, учесник во Бедр, и многу други. Покрај тоа, Халид ибн Велид, во тие денови спроти Јермук и во текот на битката, за главен кадија го одредил познатиот асхаб Ебу Дерда, а Ебу Суфјан имал задача да ги бодри муџахидите на борба. Абдулах ибн Мес'уд го поставил за надзорник во собирањето на воениот плен. На Микдад ибн Амр му наредил на муслиманската војска да ѝ го рецитира Куранот, односно сурата за џихадот, Ел-Енфал. Меѓу 33.000. муслимански војници имало илјада асхаби, а од тоа стотина учесници на Бедр. Знаеме дека на Бедр имало вкупно 313 муслимански борци. Значи, една третина од нив учествувале во Битката на Јермук, додека некаде во исто време седумдесет од нив биле на Кадисија во Ирак. Кога е извршен распоредот и повторната смотра на војниците, Халид ја посетил војската, застанувал пред секој ескадрон и велел:

„О, следбеници на исламот, знајте дека достоинството е во трпението и дека неуспехот е злокобен. Оној кој цврсто верува во Аллах, тој не може да доживее неуспех и тој трпеливо и храбро ќе се бори на Аллаховиот пат. А оној кој ќе тргне да се бори на Аллаховиот пат, Тој ќе му даде достоинство и ќе му ги зголеми степените во џенетот, бидејќи Аллах е Благодарниот и ги сака Своите благодарни робови.“ По овој говор на муслиманите им се зголемила самодовербата и одвај ја чекале средбата со непријателот.

Познато е дека во тоа време било обичај пред битката да излезат најхрабрите и највешти борци (тоа биле претежно командантите на одредени единици или познати војсководци) на двобој кој на некој начин бил навестител на победата или поразот. Двобоите траеле сè до пладне и сите се завршени во корист на муслиманите. Само Абдурахман ибн Ебу Бекр во двобоите убил пет византиски борци. Халид ибн Велид ја подготвувал својата војска и ги издал последните наредби оти знаел дека по двобоите битката може да започне секој момент. Поради тоа, тој отишол кај шатрот на муслиманскиот емир, Ебу Убејде, и од почит кон него, иако Халид самиот го вршел распоредот на војската, го запрашал:

“Кого го одреди за командант на десното крило?“

Ебу Убејде одговорил:

„Муаз ибн Џебел.“

„Тој е способен за тоа и се согласувам да го поставиш на тоа место“, рекол Халид ибн Велид. Потоа му предложил за командант на левото крило да го одреди Кубас ибн Ешјем, на што Ебу Убејде му одговорил дека веќе го сторил тоа. Тогаш Халид рекол:

„Јас во текот на битката ќе командувам со коњицата, а ти одреди кого сакаш за командант на пешадијата.“

Ебу Убејде му рекол:

„За командант на пешадијата ќе го поставам човекот кој никогаш не помислува на бегање од бојното поле, а тоа е Хашим ибн Утбе ибн ебу Векас.“

Потоа Халид му предложил на Ебу Убејде да испрати гласник во секој одред и да им нареди потполно да му се покоруваат на Халид ибн Велид. Кога неговиот курир Дахак ибн Кајс ги известувал одредите за наредбата на Ебу Убејде, сите говореле:

„Слушаме и се покоруваме.“

А која се приближил до Муаз ибн Џебел и го известил за наредбата на Ебу Убејде, Муаз рекол:

„Слушаме и се покоруваме“, потоа се свртел кон својата војска и рекол:

„Ако му се покорувате на Халид ибн Велид, знајте дека ѝ се покорувате и слушате благословена наредба од човек со чисто срце и благородни намери.“

Потоа Дахак се сретнал со Халид и го известил за тоа што го слушнал од Муаз, па Халид рекол:

„Аллах нека му се смилува на мојот брат Муаз, ако на тој начин ја изразил својата љубов кон мене, нека знае дека и јас го сакам во име на Аллах. Тој и неговите другари ме претекнале во многу работи кои јас никогаш нема да ги достигнам, па блазе си им поради таа почест и награда од Аллах, бидејќи Аллах го избрал него и неговите другари да бидат првите носители на исламот и помагачи на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него.“

Потоа Дахак повторно отишол до Муаз и го изветил што му рекол Халид, а Муаз на тоа додал:

„Се надевам дека Возвишениот Аллах, поради неговата трпеливост во џихадот против неверниците, ќе му даде степени како и нам и ќе му го надокнади она што го пропуштил во првите денови на исламот.“

* * *

Од другата страна стоела византиската војска која, иако многубројна, била растргната одвнатре, со слаби братски врски и уште послаб воен морал и мотив за борба. Нивна најголема желба била да избегаат од бојното поле и да спасат жива глава. Поради тоа, за да го спречи бегањето на војската, Хераклит, кој се наоѓал во Антакија, му испратил писмо на Бахан во кое му наредува војската од Дер Ејуб да ја поведе на брегот на Јермук така што јужно да им дојде реката Јермук која тече од запад кон исток, а северно од тоа место е долината Илан, а западно и северозападно е реката Рикад. Тоа место немало излез за бегање освен на североисточната страна, но тој премин бил тесен и опасен за бегање и повлекување. Освен тоа, Хераклит наредил по десетмина војници да заковаат во синџири така да не можат да избегаат, каква и да е ситуцијата на фронтот. Слично направиле и Персијците во Битката Зату Селасил, па доживеале тежок пораз. Каков, всушност, бил моралот на византиските војници сведочи следнава приказна. Имено, кога Византијците тргнале од Антакија кон Јермук, тие во местата каде поминувале правеле неопишлив неред, силувале жени, го краделе добитокот и му чинеле насилство на својот сопствен народ. Потоа луѓето доаѓале да му се жалат на Бахан кој бил познат како морален и праведен човек. Еден од оние на кои им била сторена неправда му се доближил и рекол:

„Јас сакам да ти се пожалам за злосторот што ми е направен.“

Бахан му рекол:

„Слободно изнеси го својот проблем.“

Човекот рекол:

„Јас имав стадо со овци кои ги чуваа жена ми и син ми, па наиде византиската војска и нивниот командант ги заплени сите мои овци, пола од стадото го зел за себе, а пола го поделил на своите војници. Потоа жена ми отишла кај командантот и му рекла:

‚Земи го со себе тоа што го заплени, а мене врати ми го она што им го даде на своите другари.‘

Тој ѝ наредил да влезе во неговиот шатор за да се договорат, а потоа ја силувал. Натаму, покрај шаторот поминал син ми и слушнал како мајка му плаче и вреска. Тој почнал да вика и да бара помош, а командантот наредил да го убијат. Тогаш јас дојдов кај командантот да се жалам за она што

ми го направија, а неговите луѓе скокнаа да ме убијат, но тој им рече само да ми ја отсечат раката и тие тоа го направија.'"

Бахан бил вчудоневиден од таа приказна и го прашал човекот дали го познава тој командант, а тој му рекол дека го познава и му го покажал. Тоа бил човек што седел во друштво на византиските офицери. Бахан му се доближил и го запрашал:

„Што те наведе да направиш таков злостор?"

Одговорил:

„Овој човек е мој роб, а неговата жена моја робинка, зарем ќе ми забраниш да уживам со својата робинка и да го убијам својот роб кога јас ќе посакам."

Потоа неговите луѓе му се приближиле на тој човек и го убиле пред Бахан. Византискиот командант се згрозил од тој злостор и рекол:

„Сторивте нешто нечуено и му згрешивте на својот Господар, и го предизвикавте Неговиот гнев, а оној кој ќе го предизвика Божјиот гнев, ја заслужува неговата одмазда. Навистина се чудам како ридовите не се претвораат во прав, и морињата не се излеваат, и Земјата не пропадне, и небесата не паднат, поради гревот што го направивте. Ако верувате дека овие злосторници имаат Бог Кој ќе им помогне и Кој ќе им пресуди на неправедниците, тогаш бидете убедени дека крајот ви се приближил. А ако не верувате во тоа, тогаш знајте дека вие кај мене сте попрезрени од кучето и полоши од магарето. Се колнам во животот, вие ги правите делата на неверниците и бидете сведоци дека јас се одрекнувам од вас, а вие наскоро ќе дознаете каков е крајот на угнетувачите и злосторниците."

## Колку ли само византијците ги има малку, а колку нас нè има многу!

Деновите на битката на Јермук во историјата на исламот се вбројуваат во највеличествените денови на џихадот и триумфот на муслиманската војска која во тогашните два века го пренесла факелот на исламот. Иако муслиманите оствариле голема победа во Шам, во Битките кај Еџнадин, Бејсан, Дамаск, Хомс и сл., сепак Битката на Јермук значително ја одредила понатамошната судбина на младата муслиманска држава како и судбината на Византија. Бидејќи претходните преговори пред Јермук не дале никакви резултати, а Византијците одбиле да даваат џизија, не преостанало

ништо друго освен борбата, по која сигурно едните ќе се радуваат, а другите многу ќе тагуваат. Последните подготовки и почетните испитувања во вид на двобои се случиле во периодот помеѓу 25. џумадел-ахир и 4. реџеб 15. година по хиџра. На четврти реџеб, византиската војска се појавила на бојното поле, а ја предворел Џебеле ибн Ејхем ел-Гасани, познат арапски христијанин, додека десното крило го предводел Грегори, а левото Канатир, познат аскет и христијански побожник, кој бил убеден дека муслиманите се на Вистината и затоа сакал да ја избегне борбата, но Хераклит го присилил, како и мнозина други, да се бори против муслиманите. Цел ден паѓало дожд и на крајот Византијците се одлучиле да се повлечат во својот логор додека не престане дождот, што им одговарало на муслиманите кои не се навикнале да се борат по такво време, така што тој ден поминал без борба. Муслиманската војска ја искористила на најдобар начин ноќта спроти петти реџеб. Првата половина на ноќта ја минале клањајќи ноќен намаз, а вториот дел од ноќта муслиманите го поминале во подготвување за битката. Командантите излегувале пред своите единици и ги распоредувале војниците бодрејќи ги на борба и издржливост сè додека не настапило времето на сабах-намазот. Тогаш се наредиле редиците, а намазот го предводел Ебу Убејде. На првиот рекат го рецитирал поглавјето Ел-Феџр: „Се колнам во зората, и во десетте ноќи, парни и непарни, и во ноќта кога исчезнува! Зарем за паметниот тоа не е заклетва? Зарем не знаеш, со народот Ад, Господарот твој што стори; и со жителите на Ирем, кои имаа градби со високи столбови, на коишто слични во ниедна земја им немаше; и со народот Семуд, кои ги делкаа карпите во долините, и со фараонот што имаше шатори; кои на земјата насилство чинеа и пороци на неа умножија. Па Господарот твој со камшикот на страданието ги казни...“[122] На вториот рекат го рецитирал поглавјето Еш-Шемс: „Семуд поради насилството свое негираше, кога еден несреќник меѓу нив се појави, па Аллаховиот пратеник им довикна: ‚Грижете се за камилата Божја и за времето кога таа треба да пие!‘ Но, не му поверуваа, туку ја заклаа. А Господарот нивен заради гревовите нивни ги уништи и до последен ги истреби...“[123] По намазот, муџахидот Рашид ибн Абдурахман ел-Езди, рекол:

„Се колнам во Аллах, ние сме се бореле со народ сличен на оној кое е опишан во поглавјето Ел-Феџр и јас сум убеден дека Аллах на нив ќе го пушти

[122] Куран: Ел-Феџр, 1-13 (Заб. на прев.)

[123] Куран: Еш-Шемс, 11-14 (Заб. на прев.)

камшикот на страданието, бидејќи тие по своето однесување се како народот Ад кој правел неред на Земјата. А содржината на поглавјето Еш-Шемс упатува на тоа дека Аллах ќе ги казни Византијците со нашите раце поради нивните гревови, бидејќи го прават она што го правел народот Семуд."

Потоа Ебу Убејде на собраните муслимани им рекол:

„Радувајте се, муслимани, бидејќи на сон ја видов нашата победа. Сонував како стојам во бела кошула, па ми дојдоа непознати луѓе и повикаа некои од вас кои ги препознав и рекоа: ‚Тргнете кон вашиот непријател и не им се плашете, бидејќи вие сигурно ќе победите.' Ние се упативме кон нивниот логор и кога нѐ видоа, почнаа безглаво да бегаат."

Муслиманите биле среќни поради тоа, кое им го зголемило борбениот морал и самодовербата. Тогаш Мерсед ел-Хавелани рекол:

„Јас исто така сонував убав сон. Сонував дека сме тргнале кон непријателот и кога требаше да се бориме, видов како Аллах на нив испратил огромни птици со големи канџи кои ги земаа и ги распарчуваа како што лавот ја распарчува својата жртва."

Ебу Убејде наредил овие соништа да им се прераскажат на сите муслимани и така да се поттикнат на борба и трпение.

По сабах-намазот, на 5. реџеб 15. година по хиџра, бидејќи дождот веќе престанал, византиската војска повторно излегла на бојното поле и сѐ било подготвено за борба. Византијците тргнале кон муслиманите во ешалони и се движеле како морски бранови. Нивната војска заземала простор од десет километри, така што не ѝ се гледал крајот. Имале 80.000 коњаници и 120.000 пешадијци. Од нив, 30.000 пешадијци биле врзани во окови за да не можат да избегаат од бојното поле. Првите ешалони кои се движеле во средба на муслиманската војска зад себе кревале огромна прашина, а над нивните глави се виореле знамињата и крстовите. Во сите ешалони биле распоредени свештеници кои ги бодреле Византијците на борба, велејќи им:

„Оваа борба е помеѓу христијанството и исламот", за да го пробудат што повеќе верскиот жар и да ја зголемат одлучноста за борба. Впрочем, тешко било да се поверува дека свештениците ќе им го подигнат борбениот морал, бидејќи нивната војска знаела дека истите тие свештеници учествувале во многу битки пред тоа и секогаш бегале од бојното поле. Меѓу

муслиманите имало поединци кои биле душевно потиснати и запрепастени од глетката на огромната византиска војска. Халид ибн Велид во сиот тој метеж слушнал еден од нив како преплашено извикува:

„Колку ли само Византијците ги има многу, а колку нас нè има малку!"

Двестотини илјади наспроти 33.000 муслимани, тоа навистина било огромна разлика, шест спрема еден. Халид многу се налутил кога го слушнал тоа, му се доближил на муслиманот и налутено му рекол:

„Колку ли само Византијците ги има малку, а колку нас нè има многу! Војската не победува поради својот број, туку победува со Аллахова волја и помош. Се колнам во Аллах, јас би сакал мојот коњ Ешкар да е здрав и подготвен за борба, а Византијците да ги има уште толку."

Халид ибн Велид го споредил својот коњ со 200.0000 Византијци и уште велел:

„Зарем вие да ме плашите со Византијците, а јас добро знам кои се тие."

Тогаш им наредил на даиите и на угледните асхаби да ги бодрат муслиманите на борба и да не дозволат да ги надвладее малодушноста и стравот. На војската прв ѝ се обратил Ебу Убејде ибн Џерах и рекол:

„О, Аллахови робови, помогнете Го Аллах и Тој вас ќе ве помогне и вашите чекори ќе ги зацврсти. Навистина, Аллаховото ветување е вистина. Муслимани, бидете трпеливи, бидејќи трпението е спас од неверството, во него е задоволството на Господарот и спасот од срамот. Не тргнувајте први во бој, чекајте додека ве нападнат, а тогаш подгответе ги вашите копја, оклопи и штитови и смирено дочекајте го непријателот. Не зборувајте и не кажувајте ништо, освен ако тоа не е зикр и величање на Аллах."

Токму тоа молчење и смиреност ги излудило Византијците и во нивните срца влеало страв, бидејќи пред себе виделе војска која не се поместува и не зборува, небаре не ја забележува огромната војска која им се приближувала. Потоа излегол Муаз ибн Џебел и рекол:

„Рецитатори на Куранот, о, хафизи на Аллаховата книга, о, помагачи на упатството и пријатели на Вистината, знајте дека не се постигнува Аллаховата милост и не се влегува во џенет врз основа на пусти желби. Аллах ќе им ја спушти Својата милост само на вистинољубивите, кои веруваат во она што Аллах им го ветил на верниците. Зарем сте го заборавиле ајетот: **„Аллах ветува дека тие меѓу вас кои ќе веруваат и кои добри дела ќе прават, сигурно за намесници на Земјата ќе ги постави, како што ги поставил за**

**наместници тие пред нив, и дека навистина верата нивна ќе ја зацврсти, таа што Тој им ја сака, и дека сигурно стравот со безбедност ќе им го замени.“**[124] Вие сте, ако даде Бог, победници, па покорувајте му се на Аллах и на неговиот Пратеник и не се препирајте за да не останете без борбен дух. Зар не би ви било срам да ве види Аллах како бегате од бојното поле, а вие ја барате Неговата милост и задоволство а знаете дека не можете да избегате од Неговата одредба и дека, покрај Него, немате засолниште.“

На муџахидите им се обратил и Амр ибн Ас и рекол:

„О, муслимани, подгответе ги своите копја и останете на своите места, а ако ве нападнат, тогаш тргнете кон нив како лавови и удирајте ги по лицата. Се колнам во Оној Кој ја сака вистината и искреноста и наградува за неа, и Кој ја мрази лагата и казнува поради неа, јас слушнав дека муслиманите ќе ја освојат оваа земја, град по град, тврдина по тврдина. За тоа нè известил Аллаховиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, кој на асхабите им ја пренел радосната вест уште во времето на Битката на Хендек, кога муслиманите беа нападнати од сите страни. Затоа нека не ве плаши нивниот број, бидејќи ако издржите и се борите храбро, тие ќе избегаат како што птиците бегаат од своето гнездо поради голем страв.“

* * *

Додека двете војски испитувачки се набљудувале, пред византиските редови излегол нивниот генерал Џорџи или Ѓорѓи кој барал средба со Халид ибн Велид. Халид не се колебал и веднаш тргнал кон него со исукана сабја. Кога му се доближил, Џорџи барал гаранција дека нема да го нападне и Халид му дал гаранција, а тогаш и двајцата ги ставиле сабјите во корицаите. Единствено ги држеле штитовите еден кон друг, плашејќи се од предавството на својот противник. Тогаш започнале чуден разговор. Прв започнал Џорџи, велејќи:

„Халид, барам од тебе да ми ја кажеш вистината и да не ме лажеш, бидејќи на слободните луѓе не им доликува лагата. Немој да ме измамиш, бидејќи на благородните луѓе не им прилега измамата. Кажи ми дали е вистина дека Аллах му спуштил сабја од небото на вашиот Пратеник и дека тој тебе ти ја дал и поради тоа си неповедлив?“

[124] Куран: Ен-Нур, 55 (Заб. на прев.)

Халид рекол: „Не, нам Аллах не ни спуштил никаква сабја од небесата.“

Џорџи запрашал: „А зошто тогаш те викаат Аллахова сабја, ако тоа не е точно?“

Халид одговорил: „Аллах нам ни го испратил Својот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, кој нè повика во исламот, па некои од нас го прифатија, а мнозината го одбиле неговиот повик и се бореле против него. Меѓу оние што му се спротивставија бев и јас. Меѓутоа, по извесно време, Аллах ме упати и јас го прифатив исламот. Тогаш Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, ми рече: ‚Од денес ти си Аллаховата сабја против неверниците‘, и му упати дова на Аллах за мене, молејќи го да ми помогне и да ми подари победа во судирот со непријателот. Од тогаш станав познат како Аллаховата исукана сабја, Знај дека јас сум најжестокиот борец против неверниците, а сè поради довата која за мене ја кажал Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него.“

Џорџи рекол: „Верувам дека е вистина тоа што го рече. Туку, кажи ми во што повикуваш?“

Халид рекол: „Те повикувам да посведочиш дека нема друг бог освен Аллах и дека Мухамед е Негов роб и пратеник, и да поверуваш во она што Аллах му го објавил.“

Џорџи прашал: „Што ако оној кого го повикувате не го прифати исламот?“

Халид одговорил: „Ние му понудуваме да плаќа џизија.“

Џорџи запрашал: „А ако го одбие плаќањето џизија?“

Халид рекол: „Ние му објавуваме војна и борба против него.“

Џорџи продолжил со прашањата: „Каква е позицијата на оние кои, на пример, денес го примиле исламот?“

Халид одговорил: „Неговата позиција е иста како и позицијата на останатите муслимани, сеедно дали се угледници или обични луѓе.“

Џорџи повторно прашал: „Дали е наградата на оние кои денес ќе го примат исламот иста како и наградата на оние кои порано станале муслимани?“

Халид одговорил: „Да, а можат да заработат поголема награда од нив.“

Џорџи зачудено прашал: „Како да бидат исти кога вие на почетокот сте го примиле исламот и сте ги претекнале другите во добрите дела?“

Халид рекол: „Ние го примивме исламот и се заколнавме на верност на Аллаховиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, додека тој беше жив, бевме сведоци на спуштањето на Објавата и ги гледавме и ги слушавме сите муџизи[125] кои Аллах му ги дал, и обврска е за оној што сето тоа го слушал и го видел да го прифати исламот. Меѓутоа, вие немавте можност да го видите она што ние го видовме, па оној од вас кој ќе го прими исламот заслужува поголем степен од нас.“

Џорџи восхитено запрашал: „Заколни се во Аллах дека тоа е вистина?“

Халид одговорил: „Да, се колнам во Аллах! Јас немам никаква потреба да те лажам, бидејќи се потпирам на Аллах и Нему во довите му ги изнесувам своите потреби.“

Тогаш Џорџи одушевено рекол:

„Ти верувам и би сакал да ме подучиш за исламот.“

Халид го одвел во својот шатор и му дал сад со вода да се искапе и тогаш по подучил за абдестот. Откако Џорџи се абдестел, Халид го подучил како да клања намаз и тој клањал два реката намаз како знак и потврда за своето примање на исламот. По тој величествен чин, Џорџи во друштво со Халид ѝ се придружил на муслиманската војска и се борел на Јермук против Византијците, рамо до рамо со Халид, сè додека не загинал. Кога Халид го видел неговото мртво тело, рекол:

„Слава Му на Аллах! Толку малку работеше, а толку многу заработи.“

* * *

Кратко потоа, излегол еден Византиец и барал некој од муслиманите да му излезе на двобој. Познато е дека една група на угледни муслимански борци и команданти чекале прилика за двобој. Византиецот очекувал некој нив да му излезе на мегдан, а тогаш од муслиманските редови излегол еден младич од племето Езд кој немал ни 20 години. Му се доближил на Ебу Убејде и му рекол:

[125] Муџиза – натприродно дело кое е надвор од познатите земски закони кое Аллах го создава за Неговиот пратеник. Истото е поврзано со повик да се верува во Аллах и да се следи Божјиот пратеник. (Заб. на прев.)

„Јас навистина сакам да го излечам своето срце и да се борам против нашиот непријател. Сакам да се жртвувам на Аллаховиот пат, да загинам како маченик, па дозволи ми да се борам против овој Византиец."

Ебу Убејде ја почувствувал неговата желба за маченишство и не сакал да му застане на патот, туку му дозволил да излезе на двобој. Сиот среќен, младичот тргнал кон византискиот војник и тогаш, небаре се сетил на нешто важно, се вратил до Ебу Убејде и му рекол нешто што го расплакало. Имено, му рекол:

„Имаш ли нешто да му порачаш на Аллаховиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него?!"

Ебу Убејде плачел толку што солзите му ја навлажниле брадата, па низ солзи рекол:

„Поселами го Аллаховиот Пратеник од мене и кажи му дека се уверивме во вистинитоста на она што Аллах ни го ветил."

И младичот кој речиси никој не го познаваше тргнал на двобој велејќи:

„Очекувам жесток удар од сабјата или копјето кои ќе ми обезбедат место во џенетот Фирдевс."

Така и се случило, кога му се приближил на Византиецот, тој го удрил со сабјата и го убил, а потоа неговиот коњ и оружјето им ги вратил на муслиманите и барал нов двобој. На двобој му излегле уште четворица муслимански младичи и сите загинале. Потоа Ебу Убејде извикал:

„Има ли некој од муслиманите да му се спротивстави на овој Византиец?"

Се јавил Муаз ибн Џебел и рекол:

„Јас ќе му се спротивставам."

Бидејќи бил командант на десното крило, Ебу Убејде го вратил, а Муаз ибн Џебел, тажен поради тоа, запрашал:

„Има ли, тогаш, некој од муслиманите да се бори на мојот коњ против Византиецот?"

А тогаш видел момче кое итро му приоѓа и во него го препознал својот син Абдурахман кој тогаш имал 14 години. Му се доближил на Муаз и му рекол:

„Татко, се надевам дека ќе бидам подобар коњаник отколку пешак. Затоа, дај ми го твојот коњ и твојата сабја."

Муаз му го отстапил својот коњ и своето оружје и му рекол:

„Аллах да ти даде добро, сине."

Абдурахман го јавнал коњот и пред да тргне в бој, му рекол на својот татко:

„Ако победам, тоа е дар од Аллах, ако загинам, тогаш, ес-селаму алејкум!"

Му се доближил на Византиецот, размениле неколку удари, за да, по неколку моменти, лицето на Абдурахман биде сето во крв од силината на непријателскиот удар и длабочината на раната на неговата глава. И кога сите помислиле дека е мртов, тој се придигнал, дошол до Муаз и рекол:

„Татко, ме уби Везантиецот!" Таткото низ плач рекол:

„Синче, што очекуваш од овој свет."

Потоа се вратил и не успеал да дојде до Византиецот, туку паднал мртов на земјата. Најпосле на двобој на Византиецот му излегол Амр ибн Туфејл ед-Девси. Искусниот муџахид не дозволил никакво изненадување. Бил доволен еден удар од неговата сабја и Византиецот се нашол на земја не давајќи знаци на живот.

## Муџахидката Хавла бинт Са'лебе

Халид ибн Велид согледал дека поради малиот број на војници мора да изврши тактички измени. Со таа намера му се обратил на Ебу Убејде, велејќи:

„Се колнам во Аллах, овие се собрале од сите страни во огромен број, и ние тешко ќе им се спротивставуме со волку малубројна коњица. Предлагам наместо на три, коњаницата да ја поделиме на два дела. Едниот дел ќе го предводам јас, а другиот Кајс ибн Хубејре. Јас би ја поставил коњаницата зад нашите крила, па ако муслиманската пешадија му одолее и го издржи нападот, тогаш добро, а ако не, тогаш на изморените и распрскани Византијци да тргне подготвената и доволно одморена коњаница. Се надевам дека Аллах ќе ни даде победа и жестоко ќе ги порази. Второ, предлагам ти и Сеид ибн Зејд да ги замените местата, а непосредно зад тебе да останат двесте до тристотини коњаници, угледни верници, за да се срамат другите од повлекување или бегање."

Ебу Убејде го прифатил предлогот на Халид и рекол:

„Нека биде онака како Аллах ти вдахнал и покажал дека е најдобро, а јас ќе постапам според својата наредба."

Предлогот на Халид подразбирал распоред на муслиманската војска само во три воени редови за да можат во ширина да им се спротивстават на Византијците кои биле распоредени во 20 редови по 6.000 војници, што приближно одговара на должина од девет километри. На тој начин Халид не сакал да му дозволи на непријателот да формира обрач околу муслиманската војска и да ја доведе во тешка позиција. Во таа прилика Халид отишол во женскиот логор и им рекол на муслиманките:

„Ако некој од муслиманите дојде до вас, напомнете му дека е должен да ве заштити вас и вашите деца."

Во делото *Историја на градот Дамаск* стои дека рекол:

„О муслиманки, кој ќе бега кон вас, убијте го."

Потоа на муслиманската војска ѝ дал до знаење дека нивните жени и ќерки ќе паднат како робови во рацете на Византијците доколку тие ги остават и избегаат од бојното поле. Тоа било новото психолошко оружје кое Халид успеал вешто да го искористи.

Византиските сили им се приближувале на муслиманите додека Халид го довршувал распоредот на војската и се подготвувал за судирот. Врз основа на движењето на непријателот можело да се заклучи дека првин ќе нападне нивната пешадија. Така и се случило. Прв нападнал командантот Канатир на десното крило на муслиманската војска кое го предводел Муаз ибн Џебел. Кога Муаз забележал дека непријателските стрелци се приближуваат, со сиот глас извикал:

„Муслимани, тие се подготвуваат за жесток напад. Се колнам во Аллах, нема да ги одврати ништо друго освен нашата искреност и трпеливост."

Водена е жестока и долга битка. Наспроти својата малубројност, муслиманите пружале неверојатен отпор. Притисокот на муслиманската војска сè повеќе растел, но тие не се поместувале. Халид и неговата група, стоејќи зад десното крило, го набљудувале текот на битката. Чекале Византијците да ја потрошат својата сила. Трпеливоста на Халид ибн Велид и на неговите соборци, кои пред себе ги гледале своите браќа како гинат од непријателските сабји и како бојното поле се натопува со нивната крв, веројатно била поголема од трпеливоста на оние муслимани кои на своја кожа ги чувствувале ударите на непријателот. Во тоа се гледа мудроста и вештината на воената стратегија на Халид кој ги вежбал војниците на трпеливост и им говорел:

„Полека и не брзајте!“

Едниот дел од десното крило бил преморен од жестокоста на борбата, така што почнале да се повлекуваат. Меѓутоа, зад грбот им приоѓале жените и ги предупредувале дека доколку се повлечат, нивните жени ќе станат робови. Во тоа посебно се истакнувала муџахидката Хавла бин Са'лебе која со својата поезија ги бодрела муџахидите и успеала да ги врати на почетните позиции. Најтешкиот удар на десното крило го претрпело племето Девс и најголемиот број на маченици на почетокот на битката бил токму од тоа племе. Меѓу мачениците бил и Амр ибн ет-Туфејл и неговиот син Џундуб. Ебу Хурејре, кој инаку потекнувал од тоа племе, ја почувствувал тежината на ситуацијата, па почнал да ги бодри своите сонародници велејќи им: „Подгответе се за средба со хуриите[126] и посакувајте што побрзо да се најдете ви близина на вашиот Господар и џенетските уживања. Знајте дека ова е најдрагото место на кое сака да ве види вашиот Господар.“

Сонцето се доближувало до зенитот. Муслиманите веќе некои шестседум часови успешно му се спротивставувале на непријателот кој како оси навалувал и напаѓал. Во текот на битката дошла наредба муслиманите споено да ги клањаат пладна и икиндија намазот на своите коњи и тоа само со движење на главата. Каква е тоа војска?! Кои се тие луѓе кои под ѕвекотот на оружјто и тој силен метеж размисливаат за намазот, а потоа продолжуваат да се борат. Тоа се асхабите на Аллаховиот пратеник, Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, кои сиот свој живот, во војна и во мир, го претвориле во ибадет и покорност на Возвишениот Аллах. Затоа намазот за нив бил како воздухот што го дишеле, како отчукувањето на срцето, како самиот живот. Абдуле'ала ибн Сурака, еден од муџахидите на десното крило, опишувајќи ја состојбата на муслиманите во тој ден, рекол:

„Пред византиската навала муслиманите изгледаа како рид. Се колнам во Аллах, Византијците ги имаше толку многу што муслиманите изгледаа како во точило, но сепак никогаш порано не сум видел толку исечени непријателски глави и раце во мојот живот. Им нанесовме големи загуби, и мислам дека никој пред нас не водел таква борба.“

Во текот на најжестокиот напад, византискиот командант Бахан му издава наредба на своето десно крило да се пренасочи кон левото мусли-

[126] Хурии – жени во рајот кои се со посебна убавина и елеганција. (Заб. на рец.)

манско крило. Повторно дошло до жесток судир. Меѓу муслиманите најмногу се истакнувал Кубас ибн Ејшем кој тој ден скршил три копја и две сабји. Кога би скршил нешто од вооружувањето, би се свртел кон муслиманите и би рекол:

„Кој ќе му позајми сабја на човекот кој му се заветувал на Аллах дека нема да бега, ниту ќе изгуби надеж, туку ќе остане со Аллаховите евлии?"

Некој од муслиманите би му дал сабја и тој би се борел сè додека повторно не би ја скршил, па би ги повторил истите зборови. Тој ден и Језид ибн ебу Суфјан забележал големи подвизи. Хабиб ибн Меслеме за него зборувал:

„Језид ибн Суфјан и неговиот татко влегле, на Јермук, во групата на најхрабрите борци, Ебу Суфјан се борел под знамето на својот син Језид. Имал само едно око, другото го изгубил во опсадата на Таиф, во 9. година по хицра. Кога и да се нашол покрај својот син, би го советувал со зборовите:

„О, сине мој, плаши се од Аллах и биди трпелив. Секој муслиман во оваа долина се стрпува во борбата, а тоа посебно морате да го правите вие кои на себе сте го презеле аманетот на водството. Бори се и поддржи го оној кој ќе го сретнеш и плаши се од Аллах. Немој денес некој од твоите браќа повеќе да ја посакува наградата од тебе ниту да биде потрпелив и пожесток против непријателот од тебе."

‚Ќе направам така, татко', му рекол синот и продолжил да се бори."

Ни на десното крило битката не престанувала. Амр ибн ел-Ас, командантот на десното крило, и групата муслимани покрај него му се спротивставувале на непријателот со последните атоми на сила. Поради силните византиски напади тие полека почнале да се повлекуваат, но не и да бегаат. Кога муслиманките го забележале нивното повлекување, Уму Хабиба бинтул-Ас, сестрата на Амр, застанала зад неговиот грб и почнала да вика:

„Аллах нека го понижи човекот кој на цедило ќе ја остави својата жена, ќерка или сестра."

Нејзините зборови влијаеле позитивно на муслиманите. Тие повторно собрале сили и навалиле на Византијците. Меѓу жените кои најмнигу им давале поддршка на муџахидите била Хинд бинт Утбе која говорела:

„О, муслимани, борете се! Ако не нè одбраните, и не сте наши мажи." Дури и повеќе, тој ден била забележана како на коњот прогонува еден Византиец кој бегал од неа и откако го убила, рекла:

„Ова е доказ за Аллаховата помош на муслиманите!"

Тој ден Ебу Суфјан го погодила една стрела во окото, по што потполно ослепел. Освен тоа, и многу други муслимани биле ранети во очите, така што имамот Ет-Табери наведува податок дека дури 700 муџахиди останале без вид. Поради тоа денот на Јермук во историјата на исламот е наречен Ден на слепите. Борбата сè повеќе се разгорувала на сите делови на фронтот. Посебно кога Бахан издал наредба да се нападне средишницата и претходницата на муслиманската војска. Со средишницата командувал Шурахбил ибн Хасене, а на нејзините краеви командири биле Хашим и Сеид ибн Зејд. Овој вториот ги бодрел муслиманите и им го рецитирал куранскиот ајет: **„Аллах од верниците ги купи животите нивни и имотите нивни во замена за ценетот кој ќе им го даде. Тие на Аллаховиот пат ќе се борат, убивајќи и гинејќи! Тој тоа навистина им го ветил во Тевратот (Тората) и во Инџилот (Евангелието) и во Куранот. А кој од Аллах подоследно го исполнува ветувањето свое? Затоа радувајте се на спогодбата своја која со Него ја договоривте, и тоа е голем успех!“**[127]

Ситуацијата на бојното поле била тешка и неизвесна. Било пролеано многу крв и добиени се многу рани. Халид ибн Велид и Кајс ибн Хубејре и понатаму стоеле на своите позиции не вклучувајќи се во борбата. Во еден момент, Византијците успеале да ги потиснат муслиманските крила кон средишниот дел и со тоа оствариле можност да направат обрач околу муслиманската војска. Халид ибн Велид го набљудувал непријателското подвлекување кон задниот дел на муслиманската војска сè додека 20.000 византиски војници во потполност не направиле обрач и сосема му се приближиле на женскиот логор. Дури тогаш Аллаховата сабја се покренал, и со продорен глас викнал:

„Муслимани, како што гледате, нашите браќа останаа без сила, затоа навалете жестоко на Византијците. Се колнам во Оној во Чија рака е мојата душа, Аллаховата помош сигурно нема да задоцни. Јас искрено се надевам дека денес Аллах ќе ни подари голема победа.“

Потоа и на групата која ја предводел Кајс ибн Хубејр ѝ дал знак да тргне во борба. На знакот на Халид, муслиманите како лавина тргнале на непријателот. Високо ги подигнале своите сабји, а громогласните текбири одекнувале по долината на Јермук. Таквата глетка ги изненадила Визан-

[127] Куран: Ет-Теуба, 111. (Заб. на прев.)

тијците, бидејќи бројката од 2.000 муслимански коњаници била незначителна во однос на 100.000 колку броеле двете византиски крила. Непријателот бил воден од мислата дека е доволно само да се најде во позадината на муслиманите и дека тоа значи победа. Очигледно заборавиле на Халид и на неговата воена вештина и непредвидлива тактика. Халид ибн Велид наишол на жесток отпор од левото крило на византиската војска, а ништо подобро не поминал ни Кајс ибн Хубејре на десното крило. Но, и покрај тоа, муслиманската коњаница во првиот налет успеала да убие 10.000 Византијци, кои ја почувствувале близината на својата пропаст и не им преостанувало ништо друго освен да размислуваат за бегство. Единствениот премин им бил зад муслиманската војска, па Халид во тоа видел добра можност на лесен начин да се реши од 50.000 непријателски коњаници. Повторно се слушнал неговиот продорен глас:

„Ослободете им го преминот! Оставете им нека се извлечат и не присилувајте ги на борба!“

„За кратко време бојното поле го напуштиле 30.000 непријателски војници. Аскетот Канатир, командант на левото византиско крило, во тој момент сфатил дека тоа што го претчувствувал и насетувал било вистина. Во својата беспомошност, тој ја зел облеката и со неа ја замотал главата, а потоа седнал на земјата и рекол:

„Не сакам да го гледам овој злокобен ден!“

Неговото срце го обзел стравот, а нозете му откажале послушност. Седнал очекувајќи некој да му ја отсече главата. Исчекувањето не потрајало, така што го нападнал еден муслимански коњаник и неговата замотана глава се нашла на земјата. Муслиманите ја искористиле можноста и почнале да вршат притисок на преостанатиот дел од византиската војска. Успеале непријателот да го потераат во теснецот во правецот на огромната бездна. Халид ја искористил таа можност и им испратил пораки за поттпора на голем број на своите командири. Поминувал низ воените редови и ги охрабрувал говорејќи:

„Навистина вашиот непријател стекнува рани како и вие, но вие од Аллах се надевате на она на што тие не се надеваат.“

Се ближело времето на акшам-намазот. Муслиманите извршиле уште еден жесток напад по кој настапило неочекувано повлекување на непријателот. Во текот на нападот стигнала наредба муслиманите да го одложат

клањањето на акшам-намазот и по конечниот триумф да го спојат со јаци-јата. Ноќта полека се спуштала, а еден муџахид, прикриен од темнината на ноќта, се обидувал да продре во длабочината на византиската војска. Негова цел била византискиот командант Бахан. И ја остварил својата цел. Набргу се нашол очи в очи со Бахан. Византискиот командант не можел да го избегне двобојот, но ни смртта која го снашла откако сечилото на сабјата на муслиманскиот војник нашло место во неговиот врат. Неговото загинување предизвикало голем метеж меѓу Византијците и потполно им го разнишало борбениот морал. На другата страна, Ебу Суфјан, иако слеп, не престанувал да ги бодри муслиманите. Од човечкиот вител се слушал неговиот продорен глас:

„Аллаховата помош е блиску! Муслимани, бидете трпеливи уште само малку!“

Некои преносители вака ја опишале битката на Јермук:

„Византијците изгледале како ѕид кој муслиманите силно го бутнале и тој на крајот потполно се урнал.“

Темнината на таа ноќ ја зголемувала и маглата која се спуштила на бојното поле, така што муслиманите успевале да го видат само првиот византиски ешалон кој, како и нивната комплетна војска, бил во хаос и барал начин да избега од бојното поле. Борбата е завршена дури по јација-намазот. Прекинот на битката војските го искористиле да постават стражи и да ги соберат ранетите. Меѓу ранетите муслимани бил и Икриме ибн ебу Џехл. Пред да ја испушти својата благородна душа, побарал да се напие вода. Му донеле вода и кога сакал да се напие, се слушнал плачлив глас од друг ранет кој исто така барал вода. Тогаш му рекол на муслиманот кој му ја донел водата:

„Дај му нему нека се напие, можеби водата му е попотребна отколку на мене.“ Кога му е донесена водата на вториот ранет, тој слушнал трет муслиман кој барал вода, па рекол:

„Оди кај него и напој го, можеби е поважно тој да се напие.“

Водарот се приближил до тој ранет, но тој веќе бил мртов. Се вратил до Икриме, но и него го затекнал мртов, како и вториот ранет кој лежел недалеку од него. Сите тројца жедни го напуштиле овој свет, но затоа на Судниот ден ќе ги напои Аллаховиот Пратеник, Божјиот мир нека биде

над него, од својот извор, по што никогаш повеќе нема да ожеднат. Плашејќи се од неизвесноста на ноќта и од можен препад, Ебу Убејде одлучил лично да се погрижи за обезбедувањето на муслиманскиот логор. Тргнал во обиколка на муслиманската војска и во еден момент видел силуети на два коњаника. Кога им се приближил го препознал брачниот пар, Зубејр ибн Авам и Есма бинт ебу Бекр, кои исто како и тој одлучиле таа ноќ да ги чуваат изморените муслимани од ненадеен напад на непријателот. Она што посебно го зачудило Убејде е што иницијатор на тоа била Есма, кое самиот Зубејр му го признал. Убејде инсистирал да се вратат во својот шатор, но тие двајцата сè до утрото чувале стража и бдееле на Аллаховиот пат. Ноќта сепак поминала без никакви изненадувања. Кога настапила зората, муслиманите го клањале сабах-намазот и откако се разденило и првите сончеви зраци ги осветлиле бојното поле, ги изненадила глетката која ја виделе пред себе. Во долината покрај реката Јермук лежеле повеќе од 50.000 мртви Византијци. Во бездната во близина муслиманите пронашле блиску 80.000 трупови на византиски војници. (Во некои преданија се наведува бројка од околу 120.000 мртви Византијци). Шедад ибн Евс наведува дека бројот на убиени бил 130.000, а дека на почетокот на битката 30.000 Византијци избегале од бојното поле. Бројот на шехидите чијашто благородна крв ја натопила земјата на Јермук бил вкупно три илјади. Наспроти огромната надмоќност на Византијците во луѓе и вооружување, малубројната муслиманска војска извојувала една од најголемите и најважни победи од почетокот на освојувањето на Персија и Византија.

## Кога би се искачиле на облаците, ние би ве стигнале и би ве победиле

По величествената победа на Јермук, Ебу Убејде му наредил на Халид ибн Велид да тргне во потера по останатата византиска војска и да ги гони сè до Хомс. По битката на Јермук, Ебу Убејде го поделил Шам на четири области: Дамаск со околните градови и места, а за намесник на таа област го поставил Језид ибн ебу Суфјан, потоа Палестина во која за намесник го поставил Амр ибн Ас, Јордан во кој за намесник го одредил Шурахбил ибн Хасене и на крајот за себе ја одбрал областа Хомс со околните градови. Секој намесник имал задача да ги освои сите места и тврдини во својата област кои дотогаш не биле освоени, така што муслиманите остатокот на месецот рецеб го поминале во „чистењето“ на теренот од византиската војска.

Језид ибн ебу Суфјан од Дамаск тргнал изутрина кон запад во правец на Бејрут и без големи тешкотии го освоил. Потоа, своите освојувања ги насочил кон Југ и го освоил градот Сајда, а тогаш повторно се вратил кон Бејрут од каде што ја повел војската кон северниот дел и го освоил градот Џубејл. Следна цел му бил градот Триполи (Тараблус), меѓутоа, тука наишол на силен отпор од Византијците, па не сакал многу да се задржува ниту да му изврши опсада на градот, туку продолжил кон брегот на Средоземното Море и со леснотија го освоил градот Арка. Командант на претходницата на војската на Језид за првпат бил Муавије ибн ебу Суфјан, кој подоцна ќе го освои Триполи и целокупниот брег на Средозменото Море и со него дефинитивно ќе се заврши освојувањето на Шам. Во целиот Шам муслиманите најлесно ја освоиле областа на Дамаск.

Намесникот на јорданската област, Шурахбил ибн Хасене, полека но сигурно освојувал град по град, тврдина по тврдина и многу брзо ја ставил во целост под своја команда и контрола областа со која управувал. Тој ги освоил градовите Цереш, Еник и Голан, североисточно од Таберискотo езеро, кои пред тоа не биле во состав на муслиманската територија. Најтешкиот дел што го освојувале муслиманските единици била областа Хомс. Поради тоа Ебу Убејде таму го испратил Халид ибн Велид за, пред сè, да го освои градот Кансарин, додека тој со својата војска се упатил кон Халеп. Кансарин бил мал град, но во него биле стационирани силни византиски сили кои ги предводел генералот Минас, познат командант и советник на Хераклит, па градот не можел да се освои без борба.

Двете војски се бореле на влезот на Кансарин и борбата траела долго. Византијците, за разлика од претходните битки, биле многу упорни и издржливи и не помислувале на повлекување. Меѓутоа, по загинувањето на нивниот командант Минас, не издржале многу и на крајот Халид ибн Велид славел уште една победа. Во таа битка Византијците биле помагани од арапските христијани коишто по поразот на Византијците избегале во тврдината Кансарин. Халид со својата војска дошол пред тврдината и им порачал на Арапите во тврдината:

„Кога вие би се искачиле на облаците, Аллах би ни помогнал да дојдеме до вас или би ве спуштил до нас за да ве победиме.“

Кога го слушнале тоа, во срцата на арапските христијани се вовлекол страв и тие одлучиле да се предадат и да потпишат договор за предавање на

градот и плаќање на џизија, кое Халид веднаш го прифатил. Веста за тоа како Халид го освоил Кансарин стигнала до халифот Омер, кој потоа рекол:

„Халид е навистина роден командант! Аллах да му се смилува на Ебу Бекр, тој ги проценуваше луѓето подобро од мене. Јас не го сменив Халид поради тоа што чувствував омраза и завидливост кон него, туку поради тоа што луѓето почнаа да го слават, па се исплашив да не почнат да се потпираат на него, а не на Аллах."

Ебу Убејде го поставил Халид за управител на Кансарин и тој тука го поминал остатокот на својот живот.

Ебу Убејде со својата бригада тргнал кон областа Хомс со цел да ја освои комплетната област и да ја придружи кон дотогаш освоената територија. Хама бил првиот град во хомската област којшто го освоил, а тогаш со војската се упатил кон градот Халеп. Опсадата на Халеп траела неколку дена, по што жителите на градот се предале и прифатиле да плаќаат џизија. На ред дошол градот Антакија. Тоа бил еден од најважните центри во Шам, кој некогаш му припаѓал на денешната Сирија, па колонијалните сили ѝ го доделиле на Турција. На Ебу Убејде тој град му бил особено важен поради фактот што во Антакија се сместил византискио император Хераклит. Имено, Хераклит ја зел Антакија за свое седиште со цел да биде доволно блиску до својата војска, но и доволно далеку од бојното поле на сите битки. Меѓутоа, по тешкиот пораз на неговата војска во Јермук и сознанието дека муслиманската војска се движи кон Хомс, тој размислувал за бегство од Антакија. Различни се преданијата за местото на неговото бегство. Во едното од нив се спомнува дека Хераклит тргнал кон местото Едеса или Урфа на северот на Џезира, помеѓу Еуфрат и Тигар, бидејќи арапските христијани му понудиле помош и му ветиле дека ќе го бранат тоа место. Кога за тоа дознал халифот Омер, му пишал на Са'д ибн ебу Векас, кој сè уште бил на Кадисија, и му наредил да испрати војска во Урфа. Са'д испратил војска на чело со Омер ибн Малик кој по пат ги освоил тврдините Хифа и Каркусија, а кога бил во близина на Урфа, дознал дека Хераклит избегал во Константинопол или Цариград. Постојат преданија во кои се спомнува дека тој од Антакија избегал директно во Цариград. Хераклит многу ја сакал Сирија и кога и да одел на аџалак во Ерусалим, секогаш при враќањето би одел по патот преку Сирија. Би застанувал на едно возвишение и би говорел:

„Поздрав до тебе, Сиријо, остани ми во мир и сигурност додека повторно не се сретнеме."

А кога на крајот морал да избега од Сирија, дошол на истото тоа возвишение и рекол:

„Досега те поздравував како патник кој имал намера да ти се врати, а денес те поздравувам како оној кој те напушта засекогаш и не се надева на враќање. Збогум Сиријо! Прекрасна земја за нашиот непријател!“

Пред да стигне Ебу Убејде во Антакија, на некои 5 милји се сретнал со византиските сили и дошло до битка која муслиманските сили ја решиле во своја корист, а поразените Византијци се сокриле во тврдината. Инаку, Антакија имала природна заштита и бариери, бидејќи од исток го опкружувале планини, а од запад високи ѕидини. Но, и покрј тоа, опсадата на Антакија не потрајала долго и нивните жители прифатиле да потпишат договор за примирје и давање на џизија. Ебу Убејде ја добил веста дека една византиска војска се собрала во Ме’аретун-Насрин, североисточно од Халеп, и тргнал со својата војска во тој правец и брзо ги поразил собраните Византијци. Потоа тргнал северно кон градот Карс (Курус), кој се наоѓал на границата на Сирија со Турција, и кој се предал без борба. Ебу Убејде не се задоволил со тоа, туку ја повел војската кон источниот дел на областа и го освоил градот Менбиџ, на реката Еуфрат, а потоа и градот Балис на југот на хомската област. Додека Ебу Убејде со својата војска освојувал град по град во покраината Хомс, му стигнала вест од Амр ибн Ас дека жителите на Ерусалим одбиле да го предадат градот. Ебу Убејде, пред да тргне со својата бригада кон Ерусалим, за привремен наместник во Хомс го поставил познатиот асхаб Убаде ибн Самит и му наредил да ги освои уште трите преостанати пристанишни градови: Латакија, Тартус и Џебела. Убаде прво ја нападнал Латакија и извесно време безуспешно ја држел под опсада. Тогаш ја поделил војската на два дела. Едниот дел ја продолжил опсадата, а другиот, недалеку од ѕидините, ископал длабоки ровови и се сокрил во нив. Потоа Убаде со војската, која му вршела опсада на градот, тргнал во правецот на Хомс, така што жителите на Антакија мислеле дека муслиманите дефинитивно се повлекуваат. Кога паднала ноќта, Убаде повторно се вратил со војската, и во мугри, кога жителите на градот најмалку се надевале, го нападнале градот и го совоиле.

Што се однесува до наместникот на палестинската област Амр ибн Ас, тој со својата војска тргнал од Бејсан кон градот Себтија, Северозападно од Наблус. Се спомнува дека во тоа место е гробот на Аллаховиот пратеник Зекерија (Зехерија), мир над него. Откако ги освоил Себтија и Неблус,

се упатил југозападно и ги освоил градовите Луд и Амвас, а оттаму тргнал на југ кон градот Бејту Џибрин. На тој пат поминал низ Еџнадин и без тешкотии успеал да го освои градот Бејту Џибрин и градот Рефех. Потоа се вратил кон север и го освоил градот Аскалан на брегот на Средоземното Море. Така Амр во втората половина на 15. година по хиџра ја освоил цела Палестина, освен три града: Џафа, Цезарија и Ерусалим (Кудс).

* * *

По освојувањто на Рефех и Аскалан, Амр ибн Ас тргнал директно кон Ерусалим и ја започнал неговата опсада. Ѕидините на Кудс биле огромни и без оглед на малубројнста на византиската војска и жителите во него, тие биле трпеливи во одбраната на својот град поради што опсадата траела многу долго. Кудс бил бескрајно важен град за муслиманите, бидејќи тој е првата кибла кон која се свртувале во намазот, а потоа трет свет град, по Мека и Медина, а оттаму Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, во текот на ноќното патување е воздигнат на небото. Амр ибн Ас ги употребил сите свои способности, воени итрини и тактика во освојувањето на тој свет град, но без успех. На крајот одлучил лично да оди во Кудс и да разговара со управителот на градот претставувајќи се како претставник на муслиманите за да открие, низ разговор, која е слабата точка во тврдината за да ја нападнат и да го освојат градот. Управителот на Кудс го примил и долго разговарале и се испитувале еден со друг. Разговарајќи со Амр, управителот се посомневал во идентитетот на својот соговорник, па им рекол на своите совтници:

„Се колнам во Бога, ова е Амр или некој претставник кого тој добро го посоветувал како да разговара со мене.“

Го рекол тоа затоа што одамна слушнал за Амр ибн Ас и за неговата мудрост и дипломатска способност. Поради тоа размислувал да го убие, сметајќи дека муслиманите не може да ги погоди поголема несреќа и зло од тоа да изгубат таков човек каков што е Амр ибн Ас. Амр ги претчувствувал неговите намери, па повторно прибегнал кон итрина и му рекол:

„Јас сум еден од десеттемина претставници кои халифот Омер му ги испратил напомош на Амр ибн Ас. Ако сакаш јас ќе отидам и ќе ги доведам преостанатите деветмина и ако тие се согласат со твоето мислење, знај дека и Амр ќе се согласи со тоа, а ако тие одбијат, ти знаеш што треба да направиш.“

Управителот размислувал за тој предлог и на крајот прифатил, бидејќи сфатил дека е подобро да убие десетмина такви претставници, отколку само еден. Кога Амр изглегол од Кудс и тргнал кон својата војска, муслиманите го дочекале со текбири и управителот сфатил дека е измамен, па рекол: „Ме измами! Се колнам во Бога, тој е најинтелигентниот и најитриот човек што сум го сретнал."

Потоа Амр се заколнал во Аллах дека никогаш повеќе нема да се впушти во таква авантура и кога и да се заколнал во нешто, би рекол:

„Се колнам во Оној Кој ме спаси од управителот на Кудс...!"

Кратко потоа на Амр ибн Ас му дошол напомош Ебу Убејде со својата бригада, потоа Халид ибн Велид од Кансарин, Шурахбил ибн Хасене од Јордан и со заеднички сили ја продолжиле опсадата на градот. Жителите на Кудс согледале дека муслиманите нема да се откажат од опсадата и им било јасно дека по падот на сите околни градови тие нема да можат да го сочуваат Кудс, па одлучиле да му го предадат на муслиманите.

## Халифот Омер ги прима клучевите на Кудс

За да го предадат градот во муслимански раце, жителите на Кудс поставиле чуден услов. Имено, тие рекле дека клучевите на градот ќе ги предадат исклучиво во рацете на човекот кој одговара на описот од нивните свети книги. Меѓу останатото, една од неговите особини била и таа името да му биде со три букви, така што асхабите заклучиле дека тоа може да биде само халифот Омер (арап. عمر). Ебу Убејде веднаш му испратил писмо на Омер и го известил за условите за предавањето на Кудс, па халифот тргнал од Медина за да ги преземе клучевите и од третиот свет град. За свој намесник во Медина го оставил Али, а одлуката за тоа ја донел откако се советувал со Осман и со Али за своето заминување во Кудс. Осман бил против неговото заминување во Палестина, а Али бил за тоа халифот да оди и да ги преземе клучевите на Кудс. Тоа превагнало во изборот на Халифот на Али за свој намесник во Медина. Постои и предание, и според тоа и мислење дека жителите на Кудс не го барале Омер да дојде за да му ги предадат клучевите на Кудс, туку тоа од него го барал Ебу Убејде, кој во тоа видел добра можност халифот заедно со муџахидите да го прослави освојувањето на Кудс. Различни се преданијата и за тоа како халифот Омер влегол во светиот град. Едно од најпознатите и најраширени преданија е она во кое стои дека Омер на патот до Кудс тргнал со својот слуга и дека имале само една јаваница, па

јавале наизменично. Пред самиот Кудс, редот дошол на неговиот слуга, така што халифот Омер влегол во градот водејќи го коњот на којшто јавал неговиот слуга и со обувките во рацете, бидејќи претходно морал да ги соблече за да го прегази мочуриштето преку кое морале да прејдат. Кога патријархот Софроние ја видел таа глетка, рекол:

„Вашата држава ќе остане вечно, бидејќи неправедната власт трае еден час, а праведната до Судниот час.“

Кога Ебу Убејде го видел Омер во таква состојба, му се доближил и му рекол:

„Чуму тоа, водачу на правоверните! Ова е твој ден и треба да се појавиш пред жителите на Кудс во полн сјај. Не му доликува на халифот да влезе во Кудс во таква скудна облека и со обувките во рацете и да ги прими клучевите на градот.“

Тогаш халифот го удрил по градите и рекол:

„Да ми го речеше тоа некој друг, Ебу Убејде, не би се чудел. Ти знаеш дека бевте понижени, презрени и слаби, па Аллах ве возвиши со исламот. Се колнам во Аллах, кога и да барате достоинство освен во исламот, Аллах ќе ве понижи.“

Халифот Омер не ѝ придавал многу внимание на облеката и на својот надворешен изглед, туку за славата и достоинството му благодарел на Аллах, а сета големина и достоинство го гледал во исламот. Исто така се спомнува дека халифот Омер не влегол во Кудс директно, туку прво наминал во Џабије, бидејќи таму била муслиманската војска која му подготвила исклучителен дочек. Имено, Омер го дочекала построената муслиманска војска, а во првиот ред стоеле командантите Ебу Убејде, Халид ибн Велид, Језид ибн ебу Суфјан, Шурахбил ибн Хасене и други, и сите неизмерно се израдувале за неговото доаѓање. Ебу Убејде прв му се доближил на халифот и побрзал да му ја баци раката, а халифот истиот момент се наведнал да му ги баци нозете на Ебу Убејде, по што Ебу Убејде се оттргнал, па и Омер ја повлекол својата рака. Тоа било израз на понизност на двајцата угледни асхаби на Аллаховиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, кои вистински се сакале и се почитувале во име на Аллах. Во Џабије Омер на собраните муслимани им одржал трогателен говор во кој, меѓу останатото, рекол:

„О, луѓе, поправете ја вашата внатрешност и ќе се поправи и вашата надворешност, грижете се и работете за оној свет, нема да ви фали од овој

свет. Кој сака да го почувствува џенетскиот мирис и уживање, нека се држи до џематот[128], бидејќи шејтанот е со човекот којшто е сам, а кога се двајца, тој е веднаш подалеку.“

Штом управителот на Кудс дознал дека халифот Омер стигнал во Џабије, веднаш испратил свој претставник да го договори предавањето на градот и да потпишат договор во кој на жителите на Кудс ќе се осигураат нивните права. Халифот Омер на најубав начин го дочекал византискиот претставник и во таа прилика и двете страни го потпишале текстот на договорот или подобро кажано, повелбата за граѓанските права. Еве дел од текстот од тој договор:

„*Во името на Аллах, Милостивиот, Сомилосниот!* Ова е гаранција и ветување кое Аллаховиот роб, Омер ибн ел-Хатаб, водачот на правоверните, им ја дава на жителите на Кудс. Им дава сигурност и гаранција во поглед на нивните животи, имоти, цркви и крстови. Муслиманите не смеат да ги населуваат нивните цркви, ниту да ги уриваат, ниту смее од нив и од нивното земјиште нешто да се одземе и намали, како ни од нивните приватни имоти. Жителите на Кудс не смеат да се присилуваат да ја напуштат својата вера, ниту на некој од нив смее да му се нанесе било каква штета. Во Кудс, Евреите не смеат да живеат со христијаните.[129] Жителите на Кудс се обврзуваат на плаќањето џизија како и жителите на другите градови, а ако некој сака доброволно да го напушти Кудс заедно со Византијците, тој може да го стори тоа и со себе да го понесе својот имот и верски реликвии, а ние му гарантираме безбедно напуштањет на градот. Она што го содржи овој документ е, всушност, гаранција од Аллах, Неговиот Пратеник, муслиманскиот водач и од сите муслимани, доколку жителите на Кудс ја платат џизијата на која се обврзале. Сведоци на овој договор и оваа гаранција се Халид ибн Велид, Амр ибн Ас, Абдурахман ибн Ауф и Муавије ибн ебу Суфјан.“

Овој договор е доказ за крајната благонаклонетост и толерантен однос на муслиманите кон жителите на Кудс. Потоа, клучевите на градот се предадени во рацете на Омер и муслиманите одвај чекале да влезат во светиот град за да го видат Месџидул-Акса и местото од каде што Пратеникот,

[128] Џемат – заедница. (Заб. на прев.)

[129] Тоа било барање на христијаните кое Омер го прифатил, бидејќи Евреите им вршеле насилство на христијаните во Персија. (Заб. на авторот)

Божјиот мир нека биде над него, е воздигнат на небото и во местото каде што клањал намаз како имам на сите пратеници. Муслиманската војска, на чело со халифот Омер, достоинствено тргнала кон Кудс за да влезе во него победоносно и горделиво, на база на Аллаховиот шеријат, воспоставување на правдата, слободата и сигурноста за сите нејзини граѓани.

Кога халифот Омер оддалеку го видел градот, се искачил на едно бречче и извикал:

„*Аллаху екбер*!, а сите муслимани по него гласно го повториле текбирот, поради што тој рид бил наречен *Текбир-рид*. Халифот Омер влегол во Кудс ноќе и влегувајќи во градот наредил да му го доведат Каб ел-Ахбар, Евреин кој го примил исламот, за да го праша каде точно се наоѓаат темелите на Месџидул-Акса, бидејќи насетил дека намесникот на Кудс се обидува да го измами во врска со неговото вистинско место.

Имамот Табери спомнува едно предание за тој настан:

„Кога муслиманите го нашле местото каде бил Месџидул-Акса, виделе дека христијаните на тоа место направиле ѓубриште, како што Евреите направиле со местото Ел-Кумаме, за кое христијаните веруваат дека тука бил распнат на крст Иса, мир над него. Тоа место било очистено тогаш кога христијаните го освоиле Кудс, околу тристотини години пред пратеништвото на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, и тука изградиле голема црква по барање на Хелена (Елена), мајката на царот Константин. Имено, мајката на Константин, Хелена, која уживала голем углед во царството, барала од синот за сите христијани да изгради црква во Бејтул-Лахм (Бетлехем), во местото каде што е роден Иса, мир над него, а за себе дала да се изгради друга црква, на спомнатото место Ел-Кумаме во Ерусалим, кое христијаните го сметале за гробот на Иса, мир над него, додека, за да им се одмаздат на Евреите, местото на еврејската кибла, т.е. Бејтул-Макдис, го зеле за ѓубриште.“

Откако Омер го пронашол местото на некогашната џамија, тој заедно со своите асхаби ја очистил и тука во михработ на Давуд (Давид), мир над него, клањал два реката техијетул-месџид.[130] Кога настапило времето на сабах-намазот, наредил да се изрецитира езанот за сабах и тоа бил првиот

[130] Техијетул-месџид – посебен вид на намаз кој муслиманите ги извршуваат при влегување во џамија. (Заб. на прев.)

езан во Кудс. Халифот Омер го клањал сабах-намазот како имам и на првиот рекат го рецитирал поглавјето Сад. Направил сеџда кај ајетот во кој се спомнува сеџдата на Давуд, а на вториот рекат рецитирал делови од поглавјето Ел-Исра, а потоа продолжиле да го чистат просторот каде што некаде била џамијата. Потоа, халифот наредил да се почне со изградбата на Месџидул-Акса, од која останале само до темел урнатите ѕидови и ништо повеќе. Пред изградбата, Омер повторно се советувал со Каб ел-Ахбар за местото каде ќе ја гради џамијата, па тој му предложил да ја изградат пред карпата (ес-сахрету), бидејќи Кудс се наоѓа северно од Мека и ако ја изградат џамијата зад карпата, таа би се испречила помеѓу клањачите и киблата. Омер така и постапил. Првата изградба на Месџидул-Акса датира уште од далечната историја, бидејќи таа е изградена 40 години по изградбата на Ќабата. Имено, во хадисот кој го пренесува Ебу Зер ел-Гафари стои:

„Го прашав Аллаховиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, за првата џамија која е изградена на Земјата, па ми рече дека тоа е Ќабата во Мека или Месџидул-харам. Потоа го прашав која е втората по ред џамија изградена на Земјата, па ми рече дека тоа е Месџидул-Акса која е изградена 40 години по Ќабата. Потоа Мухамед, Божјиот кир нека биде над него, рече: ‚Ебу Зер, мене целата земја ми е направена џамија, па каде и да те затекне намазот, ти клањај.'" (Муслим)

Од хадисот јасно може да се заклучи дека Месџидул-Акса како и Месџидул-харам ги изградил Ибрахим (Авраам), мир над него, бидејќи тој живеел во Палестина и дека џамијата е изградена во неговото време. Интересно да се спомене е дека халифот Омер влегол во Кудс во месецот реџеб 16. година по хиџра, така што Омеровото освојување на Кудс се случило во истиот месец во кој Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, ги доживеал Исра' и Мираџ, што е многу извонредно, посебно кога се земе предвид дека подоцна Салахудин Ејуби го ослободил Кудс во 27. реџеб и им го вратил на муслиманите откако христијаните ги окупирале и неправедно владееле со него 91 година. Џамијата е позната во историјата и како Бејтул-макдис (Света куќа), а првпат е наречена Месџидул-Акса (Крајна или далечна џамија) по објавата на ајетот од поглавјето Ел-Исра: **„Возвишен нека е Тој што во еден дел од ноќта го пренесе Својот роб од Месџидул-харам во Месџидул-Акса, чија околина ја благословивме, за да му покажеме некои од Нашите знаци..."**, што значи дека Аллах така ја наре-

кол. Така е завршено освојувањето на светиот град Кудс. По четири години војување и големите битки во Шам и Палестина конечно станала исламска земја. По освојувањето на Кудс, Ебу Убејде се вратил во Хомс, халифот Омер во Медина, Шурахбил во Јордан, Језид ибн ебу Суфјан во Дамаск, а Амр ибн Ас останал во Палестина.

Настапила 17. година по хиџра и Ебу Убејде живеел во Хомс, кога некои арапски христијани и Византиџи кои живееле во Џезира, помеѓу Тигар и Еуфрат, со огромна војска тргнале на Хомс. Успеале да го опколат градот и барале од муслиманите да се предадат и да го напуштат градот. Ебу Убејде се борел против нив од тврдината и применувал различни тактики, но никако не му тргнувало од рака да го разбие непријателскиот обрач и да ја прекине опсадата на градот. Кога веста за опсадата на Хомс стигнала до халифот Омер во Медина, тој веднаш му пишал на Са'д ибн ебу Векас, намесникот на Ирак, да испрати засилување во Шам. Са'д испратил два корпуса во правецот на Шам. Едниот корпус имал задача да ја нападне Џезира, и бил поделен во три бригади со кои командувале Сухејл ибн Адиј, Ијад ибн Ганем и Абдулах ибн Абдулах ибн Утбан, а вториот корпус, под команда на Ка'ка ибн Амр, имал задача да оди директно во Хомс и да ја нападне непријателската војска од зад грб. Меѓутоа, Ка'ка ибн Амр, пред да стигне на дестинацијата, ја добил веста дека муслиманите успеале да го разбијат обрачот и да ги поразат бунтовниците. Во таа прилика муслиманите убиле голем број на непријателски војници а освоен е и голем воен плен. Ебу Убејде бил во дилема околу поделбата на воениот плен, бидејќи не знаел дали воениот плен ѝ припаѓал и на војската која ја повел Ка'ка ибн Амр кон Хомс, а која не учествувала во борбата. Таа дилема ја решил Омер, кој наредил и на муслиманската војска од Ирак да ѝ се подели дел од воениот плен, бидејќи тие со самото свое присуство на територијата на Шам му задале страв на непријателот, а освен тоа тргнале во Хомс исклучиво поради џихадот, така што и ним им припаѓал воен плен.

## Она што не го можеле Византијците, го направила чумата во Амвас

Во почетокот на осумнаесеттата година по хиџра се случило страотно збиднување во Шам. Имено, во таа година во градот Амвас се појавила лошата болест – чумата, која со месеци разорувала во Шам, така што се пре-

несла и на другите градови, па дури стигнала и до Басра во Ирак. Страотниот биланс на таа епидемија била таква што од вкупниот број на муслимани кои живееле во Шам по неговото освојување, а ги имало 36.000, умреле повеќе од 25.000. Така чумата за кратко време однела повеќе муслимански животи отколку сите битки против неверниците, од големата Битка на Бедр која ја предводел Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, па до пресудната битка за Шам на Јермук. Веста за опасната болест го загрижила халифот Омер кој, кога веќе не можел да стори ништо за да го спречи ширењето на болеста, одлучил барем да го извлече од Шам намесникот Ебу Убејде, бидејќи тој како командант бил од пресудно значење, посебно кога се знае дека муслиманите во Персија сè уште војувале и ги воделе одлучувачките битки против Персијците и кога луѓето како Ебу Убејде ги имало сè помалку. Со таа намера тој му испратил писмо на Ебу Убејде во кое стоело:

„Ес-селаму алејке! Ова мое писмо и мојата одлука се важни и за мене и за тебе, па однесувај се така кон него. Кога ќе го прочиташ, немој да одложуваш ниеден момент, туку веднаш тргни за Медина. Ако влезеш во Медина во текот на ноќта, немој да ја чекаш зората, туку веднаш дојди кај мене, а ако влезеш во текот на денот, не ја чекај ноќта, туку веднаш намини кај мене.“

Ебу Убејде ја сфатил намерата на Омер, па рекол:

„Аллах нека ти прости, Омер!“

Потоа напишал писмо со следнава содржина:

„Заповеднику на правоверните! Јас ја разбирам твојата потреба од мене како командант и советник, но јас сум само еден од муслиуманските војници и не сакам да се разликувам од нив. Затоа и не помислувам да ги напуштам во овој тежок момент, додека не се исполни Аллаховата одредба. Поради тоа те молам да го примиш моето извинување и да ме оставиш со мојата војска.“

Одговорот на Ебу Убејде го трогнал до солзи и го расплакал халифот Омер, така што муслиманите од Медина помислиле дека му се случило нешто на Ебу Убејде, и некој од нив го запрашал халифот:

„Дали тоа Ебу Убејде умрел па толку плачеш?“

Халифот одговорил:

„Не, но...“

Во друго предание стои дека Омер лично отишол повторно во Шам, но поради чумата не сакал да влез во Амвас, па пред него излегол Ебу Убејде и рекол:

„Дали тоа бегаш од Аллаховата одредба?“

Омер му одговорил:

„Бегаме од Аллахова одредба кон Аллахова одредба.“

Омер не престанувал да размислува и да бара решение и излез од тешката ситуација, па напишал друго писмо и му го испратил на Ебу Убејде. Во писмото стоело:

„Ти со муслиманите си се населил во низинските предели и котлини, можеби излез за вас е да излезете и да живеете во возвишенијата, на чист воздух.“

Писмото на халифот го натерало Ебу Убејде да побара некого што добро ја познава климата во целиот Шам за да изберат место каде што сите ќе се населат. Луѓето му го предложиле човекот по име Тарик ибн Шихаб ел-Буџели, кому Ебу Убејде му наредил да најде место со соодветна клима како што тоа го предложил халифот Омер. Меѓутоа, кога Тарик ибн Шихаб отишол дома за да го подготви својот коњ за обиколка на теренот, ја затекнал својата сопруга смртно болна од чума. Кратко потоа таа умрела, а тој тажен и заплакан се вратил кај Ебу Убејде и го известил за тоа.

Ебу Убејде му се доближил за да му изрази сочувство, но кога Тарик ги погледнал рацете на Ебу Убејде, видел траги на чума на неговите раце и нозе и сфатил дека и тој е погоден од таа болест. Се случило токму тоа од што стравувал халифот Омер. Меѓутоа, потполно присебен и свесен за ситуацијата во која се нашол, Ебу Убејде ги собрал мислиманите од Хомс и им го одржал следниов говор:

„Сакам да ви оставам завештание кое ако го извршувате, непрестајно ќе бидете на добро. Клањајте намаз и давајте зекат, постете го рамазан, извршувајте го хаџот и умрата, делете садака (милостина), препорачувајте им го едните на другите доброто и советувајте ги вашите претпоставени. Немојте да ги мамите и не дозволувајте овој свет да ги упропасти. Оти, оние што се владетели и извршуваат некои функции, нека знаат дека кога би живееле илјада години, повторно ќе го дочекаат ова што го дочекав јас. Аллах на луѓето им ја пропишал смртта и најразумниот од нив е оној што најмногу му се покорува на Аллах, а најучен е оној кој се подготвува за она

што го чека утре. Муаз, преземи го местото намесник и предводи им го на луѓето намазот. Драги браќа, ес-селаму алејкум.“

Кратко потоа, на оној свет починал како маченик доверениkот на исламскиот умет, Ебу Убејде ибн ел-Џерах, во 58. година од животот. Тој оставил аманет да биде закопан во Кудс, меѓутоа, пред смртта се откажал од тоа, бидејќи стравувал луѓето да не го земат тоа за своевидна исламска пракса поведувајќи се по Ебу Убејде.

Откако ја презел должноста намесник, Муаз ибн Џебел ги собрал муслиманите и им рекол:

„О, луѓе, покајте Му се искрено на Аллах од гревовите, бидејќи човекот сигурно нема да Го сретне Аллах како покајник а Аллах да не му ги прости сите гревови. Оној што има некаков долг, нека го врати пред смртта, бидејќи долгот е товар над човечките гради. Ако има такви што не зборуваат со своите браќа муслимани, веднаш нека се помират, бидејќи на муслиманот не му е дозволено да не зборува со својот брат повеќе од три дена, а свртувањето грб на својот брат е голем грев. Браќа муслимани, ние пред малку загубивме голем човек, и јас не знам дека имаше некој со почисти гради во однос на другите муслимани и пооддалечен од омразата од него, ниту знам некого од нас дека бил повнимателен и помилостив кон муслиманите од Ебу Убејде. Затоа, упатувајте Му дова на Аллах и молете Го да му прости.“

Потоа му ја клањале џеназата на благородниот асхаб Ебу Убејде. Во текот на закопувањето на умрениот некои муслимани говореле дека оваа несреќа е слична со несреќата со која Аллах го казнил фараонот и неговите следбеници. Некој тоа му го пренел на Муаз ибн Џебел, кого тоа многу го погодило и налутило, па наредил муслиманите повторно да се соберат и им рекол:

„О, луѓе, да не се плашам дека нема да го дочекам жив крајот на денот, јас немаше да ве собирам. Слушнав дека меѓу вас има и такви кои зборуваат дека оваа болест е слична на казната и несреќата која Аллах ја испратил на фараонот и на неговите следбеници, а се колнам во Аллах, не е така, бидејќи Аллах ги казнувал фараонот и неговиот народ поради нивното неверство, а ова што нè снајде нас не е ништо друго освен милост т.е. мачеништво на Аллаховиот пат кому Аллах го дава кому сака. Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, рекол: ‚*Оној што ќе умре од чума, тој е маченик.*‘ Затоа ви велам, Ебу Убејде и сите други муслимани кои умреле од оваа болест се маченици.“

Муаз ибн Џебел бил во право, ни тој не го дочекал завршетокот на тој ден, умрел како маченик, во 38. (според некои преданија во 33.) година од животот. И според најверодостојните преданија, тој не бил намесник во Шам ниту еден цел ден. Халифот Омер бил целиот скршен од болка и тага кога ја слушнал веста за смртта на Ебу Убејде и Муаз ибн Џебел. Не престанувал да плаче, така што брадата му била влажна од солзите. Бил во тешка положба и можеби за првпат во својот живот бил толку збунет и не знаел што да направи. Откако малку се прибрал и се смирил, испратил писмо во Шам и наредил местото намесник да го преземе Језид ибн ебу Суфјан. Но, не поминало долго и Језид заболел и умрел како трет по ред намесник на Шам во рок од месец дена. Потоа халифот Омер одлучил да го подели Шам на северен и јужен, за намесник на северен Шам го поставил Муавије ибн ебу Суфјан, а за намесник на јужен Шам, Шурахбил ибн Хасене, кој исто така набргу по Језид умрел како маченик. По смртта на Шурахбил, халифот Омер го поставил Муавије за намесник на целиот Шам. Тоа било во 18. година по хиџра, и тој на таа позиција бил сè до халифатот на Хасан и настаните кои посеале сомнеж во младата исламска држава, за да недолго потоа, со Хасановото откажување од халифатот, Муавије стане халиф на исламската држава во 40. година по хиџра.

* * *

По чумата која ја десеткувала муслиманската популација во Шам, муслиманите, поради својата малубројност, живееле во страв од можен напад на Византијците кои биле мнозинско население. На пример, само во Цезареја живееле околку 120.000 Византијци. Но, Аллах во нивните срца влеал страв, така што тие не ни помислувале да им се спротивстават на муслиманите и да ги нападнат. Халифот Омер не сакал ништо да ѝ препушти на случајноста, па испратил засилување и тој самиот повторно тргнал за Шам, што на Византијците дополнително им го зголемило стравот. Всушност, Омер дошол во Шам од две причини: прво, да ги застраши непријателите и да им избие од главата секаква помисла да ги нападнат муслиманите, а втората причина била шеријатска, а тоа е поделба на наследството кое зад себе го оставиле 25.000 муслимани кои умреле од последиците на чумата. Во Шам останал до крајот на 18. година по хиџра, додека не се смирила ситуацијата и не се зголемил бројот на муслиманите. Меѓу многубројните муслимани кои умреле од чума биле: Фадл ибн Абас, братучед на Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, Ебу Џендел, синот на Сухејл ибн Амр,

Харис ибн Хишам, братот на Ебу Џехл, кој по примањето на исламот тргнал со муслиманската војска за Шам и предводел седумдесет членови од своето семејство, од кои само четворица ја преживеале чумата, потоа Ебу Малик ел-Еш'ари, повеќе од триесет синови на Халид ибн Велид, потоа сопругата и синовите на Муаз ибн Џебел и многу други познати асхаби и асхабијки.

По престанокот на чумата, на крајот од 18. година по хиџра, на муслиманите им останал уште само еден град кој не го освоиле. Тоа бил градот Цезареја. Имено, до крајот на 16. година по хиџра, Муавије успеал да го освои Триполи, како командант на претходноцата во војската на својот брат Језид, а исто така и градот Џафа. Цезареја пружала отпор од 16. па сè до пред крајот на 18. година по хиџра, бидејќи била силно утврдена, а освен тоа отежнувачка околност за муслиманите била и тоа што градот се наоѓал на брегот на Средоземното Море и броел 120.000 војници кои се собрале тука по поразот на Јермук. Византијците сакале по секоја цена да задржат за себе еден дел од Шам, за да можат оттаму да водат војна против муслиманите. Меѓутоа, по вториот пораз во Хомс, повеќе не размислувале тие да напаѓаат први, но не сакале ни да го предадат градот. Муавуј ибн ебу Суфјан со својата војска безуспешно вршел опсада на Цезареја повеќе од шест месеци, сè додека една ноќ не дошол кај него некој Евреин Јозеф и му рекол на Муавије:

„Гарантирај ми сигурност мене и на моето семејство, а јас ќе те упатам како да го освоиш градот."

Потоа тој под ѕидините на градот му покажал на Муавије канал низ кој течела вода, а кој водел директно во градот. Не потрајало долго, а муслиманската војска на чело со Муавије ибн ебу Суфјан била во внатрешноста на ѕидините на Цезареја. Кога влегле во градот, Муавије изговорил текбир, а муслиманите сите во еден глас повториле по него. Отпрвин на Византијците ништо не им било јасно, а откако виделе дека муслиманите се пробиле во градот, завладеала општа паника меѓу нив и мнозинството од нивната војска навалиле кон каналот за да избегаат и да извлечат жива глава, но таму ги дочеката муслиманската војска и дошло до крвав бој во кој загинале повеќе од 80.000 Византијци. Кога таа вест стигнала во Медина, халифот Омер заедно со жителите на Мека гласно изговарале текбири и му благодареле на Аллах за победата која муслиманите повторно ги вратила во живот по страшната болест која посеала смрт во нивните редови.

Така во 19. година по хицра целиот Шам бил во муслимански раце, а големото Византиско царство полека, но сигурно, паѓало на колениці.

# Освојувањето на Египет

Абдурахман ибн Каб ибн Малик пренесува дека Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, им рекол на асхабите: „Кога ќе го освоите Египет, ви препорачувам убаво да се однесувате кон Коптите и да им правите добро, бидејќи со нив нѐ врзува крвна и сватовска врска.“ (Хадис)

Имамот Ез-Зухри рекол: „Крвната врска по Хаџер (Агара), мајката Исмаил, мир над него, а сватовската по Марија, Копткаta која мукавкисот му ја подарил на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, и која му го родила синот Ибрахим.“

## Исламската војска во земјата на пирамидите

Пред да почнеме да пишуваме за муслиманскиот поход и освојувањето на Египет под водство на Амр ибн Ас, ќе се осврнеме накратко на египетската историја и општествено-политичките прилики во него пред исламските освојувања. Тоа ќе ни помогне подобро да ги следиме освојувањата и да направиме споредба помеѓу исламското и другите освојувања на Египет и да овозможиме да ги откриеме сите позитивности и негативности на многубројните владетели и различни империи кои се сменувале на турбулентната египетска територија низ неговата долга историја, како онаа пред, така и онаа по нашата вера.

Едно од најкрвавите освојувања на Египет се случило во 525. година пред новата ера, а го извел Персискиот владетел Камбиз II. За тој напад тој мобилизирал огромна војска, а му помагале и Евреите од Персија и Шам, на кои за возврат им дозволил изградба на нивен храм во Ерусалим. Освен тоа, оние Евреи кои биле во египетската војска ги искористил и како петтоколонаши. Подоцна му се приклучил и Грkот Фанис, кој ја предводел групата платеници во египетската војска. Камбиз II ја искористил прилично тешката и конфузна ситуација во Египет, по смртта на тогашниот фараон Амасис II, кого, непосредно пред битката, го наследил младиот и неискусен син Псаметих III. Копнените сили на Камбиз тргнале од Газа, а морската флота од Ака. Кај древниот град Пелуза (ар. Ферма), кој денес не

постои, тој целосно ја поразил војската на Псаметих III, потоа ги поразил кај Ајну Шемс за на крајот потполно да ги докрајчи кај Мемфис. Ова го напомнуваме поради тоа што, неколку века подоцна, истиот тој пат ќе го користи Амр ибн Ас при освојувањето на Египет. Маршрутата им била иста, но методата и постапката кон египетскиот народ не биле ни слични.

Фараонот Псаметих III е заробен во Мемфис, а неговиот главен град паднал во рацете на варварските хорди на Камбиз. За што повеќе да го понижи фараонот, Камбиз ѝ наредил на неговата ќерка и на останатите девојки и жени, да облечат проѕирни фустани низ кои потполно се гледало нивното тело небаре се голи, и така да им носат вода на неговите војници. Фараонот Псаметих III од тага заплакал, по што Камбиз им наредил на своите војници да го убијат. Камбиз сакал да го продолжи освојувањето, меѓутоа, Египќаните успеале да соберат нови сили и да ги поразат, така што тој бил присилен да избега со војската од бојното поле. Откако собрал свежи сили, тој повторно тргнал кон Египет, но бурниот ветер ги замајал во пустината него и неговата војска, така што никој не преживеал. Во некои преданија се спомнува дека Камбиз, кога видел дека нема излез, извршил самоубиство.

Персијците го нападнале и опустошиле Египет и во 341. година пр.н.е., но не останале долго во Египет, бидејќи во 334. година пр.н.е. ги поразил Александар Велики. Тој со својата војска тргнал од Грција, ги преминал Дарданелите и кај реката Граник, која се влева во Мраморното Море, им нанел тежок пораз на Персијците. Потоа ја преминал Анадолија, потоа заливот Искендерун и кај местото Иса повторно ги поразил Персијците. Персискиот владетел Дариј III избегал во Вавилон. Александар Велики тргнал кон југ и го освоил Шам, а потоа со 40.000 војници тргнал на Египет. Од Газа тргнал по истиот пат како и Камбиз пред него и Амр ибн Ас по него, и во 332. година пр.н.е. перскискиот владетел му се предал без борба. Подоцна го изградил градот Александрија, а потоа се вратил западно кон Мемфис, сакајќи да го продолжи освојувањето на Египет. Меѓутоа, тоа не му тргнало од рака бидејќи заболел од маларија и умрел во 323. година пр.н.е во 33. година од животот, по што и неговата држава се распаднала.

* * *

Во времето на византискиот цар Фокас (602.-610.), Персијците повторно тргнале на Египет.

Имено, тогашниот цар Первиз испратил војска во Шам и во Египет и неговата војска ги освоила и потполно ги опустошила тие земји, ги урнала сите цркви во Палестина и Шам, убиле голем број христијани, а голем број зеле како робје, во што повторно сесрдна помош им пружале Евреите. Во тоа време во Александрија патријарх бил Иван Милосрдник и тој управувал со Египет десет години. Умрел во Кипар (Кубрус) бегајќи од Персијците, а Александриската патријаршија била седум години без водство, додека христијаните се сокривале пред Персијците како што знаеле и умееле. Персијците ја освиле Александрија во 617. година, а Египет во 618. година и владееле со Египет околу десет години. Кога во 610. година византискиот престол го презел Хераклит, тој ги поразил Персијците и ја вратил Александрија. И не само тоа, за да ја покаже својата надмоќност, тргнал со војската и го освоил главниот град на Персија, Ктесифон, и ги натерал Персијците да ги напуштат сите земји кои ги освоиле така што тие го напуштиле Египет во 627. година кога повторно го презеле Византијците.

Што се однесува на муслиманите, тие знаеле дека Византијците ќе ги победат Персијците, бидејќи Аллах ги известил за тоа преку Објавата. Поради тој важен настан, целото куранско поглавје го носи називот Ер-Рум (Византијци), и на почетокот на тоа поглавје стои: **„Елиф-лам-мим. Византијците се победени, во најблиската земја, но тие, по поразот свој, сигурно ќе победат за неколку години – и пред и потоа, Аллахова е одлуката – и тогаш верниците ќе се радуваат...“**

Се пренесува дека Ебу Бекр со тој ајет ги предизвикувал многубошците кои ги поддржувале Персијците кои биле идолопоклоници како и тие, а муслиманите сакале да победат Римјаните, бидејќи тие биле следбеници на Книгата. Во една пригода тој пред идолопоклониците рекол:

„Византијците ќе ги победат Персијците.“

На тоа еден од водачите на неверниците, Убеј ибн Халеф, рекол: „Лажеш“, а Ебу Бекр му возвратил:

„Ти лажеш, Аллахов непријателу.“

Потоа, тој се обложил со идолопоклониците дека тоа ќе се случи за седум години. Кога поминале седум години, не се случила победата, па муслиманите биле разочарани. Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, ги запрашал асхабите што подразбитаат тие под синтагмата *бид’а*

*синин* – неколку години, па рекле дека тоа е помалку од десет години. Тогаш Пратникот, Божјиот мир нека биде над него, рекол:

*„Додајте уште две години на претходните седум“*, и откако поминале две години, дошла веста дека Византијците триумфирале над Персијците. Византискиот цар Хераклит во 631. година го испратил бискупот Цирус да го преземе местото патријарх во Александрија. Тој воедно бил и наместник на целиот Египет, пред царскиот двор. Кога Цирус дошол во Александрија, веднаш почнал да ги угнетува Коптите, терајќи ги да го прифатат т.н. калцедонскиот правец во верата и сфаќањето на Исусовата личност. Коптите биле присилени да бираат помеѓу правецот и смртта. Коптите ги мразеле Персијците поради нивното угнетување и насилство и чекале некој да ги избави, но ни доаѓањето на Византијците во Египет не било нешто на кое можеле да се радуваат. Цирус во потполност им ги укинал верските слободи и неговото злоставување траело десет години, сè додека владеел со Александрија и со остатокот на Египет.

Муслиманите го освоиле Египет во периодот 640.-642. година и тоа на начин кој не е забележан во историјата на војувањето, ни пред ни по исламските освојувања. Без оглед на тоа што потоа многубројни војски продефирале низ Египет, ништо и никој не може да ги избрише сјајните траги на исламското освојување кое се случило под команда на Амр ибн Ас, во времето на халифатот на Омер. Тие траги сведочат дека муслиманите, како никој пред нив, праведно и добротворно се однесувале кон Египќаните, поради што многу од нив цврсто го прифатиле исламот и ја изградиле величествената исламска цивилизација и култура и Египет останал муслиманска земја до ден денес, иако на исламската цивилизација ѝ претходеле фараонската, потоа византиската и персиската цивилизација. Владетелот на Египет во времето на појавата на исламот се нарекувал мукавкис, меѓутоа, важно е да се нагласи дека тоа не било лично име, туку титула, звање и почесен назив. Тој збор е од грчко потекло и значи почитуван, возвишен, достоинственик, великан. Овој израз за првпат во исламската историја се појавува во писмото кое Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, му го упатил на египетскиот мукавкис или великодостојник, и владетел на Коптите, а потоа во времето на освојувањето на Египет под командата на Амр ибн Ас. Врз основа на тоа можеме да заклучиме дека постоеле двајца мукавкиси кои ги забележила и запаметила исламската историја. Првиот бил оној кој добил писмо од Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, а се викал Џорџи или

Џурејџ, и тој бил владетелот на Египет пред византискиот двор во Константинопол. Нему Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, му испратил писмо и го повикал во исламот. А што се однесува на вториот мукавкис, тоа бил токму патријархот Цирус кој ги обединил верската и световната власт бидејќи бил патријарх во Александрија и наместник на Египет.

Во тоа време биле актуелни две теолошки учења и две цркви: јакобитската, која верувала дека Иса, мир над него, има една и единствена волја и една природа, божанска, додека византиската црква учела дека Месихот Иса, мир над него, има една волја и две природи, божанска и човечка. Хераклит сакал да ги помири двете спротивставени учења, па му наредил на александрискиот патријарх Цирус да го претстави и афирмира новото учење кое подразбирало дека Иса, мир над него, има една волја, а на луѓето им е забрането да зборуваат за неговата природа. Тоа учење го втемелил Хераклит, па се нарекува и монархистичко, кое го прифатил и патријархот Цирус. Патријархот Бењамин ги наговорувал Коптите да не го прифаќаат тоа учење и тој монархистички правец, па Цирус војувал против нив и ги угнетувал, така што останал запаметен како угнетувач и насилник. По сето тоа, во Египет дошле муслиманите и веднаш на почетокот ги освоиле Пелуза и Билбејс, ги поразиле Византијците кај Ајну Шемс, потоа му вршеле опсада на Бабелјун, древен град близу денешното Каиро, во кој мукавкис бил Цирус, кој избегал на островот Ревда на 6. јуни 641. година, од каде му испратил писмо на Амр ибн Ас барајќи примирје, но неговите луѓе го одбиле тоа и тој се вратил во Александрија, а тогаш Хераклит го сменил и го вратил во Константинопол. Потоа Хераклит умрел и го наследила сопругата Мартина, која го поддржувала патријархот Цирус и таа повторно го вратила во Александрија. Кога повторно ја презел должноста патријарх, Цирус веднаш отишол кај Амр ибн Ас во Бабелјун и им ја предал Александрија на муслиманите и потпишал договор за плаќање џизија. За тоа патријархот ништо не им кажувал на жителите на Александрија додека муслиманите не тргнале кон градот. Кога дознале за тоа, луѓето се собрале пред дворецот на Цирус барајќи негово сменување, по што тој им објаснил дека го сторил тоа за да им ги сочува животите и да им обезбеди сигурност и заштита. Тие тоа го прифатиле, ја собрале џизијата која тогаш Цирус му ја однел на Амр ибн Ас, во месецот мухарем 642. година. Во преданијата се спомнува дека Цирус доживеал длабока старост и дека умрел од дизентерија.

* * *

Првата средба со египетскиот мукавкис се случила во седмата година по хиџра, кога на Худејбија е склоен договорот помеѓу муслиманите и идолопоклониците, со кој е договорено примирје во траење од десет години. Тоа Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, го искористил за да им испраќа писма на владетелите на соседните држави и ги повикал во исламот. Кога се вратиле во Медина, Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, се качил на минберот во својата џамија и рекол:

„Јас сакам некои од вас да ги испратам со писма до владетелите на соседните држави, па немојте да ми противречите како што Израелците му противречеле на Иса. Аллах му објавил на Иса да им испраќа писма на владетелите, па тој ги испратил учениците, кои одбиле да одат во далечните земји, а се согласиле да ги однесат писмата во соседните држави. Учениците своето одбивање го образложиле со зборовите: ‚Ние не го знаеме добро јазикот на народите во чиишто земји нè испраќаш.‘, а тогаш Иса му упатил дова на Возвишениот Аллах велејќи: ‚Господару мој, јас им го наредив на своите ученици она со што ме задолжи, а тие се разидоа со мене околу тоа и почнаа да неведуваат причини.‘ Потоа, Аллах му објавил: ‚Јас сум ти доволен!‘ Утредента секој апостол го знаел јазикот на народот на кој му бил испратен.“

Тогаш мухаџирите му рекле на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него: „Аллахов Пратенику, никогаш во ништо нема да ти се спротивставуваме, па нареди ни и заповеди ни што сакаш.“

Потоа, Хатиб ибн Белта го испратил кај мукавкисот во Александрија, Сеџд ибн Вехб ел-Есд го испратил кај царот во Персија, Дихја ибн Халиф го испратил кај византискиот император Хераклит, а Амр ибн Ас кај владетелот на Оман. За средбата со мукавкисот Џурејџ, Хатиб ибн Белта вели:

„Се упатив за Египет и кога стигнав до портата на дворецот на неговиот владетел, ме запреа стражарите и ме прашаа: ‚Од каде доаѓаш?‘ Им одговорив: ‚Јас сум претставник на Аллаховиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него.‘ Кога го слушнаа тоа, побараа дозвола од мукавкисот да ме прими и тој тоа и го стори. Влегов во неговиот дворец и го затекнав на престол украсен со злато и скапоцени камења, а тогаш неговиот стражар ми рече: ‚Брате Арапе, каде е твоето писмо?‘ Јас го извадив писмото кое мукавкисот го зеде од мојата рака, потоа го стави на своето лице и рече: ‚Добредојде писмо од арапскиот Пратеник‘, потоа му го прочитал неговиот министер, а потоа мукавкисот му рекол да го прочита на глас, бидејќи

,тоа писмо е од благороден човек.‘ Министерот го прочитал писмото, а тогаш мукавкисот му наредил да донесе еден ковчег од кој извадил еден стар ракопис на кој биле впишани особините на сите Аллахови пратеници од Адем до Мухамед, Божјиот мир нека биде над него. Потоа ми рече: ,Опиши ми го Мухамед.‘ Му реков: ,А кој може да ги опише сите детали?‘ Тој одговори: ,Мора да го сториш тоа.‘ Јас тогаш станав и почнав да го опишувам Мухамед, Божјиот мир нека биде над него: ,Тој е изразито убав, отмен и висок, со правилни црти на лицето, помеѓу неговите плешки се наоѓа пратеничкиот белег. Кога ќе се појави меѓу луѓето, тој блеска како полна месечина, понизен е и скромен, чеден и морален, искрен и јасен во говорот, со најубав мирис, високо чело, рамни образи, нежни усни, црни очи, долги и тенки веѓи, кожата му е понежна од свила, исклучително е елоквентен, од благороден род и совршен морал.‘ Мукавкисот го гледаше ракописот кој го држеше во рацете, и кога заврши, рече: ,Вистината ја кажа, тоа се неговите својства.‘ Потоа му напиша писмо на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, подготви богати подароци за него, а потоа ме бакна меѓу очите велејќи: ,Исто вака бакни го Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, за мене и пренеси му селами од мене. Јас знам дека тој ќе ја освои оваа земја, но тоа не сакам да им го кажам на Коптите.‘“

* * *

Муслиманското освојување на Египет не било туку-така и без ред, туку му претходела до детали подготвена акција која имала своја основа во верски, воени и политички причини. Што се однесува до верските причини, тие се манифестирале во желбата на муслиманите светлината на исламот да ја пренесат на сите страни на светот и неопходноста за исполнувањето на тој аманет, за да имаат оправдување кај Возвишениот Аллах на Судниот ден. Во тој поглед, предвесник им било токму писмото на Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, кое го испратил во мирнодопски услови и го повикал египетсткиот владетел во исламот. Потоа, по Пратениковата смрт, и Ебу Бекр го испратил Хатиб со слично писмо кај мукавкисот, а халифот Омер го испратил Каб ибн Адиј ет-Техуни и мукавкисот секојпат се задоволувал само со убавите подароци и коректната постапка кон муслиманските претставници. А кога Египет паднал во рацете на Византијците, било природно муслиманите да водат борба против нив, бидејќи тие биле пречката помеѓу Египќаните и нивното повикување во исламот. Освен тоа, муслиманите знаеле за хадисите на Аллаховиот Пратеник, Божјиот

мир нека биде над него, кои говореле за освојувањето на Египет, кое дополнително ги мотивирало на таква акција. Воените причини исто така барале муслиманите да тргнат во освојувањето на Египет, бидејќи Египет бил јужната граница на Палестина, која муслиманите веќе ја освоиле, и можело да се очекува тие да го освојат и Египет, за да ги избркаат Византијците, како реална закана, до тој дел кој граничел со Палестина. Додатна причина била и таа што византискиот командант и намесник на Палестина избегал во Египет, откако муслиманите ја освоиле Палестина, сакајќи да подготви нови сили за напад на муслиманската војска во Шам. Логично било муслиманите да ја попречат таа замисла и да не им дозволат на Византијците повторно собирање и консолидација на борбените редови. Потоа, Египет бил познат по многубројните тврдини и развиена бродоградба па со неговото освојување муслиманите значително би ја зацврстиле својата позиција и би ги заштитиле северните делови на Шам, кон Средоземното Море. Значи, од воен аспект, било неопходно, по Шам (Сирија, Јордан, Палестина), да се освои Египет и Северна Африка, како што тоа го правеле и Византијците пред нив, бидејќи сите тие области во воено-стратешка смисла се сметале за една заокружена целина. Да не го освоиле муслиманите Египет, на Византијците ќе им бил отворен патот преку Црвеното Море со флота да го нападнат центарот на халифатот во Хиџаз. Кон тоа треба да се додаде и фактот дека Амр ибн Ас бил искусен војсководец кој добро го познавал Египет и неговата положба, а мнозината од неговите војници биле муџахиди од јеменските племиња, посебно од племето Гафик, кои имале огромно искуство во освојувањето на големи тврдини, а освен тоа биле познати и како врвни градители, така што не им било тешко да го освојат Египет и да подготват план за негова сосема нова изградба во духот на исламот. Што се однесува до економските и политичките причини, доволно е да се спомене угнетувањето на домашното население од страна на Византијците и нивната робовска положба во однос на освојувачите, како и постојаните верски конфликти помеѓу Коптите и Византијците. Сето тоа заедно им овозможило на муслиманите да го освојат Египет без поголеми тешкотии.

## Под ѕидините на Бабелјун

По состанокот на халифот Омер со членовите на воениот совет и врховната команда на исламската војска, договорено е Амр ибн Ас, со четири илјади војници, мнозинството коњаници, да тргне во освојувањето на Египет. Амр тргнал со војската од градот Кајсарија и преминувајќи го планинскиот венец Хилал, стигнале во местото Ариш, каде им се придружила уште една група муџахиди. Имено, Амр ибн Ас тргнал од Шам со три илјади и петстотини војници, повеќето од Ака, за во Ариш да им се придружат уште 500 муџахиди од племето Ел-Лах, и Ел-Рашиде. На патот кон Египет ги затекнал Курбан-бајрам, 10. зул-хиџе 19. година по хиџра и Амр ибн Ас за себе и за својата војска заклал курбан, на 29. ноември 640. година. При тој поход се случил еден настан која ја открил природата и карактерот на муслиманскиот војсководец Амр ибн Ас. Имено, на еден муслимански војник среде пустината му пцовисала камилата и тој му се пожалил на Амр дека останал без јаваница, а Амр му рекол да јава со својот другар додека не дојдат до првото населено место. Кога стигнале во Ариш, Амр наредил да му се дадат две камили и во таа прилика рекол:

„Ќе бидете непрестајно на добро сè додека вашите претпоставени бидат сомилосни кон вас, а кога вашите водачи нема да бидат милостиви кон вас, тогаш ќе пропаднете и вие и тие.“

Кога мукавкисот дознал дека муслиманската војска оди кон Египет, веднаш испратил добро вооружана војска да ги дочека муслиманите и да им го спречи влегувањето на египетска територија. Двете војски се судриле во древниот град Пелуза (ар. Ферма), и тоа била првата битка помеѓу муслиманите и Египќаните. Ферма е древен град кој се наоѓал на источната страна на Египет и во времето на фараоните бил тврдина на источната египетска граница. На хебрејски јазик тоа место се нарекувало Баренум, на коптски Берма, од каде Арапите го зеле називот Ферма, додека Византијците тој град го нарекувале Пелуза, што значи мочуриште, бидејќи земјиштето околу градот било натопено со вода поради честите поплави кои настанувале со излевањето на водата од Средоземното Море. Првата битка при освојувањето на Египет била токму во градот Пелуза помеѓу 11. и 20. февруари 641. година. Околу Пелуза имало голема тврдина, така што муслиманите околку месец дена воделе исцрпувачка битка против Византијците додека конечно не ја освоиле на 20. февруару 641. година. Третиот ден по освојувањето на Пелуза, Амр со својата војска веќе бил во местото Кавасир, 100 километри

од Пелуза. Нема сомнение дека конечната цел на Амр бил главниот град на Египет, Александрија, во која тој одел и ја посетувал во предисламскиот период како еден од главните центри на светот во тоа време. Амр ибн Ас, всушност, наумил да одземе секоја педа од египетската земја која дотогаш ѝ припаѓала на Византиската империја. На располагање му биле два пата до таа цел. Еден водел низ делтата на Нил, каде што го чекале многубројни мочуришта поради излевањето на притоките на Нил од своите корита, а вториот бил заобиколен пат, кој до Александрија водел од југ кон запад. Амр, секако, го избрал вториот пат, и тоа од две причини. Првата причина е таа што Арапите биле вешти во патувањето низ пустината, а втората е стравот од излевањето на реките и можните поплави, бидејќи иако тогаш било зима, зачестените зимските дождови го зголемувале нивото на водата во речните корита, поради што доаѓало до нивно излевање и поплави. И од воен аспект изборот на тој пат бил логичен и дури неопходен, бидејќи на патот за Александрија постоеле многу тврдини кои морале да се освојат пред да се стигне во Александрија, така што непријателската војска нема да им остане зад грбот на муслиманите. Бидејќи Александрија инаку била опколена со многубројни тврдини и ѕидини, првата цел на Амр била тврдината Бабелјун, една од најголемите и најубавите тврдини во Египет, која се наоѓала на левиот брег на реката Нил, помеѓу делтите на Нил и стариот Египет. На таа акција ѝ претходел прецизен и стратешки смислен план. Амр ибн Ас тргнал со својата војска од Кавасир кон тврдината Билбејс, оддалечена 45 километри, и по едномесечна опсада, успеал да ја освои во април 641. година. Потоа тргнал кон градот Уму Дунејн, 7 километри од Билбејс. Кога мукавкисот слушнал дека муслиманската војска освојува тврдина по тврдина и дека се движи во правецот на Александрија, тој лично излегол со својата војска кон тврдината Бабелјун, со која, според преданието, управувал некој куц, но мошне храбар и способен Византиец. И како што веста за муслиманската војска стигнала до мукавкисот Цирус, исто така и патријархот Бењамин, кој се криел во Египет, дознал за напредувањето на муслиманите, па им испратил писмо на Коптите во кои ги известува дека византиската држава пропаднала и дека тие треба да му излезат во пресрет на Амр ибн Ас и да му изразат добредојде. Бењамин сигурно знаел, врз основа на Евангелието, дека муслиманите ќе ги победат Персијците во Ирак и Византијците во Шам и Египет. Помеѓу 20. и 30. април 641. година се одиграла Битката на Ајну Шемс (Хелиополис), недалеку од тврдината Уму Дунејн (Тендонјас). Кога Амр видел колкава византиска

војска се собрала против муслиманите, ја поделил својата војска на три групи: првата група останала кај Уму Дунејн, втората северно од тврдината Бабелјун, а третата во правецот на градот Ајну Шемс. Византијците не знаеле што направил Амр ибн Ас и тие од Бабелјун тргнале директно кон Ајну Шемс, во средба со муслиманите. И кога битката се расплamтила и Византијците помислиле дека лесно ќе ја поразат малубројната група на муслимани, од правецот на Уму Дунејн се појавила друга муслиманска војска која на Византицјите им дошла од зад грб. Кога го виделе тоа, Византијците почнале безглаво да бегаат кон бродовите за да извлечат жива глава. Меѓутоа, немале среќа, само триста нивни војници успеале да избегаат од бојното поле и да се заклучаат во тврдината. Но, стравот ги надвладеал и тие ја напуштиле тврдината и со бродови избегале кон градот Никјос. Така Ајну Шемс и Уму Дунејн премнале во муслимански раце.

Тврдината или градот Бабелјун е изграден на патот помеѓу Мемфис и Хелиопоис, и тука сè уште се наоѓаат остатоци од древниот Египет. Не постојат веродостојни историски податоци за времето на изградбата на тврдината, и без оглед на неговата старост и важност за египетската цивилизација и култура, таа во историјата се спомнува дури во времето на исламските освојувања. Тврдината била изградена на Нил, а до неа се доаѓало со бродови од задната страна. Имала голема врата која се отворала кон огромниот плочник. Околу градот имало уште помали тврдини кон островот Ревда, од другата страна на Нил. Градот Бабелјун се простирал јужно од тврдината, а на северната страна имало градини, бавчи и лозја. Тврдината имала пет ката и била изѕидана од камен варовник. На ѕидините на тврдината биле изѕидани и кули. На секој кат имало по пет прозорци или отвори. Висината на ѕидините околу тврдината била 18 метри. Кога Амр ибн Ас стигнал со војската пред Бабелјун, Византијците веќе ископале голем ров околу тврдината и на ровот направиле премин околу кој поставиле остатоци од железо како бодлив тељ, така што ни пешаците ни коњаниците не можеле да го преминат ровот на тоа место. Бидејќи муслиманската војска била малубројна, Амр ибн Ас повторно ја поделил војската во три групи за да го замае непријателот. Меѓутоа, кога Амр со едната група стигнал до ровот, Византијците го викнале од ѕидините и му рекле:

„Ние видовме што стори ти, со тебе има толку и толку војници“, и го кажале точниот број на муслимански војници. Амр ибн Ас во неколку наврати водел жестока борба против Византијците, но, иако Византијците

биле поразени секојпат, муслиманите не успеале да го преминат ровот, ниту да ја освојат тврдината. Поради тоа Амр му испратил писмо на халифот Омер барајќи засилување, и Омер му испратил четири илјади муџахиди, делејќи ги во четири групи по илјада војници. На секоја група ѝ определил командант кој исто така вредел колку илјада војници, а командантите биле: Зубејр ибн Авам, Микдад ибн Амр, Убаде ибн Самит и Меслеме ибн Махлед. Халифот Омер му напишал писмо на Амр во кое стоело:

„Кога ќе ти стигне засилувањето, со себе ќе имаш дванаесет илјади војници, а дванаесет илјади се непобедливи."

Муслиманите шест месеци безуспешно ја држеле под опсада тврдината и осамнувале под ѕидините на Бабелјун, а тогаш Зубејр ибн Авам му предложил на Амр да ја поделат војската на два дела и, кога Византијците ќе излезат да се борат, едната муслиманска војска да ги нападне од зад грб. Амр го прифатил тоа, и кога една византиска бригада излегла во борба, муслиманите ги нападнале од двете страни и целосно ги поразиле, така што само мала група од нив се вратиле во тврдината. Мукавкисот почувствувал дека му се ближи крајот, па испратил претставници со писмо во кое му напишал на Амр:

„Вие сте влегле длабоко во нашата земја и вашиот престој се оддолжил. Вашата упорност, иако сте малубројни, ги налутила Византијците и тие подготвиле огромна војска против вас, така што сега сте практично во обрач. Ако сакате спас за себе, испратете ги вашите претставници со предлози кои можеби ќе го прекинат непријателството и ќе ви обезбедат сигурно враќање, пред да ве нападнат Византијците, а тогаш ќе биде доцна."

Амр ги задржал два дена претставниците на мукавкисот за да видат како живеат муслиманите, што го загрижило мукавкисот, па ги собрал своите луѓе и ги прашал:

„Дали тие навистина ги заробуваат и ги убиваат претставниците и дали е можно дека верата им го дозволува тоа?!"

Кракто потоа, Амр ги ослободил претставниците и по нив му испратил одговор на мукавкисот во кој пишувало:

„Знајте дека имате само три можности: да го прифатите исламот и да станете наши браќа, да прифатите да плаќате џизија која ќе ви обезбеди сугурност и заштита на сите права или да се впуштите во борба во која ќе бидеме истрајни додека Аллах не пресуди меѓу нас."

Кога неговите претставници се вратиле, мукавкисот ги прашал:

„Што можете да ни кажете за муслиманите?“

Тие одговориле: „Видовме народ кој повеќе ја сака смртта од животот, и понизноста од гордоста. Ниеден од нив не копнее по овој свет, седат на земја и јадат седејќи на колениците. Нивниот командант е сличен на останатите војници и не може меѓу нив да се распознае угледникот од обичниот роб. Кога ќе дојде времето за молитва, сите се одзиваат, а пред тоа мијат некои делови на телото и во молитвата се многу понизни.“

Тогаш мукавкисот рекол:

„Се колнам во Оној со Чие име се заколнуваме, тоа е војска на која никој не може да ѝ се спротивстави. Ако денес не потпишеме примирје со нив, знајте дека тие потоа нема да прифатат примирје додека не го освојат градот.“

Мукавкисот барал од Амр да му испрати свои пратеници за да разговара со нив и Амр му испратил десетмина, меѓу кои бил и Убаде ибн Самит. Инаку, Убаде бил познат по својата црна кожа, а бил висок два метра, и Амр наредил тој да разговара со мукавкисот, и да не прифаќа ништо друго освен трите услови кои Амр веќе ги понудил. Кога муслиманската делегација дошла до мукавкисот, Убаде ибн Самит тргнал кон неговиот престол, па мукавкисот извикал:

„Тргнете го од мене овој црнец, и дајте да разговарам со некој друг.“

Членовите на муслиманската делегација рекле:

„Тој црнец е најдобриот и најучениот меѓу нас. Тој е наш угледник и нему му припаѓа правото да разговара со тебе, а ние стоиме зад она што тој го вели, бидејќи така ни нареди нашиот командант,“

Мукавкисот ги запрашал во чудење:

„Како можете да се сложите со тоа овој црномурен човек да биде подобар од вас кога тој треба да биде под вас.“

Му одговориле:

„Не е онака како што ти мислиш. Тој навистина е најдобриот, најучениот и најугледниот меѓу нас, а што се однесува на бојата на неговата кожа, таа кај нас не значи ништо.“

Тогаш мукавкисот му рекол на Убаде:

„Прijди, црномурен, и биди благ во својот говор, бидејќи јас се плашам од твојот изгед. Ако бидеш жесток, само ќе го зголемиш мојот страв и презир кон тебе.“

Убаде застанал достоинствено пред мукавкисот и му рекол:

„Слушнав што кажа, и знај дека меѓу моите другари има илјада такви кои се поцрни од мене, и кога би ги видел, ти смртно би се исплашил. Иако не сум млад, јас фала му на Аллах не се плашам од борбата со стотина непријателски војници, а такви се и моите останати другари. Тоа е затоа што наша желба е борба на Алллаховиот пат и стекнување на неговото задоволство, и ние не војуваме против Аллаховите непријатели поради овој свет и желбата да владееме со него, иако тоа Аллах ни го дозволил. Ние не обрнуваме внимание на тоа дали ќе освоиме купишта злато или неколку дирхеми, бидејќи наша овосветска цел е да имаме онолку колку ни е доволно за да ги задоволиме гладот и жедта, и кога не би имале ништо повеќе од тоа, би ни било доволно. А да имавме купишта злато, ние ќе го поделевме на Аллаховиот пат, бидејќи овосветското богатство не претставува вистинска благодат кон која ние се стремиме. Поради тоа Аллах ни наредил, преку Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, да бараме од овој свет само колку што ни е потребно и сето наше тежнеење да биде оној свет, Аллаховото задоволство и борбта против непријателот на Аллаховата вера.“

Тогаш мукавкисот ги запрашал своите дворјани:

„Дали некогаш сте слушнале нешто слично? Досега се плашев само од неговиот изглед, а сега повеќе се плашам од неговите зборови отколку од неговиот изглед. Знајте добро дека овие луѓе се ипратени од Аллах да ја освојат целата земја и прашање на време е кога тоа навистина ќе го направат.“

Потоа му се доближил на Убаде и му рекол:

„О, добар човеку, слушнав што кажа за себе и за своите пријатели и добро знам дека вие не ги освоивте туѓите земји само поради љубовта кон овој свет. Знај добро дека кон вас се тргнати Византијци на чијашто војска ни бројот не ѝ се знае. Тоа се луѓе кои се познати како бестрашни и истрајни борци и сеедно им е кој е непријателот против кого се борат. Знаеме дека вие не можете да им се спротивставите бидејќи сте слаби. Ние чувствуваме сомилост кон вас поради вашата јадна состојба и поради тоа сакаме на секој ваш војник да му дадеме по неколку златници, на вашиот командант стотина, а на халифот илјада, да се вратите живи и здрави во

вашата земја, пред да ве стигне војската на која нема да можете да ѝ се спротивставите.“

На тие итрини на мукавкисот, Убејде одговорил:

„Човеку, не се замајувај себеси ниту своите луѓе! Што се однесува на она со што ни се заканувате, а тоа е бројноста на византиската војска, па тоа е, се колнам во Аллах, токму она кое ние го сакаме и по што копнееме, а ако тие нè победат и бидеме убиени, тоа ќе ни го обезбеди Аллахотово задоволство на Судниот ден, а за нас нема ништо подраго од тоа. Ние наутро и навечер го молиме Аллах да нè почасти со маченииштво и да не нè враќа во нашите куќи и кај нашите семејства, бидејќи никој од нас не се осврнува на она што е зад него, туку нашите погледи, нашите мисли и надежи се насочени кон она што е пред нас и она што неминовно нè чека. А што се однесува до твоите зборови дека ние сме во тешка состојба и дека исклучиво тоа не одвело во џихад, јас сакам да ти кажам дека никогаш досега не сме биле побогати и толку богата држава сме што не би ни сакале да имаме поголемо овосветско богатство. Поради тоа, добро размисли која од трите понудени можности ќе ја избереш. Ако ти и твоите луѓе го изберете исламот, ќе остварите среќа на двата света, а ние ќе ја напуштиме вашата земја. Ако го одбиеш тоа, тогаш си должен да ни плаќаш џизија секоја година сè додека сте под наша власт, а тоа значи дека сте и под наша заштита и ние ќе се бориме против оние што ќе ве нападнат. Ако и тоа го одбиеш, тогаш помеѓу нас и вас нема друг судија освен сабјата, сè додека последниот од нас не умре или додека не ве победиме.“

Мукавкисот налутено му рекол:

„Тоа не е вистина, вие сакате само да нè поробите и ништо повеќе.“

Убаде одговорил:

„Јас го реков своето.“

Кога рекол дека тука нема шега, мукавкисот прашал:

„Има ли уште некоја можност освен овие три?“

Убаде ибн Самир рекол:

„Нема, се колнам во Господарот на небесата и Земјата! Нема ништо друго, па одберете.“

Потоа мукавкисот се свртел кон своите луѓе и рекол:

„Што мислите за ова?“

Одговориле:

„Зарем некој од нас сака вакво понижување?! Тоа што ни нудат да го прифатиме исламот, ние никогаш нема да ја напуштиме верата во Месихот, а да прифатиме вера која не ја познаваме. Што се однесува до нивните желби да нè направат робови, знај дека смртта ни е подрага од тоа, и да им дадеме стопати повеќе од она што им го понуди, тоа ни е полесно.“

Мукавкисот им рекол:

„Послушајте ме и прифатете едно од трите решенија кои ви ги нудат, оти, се колнам во Аллах, вие немате сила да им се спротивставите, и ако не прифатите една од трите понудени можности, тогаш подоцна ќе морате да ја прифатите четвртата, која за вас ќе биде мачна и поразувачка. Јас не ви наредувам да ја прифатите нивната вера и да ја напуштите вашата, но не ви ја препорачувам ни борбата, бидејќи знам дека немате шанси против муслиманите, затоа прифатете го она што преостанало.“

Рекле:

„Зар да бидеме робови до крајот на животот?“

Мукавкисот им рекол:

„Да, бидете робови кои ќе живеат во својата држава сигурни за своите животи, имоти и чест. Тоа ви е подобро отколку сите да загинете или да бидете робови кои ќе се продаваат од град до град и кои ќе бидат потполно понижени.“

## Бестрашниот асхаб Зубејр ибн Авам

Византиската војска ископала широк ров околу тврдината Бабелјун и на ровот направиле врати или премини за да можат да излегуваат и да влегуваат во тврдината, а освен тоа поставиле и железни пречки околу вратите поради сигурност. Историчарите не ги спомнале местата околу ровот на кои биле направени вратите, но може да се заклучи дека тие отвори биле наспроти вратите на самата тврдина и дека не можело да има помалку од три врати. Подоцна под ѕидините на тврдината, во правецот на местото каде била северната врата, изградена е џамијата Амр ибн Ас, а во правецот на јужната врата изграден е голем пазар. На тоа место Нил досегнувал до ѕидините на тврдината, точно таму каде денес се наоѓа црква. Опсадата на тврдината се оддолжила и победата која муслиманите толку ја очекувале

одеднаш станала неизвесна, без оглед на тоа што ги победувале Византијците при секое нивно излегување од тврдината.

Во еден момент, кога тоа никој не го очекувал, Зубејр ибн Авам им рекол на муслиманите:

„Јас денес сакам да се жртвувам во име на Аллах и се надевам дека тоа ќе им помогне на муслиманите да ја освојат тврдината.“

Потоа им наредил на муслиманските војници да му помогнат да стави дрвени скали на еден ѕид од тврдината и кога ќе го слушнат неговиот текбир од внатрешната страна на тврдината, сите во еден глас да извикаат *Аллаху екбер*! Зубејр сакал да се жртвува за да им го олесни на муслиманите влегувањето во тврдината, а воопшто не знаел што го чека зад дебелиот и висок ѕид кој наумил да го премине, а тогаш имал повеќе од педесет години. Ѕидот бил висок осумнаесет метри, така што скалите морале да бидат долги барем дваесет метри за да стигнат до врвот на ѕидот. Тоа биле огромни и мошне тешки скали кои муслиманите со денови трпеливо ги правеле додека ја држеле под опсада тврдината и скалите морале да ги носат група од многу силни луѓе, а воедно требале незабележано да го преминат ровот носејќи ги скалите на своите раменици. Со Зубејр на другата страна на тврдината требале да преминат и Мухамед ибн Меслеме, Малик ибн ебу Силсиле и уште неколку луѓе од племето Бену Харам. Морале да го чекаат моментот кога Византијците се најопуштени и кога не очекуваат напад и било какво изненадување. И го дочекале, тоа било во ноќта спроти петок 29. зул-хице во 20. година по хиџра или 7. декември 641. година. Ноќта била потполно темна, а бидејќи било зима и времето било многу ладно, Византијците се завлекле во топли простории не очекувајќи дека некој би можел да ги нападне во таквата ноќ, посебно кога се знае дека веќе седум месеци, колку што траела опсадата, ниеднаш не биле нападнати. Тоа им давало за право да се опуштат и да се чувствуваат потполно сигурно, сѐ додека не ги изненадил и запрепастил текбирот на Зубејр од внатрешноста на ѕидините, а потоа громогласното *Аллаху екбер* од надворешната страна на тврдината. Зубејр со молскавична брзина ѝ се доближил на главната порта и ја отворил, а тогаш муслиманската војска со текбири на усните се пробила во тврдината низ ширум отворената порта. Бабелјун се наоѓал насред Египет и бил најголемата тврдина која ја зазеле муслиманите во Египет. Потоа Византијците сфатиле дека немаат што да

бараат пред победоносниот поход на муслиманската војска. Муслиманската војска по упадот во градот имала пред себе уште многу искушенија, бидејќи морале да совладаат многу водени пречки, а пред сè реката Нил, за да го освојат целиот град. Откако муслиманите се пробиле во градот, мукавкисот им се обратил на своите војници, велејќи:

„Зар не ве предупредив на ова?! Сега што чекате? Се колнам во Бога, ќе ги прифатите нивните барања доброволно или ќе прифатите нешто што е полошо од тоа со сила. Послушајте ме пред горко да се каете.“ Византиско-коптската војска видела дека работата е завршена и прифатиле да плаќаат џизија и на потпушување договор за примирје и предавање на градот.

Во тоа име, мукавкисот му испратил писмо на Амр ибн Ас во кое стоело:

„Јас не престанав да ги убедувам своите луѓе да прифатат една од трите опции кои ги понудивте, но Византијците и Коптите го одбија тоа. Тие сега сфатија дека јас бев во право и дека сум им посакувал добро, па бараат примирје. Затоа барам ние двајца да се сретнеме и да потпишеме договор кој и двете страни ќе мораат да го почитуваат, а доколку не успееме да се договориме, тогаш ќе се вратиме на старите позиции и ќе ја продолжиме борбата.“

Кога го прочитал писмото, Амр се посоветувал со воите другари, па многумина од нив рекле:

„Нема со нив да склопуваме примирје, ниту ќе ја прифатиме џизијата, туку сакаме да ја освоиме целата територија и да го земеме воениот плен, како што ја зедовме тврдината и дворецот во неа.“

Амр на тоа рекол:

„Вие знаете дека халифот Омер ми нареди доколку тие се согласат на едно од трите решенија да го прифатам тоа, а посебно сега кога реката се испречи помеѓу нас и нив и кога ни е оневозможена директна борба.“

Потоа сите го прифатиле предлогот на мукавкисот и Амр го потпишал договорот во кој, меѓу останатото, стоело:

„*Во името на Аллах, Милостивиот, Сомилосниот*! Овој договор претставува гаранција која Амр ибн Ас им ја дава на жителите на Египет во поглед на нивниот живот, вера и имот, цркви и верски реликвии, потоа копнените и морските територии кои тие ги контролираат. Ние тоа нема да им го одземеме ниту на било кој начин да го узурпираме, а жителите на Египет за возврат ќе плаќаат џизија, доколку го прифатат овој договор. Кој

и да го прифати овој договор од Византијците и Нубијците заедно со Коптите, нему му припаѓаат истите права како и на Коптите, а кој, пак, ќе го одбие договорот и одбере заминување од Египет, ние ќе му пружиме гаранција и сигурност сè додека не ја напушти египетската територија."

По потпишувањето на договорот, мукавкисот им дал на Византијците можност да одберат помеѓу останувањето во Египет и заминување на територија под византиска контрола и за сите тие настани тој го известил византискиот император, објаснувајќи ја ситуацијата во која се наоѓаат. Византискиот цар жестоко го осудил таквото однесување на мукавкисот кој ја извршувал функцијата пред дворот во Константинопол, а меѓу останатото му напишал:

„Ти дошле дванаесет илјади Арапи во Египет, а Копти во Египет има толку што не им се знае бројот, и вие сте се предале. Доколку Коптите не сакаат да се борат и ако повеќе го сакаат плаќањето џизија, тогаш нам препуштете ни ги Арапите, бидејќи во Египет, Александрија и во соседните места живеат повеќе од сто илјади Византијци кои се добро вооружени и подготвени да се борат докрај. Ти себеси си дозволил таков луксуз да прифатиш и потпишеш понижување над себе и над Византијците како што си го потпишал со Коптите. Ти наредувам да се бориш против муслиманите, бидејќи тие со малиот број на војници се лесен плен за вашата многубројна војска. Ти немаш друг избор и немаш право да постапиш поинаку."

Царот ѝ испратил слично писмо на една група Византијци. Мукавкисот не дозволил да биде збунет и им се обратил на Византијците со следниве зборови:

„Се колнам во Бога, тие со својата малубројност и слабост се посилни од нас кои сме многубројни и добро вооружени. Еден нивен војник вреди колку сто наши, бидејќи тие воопшто не стравуваат од смртта. Напротив, тие се борат, не со надеж да се вратат дома, туку со надеж да го стекнат џенетот, а ние сме луѓе кои го сакаат животот, а ја мразат смртта, па како да им бидеме рамни и како да истраеме во борбата против нив. Знајте, о, Византијци, дека јас нема да го погазам она што сум го потпишал и убеден сум дека и вие уште утре ќе го прифатите моето мислење, бидејќи дознав, слушнав и го видов она што царот не го ни чул, ни видел, ниту знае нешто за тоа."

Потоа му се обратил на Амр ибн Ас и му рекол:

„Византискиот цар со презир гледа на она што го сторив, жестоко ме укори и ни испрати писмо на мене и на Византијците предупредувајќи нè

да не го прифаќаме договорот за примирје и плаќање џизија, а посебно на Византијците им наредил да се борат против вас додека војнички не победат или изгубат. Меѓутоа, јас не сакам да го поништувам нашиот договор, но јас имам власт само над себе и над Коптите кои ме следат и кои ми се покоруваат. Коптите ќе се придржуваат кон она што го потпишале, а што се однесува на Византијците, јас со нив немам ништо и од тебе барам да исполниш три работи."

Амр прашал:

„А кои се тие три работи?"

Мукавкисот одговорил:

„Не го прекинувај договорот со Коптите и мене придружи ме кон нив и задолжиме со она со што ги задолжи нив, бидејќи ние заедно се договоривме дека ќе го потпишеме примирјето и тие ме послушаа. Второ, ако по ова Византијците бараат примирје, немој да го прифатиш сè додека не ги поразиш и покориш, бидејќи тие го заслужиле тоа. Јас ги советував, но тие не го прифатија мојот совет и ме потворија кај царот, и трето, ако умрам, нареди им на Коптите да ме закопаат во Александрија кај Свети Јован."

Амр шеговито му одговорил:

„Ова третото ни е најлесно."

## Освојувањето на Александрија

Александрија била главен град на Египет од денот кога ја подигнал и изградил Александар Велики, 332.-331. година пред новата ера, и во тоа време била симбол и центар на грчката цивилизација. Во времето на Римската империја, Александрија била втор град по важност, по Рим, и била под римска управа повеќе од еден век. Птоломејците изградиле во Александрија голем музеј и библиотека која имала повеќе од 500.000 томови книги. Во таа библиотека е преведен и Стариот Завет на грчки јазик. Александрија станала трговски центар помеѓу европските држави и Истокот. Персијците ја освоиле во 616. година, а Византијците потоа ја презеле од Персијците и во нивна сопственост била сè до муслиманското освојување на Египет во 642. година. По освојувањето на тврдината Бабелјун, Амр ибн Ас побарал дозвола од халифот да тргне во освојувањето на Александрија, и халифот Омер му го дозволил тоа. Пред да тргне со војската кон Александрија, Амр на освоениот дел од Египет за намесник го поставил Хариџ ибн Хузафа

Сехмиј. Коптите зазеле јасен став и целосно застанале на страната на муслиманите, така што и тие биле во војската која тргнала кон Александрија, правеле патишта и мостови за да ѝ го олеснат движењето на муслиманската војска. Кога Византијците дознале за муслиманскиот поход на Александрија, веднаш испратиле засилување и мобилизирале за борба сè што можело да носи оружје. Амр ибн Ас наишол на голема група Византијци во местото Кумуп-Шекафе и три дена водел борба против нив. Третиот ден Византијците го напуштиле тоа место и избегале во правецот на Александрија. Потоа, муслиманите наишле на уште поголема група на вооружени Византијци кои во местото Кирјевн дошле од градовите Сеха, Селтис, Белхејт и од други населени места. По исцрпувачката борба, Византијците во Кирјевн доживеале тежок пораз, многу од нив загинале, а оние малку војници што останале, избегале директно во Александрија, така што муслиманите немале повеќе ниедна пречка кон градот. Се спомнува дека Амр ибн Ас со својата војска пред ѕидините на Александрија останал три месеци, а муслиманите подрачјето помеѓу Бабелјун и Александрија го освојувале околу шест месеци, така на 23. мај 642. година стигнале пред Александрија, а ја освоиле на 19. август 642. година. Александрија била оградена со високи ѕидини на кои имало неколку кули на кои биле поставени катапулти, а околу ѕидот имало ров и длабок канал кој бил наполнет со водата од морето во случај на нужна одбрана. Главната врата била составена од три огромни метални делови и вкупниот број на византиските војници кои го бранеле градот, по праќањето на засилување, бил педесет илјади. Од северната страна градот го бранело морето со кое тогаш суверено владеела византиската морска флота. Иако муслиманите не можеле да ѝ пријдат на александриската тврдина од ниедна страна освен од исток, од каде и дошле, тие не губеле надеж и подготвувале стратегија која на крајот им донела победа. На Византијците многу тешко им паѓала опсадата и муслиманите често ги приморувале да ја напуштат тврдината и да се борат. Во тие судири Византијците редовно биле поразени. Покрај тоа, тие биле отсечени од остатокот на нивната територија така што помошта не можела да им стигне од никаде. Посебно стравувале од муслиманското освојување долж делтата на Нил кога дефинитивно би им биле затворени сите патишта и секоја можност за бегство. Халифот Омер ја чекал во Медина веста за конечното освојување на Египет, а посебно бил нестрплив во исчекувањето на веста за освојување на Александрија. Му се чудел на бавното освојување на Александрија, бидејќи тој исполнил сè што од него барал Амр ибн Ас. На

крајот проникливиот халиф Омер се посомневал дека победата можеби доцни поради гревот на муслиманската војска и попуштањето во ибадетот, па му напишал писмо на Амр ибн Ас со следнава содржина:

„Јас навистина му се чудам на доцнењето во освојувањето на Египет, па вие се борите против Византијците веќе две години и не успеавте да ги победите. Сметам дека тоа е единствено поради вашите гревови и љубовта кон овој свет која е поголема дури и од онаа што е кај вашите непријатели. Знај добро дека Аллах ќе му даде победа на еден народ само ако се бори со искрен ниет. Јас ти испратив четворица мажи и те известив дека секој од нив вреди колку илјада војници, освен ако не ги променило она што ги променило останатите војници. Затоа, кога ќе го добиеш ова писмо, одржи им на луѓето проповед и поттикни ги на борба, трпеливост и искреност, а четворицата асхаби кои ти ги испратив исто така нека излезат пред војската за да им ја зголемат самодовербата. Направи го тоа кога ќе настапи петок, бидејќи тоа е време на спуштањето на Аллаховата милост и примање на довата. Луѓето нека го величаат Аллах и нека Го молат за помош против непријателот.“

Кога Амр го добил писмото, ја собрал муслиманската војска и ги повикал напред четворицата асхаби кои му ги спомнал Омер, потоа наредил сите да се абдестат, да клањаат два реката и да упатуваат дова за победа. Набргу се докажало дека Омер е во право, бидејќи по искрените дови од неколку илјади срца, стигнала Аллаховата помош и победа.

Се спомнува дека Амр ибн Ас се консултирал со Меслеме ибн Махлед за продолжетокот на борбата против Византијците, па тој го советувал за командант да одреди искусен асхаб кој многу се дружел со Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него. Кога Амр прашал кого го предлага, тој му рекол:

„Убаде ибн Самит.“

Потоа дошол Убаде јавајќи на коњ и Амр му се доближил и рекол:

„Не се симнувај од коњот“, потоа го симнал својот турбан и му го дал на Убаде и го именувал за главен командант во претстојната битка. Византијците во голем број излегле да се борат и биле целосно поразени. Конечно сфатиле дека нивната борба е залудна и дека им дошол крајот, посебно по смртта на нивниот цар Хераклит, кога побрзал да дојде во Египет за да им ја предаде Александрија на муслиманите, во што го следеле и другите

патријарси. Иако Александрија е освоена по воен пат, т.е. со сила, Амр сакал да им даде потполна заштита на жителите на градот така што им дал полна слобода и право на избор за заминување од Александрија или останување во градот. Постапил така, небаре градот е освоен со договор, за да ја придобие нивната љубов и наклоност. Потоа, мукавкисот потпишал договор со Амр кој содржел две главни точки. Првата точка се однесувала на условите за предавањето на градот, кои се наредени по следниов редослед: Жителите на Александрија се обврзуваат на плаќање џизија на муслиманите, и тоа по два златника годишно, а муслиманите ќе ги чуваат христијанските цркви и нема да ги уриваат и на никој начин нема да се мешаат во црковната хиерархија и нивното работење; жителите на Алксандрија ќе уживаат потполна верска слобода; Византијците мораат веднаш да ги прекинат воените дејствија и никогаш повеќе не смеат да се обидат да ја кренат војската на востание против муслиманите; Византијците можат слободно да го напуштат Египет, и тоа по морски пат, и можат со себе да го понесат сиот свој имот; откако Византијците ќе се повлечат и ќе го напуштат градот, муслиманите и дефинитивно ќе станат новите управители на Александрија; на преземањето на градот од страна на муслиманите ќе присуствуваат 150 византиски војници и 50 цивили; Византијците кои сакаат да го напуштат Египет по копнен пат можат да го направат тоа, меѓутоа, должни се секој месец да плаќаат џизија сè додека во текот на патувањето престојуваат на египетска територија. Втората точка била обновување на стариот договор помеѓу Амр ибн Ас и мукавкисот за правата на Коптите кои останувaат да живеат во Египет. По потпишувањето на договорот и заминувањето на Византијците од Египет, Амр настојувал да обезбеди сигурност во Египет и во Александрија од какви било непријателски напади, па поради тоа половина од војската ја оставил со себе во својот логор, каде подоцна ќе никне градот Фустат, а втората половина била распоредена долж целата египетска граница. Посебно внимание Амр му посветил на западниот дел на Египет бидејќи граничел со византиската територија и Византијците чекале можност да им се одмаздат на муслиманите за изгубениот Египет и Александрија.

* * *

По освојувањето на Александрија, комплетен Египет преминал во муслимански раце. Меѓутоа, важно е да се напомене дека Византијците неколку години подоцна повторно се обиделе да ја вратат Александрија и тоа кога

Абдулах ибн Са'д ибн ебу Сарх тукушто го презел местото за наместник во Александрија. Имено, Византијците кои живееле во Александрија му испратиле писмо на императорот Константин, синот на Хераклит, опишувајќи му ја понижувачката состојба во која се наоѓаат барајќи од него да испрати војска на Александрија бидејќи градот го чувала многу мала група на муслимански војници. Константин ги послушал и испратил војска под команда на ерменскиот војсководец Меневил. Коптите воопшто не му се израдувале на повторното враќање на Византијците во нивната земја, бидејќи тие ги ставале на најстрашни маки само затоа што припаѓале на поинаква црква, а освен тоа тие ги уживале сите права под муслиманска власт. Поради тоа, тие му пишале на халифот Осман, којшто го наследил Омер, повторно да го испрати во Александрија Амр ибн Ас и заеднички да им се спротивстават на Византијците. Осман ги послушал и тој го испратил Амр за наместник во Александрија. Кратко потоа, во градот Никјос, и на копно и на море, дошло до жесток судир помеѓу Византијците и муслиманите. Муслиманите успеале да ги разбијат византиските сили кои бегале во правецот на Александрија. Муслиманите ги стигнале на влезот во градот и целосно ги поразиле. Во таа битка загинал и византискиот командант Меневил. Она по што посебно ќе биде запаметена таа битка е наредбата на Амр заробените византиски војници да не смеат да се убиваат. Потоа, Амр наредил на тоа место да се направи џамија која го добила името Рахмет (милост) поради тоа што Амр го поштедил животот на многубројните византиски заробеници. Така Амр двапати ја освојувал Александрија, во 21. и во 25. година по хиџра (641. и 645 година по Иса, мир над него).

## Кој ја запалил александриската библиотека

Многу историчари му посветиле внимание на преданието за наводното палење на библиотеката во Александрија од страна на муслиманите. Меѓу оние кои расправале и пишувале за таа тема биле и историчарите Гибон, Батлер и други, кои не само што немаат единствен став по ова прашање, туку го изразиле своето сомневање во поглед на веродостојноста на преданието кое говори за тоа. Имено, се работи за следново предание:

„Во Александрија живеел човек по име Јован Граматичарот, кој бил познат филозоф чијашто мудрост го восхитила Амр ибн Ас, така што станале многу блиски. Амр ги почитувал неговите ставови и Јован еднаш му рекол:

‚Многу работи, достојни за пофалба, си направил во Египет, но една работа ти се провлекла.‘

Кога Амр го прашал за што се работи, тој рекол:

‚Тоа е големата кралска библиотека која содржи многу сомнителни книги и би било најдобро да ја запалиш.‘

Бидејќи Амр не работел ништо на своја рака, тој за тоа му пишал на халифот Омер кој му испратил одговор со следнава содржина:

‚Што се однесува до тие книги, ако се во согласност со Куранот, тогаш Куранот е секако независен од нив, а ако се во колизија со Куранот, тогаш ние немаме потреба од таквите книги.‘

И Амр ибн Ас наредил да се запали библиотеката чиишто книги гореле на клада наредните шест месеци.“

Ориенталистот Густав Лебон во својата книга *Цивилизација на Арапите* на 213. страница, за таквата бајковита приказна за палење на библиотеката од страна на муслиманите, го напишал следново:

„А што се однесува на палењето на библиотеката во Александрија, тоа, всушност, е варварско дело на оние кои им биле непријатели на Арапите и на муслиманите. Она што му е воочливо на секој нормален и објективен истражувач е тоа како е воопшто можно таа легенда да најде свое место кај некои сериозни научници кои долга низа на години го прифатиле како вистина?! Оваа приказна и подметнување е побиена во нашето време и нема потреба посебно да се истражува. Нема ништо полесно од тоа врз база на непобитни историски факти да се докаже дека христијаните биле тие кои ја запалиле таа библиотека пред исламските освојувања, бидејќи тие книги за нив претставувале ерес.“

А Жак Рислер за тоа рекол:

„Палењето на Александриската библиотека од страна на муслиманите е обична легенда. Ако се повикаме на историчарите кои биле современици на освојувањето на Египет, ќе видиме дека тие ништо не спомнуваат за тоа, иако до детали ги опишале исламските освојувања.“

Исто така таа приказна ја нема кај постарите историчари како што се: Јакуби, Ел-Белазури, Ибн Абдулхакем, Ет-Табери, Ел-Кинди, ниту во делата на историчарите по нив: Ел-Каризи, Ебу ел-Мехасин, Ес-Сујути и други. Први кои на муслиманите им го припишале тоа палење биле Абдулатиф ел-Багдади (1231.г./629. година по хиџра) и Ибнул Кафти

(1248.г./646. година по хиџра), а потоа таа приказна-легенда ја презел од нив Ебул Ферец Григоријус и тоа без низа на преносители.

Значи, вистината е она што мнозинството историчари, христијански и муслимански, го забележале. Александриската библиотека најпрвин ја запалила војската на Цезар во 47. година пред новата ера, и тоа оној мнозински дел кој се наоѓал во т.н. Музеј. Потоа, кога во 387. година христијанството станало државна религија во Римското царство, царот Теодосије I, во 391. година наредил да се уништат сите пагански храмови. Извршувајќи ја наредбата на царот, патријархот Теофил, потпомогнат од христијанската маса, меѓу останатото, ја запалил и Александриската библиотека. Тоа е непобитен факт на кој му обрнал внимание и претходно цитираниот Густав Лебон и другите христијански ориенталисти.

## Изгадба на градот Фустат

Изградбата на градот Фустат, всушност, подразбира почеток на планска изградба на исламски градови како симбол на исламската култура и цивилизација. На почетокот целта на подигнувањето на градовите како урбани населби на освоената територија била згрижување на муслиманските војници и нивните семејства, за да бидат војниците подготвени да ги бранат границите на исламската држава кои од ден на ден биле се поголеми. Пред тоа муслиманските војници живееле во живеалишта од трска и кога би тргнале во борба, би ја симнувале трската, би ја врзувале во снопови и би ја складирале на сигурно место. Кога би се вратиле од борба, повторно би ги правеле своите скромни живеалишта, сè додека халифот Омер не ја наредил изградбата на градови на освоените територии. Врз основа на тоа можеме да кажеме дека исламските освојувања, а со самото тоа и исламскиот давет, биле во знакот на верска, политичка, културна и економска револуција и препород. Исламот најпрвин кај Арапите ги уништил племенските граници и поделби, потоа, по смртта на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, ги обединил во борбата против отпадниците, а тогаш ги поттикнал на џихад и ги извел од нивната татковина за да им го понудат исламот на другите народи и другите држави. Оној што внимателно ги следи муслиманските освојувања ќе види дека меѓу нив немало поделби и разединувања и дека ги красело единството исполнето и проткаено со верата во Возвишениот Аллах. Што се однесува на подигнувањето на градовите, ќе се присетиме дека Басра е основана во петнаесеттата, Куфа во седумнаесеттата, а Фустат

во дваесет и првата година по хиџра. Фустат се наоѓал во некогашната област на стар Египет (Миср) на брегот на реката Нил, на неговата северна страна, пред Каиро на отприлика две милји. Тука Нил се раздвојува на два дела и тоа место, всушност, било огромно пространство без какви било градби, освен тврдината Бабелјун. Фустат многу ја искористил својата географска положба и станал крстосница на трговските патишта помеѓу Египет и Шам, потоа Египет и Хиџаз. Инаку тоа место се покажало како стратешки важно и во времето на фараоните, Вавилонците и Византијците. На него фараоните подигнале голем град, Вавилонците го зеле како свое пристаниште при влегувањето во Египет, а Византијците како стратешко важно место за одбрана во кое можело да се стигне и по воден и по копнен пат. Климата во Фустат наликувала на пустинската, деновите биле изразито топли, а ноќите студени, а дождовите ретко паѓале како и на останатите подрачја на Египет, освен во Александрија. Откако муслиманите ја освоиле Александрија, Амр ибн Ас сакал да ја направи главен град и место каде што ќе се насели и концентрира муслиманското население. За тоа му пишувал на халифот Омер, но кога халифот дознал дека во тој случај помеѓу мединската престолнина и муслиманите во Александрија ќе се испречи реката Нил, тој го забранил тоа и му порачал на Амр:

„Јас не сакам помеѓу халифот во Медина и муслиманите во Александрија да се испречи водата, ни во лето ни во зима."

Потоа, Амр решил да се врати таму каде што бил неговиот воен логор и на тоа пространо место да подигне град. Прво што изградил била голема џамија околу која се простирале градини, овоштарници и лозја.

Земјиштето на кое е изградена џамијата му припаѓало на Кајсеб ибн Кулсум ет-Туџиби, па Амр му предложил тоа земјиште да го увакуфи[131] и тој го сторил тоа и на тоа место во 21. година по хиџра никнала прекрасна џамија која била позната како Џамија ел-Атик.[132] Осумдесет асхаби учествувале во одредувањето на киблата меѓу кои биле; Зубејр ибн Авам, Микдад ибн Есвед, Убаде ибн Самит, Ебу Дерда, Ебу Зер ел-Гафари и други. Должината на џамијата била педесет, а ширината триесет аршини[133]. Потоа џамијата е постојано проширувана сè до 212. година по хиџра, кога

[131] Вакуф – имот добиен со завештание во верски и хуманитарни цели. (Заб. на прев.)

[132] Исконска, древна, стара џамија. (Заб. на прев.)

[133] Аршин – стара мера за должина (помеѓу 65 и 75 сантиметри). (Заб. на прев.)

Абдулах ибн Тахир, намесникот на Египет пред халифот Мемун, ја проширил на огромни 5120 $m^2$. Во џамијата се организирани т.н. алки и научни кружоци на кои се учел и проучивал фикхот, хадисот и куранските науки, а кои ги посетувале студенти од сите краишта на исламскиот свет. Откако ја изградил џамијата, Амр за себе изградил голема куќа која од џамијата ја делел само патот, а покрај џамијата дал да се изградат бањи и амами. На муслиманите од племињата Курејш, Елсем, Гифар како и на енсариите кои војувале на тоа подрачје им го поделил тоа земјиште околу џамијата и тие тука ги изградиле своите куќи. Се спомнува дека Хариџе ибн Хузафе прв направил чардак или балкон кој го надвисувал патот и соседните куќи, па халифот Омер му наредил да го урне за да не ја загрозува семејната интима на своите соседи. Освен тоа, Амр дал да се изгради покрај џамијата голема куќа или резиденција за халифот Омер. Кога халифот дознал за тоа, му пишал на Амр:

„Што ќе му е куќа во Египет на човек што живее во Хиџаз?“, и му наредил таа куќа да се претвори во пазар, па поради тоа подоцна е наречена Бериќет-куќа. Фустат брзо се градел и се населувал така што за кратко време израснал во метропола слична на другите големи исламски центри. Како муслимански град, Фустат бил своевидна објава на влегување во исламот на долината Нил, и набргу од него во полн сјај светнале арапско-исламските цивилизации и светлината на исламот, а освен тоа тој станал и воен центар од каде муслиманските војски оделе во нови освојувања, а посебно освојувањето на Магриб. Уште го викале и Фустат на Амр, т.е. воен логор или шатор, бидејќи арапскиот збор „фустат“ значи шатор или воен логор. Ибн Кутејбе во својата книга *Ујун ал-ахбар* спомнува дека Арапите, всушност, секој град го викале „фустат“, па така и Египет или Миср. Тоа го потврдува и хадисот на Ебу Хурејре во кој Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, рекол: „Ви го препорачувам џематот, бидејќи Аллаховата рака е над *фустатот*“, т.е. над градот или местото каде муслиманите живеат како заедница или џемат. Фустат останал град на емирот или везирот во Египет сè до падот на емевиската власт, по што повторно е претворен во голем воен логор со многу касарни.

## Влијанието на исламските освојувања врз Коптите

Коптите, пред исламските освојувања, биле изложени на прогони, тортури и насилство од страна на Византијците, и тие во муслиманските

сили виделе вистинска надеж во спасот и ослободувањето од византиската тиранија, па поради тоа сесрдно им помогнале на муслиманите во освојувањето на Египет. И откако Египет, заедно со Александрија, паднал во рацете на муслиманите, Коптите во ист момент ја почувствувале благодатта на новата власт и благодатта на слободата која сега потполно ја уживале. Оти, првата работа што ја сторил Амр ибн Ас, по воспоставувањето на власта во Египет, била објавата на сите граѓани на Египет дека нема присилба во верата, дека верската слобода е света работа и дека никој нема право да ја нападне таа слобода и да ја скверанави во име на својата вера или на нешто друго. На луѓето им е дадено правото на избор, кој сакал да го прими исламот го правел тоа доброволно и со убедување, а која сакал да остане во својата вера, во овој случај во христијанството, исто така тоа го правел слободно и јавно не плашејќи се од какви било санкции. Освен тоа, Амр воспоставил политичка и верска еднаквост помеѓу различните христијански секти и следбеници на различните црковни учења. Познато е дека патријархот Бењамин по триесет години отсуство и сокривање поради несогласување со официјалната црква, се вратил во Александрија и потполно непречено ја извршувал својата свештеничка должност. Кога се вратил во Александрија, им рекол на своите следбеници:

„Се вратив во својата татковина и најдов во неа сигурност по стравот и потполно смирување по прогонството. Аллах го оттргнал од нас понижувањето на неверниците и нè спасил од нивната сила и угнетување."

Токму поради благодатта на слободата која ја уживале, мнозина Копти подоцна го примиле исламот.

По пропаѓањето на византиската власт, народот бил ослободен од многу давачки од страна на државата. Муслиманската власт не ги земала само даноците, туку пред сè настојувала да се подобри економската состојба во земјата и да им се обезбеди на граѓаните сигурна работа и примања. Освен тоа, коптскиот јазик едно време бил административен јазик, заменувајќи го во тој домен грчкиот јазик. Муслиманите го сочувале византискиот начин на пишување на владините регистри и водењето на административните книги.

Египет бил често изложен на неродни години поради сушата и намалувањето на нивото на Нил. Поради тоа Амр ибн Ас во таквите ситуации ги намалувал даноците, потоа се обидувал да ги изедначи, а некои категории на луѓе потполно ги ослободувал од плаќање данок. Колку се грижела

исламската држава за своите поданици, без оглед на верската и националната припадност, сведочи и постапката на халифот Омер кој му испратил писмо на Амр во кое го советува да го праша коптскиот водач кои се механизмите кои би ја поправиле општата состојба кај луѓето и би им го олесниле животот. Амр го сторил тоа и мукавкисот му ги предложил следнива мерки за подобрување на животните услови на Коптите:

„Муслиманската власт да го одреди времето на земањето на данокот, т.е. кога луѓето ќе ги завршат своите работи и ќе ги соберат жетвите, стапката на данокот да не се крева во време на економска криза и немаштија, муслиманската власт да овозможи да се ископаат канали за наводнување, на Нил да се поправат мостовите и да се изградат други таму каде што е потребно поради полесно движење и комуникација и муслиманската власт да не ги одредува за државни службеници оние кои на било кој начин ќе му направат неправда на народот.“

Амр ги испочитувал сите овие барања, но можеби најважната и најпозната работа која ја направил била копањето на канали или езеро кое реката Нил ја споило со Црвеното Море и овозможило полесна комуникација со Арапскиот Полуостров и трговијата со Истокот. Почетокот на каналот бил на север кај тврдината Бабелјун, оттаму се пружал на североисток сè до градот Билбејс, потоа на исток кон езерото Тимсах и излегувајќи на јужната страна на езерото, се спојувал со Црвеното Море кај Суез. Коптите биле одушевени од таквиот однос на државата кон нив и по толку години на терор, неправда и неслобода, конечно здивнале под закрилата на исламската власт и нашле вистински мир и слобода. Да не го освоеле муслиманите Египет, во него и понатаму власта би ја имале Византијците, кои на Коптите им вршеле голема неправда, или наместо нив би дошле некои други освојувачи кои само би ги искористувале и експлоатирале египетските добра и човечкиот капитал. Меѓутоа, со муслиманските освојувања во Египет дошла светлината на Аллаховата објава, која луѓето ги избавила од неверството и ги воздигнала на високи степени на слободата и моралот. Да не дошол исламот во Египет, Коптите не ќе знаеле што е верска слобода и што се човекови права. Да не беше исламот, Египет ќе беше обичен мртовец меѓу живите.

# Победа на духовноста и моралноста

(Поговор кон делото *Под знамето на исламот* од авторот Абдусамед Насуф Бушатлиќ)

Во земја во која над бошњачкиот народ, следбеници на исламот – верата на мирот и спасот е извршен геноцид, кој меѓународната заедница немо го набљудувала, во време кога на светски план се водела војна против „исламскиот тероризам“ започнат со настаните од 11. септември 2001. год., чијашто колатерална штета се често прекинатите животи на возрасни невини цивили, мажи и жени од Авганистан и Ирак, но и многу нивни деца кои тукушто зачекориле на овој свет; кога се премолчува и мошне често оправдува теророт и насилството кој ционистичкиот режим со децении го спроведува над палестинскиот народ; кога западните медиуми од време на време на најбезобразен начин се поигруваат со емоциите на преку 1.500.000.000 муслимани во светот, прикажувајќи го во најлошо светло Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, кого муслиманите го сакаат повеќе од самите себе, бидејќи „во нивните вени“, како што рекол М. Икбал. „тече љубовта кон Пратеникот како крвта“, а по сето ова муслиманите и понатаму ги карактеризира дезориентираност, дезинтегрираност и пасивност. Во овие и во ваквите околности повеќекратно е значајно да се чита книгата *Под знамето на исламот* од Абдусамед Насуф Бушатлиќ.

Делото на Бушатлиќ го сочинуваат три основни целини во кои се говори за муслиманското освојување на Персија, Византија и Египет и го опфаќаат времето од смртта на Божјиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него (10./632. год.) па до второто освојување на Александрија (25./645. год.).

Делото, всушност, е едно детално историографско објаснување на зборовите на Божјиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, кои ги искажал во 5./627. год при копањето на рововите околу Медина. Кога муслиманите, настојувајќи да се одбранат од идолопоклониците, копале ровови околу Медина и во таа прилика наишле на карпа која никако не можеле да ја разбијат, Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, кажувајќи *бисмиллах* и *текбир*, удира трипати по неа и карпата се распарчува. Во

тие моменти кога блеснале искрите од жестокиот спој на железото и каменот, Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, вели: *„Дадени ми се клучевите на Шам, Персија и Јемен!“* Лицемерите на оваа визија на Пратеникот, Божјиот мир нека биде над него, реагирале со следниве зборови: „Немате сила ниту без ров да им се противставите на сонарониците, а Мухамед ви дава илузии за освојување на светските царства!“ Тогаш Возвишениот Аллах го објавил 8. ајет од 63. поглавје Ел-Мунафикун: **„А силата е кај Аллах и кај Пратеникот Негов и кај верниците, но лицемерите не знаат.“** И навистина, муслиманите од речиси безизлезна ситуација кога биле пред уништување и сузбивање не само на муслиманската држава, туку и на сите поединци, за само 10 години им нанесуваат одлучувачки порази на тогашните светски велесили, на Византијците во Битката на Јермук и на Персијците во Битката на Кадисија.

Лицемерите не биле свесни за силата на духовноста и моралноста која ја поседувале муслиманските борци, а која им овозможила да ги совладаат сите пречки на кои наидувале (малубројност, слаба вооруженост и опременост) носејќи ги од победа во победа до самиот светски врв.

Книгата *Под знамето на исламот* нè запознава со поимот *џихад*. По теорискиот дел во кој авторот мошне прецизно го дефинира *џихадот* спомнувајќи го целиот спектар на значења со кои се обидува да се одреди еден од клучните термини од исламското учење и пракса, Бушатлиќ преку муслиманските освојувања на Персија, Византија и Египет зборува мошне јасно за целите на џихадот, начините на негово водење и последиците од џихадот.

Постојат малку поими чија смисла е толку извртена и злоупотребена како што е *џихадот*. Од поимот кој го носел најпрефинетото значење и го означувал секој позитивен исчекор, на духовен, интелектуален, материјален и секој друг план, со настојување за промовирање и остварување на вистинските вредности (бидејќи и во Куранот *џихад* е антоним на *ку'уд* – седење, безделничење, пасивност), или како тоа муслиманските научници говореле: „Џихадот е вложување на максимален труд и сила во борбата на Аллаховиот пат со животот, имотот, зборот и сл.“ (ел-Касани) или „Џихадот е вложување сила и труд во остварување и постигување на она што Аллах го сака и со што е задоволен, и отфрлање и оставање на она што Аллах го презира и со што не е задоволен“ (Ибн Тејмије), џихадот денес е сведен на милитантност на поединци или групи кои често со најнемилосрдни злосторства се обидуваат да ги решат повеќевековните проблеми на

муслиманскиот свет или да ги заштитат краткорочните интереси на групата, партијата или народот на кој му припаѓаат.

Така поимот џихад е изедначен со поимот тероризам, поради што употребата на овој поим денес предизвикува сомневање и кај самите муслимани. Меѓу останатото, значењето на ова дело е токму во тоа, да нè ослободи од негативните конотации на овој поим, неговите погрешни интерпретации и да ни го врати неговото изворно значење по кое бил познат со векови, така што да ни стане јасно дека и кога џихадот се однесува на вооружена борба која ја водат муслиманите, дека таа борба со својата цел, начин на водење и резултатите кои ги донесува е дијаметрално поинаква од вооружената борба во другите светогледи.

Можеби на прв поглед изгледа необично, со оглед дека делото *Под знамето на исламот* зборува за настаните во муслиманската држава од 10.-25. година по хиџра, кога Божјиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, веќе умрел, но ова дело на мошне афирмативен начин зборува пред сè за Мухамед, Божјиот мир нека биде над него. Учењето на исламот содржано во Куранот, кое во неговата полнота го разбрал и живеел Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, а тогаш на прифатлив начин им го презентирал на другите, не згаснало со неговото умирање. Напротив, исполнетоста со духовната сила и моралност на праведните халифи на политички, економски и воен план ги исполнуваат оние насоки кои Божјиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, поради ограниченоста на својот век не ги реализирал. Така муџахидите од првите примерни генерации ги освојуваат и оние предели за кои во времето на воспоставувањето на исламската држава во Медина можело само да се сонува, а Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, можел само да ги навести.

Книгата што е пред нас со својата целокупна содржина јасно укажува на кодексот на однесување на муслиманскиот војсководец и борец. Пред сè, недвосмислено ја изразува целта на вооружената борба, а тоа е настојување зборот на Возвишениот Аллах да биде доминантен, дека таа може да се осознае и да создаде амбиент кој овозможува слободно прифаќање на светогледот кој човекот го сака.

Преку различни ситуации и од различни простори, Бушатлиќ нè запознава со однесувањето на муслиманската војска. Тој така зборува за силниот морал на муслиманската војска, која ноќе понизно и тивко го цитира Куранот и со дова Му се обраќа на Возвишениот Аллах, со што потсетува

на брмчење на пчелите, за потоа дење храбро и немилосрдно, лавовски да навали на противникот. Тоа ни кажува за преданоста и борбата на муслиманскиот борец, бидејќи без оглед на евентуалните слабости, муџахидот истрајувал во борбата на Божјиот пат. Така, меѓу загинатите во Битката на Кадисија, се нашол и слепиот асхаб Абдулах ибн Уму Мектум, по чиј повод е објавено куранското поглавје Абесе. Иако бил слеп и со тоа бил ослободен од џихадот, тој излегол на Кадисија со останатите муџахиди и за своето учество во борбата рекол:

„Јас сум тука за да го зголемам бројот на муслиманите и Персијците да стекнат впечаток дека нè има повеќе отколку што мислат тие.“

Авторот ни раскажува за скромноста и праведноста на халифите и нивната вистинска грижа за борците и нивните семејства. Така еден шпион набљудувајќи ги муслиманите рекол: „Муслиманите ноќе се побожници. Кога синот на нивниот крал би украл нешто, би му је отсекле раката, а доколку би извршил блуд, тие би го каменувале, за да се изврши праведна казна над сторителот на гревот.“

Тој зборува за остроумноста и луцидноста на војсководците, бестрашноста на муслиманскиот борец, но и за интересните детали кои се однесуваат на настанувањето на поедини тврдини и цели градови. Меѓутоа, авторот мошне критички се осврнува и на оние детали од исламската историја кога борците и нивните команданти не биле на ниво на задачата, кога поради непромислените одлуки многу борци ги губеле животите и сл.

Авторот зборува за историски луѓе и збиднувања, кои поради нашето секојдневие оптоварено со материјалистички поими, амбиции и цели, изгледаат крајно нереални и неверојатни. Тој ни зборува за халифот чијашто војска ја поразила светската велесила Византија, а кој доаѓа да ги прими клучевите на освоениот град Ерусалим пешачејќи, водејќи го коњот кој го јавал неговиот слуга, а во другата рака носејќи ги обувките. Кога Ебу Убејде, еден од војсководците, му приговара за таквиот непримерен изглед, Омер го потсетува на она што е суштинско и есенцијално:

„Да ми го речеше тоа некој друг, Ебу Убејде, не би се чудел. Ти знаеш дека бевте понижени, презрени и слаби, па Аллах ве возвиши со исламот. Се колнам во Аллах, кога и да барате достоинство освен во исламот, Аллах ќе ве понижи.“

Овде халифот Омер не зборува за тоа дека не треба да му се придава внимание на надворешниот изглед, напротив, дури и Куранот инсистира

на убава и чиста облека, туку за тоа дека убавата облека не смее да го прикрива неверството и моралните урнатини кои се наоѓаат во нас.

Војсководците при секои движење на војската потстетуваат на минливоста на овој и вечноста на идниот свет, правејќи јасна дистинкција помеѓу минливите и трајните вредности. Така Утбе ибн Газван вели:

„О, луѓе, навистина овој свет ги одбројува своите последни денови и од него не останало освен онолку колку што ќе остане водата во чашата по пиењето. Знајте дека сигурно одите во куќата на вечноста, па кога е така, тогаш одете со добри дела, бидејќи вашата остроумност и умешност ништо нема да ви користи ниту помогне. ...Јас сум седмиот што го примил исламот и бевме во таква ситуација кога немавме друга храна освен лисјата од палма, од кои ни се создаваа рани на усните. Двајца луѓе делеа една наметка, а јас својата наметка ја делев со Са'д ибн ебу Векас. Меѓутоа, еве, дојде времето кога нема ниеден од нас седуммината а да не е заповедник или наместник на една од освоените покраини."

Ваквиот начин на вреднување на работите се гледа и во следниов случај. Додека многумина се радувале на конечното заземање на персискиот град Тустар, Ебу Муса ел-Еш'ари горко жалел заради пропуштениот сабахнамаз во текот на продирањето во овој град, велејќи дека му е подраг еден сабах-намаз од илјада победи.

Муслиманската војска доаѓа да ги ослободи луѓето од робувањето и потчинувањето на кој било друг освен на Драгиот Аллах и каде и да доаѓа, таа воспоставува мир и правда. Ебу Убејде му наредува на Хабиб ибн Меслеме на жителите на Хомс да им ги врати парите од џизијата кои претходно им ги дале на муслиманите, бидејќи не биле повеќе во состојба да ги штитат, па според тоа не се ни должни да плаќаат џизија. Жителите на Хомс биле затекнати и изненадени кога виделе дека тие кои управуваат со нив им ги враќаат парите, бидејќи не можеле ни да замислат дека една војска која еднаш ќе ти го земе имотот може да го врати под кои било услови. Жителите на Хомс по ваквата постапка изрекуваат, од наша денешна перспектива, неверојатни зборови: „Бог нека ве врати да ни бидете господари, и нека ги проколне Византијците кои управуваат со нас и кои ни го одземаат имотот и на сите начини нè измамуваат и нè искористуваат. Вашата праведност ни е помила од византиската власт, иако му припаѓаме на тој народ."

Ова се основните причини кои ѝ овозможиле на муслиманската војска да го оствари неповторливиот успех во историјата „за пола век да освои

половина од тогаш познатиот свет“! Носени од верата во Бога, тие на својот пат не наидуваат на непремостливи пречки. Оттаму оваа книга го крева моралот, активира, покренува и уверува дека со верата во Бога човекот не може да биде поразен.

Делото е посебно значајно како поттик на денешните муслимани со промислување и меѓусебно советување да дојдат до визијата за иднината врз база на заеднички легитимни и долгорочни интереси, до рационална стратегија која води кон таа цел, а која ќе ги врзе, зближи и направи покомпактни, што додатно ќе ги мотивира и активира, бидејќи ќе знаат дека не ја трошат енергијата залудно. На тој начин муслиманите од денешницата постепено ќе излегуваат од состојбата на дезориентираност, дезинтегрираност и пасивност, кое ги карактеризира на сите нивоа.

Пораката на книгата може да се сведе на зборовите на авторот од сосема друг светоглед:

„Песимистите се жалат дека дува силен ветер, оптимистите се надеваат дека ветерот ќе ослаби, а водачите храбро ги распнуваат едрата и пловат по ветриштата на промените.“

Со оглед на тоа дека сите ние, согласно хадисот на Божјиот Пратеник, Божјиот мир нека биде над него, сме водачи, оваа книга нè охрабрува да се впуштиме во живоните битки против неправдата, незнаењето, неморалот и нихилизмот, и да донесеме мир, љубов и добро не само за себе, туку и за целото човештво. А зарем тоа не е основната цел на џихадот?!

Доц. д-р Зухдија Хасановиќ

Сараево, 28.5.2010 год.

# Содржина

**Предговор.............................................................................. 5**

Војната и мирот во исламот ..................................................... 13
Јазично и терминолошко значење на џихадот ......................... 17
1. Јазично значење ............................................................. 17
2. Терминолошко значење.................................................. 17
Разлика помеѓу *џихад* и *китал* ............................................. 18
Аспекти на *џихадот* во делото *Задул Меад* ............................ 19
Дали џихадот е одбранбен или напаѓачкички .......................... 23
Целите на *џихадот* ................................................................ 28

**Освојувањето на Персија ......................................................31**

Давид против Голијат ............................................................ 31
Ти доаѓам со војска која ја сака смртта повеќе отколку ти животот ............ 35
Последниот двобој на Хурмуз ................................................ 38
Загинувањето на персиските генерали...................................... 41
Битката кај Улејис .................................................................. 44
Пред портите на древната Хира ............................................... 46
Халид, потребен си ми ............................................................ 52
Битките по месечина................................................................ 57
Халид добива прекоманда ....................................................... 60
Стигнуваат добороволците...................................................... 65
Битката кај мостот и тешкиот пораз на муслиманите.................. 70
Бувејб – одмазда за поразот кај мостот .................................... 75
Смртта на легендарниот муџахид од племето Шејбан................. 79
Лав во вистинска смисла на зборот.......................................... 82
Муслиманската делегација во дворот на царот.......................... 86
Диверзантот Тулејха ибн Хувејлид........................................... 94
Сонот на Рустем ..................................................................... 99
Големата битка на Кадисија.................................................... 105
Мајката која во ист ден закопала четворица маченици ............. 109
Необичниот настан на маскираното лице.................................. 117

Муслимани, го убив Рустем....124
Походот на Ктесифон....129
Првиот џума-намаз во белиот дворец на кралот....133
Битката на Џелвела и десеткувањето на персијците....141
Освојувањето на Убула и на Хувејиз....146
Освојувањето на Џезира....153
Битката за Тавус....157
Примена е довата на Бера' ибн Малик....160
Хурмузан го прима исламот пред халифот Омер....166
Сменувањето на Са'д ибн ебу Векас....174
Битката на сите битки....179
Освојувањето на Исфахан....188
Освојувањето на Џурџан и Азербејџан....193
О, Сарија, ридот, ридот!....198
На персискиот цар му пресудила секирата....204

**Освојувањето на Византија....213**

Кога ќе ви дојдат муџахидите од Јемен радувајте ѝ се на победата....214
Пораз кој не навестувал на добро....222
Ќе им ги одгатнам на византијците ѓаволските угрижениja со Халид ибн Велид....230
Сите во Еџнадин....235
Ес-сидик умрел, го наследил Ел фарук....240
Смртта во мочуриштата на Бејсан....245
Влегување во земскиот џенет....252
Им ја вратиле џизијата на христијаните....260
Подготовки за битката на Јермук....266
Бахан се обидува да ја избегне борбата....271
Колку ли само византијците ги има малку, а колку нас нè има многу!....280
Муџахидката Хавла бинт Са'лебе....288
Кога би се искачиле на облаците, ние би ве стигнале и би ве победиле....295
Халифот Омер ги прима клучевите на Кудс....300
Она што не го можеле Византијците, го направила чумата во Амвас....305

**Освојувањето на Египет....313**

Исламската војска во земјата на пирамидите....313
Под ѕидините на Бабелјун....321

Бестрашниот асхаб Зубејр ибн Авам.......................................................................328
Освојувањето на Александрија............................................................................332
Кој ја запалил александриската библиотека .........................................................336
Изгадба на градот Фустат....................................................................................338
Влијанието на исламските освојувања врз Коптите ..............................................340

**Победа на духовноста и моралноста.............................................343**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

28-9"632/..."

БУШАТЛИЌ, Абдусамед Насуф
Под знамето на исламот / [подготви Абдусамед Насуф Бушатлиќ; преведе од босански Фатмир А. Ковачи]. - Скопје : Белиг, 2020. - 357 стр.; 21 см

Превод на делото: Pod zastavom islama / Abdusamed Nasuf Bušatlić. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4914-00-6

а) Ислам - Историски приказ - Од 632

COBISS.MK-ID 112470026